ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА,
ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА
И УМЕТНОСТ



Бр. 8-9
Струмица, 2022

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

8-9

8-9/2022

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Главен и одговорен уредник

Ана Витанова – Рингачева

Уредници

Сузана Мицева
Далибор Плечиќ

Редакција

Никола Шимиќ - Тонин (Хрватска)
Марија Павловиќ (Србија)
Урсула Келер (Австрија)
Олга Лалиќ – Кровицка (Полска)
Васил Дрвошанов (Македонија)

Лектура

Васка Кирова

Дизајн на корица

Ване Костуранов

Списанието ЗЕНИТ е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија и од буџетот на Општина Струмица.

СОДРЖИНА

СЛИКА ПРВА.....7

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА. (У!)КРАИНА.....9

ПИСАТЕЛОТ НЕ ТРЕБА ДА МУ СЛУГУВА НА ВРЕМЕТО ВО КОЕШТО ЖИВЕЕ, ТУКУ ДА ГО МОДЕЛИРА (Интервју со Игор Станојоски, современ македонски писател и универзитетски професор).....10

Матеј ВРЕБАЦ. (Босна и Херцеговина) „ДИССОМНИИ“ ОД ИГОР СТАНОЈОСКИ: ИГРА НА НЕСОНИЦА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА.....14

Ана БУНТЕСКА. САКАТЕ ЛИ ВОЈНА?.....18

Остап СЛИВИНСКИ (Украина).....22

Дарина ГЛАДУН (Украина).....27

Катерина КАЛИТКО (Украина).....31

Марјана КИЈАНОВСКА (Украина).....33

Галина КРУК (Украина).....34

Љуба ЈАКИМЧУК (Украина).....35

Ија КИВА (Украина).....36

Илја КАМИНСКИ (Украина).....37

Борис ГУМЕЊУК (Украина).....38

Васил ГОЛОБОРОДКО (Украина).....39

Тања КРМЗОВА-КОСТИГЛИОЛА (Македонија).....41

Јосип КОЦЕВ (Македонија).....46

Никола ШИМИЌ-ТОНИН (Хрватска).....48

Пејо ШИМИЌ (Босна и Херцеговина).....50

Мелани ИВАНОВА (Македонија).....52

СЛИКА ВТОРА.....55

I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА.....56

ПАРИЗ, ЕРУСАЛИМ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТИ (Интервју со ликовниот уметник Никола Пијанманов).....57

ЈАЗИКОТ НА УМЕТНОСТА НАЈЧЕСТО ГО СЛУШАМ НОЌЕ (Интервју со ликовниот уметник Панче Ѓоргиев) 64

УМЕТНОСТА САМА ПО СЕБЕ Е ПРКОС (Интервју со младиот режисер Дејан Ангелов) 68

II ПРУГА..... 126

Шунтаро ТАНИКАВА (Јапонија) 77

Милан ЈАЗБЕЦ (Словенија) 83

Борислав ВЛАДИКОВ (Бугарија) 87

Жаклина КУТИЈА(Хрватска) 93

Лејла КАЛАМУИЌ (Босна и Херцеговина) 94

Жаклина КУТИЈА (Хрватска) 96

Јорданка БЕЛЕВА (Бугарија) 94

III ГУНА..... 100

Трајче КАЦАРОВ 101

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА 103

Елизабета ДОНЧЕВСКА-ЛУШИН 106

Ацо ЃОРГИЕВ 108

Снежана СТОЈЧЕВСКА 110

Надица КАРАКОЛЕВА 113

Марина ИКОНОМОВА-ШОКЕВА 118

Томе ВЕЛКОВ 119

Тони ЏОРЛЕВ 122

Матеа ДИМОВА 124

Ѓорги П. ПАНОВ 125

Ѓорги ЗИМБАКОВ 127

Томе ХРИСТОВ 130

Игор ПОП ТРАЈКОВ 133

IV П(Р)ОГЛЕДИ..... 141

Васил ТОЦИНОВСКИ. ПРИНЦОВИ НА МЕТАФОРАТА 142

Атина ЦВЕТАНОСКА. НЕРУДА И НЕГОВИТЕ СОНЕТИ ОД ДРВО.....150

Маја ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ. ЖИВОТОТ ПОМЕЃУ ЛЕСНОТО, ИГРИВОТО И ОДЖИВЕАНОТО, И РЕВНОСНОТО/ГРИЖЛИВОТ.....166

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА. ЗА ЗЕМНОТО БУНИШТЕ МИНЛИВОСТ. (Кон стихозбирката „Опит“ на Сузана Мицева).....170

Васил ТОЦИНОВСКИ. ПРИКАЗНАТА Е БЕСКРАЈНА (Киро Донев. 2020. Видое Подгорец – незавршена приказна. Струмица: ЗГ „Средби под јаворите – Видое Подгорец“.....178

Васил ДРВОШАНОВ. РОДНОКРАЈНИТЕ МАРКЕРИ ВО РОМАНОТ „МАНАСТИРСКИ SВОНА“ ОД КИРО ДОНЕВ.....181

Сузана МИЦЕВА. КОН РОМАНОТ „ТРАМОНТАНА“ ИЛИ „ВЕТРИШТАТА НА (СЕБЕ) ПРОЧИСТУВАЊЕТО.....195

Славчо КОВИЛОСКИ. КОН КНИГАТА АВТОРИ И ДЕЛА, VII ОД ВАСИЛ ДРВОШАНОВ.....198

Марија ИВАНОВА.Дијалектни карактеристики на кусите народни жанрови од Пијанечко.....202

Адијата ИБИРШИМОВИЌ-ШАБИЌ. ПОД ЗНАМЕТО НА ЉУБОВТА И ДОБРИНАТА (ЗА СУЕТАТА, СОНИШТАТА И ЗА УШТЕ НЕШТО).....212

Горјан ПЕТРЕСКИ. „SВЕЗДЕНА ЛЕКТИРА“ ИЛИ ПРЕПЕВ НА СЕБЕСИ (Кон книгата „Sвездена лектира“ од Власта Н. Ценић, препев: Филип Димкоски, 2022).....217

Јованка ДЕНКОВА. ГЛУВАРЧЕТО И НЕГОВИОТ ЛЕТ НИЗ ПРЕВЕЗОТ НА СПОМЕНИТЕ.....220

Наталија ЛАПАЕВА-РИСТЕСКА. «На мысли, дышащие силой, как жемчуг нижутся слова...»: МОЌТА И УБАВИНАТА НА СЛОВЕНСКИОТ ЗБОР.....228

Филип ДИМКОСКИ. ПОУБАВО СЕ ЦВЕТА, БЕЗ ГОРДЕЛИВОСТ И БЕЗ СУЕТА (Кон сликовницата „Ноли и детелинката“ од Вера Андон, илустрации: Кристијан Јованоски, Топер, 2020).....231

V АРТитектура.....234

Васил ДРВОШАНОВ. ПОТРАГА ПО СОВРШЕНИОТ ЛИКОВЕН КЛУЧ (Никола Пијанманов и др. Сликарството на Ниче Василев: 50 години творештво. Струмица: Култ-транзен, 2022).....236

Коста МИЛКОВ. БЕСКОНЕЧНО СИНИЛО.....245

ГАЛЕРИЈА ОД ДЕЛАТА НА ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ПАНЧЕ ЃОРГИЕВ.....250

СЛИКА ПРВА



НИКОЛА ПИЈАНМАНОВ
„ВОЈНА“
(акрилик на панел 100x80 см)

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

(У!)КРАИНА

Краина
недогледна
недоодна
меѓу нас испречена.
Со студ послана
смрзната
во срцата ни тврди ропотни
во страв згрчени.
На едниот крај неверба
на другиот омраза
Нема сонце што може да го стопи
мразот на таа краина.

Тргни ја мрената од гледот
и погледни ја:
краина ширна
полна светлина
красота Божја
што катаден ја валкаме
пред која очи затвораме
да не си го видиме срамот во неа.

Краина бела
од зли науми поцрнета
од лоши вести набабрена
со злокобни птичишта наткрилена
со лелеци и крв натопена
над нас ко грев стежната
У! Скрај да е таа краина!

5.3.2022 г.

„ПИСАТЕЛОТ НЕ ТРЕБА ДА МУ СЛУГУВА НА ВРЕМЕТО ВО КОЕШТО ЖИВЕЕ, ТУКУ ДА ГО МОДЕЛИРА“

Интервју со Игор Станојоски, современ македонски писател и универзитетски професор



СМ: Прилично долг период поминавте во Украина, во земјата којашто во моментов се соочува со војна. Како ја паметите, кои се убавите спомени што Ве врзуваат за неа?

ИС: Со Украина и со украинскиот народ ме врзуваат само прекрасни спомени. Затоа и терминот „денацификација“ (на Украина), со кој денес доста често се оперира, никако не ми се вклопува во сликата на оние бескрајно добродушни луѓе што ги запознав во Лавов, макар што, јасно ми е дека последниве години (од Мајдан, 2013) Украина се менуваше во секој поглед.

СМ: Романот „Диссомнии“ кој во себе има една „украинска“ приказна, токму сега, среде воениот конфликт во Украина доживува превод на босански јазик. Ова е совпаѓање, или порасна интересот за делата коишто

ги третираат украинските теми?

ИС: Да, совпаѓање е, и - да, порасна интересот за делата со украинска тематика. Преводот на „Диссомнии“ помина низ макотрпниот период на будење интерес кај издавачот и обезбедување на финансиите, низ каков што поминуваат сите македонски романи пред да се објават во странство. Објавувањето на „Диссомнии“ во Босна и Херцеговина беше планирано уште од 2019 година, а војната во Украина изби токму пред да се појави книгата. Совпаѓање. Но, во право сте и дека издавачите се борат да ги *уловат* ваквите моменти и на публиката да ѝ понудат нешто што е актуелно во дадениот период. Во денешно време преокупациите на јавноста бргу се менуваат: до вчера се зборуваше за корона, денес се зборува за Украина, а утре - дури и ако уште трае војната - јавноста може да се презасити и да се префрли на друго.

СМ: Посветено ги преведувате укаинските писатели. Ја следите тамошната сцена. Што е фокусот на младите украински автори, како би ги оцениле нивните книжевни стремежи?

ИС: Мојот впечаток е дека од 2014 година наваму доминираа Мајдан и војната. Дури и ако романот е на друга тема, барем во половина реченица авторот ќе ја „чепне“ Русија (како непријател број еден, се разбира). Од 2013 година наваму некако е *ин* во книжевноста да се нагласува антируската позиција на авторот или нараторот. Мислам дека е штета тоа што еден толку креативен народ, со толкав потенцијал за уметност, донекаде им робува на политичките случувања и пропаганди. Моите пријатели од Украина веројатно ќе ме нападнат за последнава реченица.

СМ: Може ли да се повлече паралела со помладата генерација автори од македонската книжевност?

ИС: Приближно во истиот период – можеби од 2013 до 2017 година – и кај некои македонски автори од помладата генерација се забележуваше таа потреба барем со „половина реченица“, со лик, или со некаква алузија да се „позиционираат“, но сега веќе не. Последниве години кај нас не е *ин* да се пишува на политички или општествено актуелни теми. Последнава деценија Западот инвестира во национализмот кај Украинците и во националната рамнодушност кај Македонците, а тоа има влијание и врз поголем дел од писателите.

СМ: Литературата се појавува како прибежиште кога стварноста е претешка за човекот. Другпат, пак, таа е толкувач, критичар. Размислувате ли како сакате читателите да ја доживеат вашата уметност? Или тоа е нивно право?

ИС: Од една страна, да, тоа е нивно право, и писателот не смее да си дозволи да биде роб на барањата на читателите или на времето. Писателот не треба да му слугува на времето во кое живее, туку да го моделира. Од друга страна, писателот не може да не комуницира со читателот (не само имплицитниот): доволно ми е да помислам на начинот на кој ги „бојам“ реченициte за колку што е можно помеко да влегуваат во увото на читателот, доволно ми е да помислам и на тоа колкупати се навраќам на една реченица и се уверувам во нејзината лесна разбирливост.

СМ: Живеевте во земји каде што има по 40 милиони потенцијална публика. Творите на јазик на којшто делото изворно ќе можат да го прочитаат едвај два милиона луѓе. Се губи ли мотивацијата пред едно вакво сознание?

ИС: Јас лично не ја губам мотивацијата. Сметам дека на високата уметност не ѝ треба маса, „полни стадиони“, туку само искрени почитувачи, во „камерна сала“. Мене ми е доволно и тоа што знам дека имам барем стотина читатели што со нетрпение го очекуваат мојот наредени роман. Но, друг важен аспект е времето и финансиските можности. Познавам млади македонски писатели коишто не ја изгубиле мотивацијата да пишуваат, и покрај малата публика, но, со оглед на тоа што не можеле да се издржуваат од пишување при толку мала публика, морале да работат друга работа, којашто потоа ги исцрпува и не им остава време ни сили за пишување. Така, како што рекол народот: како да се свртиш, газот ти е одзади.

СМ: Малиот пазар е ограничувачки и од аспект на продажбата. Како се снаоѓаат писателите и издавачите во олку скуден простор?

ИС: Сегашната ситуација во книжниот бизнис е многу неправедна кон македонските писатели. Повеќето земји си го ценат творештвото на своите писатели и вложуваат во преводи. Тоа им е во прилог и на македонските издавачи, на кои им оди доста добро, благодарение на тие грантови што доаѓаат од странство. Но, тоа создаде една ситуација во која, на македонскиот издавач не му требаат македонски писатели, а и ако дојде до соработка меѓу издавачот и писателот, најчесто писателот мора да ги прифати сите услови на посилниот и побогатиот - издавачот. Правилната размена подразбира: добро, во Македонија доаѓаат грантови за превод на странска литература; па тоа значи и дека од Македонија кон странство треба да одат грантови за превод на македонската литература. Во тој случај, странскиот издавач ќе ги откупи авторските права од македонскиот писател, а можеби ќе му плаќа и процент од продажбата. Наместо тоа, Македонија повеќе вложува во преводи на странска книжевност на македонски. И речиси никој не укажува на оваа неправда. Издавачите молчат затоа што ним ова им одговара. Писателите молчат затоа што имаат слабо и немоќно Друштво (ДПМ).

СМ: Од друга страна, пак, современите писатели од големите јазични подрачја сè почесто се жалат дека им се бара маркетинг и бизнис план пред да им се прочита ракописот. Дали истече рокот на квалитетната книга? Сега на цена е онаа што може да анимира што поголема публика.

ИС: Мислам дека не е така. Квалитетната книга сè уште се бара, ја бараат читателите, издавачите, книжевните агенции, книжарниците итн. Во врска со барањето за маркетинг и бизнис план од самиот писател, не сум слушнал за вакво нешто, но мислам дека тоа не може да биде обврска на писателот.

СМ: Каква е улогата на младиот македонски писател? Може ли тој да се смета за чувар, но и креатор на живиот современ јазик?

ИС: Секако дека е и едното и другото. Писателите отсекогаш нуделе свои

лексички, синтаксички, стилски и други решенија, кои потоа, преку читателите, биле прифаќани и од луѓе што немале непосреден контакт со творештвото на писателот. Во врска со улогата „чувар“, јас отсекогаш сум бил поборник за литературнојазичниот израз. Во некои дела на младата генерација писатели се забележува „поскопјанчување“ на јазичниот израз, веројатно затоа што во тој момент сметале дека стандардниот јазик е неприроден или „досаден“, но јас уживам токму во стандардот.

СМ: Работите со студенти, едуцирате идни македонисти и книжевници. Дали професорската работа Ви ја олеснува или можеби обременува работата како писател?

ИС**:** Наставата треба да им помага во пишувањето и на наставникот, но и на студентите (дел од нив веќе се обидуваат да творат), односно предавањата треба да помагаат во творечкото мислење, барем ако не претставуваат само механичко прераскажување лекции. Се трудам да ги натерам студентите заедно да разгледаме некој проблем. Многупати им велам „јас за ова сега првпат размислувам, размислете и вие...“, или нешто во тој стил.

Интервјуирала: Сузана Мицева

Матеј ВРЕБАЦ

(Босна и Херцеѓовина)

„ДИССОМНИИ“ ОД ИГОР СТАНОЈОСКИ: ИГРА НА НЕСОНИЦА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И УКРАИНА . . . . .

Авторот успеал вешто да ги испреплете трилерот, љубовниот и психолошкиот роман со елементите на фантастичното и фолклорното. Диссомниите претставуваат широка класификација на нарушувањата на спиењето, а добро е познато дека хигиената на сонот е предуслов за здрава психофизичка состојба и продуктивна работа, освен можеби ако си писател, каков што е случајот со протагонистот на истоимениот роман на Игор Станојоски. Ќе се покаже дека единствената полза од расцепканиот сон во неговиот случај е впуштањето во писателски подвизи и мечтаења. Но, за сите други значења што ги содржи поимот „диссомнии“, сепак, потребно е да се заплови меѓу страниците на оваа книга.

По романите „Гаргара“ и „Првиот универзитетски ден на мојата ќерка“, ова е третото романескно остварување на современиот македонски автор Игор Станојоски. Авторот на само двесте страници со вешта жанровска комбинаторика успеал да ги испреплете трилерот, љубовниот и психолошкиот роман со елементи на фантастичното, фолклорното, како и со елементи на политичката драма.

ДУХОТ НА ИЗВОРНИКОТ

За роман кој заедно со сето наведено, почива уште и на автобиографски белешки, мора да се признае дека станува збор за добро изведена рапсодија. Авторот – лингвист профилиран за словенска филологија, што во романот секако се чувствува поради неговата окупираност со толкување на стварноста преку јазикот и во јазикот – го читаме во превод на Сеида Бегановиќ, која многу успешно го транспонирала и го сочувала духот на изворникот напишан на македонски јазик.

Она што на читателите веднаш интригантно им паѓа в око, е тоа што романот иницијално ситуациски е сместен во Украина на почетокот на 2014-та, кога во државата не стивнуваат брановите на масовните протести, познати како Мајдановска револуција или Евромајдан. Дејството во романот го опфаќа ретроспективниот период од десет месеци, а почнува со нарација за јануарските денови во Киев, деновите на судири, коишто ќе прераснат во граѓанска војна и ќе го одредат понатамошниот тек на историјата што ја следиме денес и, за жал, ќе сведочат за распламтениот оган што се шири низ светот. Евромајдан започнува со побуна против владата и претседателот Јанукович по непотпишувањето на Спогодбата за пристапување во Европската Унија и претставува момент на редефинирање на украинското општество. Токму во деновите на Револуцијата драстично се менува животот на протагонистот на „Диссомнии“, а животот во земјата што му понудила прибежиште, се испревртува наопаку. Откако по една книжевна промоција ќе напише објава на Фејсбук, во која ја анализира деструктивната сила на омразата што ги води учесниците во Мајдан, на младиот писател животот буквално му се претвора во ноќна мора. Ситуацијата дополнително се усложнува со доаѓањето на загадочната порака од непозната девојка од Македонија и со нарушената врска на писателот со новинарката Настја. Чекор по чекор, испреплетувајќи ги односите меѓу ликовите и напнатоста на ситуацијата, Станојоски убаво си подигрува, навестувајќи им на читателите интересни расплети и заплети.

Главниот јунак на романот „Диссомнии“ на 18-годишна возраст доаѓа до заклучокот дека секој човек претставува систем од меѓусебно поврзани приказни, а кога човекот ќе умре, тогаш заедно со него исчезнуваат и системите од приказни. Тој верува дека јазикот, материјалот за приказните, станува виновник за болката по оние што ќе ги изгубиме, бидејќи без јазикот, кој ја подарува смислата, ни човековата смрт не би била трагична.

„Заклучив дека сè се врти околу говорот и дека натсмислата на натсистемот од приказни е говорот, кој воедно претставува основа и материјал на сите системи од приказни и кој постои благодарение на постоењето на јазикот. Без јазикот, кој претставува ем материјал ем цел и натсмисла, ни човековиот живот не би претставувал систем од приказни, ниту човековата смрт би била толку трагична.“

Опсесијата со јазикот и (нат)системите од приказни, донекаде присутна кај руските структуралисти, не престанува да го окупира сега веќе 29-годишниот протагонист, успешен писател, кој пред 11 години, по стравичната семејна трагедија, го напуштил натсистемот на македонскиот јазик и култура, па се вгнездил во украинскиот. Во вториот дел од книгата јунакот се враќа во земјата од која си заминал, во куќата на дедо му и баба му во планинското македонско село, наидувајќи на потполно различна атмосфера од онаа на која се надевал. Вториот дел од романот е дотолку понапнат, бидејќи повеќе се врти кон жанрот на трилерот и психолошкиот роман, со воведување фантастични суштества од македонскиот фолклор, какви што се вампирите и самовилите.

Може да се рече дека првиот дел повеќе кореспондира низ идеолошката оптика на протагонистот, кој е скептик

кон секаков вид промени, дури и спрема оние што доаѓаат од народот, доколку системот на вредностите не е темелно испитан и променет. Тој има јасно изразена дистанца кон современите пропагандни медиумски средства, а укажува на опасноста од друштвените мрежи и слободата на говорот без ронка одговорност. На крајот си го признава поразот:

ЛАЕЖ НА ЧИВАВА

„Мојот медиум беше слаб; мојот глас беше тивок. Во очај почнав да пишувам сè и сешто против новата власт, но залудно. Веројатно тоа звучеше како лаеж на куче од расата чивава. Победува онаа вистина што ќе биде искажана погласно, со повеќе пари. Според тоа, вистината не беше на моја страна."

Прашањето на вистината за главниот лик е комплексно. Тој ја посматра како писател, изолирана индивидуа, која делува надвор од колективното, но сепак е свесен за својата немоќ спрема колективот. Токму низ поимот на вистината се огледува самиот роман, кој започнува со епиграфот на Светлана Алексиевич, којашто во своето дело „Војната нема женско лице" пишува: „Секој ја извикува својата вистина. Каков кошмар од нијанси!"

Единственото што мојата читателска маленкост би можела да му го забележи на авторот, кој говори преку протагонистот, се авторефернцијалните точки, кои доведуваат до непотребен пафос во конструкциски добро осмисленият роман. Донекаде тоа се слаби места, бидејќи авторот не ја допушта читателската имагинација и самиот го наведува читателот по која трага треба да чита и да ги сфаќа поединечните секвенци, но со оглед на тоа што самиот наратор по занимање е писател, не би требало премногу да му се забележува. Мора да се признае дека станува збор за многу интересен роман, кој со оглед на слоевитоста на дејството, успева да го задржи читателското внимание. Игор Станојоски во „Диссомнии" го купува вниманието преку еден посебен вид патина на своето писателско село што го гради во романот. Со убавите описи на Македонија и Украина во контраст со напнатото дејство, авторот овозможува пред читателот да се отворат различни простори. Литерарни простори, коишто настануваат во меандрирањето во ноќите на украинските и македонските несоници.

Романот „Диссомнии" е претставен на овогодишниот фестивал Буксtан, кој се одржа во Сараево од 6 до 9 јули.



Трајче Чатмов

„Бој“

(акрилик на платно 120x90 см.)

Ана БУНТЕСКА

„САКАТЕ ЛИ ВОЈНА?“[1]

Ви текнува на онаа детска игра што ја игравме како мали, а се викаше “сакате ли војна?” За оние коишто се помлади, еве кратко објаснување за играта. Се формираа два табора, со по неколку играчи (не ми замерувајте, ама навистина не се сеќавам по колку деца беа во секој табор) и застануваа едни наспроти други на оддалеченост од неколку метри. Едниот табор (првиот) ќе викнеше “сакате ли војна?”, а од другиот (вториот) ќе се слушнеше едно развлечено “сакамееееее”. Потоа, првиот табор прашуваше од кого сакаат војна, па вториот одбираше едно дете од првиот табор кое требаше со трчање да го разбие вториот табор, односно да помине меѓу кои било двајца (напомена: сите се држеа за раце). Доколку успееше да го разбие синџирот од раце, првиот табор си земаше едно дете од вториот табор, а доколку не успееше, тогаш детето од првиот табор остануваше во вториот и така додека сите деца не преминеа во првиот или вториот табор. Мене таа игра не ми беше воопшто интересна и тоа, од неколку причини: прво, дудук сум за стратегии, па затоа ич не играм игри во кои треба да се освојува нешто (Нина кога беше мала ме молеше да играме тоа, ама мораше да си наоѓа друго друштво, оти мене ни за Монопол не ме бива, а не па за територии). Второ, бев многу слабичко дете и кога ќе ме одбереа мене за да пробам да го разбијам синџирот, кај не успевав, туку после со денови ме болеше стомакот. Од денешен аспект ја гледам манипулацијата на играта...ќе го одбереме најслабиот за да победиме. Зарем нешто се сменило низ вековиве? Зарем секогаш не важи истото правило во “сакате ли војна?”, па се наоѓаат изговори за започнување на истите, некогаш дури и истресени од ракав?

Не сум експерт за воени операции, стратегии и сè што е поврзано со зборот војна или со неговото значење. Единствена “војна” што ја признавам е онаа в кревет и се вика страст. Сето останато во 21 век, со ниво на развој што го имаме, ми е простачко. Нема да биде колумнава осврт на мојата “експертиза”за војните, оти ја немам. Нема да заземам страни, оти во војна губат сите, дури и оние коишто се приморани да бидат напаѓачи. Генерално, како човек кој не кренал рака на никого, кој ќе седи со отворен џам за да излета осата надвор (наместо да ја реши со папуча, нели!), како човек кој со Тања другарка ми која ми беше дојдена на гости од Франција седевме пола ноќ мозгајќи како да ја помрднеме богомолката од стан-надвор, можам слободно да кажам дека сум пацифист до мера да му се приблуе некому којшто има борбен дух. Но, тоа не значи дека немам мислење или дека немам став. Тоа само значи дека моето мислење и став, како и на секој кој развива теории за сè околу, вредат колку хартијата со којашто си го бришеме задникот после број 2 во тоалетот.

1 Текстот е преземен од: https://zenskimagazin.mk/sakate-li-vojna?

Имав 18 години кога започна распадот на Југославија којшто резултираше со војна. Да, 18 се годините кога мојата генерација беше регрутирана и испратена да се бори против оние кои до вчера, додека одевме на екскурзија низ Југославија, се нудеа да преспиеме кај нив и се натпреваруваа кој ќе нè нагости повеќе. Не скокајте сега дека сум југоносталгичарка (не дека не сум, ама тоа е друг муабет и да, имаше и арно и лошо...ама лошо колку што има сега, никогаш немало), оти ова го кажувам од аспект на тоа дека мои другари и познаници беа собирани и пуштани таму каде што се пукаше. Познавам мои блиски коишто со судни маки си ги вратија синовите дома, познавам луѓе коишто и ден- денес (после изминати 30-тина години) имаат кошмари.

Наместо да ги користиме благодатите од она што го имаме во рацете како развиена технологија, ние, а кога велам ние мислам на светот, се натпреваруваме кој ќе направи нешто помоќно за да убие што е можно повеќе луѓе. Мајку му, до кога ќе си ги мериме силите со насилие, наместо со дела што ќе го подобрат квалитетот на животот? Чуму толкава желба за моќ и власт? И без да ми кажете/потсмевате знам дека ова што го пишувам е утопија, ама пусто, дур имам надеж ќе имам и волја за живот. Што направивме од светот? Зошто не се вложува во наоѓање лек за рак и за други неизлечиви болести, зошто не се најде решение за гладните ширум светот, за бездомниците, за децата коишто секојдневно умираат само со кожа залепена на коските што штрчат? Која е бре таа шизофрена потреба да се гази, освојува, да се покорува, да се убива, да се чука некој во гради оти срушил!!! Та нели ловориките се даваа на оние кои создаваа и градеа, оние кои некако придонесоа светов да е поднослив место за живеење?!

Најлесно е да се исценира војна, полесно од тоа, здравје. Исто ко дома, ако едниот сака кавга, другиот колку и да молчи, на крајот повторно ќе е вмешан. Ако на едниот му се расправа, тогаш на ред се провокации, местенки, манипулации додека не се постигне саканото...кавга/војна. А како во секоја војна, оној којшто ја бара е секогаш во позадина, на безбедно. Гинат нечии мажи, синови, татковци. Гинат деца во експлозии и "случајно" погодени болници или училишта. Да, секогаш е "случајно", иако на сите врати претходно се објавува дека имаат толку прецизно оружје што не трпи грешки во проценката каде се гаѓа. И отпосле се сите со кратка меморија дека ако навистина било така, немало да има "грешки". Војната сама по себе е грешка, без да се фаќаат страни за тоа кој е во право, а кој не е. Сè што се случува надвор, а придонесува да има смрт и деца без дом, родители, да има родители коишто си ги изгубиле децата...е грешка. Каде оди светов?

Каков свет ќе оставиме на генерациите после нас? Кратко ни беше паметењето на последната голема светска војна? Децата што ги раѓаме не сме ги донеле на овој свет да бидат марионети на неколкумина болни во главата коишто имаат мегаломански потреби. Децата коишто сме ги растеле и подигнувале со љубов не смеат да бидат жртви на ничии игри за моќ и власт. Тие треба да се новата надеж, кога веќе ние сме биле дудуци да им оставиме мирно тло. Тие треба да бидат новата ера за човештвото коешто наместо да се убива

меѓусебно, ќе се сплоти за да се најдат решенија за сите проблеми со кои се соочува планетата.

Многу потфрливме...некако ми оди мислата дека не сме ја заслужиле планетата што ни дава живот и дека како што ние се обидуваме да ја уништиме, еден ден ќе ни врати за сè. Таа ќе создаде нов живот, постоеле ние на неа или не. А можеби во битието на човекот е секогаш самоуништувањето, иако одбивам да верувам во тоа.

Да се чувате едни со други во овие тешки времиња и да сте ми живи и здрави! Се надевам дека лудилото ќе сопре, дека има...дека мора да има надеж.

“САКАТЕ ЛИ ВОЈНА?”....”НЕЕЕЕЕЕЕ, ДОСТА БЕШЕ” .

Човековите корени се длабоки
Колку на стогодишно дрво
Испреплетени и силни
Удолу, до центарот на Земјата
Како јазли со кое јадрото е обвиткано
Човековите корени не се врзани за држава
Ниту припаѓаат на некоја химна или знаме
Ниту пак јазик некаков знаат
Оти сите сме можеле ваму или онаму да се родиме
Ама ете
Пишано ни било на ова парче земја светлина
да видиме
Човековите корени не се станови ниту автомобили
Скапи часовници и облека со потпис
Ниту оградата со која си го заградуваме она
Што и онака по смртта со себе не го носиме
Оти човек в ковчег ко’ ќе го стават
Само облека на себе носи
Која ќе изгние заедно со месото и кожата
И ниту едно азно со нас не си оди
Оти на оној свет голи стасуваме
Само со душите на мегдан
И делата кои зад себе сме ги оставиле
И по кои ќе нè паметат
Дали арно или лошо, кој како си заслужил
Човековите корени се луѓето
Оние кои нè зачнале
Оние кои над нас трепереле
И чија младост к’о свеќа за нас горела

Оние за кои не се прашуваме дали и како би умреле
Туку кога треба, ете тогаш би пресушиле
Корените ни се во луѓето без кои
Ништо на овој свет не би имало смисла
Кои заедно со нас се радувале и пееле
И кои за рака нѐ држеле дур' сме тагувале
Кои чаеви во болест ни вареле
И со кои до зори сме се налевале
Луѓето кои срцето за навек ни го зграпчиле
И кои со отворени очи сме ги сонувале
На чиј глас сме се радувале
И чии лица како најубавото уметничко дело ни биле
Чии зборови како мевлем на душа ни легнале
И чии допири од мртви нѐ станувале
Човековите корени се во оние кои зад нас ги оставаме
Кои наши гени носат
И во кои себе како во огледало се гледаме
За кои нашата младост сме ја дале
За да ги израснеме и на пат да ги изведеме
За оние за кои со Бог се пазариме
Да нѐ поживее дур' не пркнат
Дур' крилцата доволно силни не им станат
За да летнат и да знаат како низ животот сами да врват
Не се
Моите корени не се во јазикот кој го говорам
Ниту во писмото кое го користам
Не се во бојата на државата во која живеам
Туку во думата која во душава ја имам
Во милоста за рака да подадам
Без трошка надменост и суета
Во искреноста на „прости"
И во силината на „те љубам"
И ниту каква било лажна припадност корен не дава
Ниту за нешто може човек да го врзе
Колку што го врзува чистата љубов
И отвореното срце кон секој што низ животот го среќава
Коренот човеков не е во ставање граници
Оти тие закопани вземи граница немаат
И можат и на другата страна од светот да се најдат
Корените човекови
Љубовта човекова
Човекот во човекот

Остап СЛИВИНСКИ

(Украина)

„Паметам, таму имаше еден мал,
навистина, веќе беше адолесцент, но
личеше како да има осум години, –
и го праќаа кај нас со писма,
уште, понекогаш предаваа сирење по него,
или шеќер,
се случуваше да дојде
и сосема без ништо, но тоа
значеше дека изгубил сè некаде
патем, бидејќи
никогаш не го пребаруваа на влезот, никогаш
за нив
тој не постоеше.
И знаеш што си помислив: кога
пишуваш песна,
тоа е како да го праќаш малиот. И дури
и да загуби сè,
ќе дојде
до оние што се од таа страна,
како осамен неразбирлив знак,
ќе дојде,
за едноставно да помолчи со нив“.

ТАТКО

И таа чудна играчка е негов
подарок: дрвен меч,
по кој уште долго
течеше терпентин –
се сеќаваш?
Колку е тешка главата во смртта штом
ја пропушти оваа шега!

А скалите издлабени во благата падина
за мајка ми, која
веќе не стануваше од кревет?
Зошто болеста
остана глува спрема оваа
невина магија, во која се претвори
неговата вечна непрактичност?

Еве сме во облак од чад и бучава,
влегуваме во претсобјето на шумата,
а тој, со едната рака држејќи го воланот,
покажува сокол на небото.
Каде исчезна тој дента?
Јас и брат ми долго чекавме и го повикувавме,
чувствувајќи како зад нас од густата шума
го повикува некој трет!
Дали ние, како него, нешто сме понесле од младоста?
Некој знак според кој повторно ќе можеме да влеземе во неа
барем накратко? А каква пропусница имаше тој?

Ноќно траштање без светла, дрвени мечеви,
пливање гол во уште ледената вода?
Имаше
и потешки времиња, и имаше минути на утеха, продупчени беа
резервоарите, од кои истекуваа бензинот и маслото, ставајќи го на земјата
својот неизбришлив потпис, беа
децата на неговите деца, кои повторно командуваа со слетувањата
на ангелите, и долгото згаснување на мајка ми, и душата нејзина, која
се искачуваше по падината,
и тешката недостоинствена работа
на стари години, и сеќавањето, кое на сè му ги множи контурите,
и враќањето на дамнешните навики, старечки тврдоглаво и
животорадосно, нешто како рибарот доцна во ноќта,

кога сончевата топка е сè пониско, и сенката негова
задремала над трската, доаѓа до самите наши
степи, не дозволувајќи
ни да заспие ни да се сосредоточи,
и потоа настапи
ненадеен блесок, кога татко ми го вклучуваше светлото во спалната,
откако изутрината дојде оттаму, од над водите,
насмеан, со кофа,
речиси сосема празна.

ХАИКУ НА РЕВОЛУЦИЈАТА

Чадот в ракави.
Си одиш со луѓево
по шумски венец.

*

И еден прост гест:
еден другему молкум
да си ветите.

*

Одат на плоштад.
Го водат животот к'о
деца на школо.

*

Тоне времето.
Жени носат вечера
за мажи горе.

*

Од телата да
не нè иселат само –
ќе опстоиме.

*

Наскоро Божик.
Ќе го носат Детето
долж штитовите.
*
Сега гледаш: ти
сам си глина и грнчар,
горен и силен.

25.12.2013 – 4.1.2014

ТРИ ХАИКУ

Тревожно време.
Не ги знам обувките
што стојат во тремот.

*

Јас не знам каде
ја водела есента.
Ја врати в солзи.

*

Година молчев.
На тој јазик умеев
само да слушам.

Преѝев од украински на македонски јазик:
Иѓор Сѧтанојоски



Остап СЛИВИНСКИ (1978) е еден од најистакнатите и најплијателните украински поети и книжевни работници на денешницата. По образование е славист. Дипломирал, магистрирал и докторирал на Катедрата за славистика на Универзитетот во Лавов, а во моментов работи како професор на Катедрата за полска филологија во Лавов. Автор е на повеќе книжевни преводи од полски, бугарски, македонски, белоруски и руски јазик. Неговата поезија е преведена на околу 20 јазици.

Дарина ГЛАДУН

(Украина)

***Дарина Гладун (1993)**, родена во Буча. Поетеса, преведувачка, есеистка и перформерка.*

***
жените и децата го изнесоа од зградите највредното
сол во своите очи
крв во своите тела
зборови во своите глави
и оскудно на блиските им делеа трошки од сопствената болка
–
–
–
оскудни трошки болка за возврат добиваа
од блиските
10.3.2022

***
на Ирина Шувалова и Јуриј Андрухович

остаревме не за година туку за цела една војна
нема таква бројка која би опишала колку преживеавме
||||||||||||||||||сега сме веќе постари од нашите тела
||||||||||||||||||||||||||||||||||
||||||||||бабите и дедовците за цела една војна постари од нас
постојано повторуваа
колку сме среќни дека сме родени во време на мир
не им верувавме на нивните зборови и години
не ѝ верувавме на нивната старост и седа коса
не верувавме во војна

13.3.2022

без [дома],15.3.2022

руски војник го потпира на бел стол од “Икеа” својот
автомат
ја вади својата капа, ја трга својата фантомка, ја соблекува
јакната, елекот, чевлите, војничкиот каиш, панталоните,
чорапите, топлата термо долна облека, памучната
маица и боксерките

влегува во мојата када рускиот војник
го пушта тропскиот туш, истура гел за туширање
на сунѓерот и долго се мие – го нанесува на својата коса
мојот медицински шампон

/косата на рускиот војник ќе биде долга и без
разделени краеви/

става маска на косата – маска на лицето –
нанесува пилинг за тело – долго трие долго измива
сѐ рускиот војник ги искористува моите
темносиви крпи од јиск ######## ############ ##### ## ###### ####### #
–
го гледа својот одблесок во црните плочки

во вагината ја става мојата менструална чашка
застанува на мојата вага рускиот војник

тежи толку колку што треба да тежи
средно статистички руски војник без облека

ја става мојата долна облека, моите хулахопки, моето боди,
моите топли чорапи со лисичини муцињa, со
малечки корги кучињa, со ананаси, со елени, мојот црн
фустан со ситни бели точки, моето сако, моето
новото палто во боја на слонова коска од шетландска
волна, мојот шал, мојата капа, моите ракавици, ги облекува моите чизми
со мојот балсам за усни ја мачка својата уста
/сега усните на рускиот војник се безбедни/

излегува на улица да се прошета низ градот
среќава во градот исти такви руски војници
руските војници во мојот град одат во парови и се спријателуваат со семејствата
.....
го живеат животот
толку набрзина напуштен од нас



Тони Попов

„Пустош”

(акрилик на медијапан 30см x 40 см.)

Катерина КАЛИТКО

(Украина)

***Катерина Калитко (1982)**, една од најнаградуваните современи поетеси и преведувачки во Украина, основачка на Intermezzo Short Story Festival.*

ТОЈ ПИШУВА

Тие беа несакани на земјата и оставени помеѓу облаците.
Јури Андрухович

Мајко, не ми испрати ниту една фотографија,
па речиси заборавив како изгледа твоето лице.
Ќе плачеш, знам, ти донесов многу неспокој
но, секоја неволја е само малечка дамка крв
на неделниот фустан.

Животот е куќа некаде крај патот,
старински стил, како нашата селска куќа, поделена на два дела.
Во едниот, го мијат телото на мртвиот и плачат.
Во другиот, облекуваат невеста.

Мајко, сакам да имаш сон во којшто јас доаѓам
и седнувам во делот со повеќе светлина.

Многу плачеш мајко, не престануваш да липаш.
Не можам добро да го видам твоето лице, но лицата сега не се многу важни.
Твојата коса, сè уште се сеќавам, мириса на синчец.

Сите тие сакаат нешто од нас и постојано буричкаат во
мравјалникот на војската, во којшто земјата леже како гнила риба.
Му пишав на Андреј, долго писмо од душа,
но не добив одговор, можеби ја згрешив адресата.

А пред тоа Андреј напиша: како се сеќава на вкусот на
алвата што тато ја носеше од градот, исто така и на лизгавата провалија
зад нашата куќа. Петар, тој напиша, ако некогаш се вратиме, тоа ќе биде на
носилки.
Мајка беше во право - требаше да останеме рибари.

Дождот гласно татни, кал ги покрива првите линии.
Безнадежно маршираме покрај реките и под облаците.
Заборавам на сè, како од мене да истекуваат спомените.
. . . Мајко, дали таа девојката Хафија уште пее во црковниот хор?

Марјана КИЈАНОВСКА

(Украина)

Марјана Кијановска (1973), *живее во Лавов, редовно носи медицинска помош и книги на фронтот. Писателка и преведувачка, прогласена во 2014 год. од страна на Forbes за една од највлијателните авторки на современа Украина.*

* * *

голтавме воздух како земја
таков некаков црн
соседите градинарат заедно

и во тоа црнилото
како во месеста цреша
слатко и горко
и во тоа слаткото и тоа горкото
сол и лој

складиравме во нашите бели дробови многу години претходно
не цреша не слива
друго дрво
некои од нас издишуваа коски од цреши
некои куршуми

камењата отпаѓаа од нивните лежишта
и стануваа очи

сè останато стана сеќавање
воздух, оган

Галина КРУК

(Украина)

***Галина Крук (1974)**, родена во Лавов и предава на тамошниот универзитет. Заедно со Кијановска носи помош за војниците од првите борбени редови.*

* * *

некој стои помеѓу тебе и смртта - но
којзнае уште колку може да издржи моево срце -
каде си, тоа е толку многу важно
некој се моли за тебе
дури и со свои зборови
дури и ако не ги спојат рацете и не клекнат

корнејќи ги стебленцата на јагодите во градината
се сеќавам како те карав кога беше мал
бидејќи ги гмечеше бобинките пред да созреат

моето срце шепоти: Смрт, уште не созреал
сè уште е зелен, ништо во неговиот живот не било
послатко од неизмиените јагоди
Те молам: о Боже, не ставај го напред,
те молам не фрлај ракети врз него, о Боже,
јас дури и не знам како изгледаат ракетите,
сине мој, не можам да си ја замислам војната ниту за себеси

Љуба ЈАКИМЧУК

(Украина)

***Љуба Јакимчук (1985)**, поетеса, сценаристка и новинарка родена во окупираната област Луганск. Му помогнала на своето семејство безбедно да го напушти бомбардираниот Первомајск. Според New York Times, се вбројува во највлијателните културни работници во современа Украина.*

УМРЕА ОД СТАРОСТ

дедо и баба умреа
починаа истиот ден
истиот час
истиот момент -
луѓето рекоа, умреа од старост

нивната кокошка го дочека крајот
како и нивната коза и нивното куче
(нивната мачка беше надвор)
и луѓето рекоа, умреа од старост

нивната куќарка се распадна
нивната шупа се претвори во урнатини
а визбата се прекри со прашина
луѓето рекоа, сè се распадна од старост

нивните деца дојдоа да ги погребат дедото и бабата
Олга беше бремена,
Сергеј беше пијан,
а Соња имаше само три
сите тие исто загинаа
и луѓето рекоа: умреа од старост

студен ветер откина жолто лисје и ги закопа под нив
дедото, бабата, Олга, Сергеј и Соња
кои сите умреа од старост

Ија КИВА

(Украина)

***Ија Кива (1984)**, поетеса во постојан прогон, родена во разурнатиот Донетск. Принудена да го напушти домот поради постојаните отворени зборувања за војната и руската агресија.*

ГОДИНАТА НА УКРАИНА

погледни ваму го добивме она што го посакувавме
сега графитот на Сергеј Нигојан[2] на ѕидот
на плоштадот наспроти децата кои си играат војна
во Донбас возрасните исто така се во игра
квадрат блесна на Google Maps следен квадрат
тоа е куќа, тоа е момче со пушка во рацете
ако му кажат да пука, тоа сигурно ќе пука
во вашата мајка, во нашата заедничка татковина
во продавниците народот товари цели вреќи макарони,
а потоа ги закопува кутиите некаде
што е тоа што се тркала по онаа далечна падина
тоа е вашиот ковчег носен од безбедносните трупи
ние бевме тука ќе кажете не, не сме биле тука
некој друг тука беше убиен од снајперски оган,
а снегот ги докрајчи оние кои подоцна дојдоа на земјата
едно лето господово помина не беше доволно

2 Украинско-ерменски Евромајдан активист. Првата жртва за време на протестите во 2014.

Илја КАМИНСКИ

(Украина)

***Илја Камински (1977)**, наѓрадуван украински ѓоет кој живее во Америка, бидејќи неѓовоѓо семејсѓво добило ѓолиѓички азил во 1993.*

ЖИВЕЕВМЕ СРЕЌНО ЗА ВРЕМЕ НА ВОЈНАТА

И кога ги бомбардираа куќите на другите луѓе, ние

протестиравме
но не доволно, им се спротивставивме но

не доволно. Јас бев
во мојот кревет, околу мојот кревет Америка

пропаѓаше: невидлива куќа, следна невидлива куќа, и следна.

Зедов стол надвор и го гледав сонцето.

Во шестиот месец
од катастрофалниот режим во куќата на парите

во улицата на парите, во градот на парите
нашата велика земја на парите, ние (простете ни)

живеевме среќно за време на војната.

Борис ГУМЕЊУК

(Украина)

Борис Гумењук (1965), *поет-војник кој доброволно се бори на првите борбени линии, редовно посветувајќи ги своите објави на Фејсбук на пријателите што ги изгубил во битките.*

***

Кога го чистиш оружјето
Кога времето, а ти повторно го чистиш оружјето
Кога втријуваш масла кои јако мирисаат во твоето оружје
И го штитиш од дождот со своето сопствено тело
Кога го повиваш како бебе
Иако никогаш порано не си повивал бебе –
Имаш само деветнаесет, без бебе, без жена –
Оружјето ти станало твојата единствена рода
Ти и оружјето сте едно

Кога копаш ров по ров
Кога ја раскопуваш оваа драгоцена и оваа омразена земја со грстови
Секој следен грст посегнува по твојата душа
Ја џвакаш оваа земја помеѓу твоите заби
Ти нема, ти никогаш нема да имаш друга
Се вгнездуваш во земјата како во мајчина утроба
Ти никогаш не си се чувствувал толку блиску со никого
Ти и земјата сте едно

Кога стрелаш
Дури и кога е стемнето и ти не го гледаш лицето на непријателот
Дури и кога ноќта го крие непријателот од тебе и тебе од непријателот
И ве гушка како да сте нејзини
Ти мирисаш на барут
Твоите раце, лицето, косата, алиштата, чевлите –
Неважно колку ги миеш – мирисаат на барут
Тие мирисаат на војна
Ти мирисаш на војна
Ти и војната сте едно

Васил ГОЛОБОРОДКО

(Украина)

***Васил Голобородко (1945)**, принуден да се пресели во Киев, оставајќи ја целата своја сопственост во окупираната област Луганск. Неговите дела биле забранети за печатење во Советскиот Сојуз.*

ОДЛЕТУВАМ ВО ФОРМА НА СЕМЕ ОД ГЛУВАРЧЕ

Знам дека оттука не можеш да избегаш со авион –
би требало да си способен самостојно да леташ.
Мачки во куќата, толку многу мачки,
собрани од целото соседство
(како тие го намирисаа моето заминување?)
не нашите мачки туку фералните мачки,
иако тука нема такво нешто како дива мачка.
Мачките како предупредување и како закана за мојот лет
како птица,
тие ја забележаа црвената точка на моите гради
како кај конопларче
па принуден сум да одлетам во форма на семе од глуварче:
ја напуштам куќата во потрага за широко отворени пространства,
поминувам низ градината и право на улица
и пловам накај
многу оддалечена дестинација –
сега ветриштата ќе
ме понесат, понесат!

Преѓев од украински, руски, англиски и полски јазик:
Звонко Димоски



Трајче Чатмов
„Двобој“
(акрилик на хартија 40х30 см.)

Тања КРМЗОВА-КОСТИГЛИОЛА

(Македонија)

ПОД НЕБОТО НА МАРИУПОЛ

Сè што било нешто вчера -
- денес е рушевина,
а утре ќе биде бес.
Купишта садови и ламперии
ги голтаат последните здивови,
пластови чад ги затвораат очите
на сите што умираат за слобода
и нивните последни зборови
се испишуваат на пергамент
од испукани бомби.
Гулабот гние
на кружните маси
и испушта одвратна реа
на sверство
и измама.
Сè што беше вчера
го создаде денес
и ќе го сотре утре.
Кутри надежи,
сигурен очај
и обезбеден хаос
се исцртуваат на срчите
со совршени димензии
за уште еден раскол.

КОПИЛЕ

Овде нишанот нишани во самиот себеси,
и се ниша од сопствениот отстрел,
истовремен обид за убиство и самоубиство.

Тука злобата злоусти зли кобења,
и озлокуќува полупразни гнезда,
конкомитентен труд за идење и разидување.
Онаму сенешто се мрази и омразува,
се прељубува и одљубува,
клетвите клето клечат пред богохулието,
ропствата ѝ робуваат на слободата
и влечат пранги од своерачни одмазди,
демоните им ласкаат на ангелите,
сонцата се мрачат пред квечерината
и никој не е сит со себеси.
Глад гладува алчност
што ровари по градовите преправена
во амбиција,
лаже лагата гледајќи ѝ во очи
на кутрата вистина,
се филува филантропија
од еден кулоар
до друг семинар
и никој не е свој на своето.
Овој свет е копиле,
и никој не се одважува да го љуби
за од него да стори свое чедо
што на нашите деца утре, можеби,
ќе им биде покровител.

ПОКАНА

Пријди,
извај се од буквите
на секој чкртнат збор,
од грешка
престори се
во грев.
Пријди,
истапи од вените на дрвото,
место двоумење
стани одлучност.
Пријди,
легни во скутов подзинет,
закотви ја квечерината
за кривината на колкот,

создади му пристаниште
на сонцето
во облината на градите,
сврти го загарот
кон исток.
Светот го изгуби правото
да заседава за љубов
тогаш кога одби да осуди
крвопролевање.

ЗЕМЈА

Собираш снопови греди,
длабиш корита во каменот,
пресуваш пепел во бали,
од она што вчера ти беше гнездо
денес само spsори гладот,
од она што вчера ти беше град
денес само завива јадот,
од она што вчера беше ти
денес остана само стравот
дека од утре ќе ти однема дни.
Земја - родилка,
земја - гроб,
на земјата - вековен роб.

ГОДИНА

Чуму дрвјата тријат очи
и пупките се одважуваат
да му ја сменат формата
на стеблото,
кога зимата се насели
во илјадници тела
како натрапник
во кревок дом?
Пролетта е сега сенка
на непокренати гробови,
пркосен венец
и ровка почва,

епитаф на проколнати градови
и предвесник на есента
во домовите лишени
од секоја форма живот.
Пустошот ги обедини
сите годишни времиња
како предатори
чијшто плен е
сè што дише човештво.

ЕВХАРИСТИЈА

И правот е нешто,
или барем бил,
или ќе биде:
основа на лекот,
одвишок на диванот,
остаток од животот.
Напати добива форма
на нафора,
на талог во бурето со вино,
на магла под фотоните
на исќелавената свеќа.
И правот е нешто:
сведок на дивеење,
последица на живеење,
алерген
или уште еден показател
на скрна.
Почеток,
транзиција,
крај.
Невидливи скалила
врз коишто скока инстинктот
кога во последен момент,
без убедување,
осуденикот отвора уста
за евхаристија.

ФРОНТ

Војните отвораат рани
чиишто рабови се оддалечуваат,
а меѓу нив назира
скапано месо.
Реа на пцовисаност
ги брка оние со изострени сетила,
додека паралелно ги намамува црвите
да скокаат од еден до друг крај
на чирот.
Конците висат некаде помеѓу
скромноста и суетата,
миротворноста и аздисот,
се преплетуваат
меѓу прстите
на сите оние
што безобразно се двоумат
дали да зашијат подзинета исекотина
или грубо да прешијат нечии усти.
Што ли тоа може да оправда
груба летаргија
пред очигледен раскол?

Јосип КОЦЕВ

(Македонија)

ХЕРОИТЕ СО ЗБИРНО ИМЕ

Ние, хероите со збирно име
гледавме како се раѓа смртта
во синорот помеѓу матното јаве
и чистиот сон,
немоќни да го избистриме привидот
и да ѝ го видиме вистинското лице.
Не ја насетивме војната што надоаѓа,
слободата ни ги ежеше кожите,
паѓавме во вител од гревови и младости,
си ги шаравме телата со графити
небаре се градови
што некој треба да ги изоди
пред да остарат
и да станат мотиви за разгледници.
Изгоревме со бајките за еднаквост
Спалени на плоштадите со имиња на револуции,
Оглушени од звукот на завесата што ги двои
Економската и бизнис класата во авионите.
Спрострени меѓу зрнцата догорен живот,
Гледаме како времето приоѓа на прсти
За да не го одвее спомент за нас
Заедно со пепелта
Ние хероите со збирно име- жртви,
Ние, хероите, со збирна адреса- масовна гробница.

КАКО УМИРААТ НАРОДИТЕ?

Дали ги затвораат очите
завиткани во своите поранешни знамиња?
И каде им се гробовите?
Дали во истечените пасоши
од нивните некогашни држави,

таму ли им лежат коските?
Во звуци од оној свет
ли им се претвораат химите?
Наминува ли историјата
да им остави свежо цвеќе
и да си спомне за нив,
за детството со колена
изгребани од востанија,
за младоста со откачени фризури од револуција?
Како умираат народите?
Со декрет или со слет,
Каде им се гробовите,
На спомениците или во рововите
И кој им ги простува гревовите?

ЗАЛЧЕ

Пак се гледаат црвените балони
над немите, ранети градови
од кои истинаа детства.
Напуштена шолја чај,
Ладна недопрена ужинка,
За Алан, Елисеј, Алиса
и за безименото дете
што со денови црта
црни линии во своето блокче...
Децата не се гладни,
децата не се жедни,
децата не се гласни.
Кога си дете ти велат
првата голтка ја отпи војната.
Децата не се гладни,
децата не се жедни,
децата не се гласни.
Кога си дете ти велат,
последното залче се јаде за среќа.

Никола ШИМИЌ-ТОНИН

(Хрватска)

СЛАВА НА УКРАИНА!

Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Во слава прадедовска
Во дожд од пламенот на војната
Во сивите магли на омразата агресорска
Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Печат на чело втиснат од бол.
Солза в око.
Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Синови и ќерки на Украина
Јурат низ дожд од оган и железо.
Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Свој на грутката своја.
Солза од отпор и гнев блеска в очи.
Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Гром од тешкото агресорско оружје
Душата ја пара.
Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Заканувачки облак црн се крена
Сонцето го покри.
Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Орел и зрак е земјата украинска
Дури и за најголемите бури.

Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!
Ќе блесне слободата на зелените и сончеви килими

на секоја грутка украинска земја.

Голем си Боже и единствен, чувај ја Украина!
Слава на Украина!

Препев од хрватски на македонски јазик:
Ана Витанова-Рингачева

Пејо ШИМИЌ

(Босна и Херцеѓовина)

НЕ СЕ ПРЕДАВАЈ, УКРАИНО!

Пред sверствата огнени сонцето се сокрива
Во облаците со мирис на барут
Го слушате ли мојот крик, вие во кои сѐ уште живее човекот?
Бидете штит и глас на разумот, спасете го човековото достоинство
Подајте рака за спас во мочуриштето – се гуши човештвото!

Сочувствувам со Тебе, драга Украино!
Чекорејќи по станиците на твојот крстен пат
Очуден, што не го виде ѓаволскиот танц на вампирите
Кои играа на огништата: Хрватска и БИХ,
Либија, Ирак, Авганистан, Сирија и Алжир.

Време е, злочинците и злочинот громогласно
да ги наречеме со вистинското име!
Мојот вокабулар наеднаш “не падна ниско“
Плачот на мојата душа е врисок и солзи
Крикот мој е во име на жртвите и не жалам за тоа!

Самопрогласен „цару“! Кој ти даде право
заради империја, со крв и солзи да црташ нови меѓи?
Кој ти даде право болници да разоруваш и гробишта да полниш?
Поради алчност да создаваш милионски егзодуси
Да газиш по тукушто расцутените животи и разоруваш огништа?

Во барутни насипи убиваш неродени и немоќни.
Со ѓаволска волја сакаш да создадеш ново царство.
Погледни ја историјата и сфати дека и твојата крвава sвезда
кога-тогаш низ вител во огнена темница
ќе се струполи во понорот на пеколната јама!

Укарино, мој спокоен дену и румена зоро!
Со тебе легнувам и се будам.
На крилјата на пркосот и гордоста, ќе опстоиш, љубов моја!
Како фениксот стани од пепелта!
Крени глава и остани своја!

Преѣев од босански на македонски јазик:
Ана Виѣанова-Ринѓачева

Мелани ИВАНОВА

(Македонија)

ЗАТОЧЕНИ ДУШИ[3]

Сирената спишти во утрото мрачно,
со чекори тешки, одевме мачно.
И за миг се најдовме во толпата луѓе
стуткани ко еден, јас, мама и бате.
Со сонливи очи, вџарени во секој,
јас молкум го барав ликот на тате.
И, кога во возот се качивме сите
тој почна да јури по шините врели,
јас не знаев како ќе нѝ минат дните,
ни каде тој воопшто цели.
Мама ги криеше солзите вешто,
нѐ гушкаше силно и стегаше заби,
го штитеше својот пород смело,
не изусти ништо, знам грутка во грло ја дави.
Не издржа долго кутрата, да не пушти крик,
па проголта грутка и извика силно,
го сетив јас тогаш оној горчлив вик:
„Не плачете деца мили и татко не барајте вие
во овој час тој смогнува сили,
се бори да бидеме слободни ние".
Ме трогна мама, па во себе плачев,
а стариците на глас лелекаа за своите чеда,
за својата покуќнина создавана со мака,
за капка вода во оваа беда.
Во една торба в рака,
секој го беше спакувал животот свој.
Војна нѐ затече, душман нѐ прогони,
а тате и другите мажи останаа во бој.

3 Единствената наградена творба на конкурсот за автори-средношколци на тема „Заточени души", по мотиви од делото на Иван Василевски. Ментор: д-р Наташа Лазарева.



Мелани ИВАНОВА има 17 години. Родена е и живее во Штип. Учи во Гимназијата ,,Славчо Стојменски“. Единствено нешто што ја исполнува е пишувањето поезија и проза. Активно учествува на сите општински, државни и меѓународни натпревари, а нејзина инспирација се секојдневните настани. Добитник е на многу награди, меѓу кои и наградата за млад автор од литературниот конкурс ,,АНТЕВО СЛОВО“, во соработка со Меѓународната поетска манифестација ,,Анџело Ла Векија” (,,il Parnaso – Concorso di Poesia – Premio Angelo La Vecchia“) од Сицилија, Италија.

Нејзината песна „Заточени души“ е наградена како најдобра творба на конкурсот распишан од ЗГ „Иван Василевски“ од Струмица за 2022 година.



Трајче Чатмов

„Пробив“

(акрилик на платно 120x80 см.)

СЛИКА ВТОРА

СЛИКА ВТОРА

ПОТРАГА ВО ДВА НОСА

ПАРИЗ, ЕРУСАЛИМ НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТИ

Интервју со ликовниот уметник Никола Пијанманов



Никола Пијанманов во Париз

Со уметникот Никола Пијанманов разговаравме на релација Струмица-Париз. Интервјуто почна неофицијално, некаде во деновите кога тој ги завршуваше последните подготовки пред неговото париско изложување, а сега, кога впечатоците од изложбата се стаени во неговите мисли и душа, го завршивме ова наше препишување за уметноста, за патувањата, за животот како уметник.

СМ: Твоите дела се изложени во по-

знатата Citéinternationale des art. Каков предизвик претставуваше за тебе како уметник да изложуваш во овој простор?

НП: Се чувствуваш како дел од онаа непрекината низа ликовни вознесенија кои со векови го полнат овој град и од него создадоа еден вид Ерусалим на ликовните уметности. Можноста сам да го изберам просторот за поставување на моето дело, беше од посебна значајност за самиот концепт на сликата што ја работев тука. Сликата е своевиден палимпсест од сите дела и феномени кои ги истражував цел месец во Париз. Од гробниците, преку мостовите на Сена, катедралите и базиликите, катакомбите и галериите, од сите скулптури на знајни и незнајни мајстори кои стојат на отворено и пркосат на времињата, од бурната париска револуционерна историја којашто се чувствува на калдрмисаните улици...Таа е поставена во еден премин, помеѓу две згради од осумнаесеттиот век. За мене најголемата радост и признание беше, кога посетители, минувачи, мислеа дека сликата отсекогаш стоела и припаѓала на стариот sид. Се оствари посакуваната комуникација со времињата и просторот.

СМ: Оваа куќа е своевиден дом на уметниците од светот повеќе од 70 години. Колку ти е значајно твоето име да е впишано во плејадата уметници коишто твореле тука?

НП: Најзначајно! Затоа што гледајќи ги делата во Лувр, Клуни, Орсеј, во средновековните катедрали, низ парковите и градините, можете само едно да заклучите: Овој град е една Ноева арка, која ги згрижува уметничките дела подготвувајќи се за крајот на светот. За крај мислам пред сé на вандализирањето, уништувањето, пасивно или активно на уметничките наследства. И навистина е така. Сигурноста на делата и самиот однос кон нив, овде е различен од оној кај нас. Ние сме земја на заборавот ...како да сакаме што побргу и полесно да го заборавиме бремето на историјата, селектирајќи ги лошите нешта, фрлајќи и ослободувајќи се од убавите. Уметноста во Париз е чудесен континуитет на човечката верба во убавото и нераспадливото. Затоа уметноста не може да се дефинира како современост, таа е безвремена. Дела стари триста години ви изгледаат модерни и дела од современи уметници личат како да се створени пред три века. Тоа е една огромна почит и восхит, благодарност и влијание од мајстор до мајстор, од генерација до генерација, од човек до човек, од уметник до уметник. Нема ништо ново, сите векови на творење се само надоврзување на една иста суштина и големина. Огромна благодарност кон секој творец, секој претходник и секој наследник, една скала на вредности што се движела постојано напред и назад, не исклучувајќи ниту една епоха, ниту еден миг од протекувањето на творечкиот дух низ телата и формите на земјата. И пред сé почит и респект меѓу уметниците коишто доаѓаат од целиот свет.

Да се потсетиме дека во своите творештва најголемиот пресврт го постигнале токму во Париз, нашите големи сликари Никола Мартиновски, Лазар Личеновски, Борко Лазески, Глигор Чемерски, Коле Манев. Сите тие твореле периодично во ателјеата покрај Сена и одовде ги носеле своите свежи искуства дома, во Македонија. Модерната сликарска школа кај

нас почнува, точно по враќањето на Мартиновски и Личеноски од Париз.

Силно посакувам еден ден да ги видиме овде изложбите на Кондовски, на македонските средновековни икони, Куновски, Владимир Георгиевски, Мазев. Секоја земја го презентира своето творештво во големите галерии на Париз. Мораме да почнеме да го извезуваме нашето богато ликовно творештво надвор од земјата. Верувам дека некогаш некои од овие дела ќе станат и дел од богатите интернационални колекции на музеите. Неизмерна гордост и радост беше мигот кога видов дека икона од Македонија, од 16 век, стои во постојаната средновековна поставка на Петит Пале.

СМ: Отвора ли резиденцијалниот престој нов видик, како оваа средина те инспирира?

НП: Овде престојуваат уметници од целиот свет. Секој од нив доживува посебно, и на свој начин еволуира во стилскиот израз и естетика, па така делата добиваат една нова димензија, би рекол париски шмек. Но, значајно е да се направи синтеза од она што го носиш со себе, оддома, од твојот личен израз и идентитет, не да се растопиш во океанот од безбројни ликовни школи и различности што го наметнуваат своето влијание во овдешните галерии. Најдобар е примерот на Мартиновски. Тој го пренесува видливо и сосема воочливо влијанието од париската школа меѓу двете светски војни, посебно она од Модилијани, Паскин и Сутин, но го преобразува преку својата лична социјална приказна и душевна драма, преку моделите, убавините и проблемите што го опкружуваат дома.

Мене најмногу ми значеа париските скулптури. Вајарите на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, творештвото на Огист Роден, Антоан Бурдел, Камил Клодел, Жил Далу, Пол Ландовски... Драмата и движењата во фигуративниот израз на овие уметници, се толку актуелни и значајни за мојот светоглед и естетски духовен интерес кон вечните теми, потрагата по смислата на животот, но и на смртта, онтолошкото преиспитување на човекот, себеспознание и истражување до максимумите на возможноста. Од портата на пеколот на Роден, до влезот во гробницата „Пјер Лашес“ од Алберт Бартоломеј, преку скулптуралната група „Каиновиот род“ на Ландовски. Во моментов сум окупиран со човекоцентричната тема.



СМ: Кое место во Париз посебно те допре како уметник, направи ли поврзување со некој објект, некоја точка во градот којашто ти даде нова енергија?

НП: Секое место обликувано и допрено од рацете на уметникот е од непроценлива вредност. Овде уметниците навистина имале и простор и можност, но и време да се изразат. А времето, и тоа е најчудно, на еден метафизички начин, не е логично точно. И гледајќи ги сите тие гравури, скулптури, слики и цртежи, декорации од камен и слики во стакло, дали е возможно тие да се условени од времето? Сто, двесте, триста години, а „модата" ништо не можела да направи во врска со длабочината и квалитетот на париската естетика! Јавните дела се поставени на секој мал плоштад, на секоја фасада, гробница, црква, паркови, слепи улици. Париз дише преку две презентации на делата, оние на от-

ворено коишто совршено функционираат во просторот и оние во музеите и сакралните објекти, во затворен простор. Борбата меѓу стиловите и разликите се очигледни, но нешто друго за мене е посилно, нешто кое ние мораме да го научиме како лекција, за да се продолжи по вистински пат, нужен за развојот на македонската ликовна уметност. Тоа е континуитетот! Нашите уметници во минатиот век тоа доста добро го знаеле и го практикувале. Треба да се престане со безусловната потрага по оригиналност, по секоја цена, по модерноста која е ограничена од контекстот на брзиот живот и електронските техники. Да се престане со неприродното форсирање на младите ликовни уметници, во правец на ненормално брзање и приземјување на ликовните идеи и концепти, според потребите на индустријата, банализирање на творештвата до степен на баналност и непрепознатливост. Fast Print Art. Уметникот треба да пие од сокови-те на своите претходници, на старите духовни и културни вредности кои ќе бидат поставени во модерен контекст. Да комуницираат со своите предци на жив и слободен начин. Според мене, подобро е стилското наликување и влијание од мајсторите коишто живееле пред нас, отколку оригиналност без никаква смисла и длабочина.

СМ: Извесен период ги гледаме кај тебе мотивите од христијанството, во еден мистичен, речиси филозофски приказ. Те држи ли уште таа инспирација?

НП: Тие теми во Париз уште повеќе се интензивираа. Истражував длабоко по духовните аспекти на градот, а посебно за нивната светителка и заштитничка од шестиот век света Геновева. Таа живее и се соочува со предизвиците од варварските напади врз Париз и опустошувањето на христијанските вредности на градот. Светителка којашто се спротивставила на вандалите. Со време станала симбол на убавото и таа е фигурата што во прегратка го држи и заштитува Париз. Централниот дел од мојата слика е посветена токму на неа. Ги подава златните дланки кон страдалните фигури што се движат лево и десноконнеа, концентарот. Византиско – црковната естетика е одамна вткаена во моите платна како подлога, како основа врз којашто ја сликам агонијата на животот и страдањата на современиот човек, во смисла на негово повторно преобразување и преобликување, во потрага по бесмртноста и смислата. Многу уметници и куратори овде, го препознаа тој момент во моите париски слики. Таа точка на поврзување на старото со новото, на идеен и на технички план.

СМ: Дали твојата уметност ти помага да размислуваш, да синтетизираш заклучоци, или најчесто те збунува? Те изненадува ли често делото како се развива или како излегува ако се вратиме на првичната идеја со која си тргнал?

НП: Одлично прашање што може да го постави само некој којшто самиот твори и се соочува со проблемите на реализација на идеите во дела. Уметноста пред сé ми помага да возвратам на она кон коешто силно чувствувам љубов и духовна привлечност. Еден вид дар за музата или духот кој ме полни со енергија да творам и да живеам во креативен занес. Благодарност кон Бог. Цврсто верувам

во тоа дека уметничкиот пат е духовен и тоа е еден вид изодување на земниот пат, пробивајќи се низ мачнотијата на телото и неговите слабости, на душата и искушенијата, низ злото што демне врз секој креативен чин, врз секоја различност. За самото оформување на едно дело, претходат многу подготовки во форма на текстови, макети, цртежи, понекогаш и само медитација и изолација. Делото се раѓа во срцето, па ако таму не се случи, тоа нема да се реализира никогаш во стварноста. Сé што се случило во духот ќе се одрази во делото. Обратно не. Ван Гог првин бил фатален љубовник на уметноста, а после и самиот станал уметник. Во музејот на Пикасо, овде во Париз, прочитав што кажал уметникот како одговор на едно доста банално прашање:

- Зошто станавте сликар?

- Затоа што од мал обожувам слики и немав доволно пари и можности да си ги купам за мојот дом. Така почнав самиот да ги сликам.

Се разбира, тоа е ирониј, но во неа се крие и голема вистина.

За изненадувањето од самиот процес на делото... секако дека постои. Не верувам во дела што се реализирани по точна формула. Колку и да имате точен план за нешто, морате да верувате во интуитивната слобода на развојот на самото дело. Тие имаат свој внатрешен живот независен од нас. Да оставиме да издише секое дело без да го загушиме со нашите концепти и формули за тоа како треба да изгледа едно совршено дело. Во најсовршените слики на Леонардо да Винчи, изложени во Лувр, има мали несовршености, недовршености што го прават делото живо. Затоа што единственото пресовршено нешто е само неживото, измисленото. Животот е полн со процепи преку коишто мора да прими воздух. А уметноста е најблиска до животот.

Затоа најтежок е крајот, завршувањето на едно дело, иако е тоа и најубавиот момент. Но, тогаш обично се уништува животот во едно дело, тогаш излезени од визијата и занесот, сме префрлени во сферата на набљудувањето и споредбите, гледаме поинаку и се обидуваме да им дадеме логичен тек на нештата. Уметникот мора да биде внимателен на крајот. Не сум видел неубаво незавршено дело, туку многу прегорени и упропастени „успешно“ завршени творби.

СМ: Освен низ ликовниот израз, те среќаваме и како ликовен критичар, есеист, а особено во театарската уметност како поддржувач на независната сцена, продуцент, сценограф и сега со најновото филмско-документарно остварување, „Трн“. Колку е важно сето ова, целата оваа активност во градењето на твојот уметнички идентитет?

НП: Секој уметнички израз е подеднакво значаен во моето оформување како автор. Јас не можам да ги поделам уметностите. Пред да станам сликар, пишував, пред да пишувам многу читав, оттаму го засакав и театарот, па и сценографијата во него. Дадена ни е можноста да се изразиме низ многуте методи и да ја кажеме истата и една вистина за нас и за она што го доживуваме. Јас најмногу сакам да се дружам со уметници коишто имаат спротивни методи на израз од мојот. Театарски режисер, музички композитор, актери, филмофили и поети. Од нив се хранам и ги продлабочувам ликовните сфери. Есејот е исто така израз којшто

ми помага да си ги соберам мислите и импресиите на едно место. Да не избегаат, да бидат селектирани во хаосот на информации и мисли што нé гушат секој ден. Ликовно – филозофските текстови што ги пишувам за списанието „Премин“ се еден вид складирање на моите погледи и размисли за значењето на уметноста во оформувањето на личноста. Без уметност не можеме да живееме благородно. Пробајте да ја избришете од светот кој го познавате. Ќе сфатиме дека овој свет би бил досадно и неподносливо место за постоење.

Струмица-Париз, 7 август 2022 година
Интервјуирала: Сузана Мицева

„ЈАЗИКОТ НА УМЕТНОСТА НАЈЧЕСТО ГО СЛУШАМ НОЌЕ“

Интервју со ликовниот уметник Панче Ѓоргиев

По подолга пауза се среќаваме помеѓу делата од најновата изложба на ликовниот уметник Панче Ѓоргиев. Уметникот нè опкружува со боја и со својата смиреност и ни ги споделува своите погледи за уметноста, за животот и светот. Навидум едноставен и тивок, Панче заплиснува со колорит преку неговото творештво. Неговата единаесетта изложба во Струмица беше отворена во просториите на Europe House.



Коста Милков (промотор), Панче Ѓоргиев (ликовен уметник)
и Томи Печков (Europe House)

СМ: Колку ви е важен тој контакт со публиката, да дојдат во живо, да ја погледнат вашата имагинација, да се поврзат со делата?

ПЃ: Тоа е многу важно, контакт со луѓето, бидејќи сликарството воопшто е наменето за нив. Ако е затворено дома, останува да стои таму. Кој би го видел, кој би те инспирирал за понатамошна работа?! Затоа многу ми беше важна оваа изложба и ми беше мило што имаше доста публика, посетители. На тој начин јас се охрабрувам и постојано мислам на нови дела.

СМ: Оваа е единаесетта ваша изложба, како ги распоредувате? Според тоа во кој период сте особено активен сликајќи, или можеби имате свој распоред?

ПЃ: Не, малку подолг период паузирав. Имав насобрано доста енергија, што како ликовен уметник морав да ја искажам некаде, почувствував дека е време. Најпрво разговарав со Коста Милков. Во Скопје, во галеријата "Метаноја" имав поголема изложба со 24 слики. Значи, откако се договоривме, почнав да работам на изложбата, иако летото имав други планови, сакав да одморам, бидејќи со години имав многу обврски околу грижата за постарите родители. Но, како што реков, морав да ја ослободам енергијата и како ликовен уметник, мојот медиум е платното. Така, цело лето интензивно работев, направив можеби 30 дела. Така се случи моето претставување во Скопје. Голема благодарност кон Коста и Нада Милкови! Можеби тие се единствените луѓе што ги познавам коишто со толку ентузијазам се посветени и се залагаат за уметноста. Имаат поинаков пристап, европски да речеме, за разлика од други галерии. Насекаде многу сум изложувал, но таму завршува сè.

СМ: Колку е важна таа поддршка од луѓето, од институциите, од галериите, кои сакаат да подадат рака. Што значи за еден уметник?

ПЃ: За мене е од исклучителна важност. Камо среќа да има повеќе такви галерии што ја ценат и ја сакаат уметноста, да нудат шанси да изложуваат и помлади-неафирмирани, но и повозрасни-афирмирани уметници. Со институциите е некако потешко. Потребно е да се следат конкурсите, да се поднесат апликации, па дали ќе ве изберат, а и тоа често знаеме како оди. Јас сум од оние коишто сакаат во разговор директно да се договорат и затоа повеќе изложувам во галерии и алтернативни простори, отколку низ институционалните галерии.

СМ: Велите дека имавте творечки наплив. Колку време ви беше потребно за сите овие дела?

ПЃ: Една година. Реков, тие емоции што беа набиени во мене, барав начин да ги канализирам, затоа што е тешко да се држат во себе. Собрав материјали, барав спонзорства за она што ми треба. И има две компании кои ме поддржаа, за што сум им многу благодарен. Останатото јас го обезбедував од свои средства. За жал, ликовната уметност бара ресурси и материјали. Не можете да творите ако не вложите, тоа е реалноста. Но, во ниту еден момент не жалам за тоа. Само споделувам, инаку чувствував дека сакам и дека морам да ја подготвам оваа изложба.

СМ: Кој е вашиот творечки простор? Ателјето или секое место кон коешто ќе ве понесе мигот?

ПЃ: Ателјето дефинитивно. Повеќе творам ноќе. Почнувам вечерта, а завршувам наутро. Знаете, јас сум вработен во училиште, па потоа брзам на работа. Но, таква е уметноста. Секојдневјето и животот ми вдахнуваат творечки импулс. Не правам скици, не правам фотографии, туку ги носам во својата меморија, во главата, сите моменти и добри и лоши што разбудуваат нешто во мене. Можеби тоа е потешкиот начин, но јас така правам. Она што друго е карактеристично за мене е дека ставам многу боја на сликите. Нанесувајќи со шпакла, со четка, директно со бојата ја оформувам почетната инспирација. Многу искрено пристапувам кон она што го гледам и чувствувам. Му давам облик, му правам слика. Можеби затоа моето творештво е блиско до луѓето.

СМ: Ако се вратиме наназад низ годините, кога го откривте уметникот во себе?

ПЃ: Мислам дека уште додека бев во основно училиште. Ќе го потсетам мојот наставник Мануш, којшто беше по потекло од селото Сачево и постојано ми кажуваше да излезам пред таблата и да ги покажам моите цртежи пред соучениците. Уште тогаш се покажуваше мојот талент за уметност, а наставникот само ме насочуваше да цртам. Исто така и си потпевнував. Моите блиски се шегуваа дека или ќе бидам пејач или уметник. А бев талентиран и за спорт. Тоа беа трите области во кои се издвојував. Бев особено добар. Кога се запишував средно уметничко, мислев ако не успеам да влезам, ќе се обидам со музика. Сепак, тогаш најмногу сакав спорт.

СМ: Како тогаш реагираа твоите родители, блиските кога уметноста во овие места, особено во руралните, не била толку експонирана? Ве поддржуваа ли?

ПЃ: Да, ме поддржуваа. Моите веќе не се меѓу живите, но немаше никаква пречка од нивна страна. Знаеме како беше во тоа време да бидете во Скопје. Требаше доста финансии, а ние сме од земјоделски крај, малку беше потешко. Но, јас сум им бескрајно благодарен што ме поддржуваа, што вложуваа во мене. Така завршив средно уметничко, па факултет. Целото мое образование е поврзано со уметноста.

СМ: Што е тоа што те покренува како уметник? Некоја боја, мисла, порака што сакаш да ја пренесеш, што е тоа што почнува да ја раѓа сликата во тебе?

ПЃ: Да, бојата и тоа, многу често. Невремето и бурата ми оставаат силен впечаток. Можеби перцепцијата кај уметниците е поизразена. Некои работи ги забележуваме подобро од другите. Она што за некои луѓе е невидливо, за нас е немир што мора да се материјализира низ дело. Јас забележувам и кога небото е многу сино и кога е црвено. Еве еден мој пејзаж во којшто е изразена зелената боја. Идејата ми надојде кога седев пред мојата куќа и гледав кон небото. Пред мене имаше дрво круша и одеднаш го зедов платното, излегов во ноќта и многу брзо ја насликав. Таа веќе беше многу жива во мене, требаше само да се сконцентрирам и да ја пренесам.

СМ: Како се снајде во пандемијата? Те навлече на творештво или ти создаде блокада?

ПЃ: Пандемијата за мене беше еден обрач, не се чувствував добро што не сум во мојата природна околина,

опкружен со учениците, со пријателите. Тоа секако претставуваше проблем и не ми беше инспирација. Затоа и не сликав за време на пандемијата. Затворени, со маски, сето тоа ми претставуваше проблем, иако беше реалност.

СМ: Вие сте просветен работник. Од една страна зборуваме дека уметноста **и** спортот помагаат за правилен развој на децата и младите, а од друга страна, кога се прекројуваат образовните програми, најпрво се кратат часовите по спорт и уметност.

ПЃ: Тоа е голема штета. Не знам како разбира нашето општество, што е важно за него, а што неважно, но, погледнете во европските земји на кое ниво е уметноста во образованието. Не само ликовната, сите уметности. Децата се носат на концерти, претстави, промоции, изложби, посетуваат музеи и галерии, ги развиваат како сестрани личности. Кај нас најлесно е да се намали уште еден час од ликовното образование и уметност. Потребно е да се посветиме и ние и семејството, бидејќи има многу талентирани деца. Кога на родителите ќе им соопштам дека детето им е талентирано, велат:„ Ех, не сакам да го правам уметник!“ За жал, така е.

СМ: Сте имале повеќе такви примери?

ПЃ: О, да! Сум имал многу вакви ситуации. Дури ми е жал кога гледам преталентирано дете, коешто родителите го насочуваат во нешто спротивно. Ги повикувам да разговараме, им нудам да ги подготвам децата и да се запишат средно уметничко, но, наидувам на отпор. Инаку, има голем број деца низ годините што се запишале, во кои сум вложувал, станале уметници и тоа е за мене посебна радост и гордост.

СМ: Ликовните дела не познаваат јазични бариери, каков што е случајот со книжевноста. Ако го поставите вашето дело во која и да е галерија во светот, луѓето ќе го восприемат без посебни подготовки, преводи и сл.

ПЃ: Така е, каде и да ја изложам сликата, штом набљудувачот застане пред неа, започнува неговата комуникација. Тоа е фасцинантно.

СМ: Дали патот на ликовниот уметник е полесен од оној на писателот да речеме.

ПЃ: Мислам дека е така, тоа мора да се признае. Секој може да дојде да ја гледа сликата, да се поврзе или да не се поврзе со неа, да ја толкува како што сака или како што чувствува. Може, да речеме, да го види насловот на сликата, но да замисли сосема друго нешто. Во книжевноста мора да се совпаднат повеќе светови. Оној на писателот со оној на преведувачот, па со оној на читателот. Комплексно е.

Интервјуирала: Сузана Мицева

„УМЕТНОСТА САМА ПО СЕБЕ Е ПРКОС“



Интервју со младиот режисер Дејан Анѓелов

Разговараме со Дејан Ангелов, млад режисер кој изминативе неколку години го задржа вниманието на публиката осмислувајќи и поставувајќи три претстави на алтернативната театарска сцена во Струмица.

Како претставник од нашата држава, беше селектиран да учествува на онлајн програмата „Emerging Artist Participating in the 2022 World Theatre Day Celebration“, што се одржа на 27 март по повод 60 години од Светскиот ден на театарот. Програмата е иницирана и организирана од тимот на Германскиот центар ITI и International Theater Institute UNESCO, во Париз/Шангај. Координатор за нашата држава е Македонскиот центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА.

СМ: Дејане, како се чувствуваш по оваа селекција?

ДА: Ова признание што го добив јас, а истовремено и луѓето со коишто работам, моите сомисленици од театарската трупа, е всушност селекција за овогодишниот ден на театарот што почнува од 1962 година и се организира

секоја година во чест на театарот. Тековната 2022 година правиме 60 години од ова одбележување. Од тие причини Интернационалниот театарски инситут со седиште во Германија, под кој потпаѓаат речиси сите светски театари, кој е на рамниште на УЕФА или ФИФА во фудбалскиот свет, реши да даде простор и внимание на млади артисти од целиот свет да ги покажат своите дела пред поширокота театарска јавност. Се разбира, за сите коишто имаат интерес за театар. Јас ја видов објавата на интернет, ги испратив потребните материјали, требаше да се напише мотивациско писмо и претставата со којашто сакаш да се претставиш. Јас ја пратив "Кротка", претстава што е реализирана во Струмица пред три години. По разгледувањето на тие материјали (не знам кои биле другите кандидати од Македонија), жирито и критичарите одлучиле дека она што ние го правиме во овој мал град, сепак заслужува поширо-ко внимание.

По враќањето од Бугарија, доаѓањето овде и патувањата во Европа заради збогатување на моите знаења за театарот, имав потреба тоа што го правам овде, по некаков начин да биде видено и оценето отстрана. Струмица е мал град и провинција, да не зборуваме за тоа дека и Македонија е една провинција на Европа и нема критичка маса којашто веродостојно може да го оцени тоа што го правите. Ако немате огледало на кое можете да се видите до каде сте дошле, многу лесно може да скренете од патот и да си мислите дека сте многу добри или многу лоши.

СМ: Колку таа географска положба ѝ помага или и одмага на твојата уметност?

ДА: Би рекол дека тоа е различно од човек до човек. Понекогаш контекстот некого го мотивира да се движи и да оди напред, го провоцира и тој се обидува да ја надмине својата средина. Има некаков инает во него. Но, има луѓе коишто средината ги потиснува. Во крајна линија никој не може константно да биде наелектризиран и константно да ги турка работите напред. Човек се изморува и тоа е факт. Средината влијае. Средината недоволно ја цени уметноста, недоволно ја цени културата. Многу често децата коишто имаат некакви таленти во областа на културата и покрај тоа што го поседуваат талентот, се насочуваат во некоја спротивна насока и не се реализираат во таа област. Местото каде што живеете, особено ако сте во мал град, културата што овде се продуцира, што се гледа, влијае врз тоа што го правите. Ние не ги следиме светските тенденции. Не зборувам само за театарот. Книжевни тенденции, музички тенденции. Многу често луѓето се подведуваат под она што го гледаат и мислат дека прават нешто големо споредувајќи се со она што се случува тука. А не е тука. Затоа сметам дека средината влијае врз уметникот и уметноста воопшто.

СМ:Сметаш ли дека ова е релевантно со оглед дека сме во глобален свет, сѐ е на еден клик. Колку во таа смисла е оправдан провинцијалниот карактер на културата и уметноста?

ДА: Луѓето обожаваат да го користат терминот „глобално село". Ние ги имаме на дофат информациите, но театарот е таква уметност што сѐ се случува тука и сега. Многу е важно да се биде во жив контакт со луѓето. Претставите што ќе гостуваат во Струмица оваа година се

бројат на прсти, а може и да не видиш ништо големо. А кога си во поголем град можеш да гледаш различен театар. Да се инспирираш. Не само тоа, има луѓе со кои можеш да зборуваш за театарот, па тие да ти препорачаат на пример литература што можеш да ја читаш. Во таа смисла, провинцијата, конкретно Струмица како мал град има огромно влијание. Да, ти можеш да влезеш на интернет и да гледаш некаква претстава, но тоа не е исто како да ја гледаш во живо. Од друга страна, ти не можеш да ја донесеш таа маса луѓе, тие театарџии коишто ги има во еден голем град и да ги донесеш во мал град и да можеш да разговараш за своите мисли и така да ги доразвиваш своите идеи. Јас верувам дека човек не може сè сам. Мора да има некој од другата страна што ќе ти помогне да ги искристализираш мислите и да одиш напред. Значи да, светот е глобално село, но важно е да не се изгуби тој жив контакт којшто е многу важен!

СМ:Сметаш ли дека театарот во малите места може да напредува како и во големите? Постои ли точка на изедначување?

ДА: Има многу примери на луѓе од театарскиот свет кои, по долго работење во големите градови, се враќаат во мали села и провинции и се обидуваат да направат свој театар и всушност успеваат да ја донесат својата публика таму. Заради тоа што тие го прават. Но, јас уште сум млад и го немам тој капацитет. Мислам дека уште имам простор да учам, да се изградувам и како режисер и како личност. Мислам дека ако се задржам овде, не би можел да ја привлечам таа група луѓе коишто би дошле да ме гледаат точно мене. Да, возможно е и во малиот град, ако си искрен во тоа што го правиш, ако си упорен и да имаш барем мала економска помош од средината во којашто живееш, не е невозможно луѓето да доаѓаат и да те гледаат. Има такви примери. Колку за илустрација, Гротовски работи во мал град во Полска, но, сепак тоа е академски град, има универзитети. Не случајно решил таму да отиде. Негови соработници биле голема група антрополози, религиозни мислители, коишто го провоцирале да го прави тоа што го прави. Потоа има и друг пример-јапонскиот режисер Сузуки. Значи, Тадаши Сузуки прави театар во малото место Тога, коешто сега е епицентар на театарските случувања. Не дека јас или некој друг не би можел тоа да го направи, но, сепак е потребно да помине еден подолг период на калење за да можеш да бидеш препознаен.

СМ:Како тебе те изгради малата средина? Колку ти влијаеше и како таа придонесе да бидеш тоа што си денес?

ДА: Јас растев тука во Струмица. Се сеќавам на дедо ми којшто беше прекрасен раскажувач на истории, на вицеви, секогаш тој ја креираше атмосферата и често зборуваше за своите детски години, за школските претстави во кои учествувал и се обидувал да се реализира, сакал да запише академија, но, татко му тој импулс го пренасочил во сосема друга насока. Татко ми е многу добар сликар, но, не знам веќе колку години тој не ја фатил четката или моливот во рака, и исто така сакал да се запише на академија, но неговиот татко го насочил во друг правец. Чичко ми пишува поезија. И тој е добар во тоа што го прави, но, никој од нив не ги реализирал тие уметнички импулси и некако јас живеев со тоа од

мал. Па и мене татко ми ме насочуваше спротивно од режијата, од театарот. Се запишав на Факултетот за детективи и безбедност, успеав да го завршам дури и да магистрирам, но паралелно, благодарение што во тоа време Струмица имаше активна аматерска сцена, односно актерите од театарот како Јасмина Вучкова, Васил Михаил, Стојан Велков-Трн, Оливера Аризанова-Мансбарт, нè воведуваа во светот на театарот и јас лека - полека влегов во тој свет и покрај тоа што веќе бев вработен како обезбедување. Доцнев на работа, па имаше приговори сè додека еден ден не решив дека тоа го оставам настрана и почнав активно да се занимавам со актерство. Двапати се обидов да се запишам на Академијата овде во Македонија, не бев примен, третиот пат решив да се пријавам и овде и во Бугарија. Таму успеав да влезам и тоа, на моја огромна радост, кај големото театарско име Маргарита Младенова, којашто соработува и работи заедно со Иван Допчев. Тие се значајни театарски имиња не само во Бугарија, туку и во светот. Таму, се преоткрив, излегоа на површина сите тие импулси што биле заробени во мене. Би сакал токму мојата приказна да биде пример и да им даде храброст на сите тие деца, младинци, бидејќи влегувањето во тој свет е тешко, но и по завршувањето на студиите да се остане во него е уште потешко, бидејќи тогаш товарот што го носиш на рамењата не е ист. Многу е важно кои ти биле професорите, што си учел, што си понел со себе и тогаш не можеш да се впушташ во какви било авантури како претходно, убеден дека од тебе тргнува сè. Многу потешко се осмелуваш да влезеш во нешто. Ти треба подолго време да го осмислиш, да созрее во тебе. На пример, за некоја претстава ми е потребна медитација и цела година, контемплација врз тоа што го правам. Затоа, на сите што сакаат да се занимаваат со уметност им препорачувам да се образуваат, да завршат некакво училиште. Гениј се раѓа, но сепак академиите се простори кои ти даваат сокови да се доразвиеш и да пуштиш плодови.

СМ:Долг пат си поминал до себереализација. Го прекинуваш ли конечно тој синџир на задушување на уметничките пориви за сметка на егзистенцијалните потреби?

ДА: Мене ми е многу блиска психологијата на Јунг, начинот на којшто тој гледа на човечката душа. Ти како единка не си никнал од никаде. Ти го носиш со себе тоа што го носат твоите родители и тоа е едно натрупување. Тоа што не се реализирало кај нив, по некаков начин треба да се реализира во тебе. И тоа е еволуција на родот. Не мислам дека тоа е одмазда, туку напротив. Родителите би биле пресрекни ако и покрај сè ги реализираме нашите пориви. Го споменав Јунг, тој имал соништа за татко му кој бил свештеник. По смртта му доаѓал насон и разговарал со него, барал одговори на своите прашања од синот. Тој верува дека нештата не се онака како што изгледаат. Новите генерации секогаш одат чекор понапред.

СМ:Од една страна, развојот на уметноста и културата се тесно поврзани со економските, општествено-политичките случувања во едно општество. Од друга страна, тие се пркос што се јавува секогаш кога заедницата ќе затаи, стануваат пресвртница кон промени.

ДА: Според мене, уметноста по дефиниција секогаш е пркос. Како прво, самото бавење со уметност е еден вид протест. Видете, уметноста не е храна, не е нешто материјално. Истовремено, тие што се занимаваат со уметност ја тргнуваат настрана целата материјална благодат во служба на нешто поголемо или во служба на уметноста. Во таа смисла, таа е пркос на нуждата. Таа е импулс на духовното. Уметникот е пркос. Му пркоси на материјалниот свет. Таа како феномен секогаш бара нештата да се движат напред, да има промена. На пример, во провинцијалната средина луѓето се навикнати да живеат по шаблони. Да дојдат од работа, да им е готова вечерата, да пуштат телевизија. Уметникот не се задоволува со таква рамка. Тој е постојано во потрага, ја провоцира реалноста. Затоа сметам дека уметноста сама по себе е пркос.

СМ:Дејан, по дипломирањето се врати во Струмица и овде нема работа за млад режисер. Сепак, благодарение на луѓето коишто го негуваат и го сакаат театарот, за три години режираше три независни театарски претстави. Како се случи соработката со Никола Пијнманов, со Стојан Велков-Трн?

ДА: Тоа е многу интересна приказна. Со Никола се сретнавме во Загреб, кога јас бев на студиско патување. Еден семестар бев во нивната академија. При една прошетка во далечина, случајно видов човек за кого мислев дека го познавам. Му викнав на македонски за да биде свесен дека сум од Македонија и тој се сврте. Го прашав: „Вие од Струмица ли сте?“ „Да, од Струмица сум“, ми рече. „Да не сте сликарот Никола?“ –„Да, јас сум сликарот Никола“. Го поканив да испиеме едно кафе, бидејќи немав многу пријатели таму и оваа средба ми беше супер. Го сретнав точно пред Народниот театар во Загреб. Зборувавме како е тука, што се случува. И тогаш ми рече дека ние сигурно ќе соработуваме. И така, после три години, по враќањето овде, ние навистина почнавме да работиме. Јас верувам дека човекот созрева како што расте. Во еден момент алиштата што ги носиш веќе не ти се точни. Исто така и душата расте. Луѓето со кои се дружиме се менуваат. До вчера сме биле со едни пријатели, потоа со други. Тоа е затоа што нашата душа со тие луѓе нема повеќе што да сподели. Мојата средба со Никола беше таква. Две души се препознаа. Таа група луѓе со коишто заедно работиме, сме на иста бранова должина и затоа соработуваме.

СМ: Зошто токму „Кротка“ го одбра за прв проект на којшто работеше? Твоја желба или на групата?

ДА: Тоа што го работам секогаш има некаква предисторија што се случила во минатото. Така беше и со „Кротка“. Тоа беше една книга што ја добив како подарок од една моја многу блиска личност. Ми беше многу интересна како новела и можеби беше моето прво навлегување во светот на Достоевски. После тоа почнаа да се материјализираат моите желби за театарот. Се запишав на академијата, но претходно ја прочитав „Кротка“. И кога завршив со академијата, Никола ми рече дека преку градот Струмица успеале да добијат некакви финансии за млади уметници и дека би сакал нешто да направиме. И тогаш на прва му реков дека сакам да ја работам „Кротка“. Во тој момент уште не знаев да објаснам зошто токму оваа новела, но откако ја прочитав емотвно е приврзав за неа. Имаше случување меѓу мене и

тоа што го читам. Зошто? Не ми беа одговорени сите прашања. И токму затоа. Влегов за да откријам, а не оти знам. Сакав да влезам во светот на Достоевски. „Кротка“ и „Сонот на смешниот човек“ се меѓу последните нешта што ги пишува Достоевски. И во нив можете многу лесно, во многу чист вид да го видите неговиот светоглед.

СМ:Како се собра тимот за „Кротка?“

ДА: Како што спомнав претходно, сè почна некаде во минатото. Со Ставре одамна сме пријатели. Пред да заминам на студии му позајмив една книга. Знаев дека се занимава со музика и му реков: „Брат, сакам некогаш нешто да направиме заедно“. А со Стојан се знаеме од многу порано. Тој ми беше учител во претставата „Сенките на Чехов“ што ја работевме тука.

СМ: Никола имаше една фантастична сценографија за оваа претстава. Колку време минувавте во разговори, се инспирирвте ли еден од друг, бидејќи на сцената сè беше совршено вклопено.

ДА: Сценографијата не беше готова до една недела пред самата премиера. Јас решив тогаш да се открие сценографијата. Во процесот на пробите ништо да не е готово и сè што ќе правиме да биде во функција. И како што почнавме да работиме со Стојан, се развиваа идеите. Се разбира дека ние тргнавме од некоја почетна идеја. Ги имавме поставено основните точки, но како ќе ги поврземе, како на крајот ќе изгледа сè, немавме претстава. Знаев дека на сцената мора да постои кротката, бидејќи целиот тој монолог всушност е соочување со смртта. Јас и Никола сме инспирирани од творештвото на Караваџо. Тоа поигрување со сенките нè инспирира и сакаме да биде присутно со кротката. Пак ќе кажам дека ние не одевме напразно, знаевме од каде тргнувавме, но се препуштивме и оставивме да видиме каде ќе нè однесе претставата.

СМ: После „Кротка“ доаѓа „Каин“ којашто е работена според два текста: на Бајрон и на Милтон. Зошто реши да ги „фузираш“ токму овие текстови?

ДА: Со „Каин“ се случи нешто слично како со „Кротка“. Текстот го прочитав во една библиотека во Софија и веднаш знаев дека сакам да го работам. И пак се појави Никола со предлог дека има некакви минимални финансии, дали сакам нешто да правам. Знаев дека се малку пари, затоа што она што го имав замислено во мојата глава требаше да биде помасовно, еден вид спектакл. Но, тоа што ни недостасуваа финансиите, нè натера да одиме спротивно на првичната замисла. Низ еден аскетски начин на поставување на претствата, сценографијата, да успееме да допреме до публиката. Интересно е тоа како „Изгубениот рај“ на Милтон влезе во целата приказна. Ние започнавме да зборуваме кој е Сатаната, кои се неговите мотиви, кој е Луцифер? За нас, во нашите глави, тоа беше јасно. Јас претходно го прочитав и „Изгубениот рај“ за да можам да откријам кое е дејствието, кој е конфликтот на Луцифер. Но, се плашев дека за публиката нема да биде докрај јасно и затоа решив монологот на Луцифер да го вметнам од почетокот, во кој тој многу јасно ги кажува своите причини зошто се разбунтувал кон Бога. Целото тоа испреплетување беше многу спонтано. Читавме и спроведувавме слични литератури, слични во тематска и мотивска смисла и така тие заедно сраснаа. Но, не само овие два текста, тука би ја споменал и

монодрамата „Викторија“. Во сите овие текстови го среќаваме побунетиот. Тоа е архетипот на разбуденото сознание. На Луцифер. Оној што наоѓа грешка во творението Божјо и почнува да ги преиспитува причините, животот. И само преку преиспитувањето, преку бунтовната свест, човекот може да дојде до сознание.

СМ: Да, спомнавте дека трите претстави претставуваат еден вид триптих. Како се вклопи „Викторија“?

ДА: Уште додека бев во Академијата, ме привлекуваше жената како феномен. Жената како тајна. Мислам дека во многу нешта е супериорна над мажот. Значи, стануваше збор за љубопитство да се влезе во женската душа. Да, ние честопати тврдиме дека ги познаваме и ги разбираме жените, но тој интерес да се навлезе во психологијата на жената ми беше главен предизвик да ја работам токму „Викторија“. Во оваа монодрама исто така постои бунт. Таа се соочува со смртта, ја открива апсурдноста на битието, ја нема љубовта што треба да ја добие од мајката и излез наоѓа во преминот кон другиот живот. Тука се гледа таа нишка што се протега низ трите претстави и што ги поврзува.

СМ: Од искуството што го собра изминатите години, можеш ли да издвоиш што е потребно да им се даде на младите уметници за да можат да ја осознаваат и изоструваат својата уметност?

ДА: Многу е едноставно. Основното нешто што нам ни треба како група, како луѓе коишто прават независна сцена, е простор. Токму затоа „Каин“ ја работевме во алтернативен простор-ресторан. Мислам дека тоа е важно за нас и за другите коишто би ни се придружиле во иднина. Да има уште еден простор каде што ние непречено би работеле, би твореле, а истовремено публиката да доаѓа и да гледа независен театар. Тоа не е невозможно да се направи ако се има волја. Еве, на пример, “Сцена 112” во Центарот за култура е одличен простор. Кога ние би биле овластени да ја користиме, таму би се правеле прекрасни проекти. Друг пример е што градот Струмица секоја година издвојува средства за култура. Потребно е да има посебен дел за млади уметници, затоа што тие не доаѓаат до израз. Мора да има некаков фонд каде што би се поддржувале младите културни уметници. Не треба да бидат сите во еден кош. И трето, овде во Струмица не се прави разлика помеѓу забава и култура. Забава и култура не е исто. Тоа што градот Струмица го води како култура, според многу параметри е забава. Еве, општината има документ, брошура Стратегија за култура. Таму е предвидено постоење на Совет за култура, но никако да се формира. Тој совет треба да е составен од луѓе коишто вистински се занимаваат со културата, тие да ги прегледуваат апликациите и да ценат кој колку и што треба да добие. Еве, јас конкурирав оваа година, но не поминав. Немам образложение зошто мојата идеја не наиде на поддршка. Целта беше да работам со млади таленти, аматери, да им ги покажувам тајните на театарот онака како искусните актери ми го покажуваа мене, заедно да направиме една претстава. Во неа би биле вклучени и професионалци, докажани актери. Тие ќе имаа можност заедно да работат, директно да бидат инспирирани од актерите, да бидат обучувани од нив и така да се формира следната генерација актери во Струмица коишто ќе се занимаваат

со театар. Не се мисли во перспектива. Такви искуства има насекаде во светот, дури и во регионот. Колку за пример, Хрватска си бележи конкретни лица, за нив одделува средства за да ги школува во странство, а потоа се враќаат и работат во земјата. Но, ете тука овие иницијативи не се препознаваат и не се поддржуваат.

Интервјуирала: Сузана Мицева

ПРУГА

ПРУГА

Шунтаро ТАНИКАВА

(Јапонија)

Добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата за 2022 година



ТАГА

Некаде на она сино небо
каде го слушаш татнежот на брановите,
мислам дека загубив нешто чудесно.

Стојам пред Изгубено и најдено
во прозирната станица на минатото,
а тагата сè посилно ме населува.

ДОМАШНА РАБОТА

Со затворени очи
го видов Бог.

Кога ѕирнав,
Бог исчезна.

Мојата домашна работа е да откријам
дали можам да го видам Бог
со широко отворени очи.

РАСТЕЊЕ

Три —
немав минато

Пет —
моето минато запре вчера

Седум —
моето минато запре со јазолот во косата

Единаесет —
моето минато запре со диносаурусот

Четиринаесет —
моето минато беше само во учебниците

Шеснаесет —
плашливо погледнав кон бесконечноста на минатото, и

Осумнаесет —
не знам што е времето.

СЛИКА

Преку реката што не може да се премине
постои планина што не може да се искачи.

Зад планината, можеби, се простира морето,
а зад него, можеби, еден град.

Облаците се темни —
дали е грешно замислувањето?

Постои една таква слика
во бела рамка.

ПРОЛЕТ
Отпечаток од бел облак
над црешовите цутови
и зад облакот
длабоко небо.

Над цутовите,
отаде облакот,
отаде небото,
можам вечно да се искачувам.

Еден миг среде пролетен ден
тивко разговарав
со Бога.

ДОЖДОВНА СЕЗОНА

Гората, небото и јас
сме насликани од дождот.

Фосфоресценција сјае
во густите облаци.

Црвенилото на јаготките опстојува
во градината.

Облаците не чекорат
заедно со времето.

Се чувствува влажност
во звукот на нештата.

Гората, небото и јас
сме натопени од дождот.

ПЛАНИНА

сестра ми плаче.
продолжува да плаче
и кога ја прашувам зошто.

гледам планина од прозорецот.
планината беше таму
пред да се родам.
ќе биде таму
и штом умрам.
си ја задржува свежината.
штом некој ја наслика, не е веќе планина.

сестра ми престанува да плаче.
сѐ е мирно и тивко.
очите со кои ја видов планината
и ушите со кои го чув нејзиниот плач
се едно, помислувам,
макар што се различни.
оф, мајка ни нѐ повикува.

ТИШИНА НА ЖИВОТОТ

Тивкост
за еден цвет да расцути
тајно
ноќум.

Човечката тишина
е мимика
на викотницата.

Времето
секавично
ги скаменува
зборовите.

Тишината на животот
го смирува
светот.

Преѓев од англиски на македонски јазик:

Никола Маџиров

Шунтаро ТАНИКАВА (роден во Токио во 1931 година како единствен син на филозофот Тецузо Таникава) е најзначајниот жив јапонски поет, чијашто поезија суверено патува, не само низ возбудливите „води“ на јазикот, туку и во низата креативни преобразби во музика, филм, слика или калиграфско писмо. Тој е најпродуктивниот, најчитаниот, највлијателниот и најиновативниот поет од Јапонија, чиишто дела се преведени на многу јазици во светот. Автор е на 80 поетски збирки, за кои има добиено бројни книжевни признанија во Јапонија и во странство. Неговите песни се појавуваат не само во угледни книжевни списанија, туку и во школските учебници и мас-медиумите. Шунтаро се јавува и како автор на драмски текстови, филмски сценарија, а исто така е и плоден есеист, преведувач и автор на литература за деца. Неговата дебитантска збирка „Две милијарди светлосни години самотија“ во 1952 година ги вчудовидела неговите поетски врсници и книжевни критичари како нешто со кое се сретнуваат за првпат и со тоа се втемелува како новата одредница на јапонската поетика по Втората светска војна. Добитник е на низа престижни награди, меѓу кои: „Јомиури“ во 1983 година, „Ханацубаки“ во 1985, „Такаши Саида“ во 1987, „Шогакукан“ во 1988, наградата „American Book Award“ во 1989, наградата за модерна поезија „Јутака Маријама“ во 1991 , „Сакутаро Хагивара“ во 1983, „Асахи“ во 1996, „Саксава“ во 1998 година, наградата „Динг Јун“ во Кина во 2005, наградата на Монголското здружение на писатели во 2008, „Нобуо Ајукава“ во 2010, Меѓународната поетска награда „Жонгкун“ во 2011, „Тацуџи Мијоши“ во 2016, наградата на Фондацијата „Јапонија“ во 2019 година, а неговото име се споменува како еден од можните канидидати за добитник на Нобеловата награда за литература.

Милан ЈАЗБЕЦ

(Словенија)

Барам
нишки
сребрени
твои
волшебни
скокотливи
разиграни
барам
чувствувам
галам
допири
траги на
трепереѣето
твое
на секаде
покрај
мене
со
мене
трагите
небесни
твои.

Допир
на
допир
здив
до
здив
вознемируваат
треперат

пловат
помеѓу
прстите
наши
капки
на
среќа
бисерна
роса
опојни
желби
нежни
мисли
среќа
наша
сокриена
во
душите
на
прегрнатите
капки
полни.

Постојано
и
секогаш
и пак
одново
во темнината
твоја
брзам
повторно
во неа
да
се изгубам
изворот
на радоста
го барам
младоста
во кругот
нејзин
се вртам
да тргнам
никаде
не сакам
да се остане
и
да се опстане
во врутокот
на животот
темен
твој.

Песни од книгата Ги барам нишките сребрени твои. Песни од самоизолација

Трета книга, 2021 г.

Препев на македонски јазик:

Соња Цекова Стојаноска

Милан ЈАЗБЕЦ е амбасадор, редовен професор по дипломатија, писател и поет. Вработен е во Министерството за надворешни работи на Република Словенија. Бил шестиот словенечки амбасадор во Република Северна Македонија, пред тоа четврти словенечки амбасадор во Турција, нерезидентно акредитиран во Азербејџан, Ирак, Иран, Либан и Сирија. Бил и државен секретар за одбранбена политика во Министерството за одбрана.

Има објавено повеќе од 60 книги, меѓу кои десетина збирки поезија, на четиринаесет јазици: словенечки, англиски, германски, албански, турски, руски, арапски, македонски, црногорски, босански, српски, ромски, влашки и шпански. Автор е на повеќе 130 статии за дипломатијата, безбедноста и одбраната. Повеќе од една деценија активно се занимавал со новинарство и работел за сите медиуми во Словенија. Од 2009 година е одговорен уредник на меѓународното научно списание *European Perspectives*. Со години соработува и со *DiploFoundation* од Женева.

За својата работа го добил австриското државно одликување Голем златен почесен орден со ѕвезда за заслуги за Република Австрија (2005) и Сребреното признание на Словенечката војска (2013). Во јуни 2019 година во Велес му беше доделено Почесно Рациново признание и во јули во Сараево признанието за најдобар амбасадор во Југоисточна Европа. Од 2017 година е член на словенечкиот ПЕН и од август 2020 година е потпретседател на ИЦЕИ - Охрид. Исто така, е еден од авторите на Енциклопедијата на словенечкото осамостојување, државност и уставност.

Борислав ВЛАДИКОВ

(Бугарија)

МАКЕДОНСКО ОРО

Чекор по чекор. Тага врз тага.
Рана на рана ... Комитско оро.
Песни се пеат – срца се распукуваат.
Злото не завршува, а доброто го нема.
Свират ли гајди, кавалите плачат.
Ѕвонат струните на Струма и Вардар.
Тапани чукаат, чукаат и тажат,
кога мајките робови раѓаат.
Дејгиди море, Голгото наша,
крстот е тежок. Гробот е висок.
Полна со отров е ѕвездената чаша.
Има ли некаде посуров живот?
Мајко мила, кого да колнам?
Тебе или себеси? Кој ли нѐ собра
во оваа земја од молњи разделена?
Ах, се урна Шар Планина...
Рамо до рамо – мажи и невести.
Рамо до рамо – одбор од планини.
Галичица плаче со Охрид и Преспа.
Тажи Беласица по слепите дни.
Гоце земјата страдална ја крстосува
како единствен праведен бог.
Не со дванаесет – со илјада апостоли
правдата прави илинденски скок.
Право на небото – од Крушево во рајот.
Потоа назад во пеколот и пак
тешко оро. И така до бескрај –
мака врз мака! Јунак над јунака...

СМРТТА НА ГОЦЕ

По нивите ги соблекоа крпите бели
Црномурести девојки песната ја прекинуваат.
Трчаат како луди.
Трчаат онемени.
Паѓаат од умор – веста е тешка.

Брат и либе сите брзаат да најдат,
а таткото побледел од тага.
Гоце в бој загина.
Во бој Гоце го стрелаа...
И жал мрачна в очите гневни паѓа.

На сите страни трчаат и децата млади.
Стадо без овчар тажно блее.
Мајките креваат раце во молитва.
Со вик се довикуваат
Струма,
Вардар,
Шара:

– Боже, кој ќе ги води праведните луѓе?
– Дали ќе се роди таков јунак – син?
– Не е лесно еден народ вечно да се љуби.

Над тагата народна Пирин се издига.

***

Копнеев по тебе, планино!
Сè пострмна над мене се издигаш.
Бев орел.
Бев елен.
Полифонична и чиста тишина наоѓав.

Само ти ја разбра мојата младост
и ја обдари со сила мојата слабост.
Единствено ти беше добра.
Зиме строга и наесен мила.

Под твоите вековни шуми
многу мудри лекции научив.
Не би создал ништо свето,
ако не пиев од потоците ти бистри.

Низ прозорецот сега гледам
колку убаво ги облекуваш годишните времиња.
Стареам од многу тага,
оти не сум меѓу гранките твои.

Како гордо осамено дрво
утре ќе ме скрши невремето и мене.
Легнат долго ќе слушам како
младиот заљубен човек пее.

Копнеев по тебе, планино!
Сè поретко и сè потажно се среќаваме.
Не си ти виновна.
Друг е виновен.
Друг е грешникот.

Но, верувај, не сум заменил
ниту горчлив спомен, ниту мисла!
Бог ја вградил мојата душа во тебе.
Стани! Извиши се!
Јас сум ти во падините.

МЕЛНИЧКА ВЕЧЕР

Зајдисонцето нѐ заплисна со вино во очите.
Воздивна небото. Се излеа смеа.
Помина ехо од стари времиња.
Се урна. Стивна и остана без зборови.

Родени овде и веројатно овде
нашиот трнлив пат ќе застане.
Многу далеку од ѕвездата Северна.
Блиску, но туѓи за Белото Море.

За друга судбина – се чини дека е доцна.
Нашето сонце заоѓа.

Сенки од запад кон исток испушта.
Тргнаа во поход како караван планините.

Во вековниот круг се движат,
со подигнати и горди небесни чела.
Полека и непречено – одат, надоаѓаат
облаци бели и црни крилја.

Во визбите ладни темно темнее
вино-љубов, примамлив сок.
Мртвите воскреснуваат кога ќе запеам.
Ох, колку е убав животот суров!

АКО ПРЕСТАНАТ ДА ПЕАТ...

Ги замолив дрвјата
да престанат да се смејат –
и тие ме послушаа.

Барав реката
да биде потивка –
и таа ме послуша.

Громовното небо –
замолкна в час.
И тоа ме послуша.

Единствено птиците
пеат и свират,
без да разберат
дека има и други
кои се вљубени.
Без песна, за жал
животот умира...

2013

СО НЕБЕСНА АДРЕСА

Одамна ги надминав земните години на татко ми.
На мајка ми стогодишниот врв сè уште го искачувам.
Со што да одам кај нив?
Што да им однесам–
вино и леб
или прст без солзи и без крв?
Трагам по целата наша планета
по педа земја што не е посеано со тага?
Една шака ми треба само,
за да стигнам до бреговите на рајот.
И да им кажам: лозјето е сè уште живо.
Во дворот мириса на здравец и тажни цвеќиња,
оти нашите рожби отаде океанот одат,
без да се вратат со птиците во пролет.
За црквата ќе ги излажам дека во неа
иконите на светците се враќаат еден по еден,
разбрале дека воскреснатиот Татко ќе пее
со гласот на неговиот последен жив Син.
2019

МОЈОТ ВЕЧЕН ОГАН

На Гроздана

И уште не можам да поверувам
дека еден од нас порано ќе си замине,
а другиот по него ќе ги влече
најсуровите осамени синџири.
Но, како и да е – ќе дојде тој ден –
природно или нелогично.
Јас бев и сум благословен од Бога
не себеси, туку тебе да те сакам.
Секогаш си била и ќе останеш
разискрен бадник на нашето огниште
и ништо нема да те изгасне –
мој вечен огну – иден и претходен.

2017 година

РАСПНАТ КАКО ПТИЦА

Како распната птица кон тебе ќе летам.
Ќе те барам во сите возможни сезони.
Ако некогаш твојата будност ја вознемирам,
далеку, далеку протеран да бидам.

Но, не верувам, бидејќи до последен здив
љубовта наша беше чиста и света.
Продолжи да чекориш кон нејзиниот врв.
Јас ќе бидам во земјата твојот длабок корен.

Преѳев од буѓарски на македонски јазик:

Наѳаша Василевска-Трајчевска



Борислав ВЛАДИКОВ е роден на 2 мај 1934 година во село Харсово, Мелничко. Учител, инспектор, новинар, уредник во Радио Благоевград, главен и одговорен уредник на литературниот алманах „Струма“. Последниве децении раководел со Друштвото на Сојузот на бугарските писатели во Пиринско. Под негово раководство Драмскиот театар „Никола Вапцаров“ во Благоевград (1984-1991) го доживеа својот апогеј.

Автор е на 20 поетски и прозни книги.

Жаклина КУТИЈА

(Хрватска)

Поглед

Погледот плови
со недопирот
со јасност
сликата ја плени
сопирачките чкрипаат
во далечината потсетува на постоење
залутан во мирнотијата
погледот се враќа од патувањето
на прагот калливи чизми
капа оставена на оградата
под цветот издигнат стои
кучешки измет.

Преѓев од хрватски на македонски јазик:
Сузана Мицева

Лејла КАЛАМУИЌ

(Босна и Херцеѓовина)

ЗАЛУДНО ЈА БУДИШ

Сигурно рекла: нека ме бара
и нека види дека ме нема
таа жена со раце на дете, која ја љубам
тоа дете што заспало
не бришејќи ги солзите што ги будам
залудно, залудно, залудно
залудно ја будам

Бранко М.

Лежам на креветот, ги стискам капаците, ме чешаат трепките. Ги смирувам зениците. Се преправам дека спијам. Се преправам дека нема да ја чујам галамата од кујната, која само што не почнала. Знам дека ќе почне. Дедо ќе галами кога тој ќе дојде пијан, баба ќе плаче, тетка ќе побегне во својот свет. Во очите ми е црно, како длабоко криставо небо во кое се сушат никогаш исполнетите желби. Галама! Беше. Помина. Лутината се слеа во чекорите. Бесно чкрипат старите штици на куќата на Вратник. Дојде тишината и со неа неколку чекори: невешто се колебаат пред вратата од мојата соба. Ајде, влегувај веќе, помислувам, и натаму скротувајќи ги зениците.

Лежиме на грб. На перниците свиткани мали и големи раце. На нив ги потпираме своите глави. Ја будиш. Зборуваш бавно, за својата мртва жена, за својата убава жена. Секој час се присетуваш дека јас на неа не се сеќавам, па потоа појаснуваш, надолго и нашироко. Како и секојпат, од орманот во кој и натаму висат нејзините работи, вадиш една по една сукња. Тегет, бела, маслинеста... Ги земаш со врвовите на прстите што го стискаат работ на платното како штипки, ги шириш и ги собираш, ги загледуваш, задолжително со десната дланка ја погалуваш секоја, веројатно ја тргаш прашината. Мене во нив никогаш нема да ме собере, не велам.

И натаму зборуваш за неа. За својата мртва жена, за својата убава жена. Доцна е. Гласот ти е сè потивок. Зборовите ти се прелеваат на јазикот. Се заплетку-

ваш, се губиш. Дете си што заспива без да си ги избрише солзите. Те гледам додека спиеш, несвесна дека еден ден ќе те мразам. Не поради тебе, тоа не. Беше детиште, уплакано, изгубено. Ќе те мразам поради сите оние што се дерат и галамат. Кои те пцујат на улица додека ја будиш. Ќе те мразам поради детските невешто скриени погледи, поради нивните раце што меѓусебно се туркаат и се штипкаат, поради нивното едвај чујно смешкање додека играме џамлии, тогаш кога на дното од улицата ќе се појави твоето лелеаво тело.

Собата се полни со атомите R-OH, како брегот со вода кога ќе ослабе моќта на Месечината. Името на мојата мајка мириса на алкохол. Го вдишувам рамномерно, додека зјапам во плафонот. Гулабите спијат во кафезот.

Собата ќе ја уништиме годините потоа. Сами ќе ги излупиме тапетите, потоа ќе викнеме молер да ги истружи до коска. Темелно ќе исчистам, кантата од 30 литри ќе ја наполнам со шут и едвај ќе ја одвлечкам до контејнерот. Спуштајќи се низ улицата, за последен пат ќе го осетам мирисот на твоите солзи. Влечејќи се кон ѓубриштето, повторно ќе нè видам како лежиме со рацете на перниците, како некогаш. Гледаме во плафонот, а ти плачлив ја будиш. Неа, својата мртва жена, својата убава жена. Макар што, тогаш веќе ќе знам: те мразам.

Те мразам оти небото е длабоко и кристално, и ти тука не можеш ама баш ништо.

Превод од босански на македонски јазик:
Ѓоко Здравески

Жаклина КУТИЈА

(Хрватска)

ПАРТАЛ

Кога немаш љубов, тогаш имаш партал во раката

Се стресе ужасната од мислата што ѝ ја проби едноличноста на текот на мисли усогласени со движењата на триење на белиот шпорет. Таа дамнешна мисла, одраз на набљудување на бесната мајка којашто вчудоневидено го триеше античкиот шпорет, а изгледаше како сега да го беа домакнале од некое заборавено складиште. Како на него никогаш ништо да се нема готвено. Сега би рекле ретро-техника, а тогаш одвратна реалност на евтини помагала. Јас нема така! Што прави? Како да не живееме. Дневниот живот помеѓу експонатите, а посетители се жените коишто со часови пијат кафе, пушат и бараат ситници за замерка и озборување кои веќе истиот ден, а најдоцна со утринското кафе, ќе ги истресат некому како неизмерно важни факти. И така, ден за ден, година за година.

Сонуваше да побегне одовде и од нив, да побегне по секоја цена...и тогаш побегна во поубав свет! Поубавиот свет е овде и сега со оваа крпа и белиот шпорет, со овие од бес несредени мисли и тажно погледна во дланките...збрчкани, истрошени дланки. Крпата во раце-те, веќе готова за в ѓубре како и многу пред неа, ја сведочи среќата и поубавиот свет, свет од кој, без одложување, би се катапултирала. Бега, целиот живот бега систематски, упорно во бесот на секојдневните наметнати потреби без сила да се спротивстави, да се погледа во огледало и да си признае: Тажна си, жено! Постојано си тажна. Ништо не ти помага. Ни парталите в рака, ни парталите на душа. Погрешно правиш. Сè погрешно правиш. Веруваш дека ќе им се допадне твојата работа, дека можеби ќе можат да те сакаат. Тебе да те сакаат? Мене да ме сакаат? Она триење имаше смисла. Беше натпревар за најчиста куќа во чаршијата, а ова? Да отворам профил и да испраќам фотографии од исчистените предмети, полираниот под, измиените прозорци. Паметниот човек би помислил исто како јас некогаш одамна: Кога немаш љубов тогаш имаш партал во раката. Би рекол: несреќната домаќинка си ги потиснува потребите. И громогласно би се смеел. Чиста психологија. И тогаш, преминувајќи на друг профил, на друга пријателка, можеби со аголот од окото ќе ја погледне својата жена. Таа жена, што во едната рака држи партал, а во другата - својот мобилен и се насмевнува, се насмевнува, се насмевнува на објавата и на пораката на непознатиот, вирутелниот, за неа стварниот.

Превод од хрватски на македонски јазик:
Далибор Плечиќ

Јорданка БЕЛЕВА

(Бугарија)

КУЧЕТО НА МАРИЈА

Можебии имашеиме, нопонејзината смрт сите почнавме да го викаме Кучето на Марија. Кога ни приоѓаше, се вртевме настрана и избегнувавме да го гледаме во очи. Знаевме дека е гладно. Беше помината една недела од нејзиниот погреб, но никој не сакаше да го нахрани. Се правдавме спомнувајќи си го она изворното – ако еднаш му дадеш леб, секој ден ќе ти бара рака. Наместо тоа, сметавме дека е извонредно благородно што сме го одврзале од дворот на покојната му газдарица. Ако беше доволно умно ќе преживееше и без нас. Децата на покојната набргу го продадоа она што се можеше од куќата, но се скараа за тоа кој има поголем дел од мајчиниот дом. Така, куќата и кучето останаа неподелени и живееја како една заедничка недвижнина додека не го ослободија кучето од стариот орев. Тоа небаре не сфати веднаш дека е слободно и продолжи да живее како да е врзано – стуткано под дрвото, чекајќи ја својата сопственичка. Бидејќи неа ја немаше, набргу кучето почна да ја бара низ селото по неколкупати на ден. Така се сеќавам на него – вознемирано како трча со исплазен јазик, а кога ќе застанаше да се одмори, секогаш се наоѓаше некој да потрие. Колку и да го бркавме, не можевме да му го избркаме од очите оној копнеж, она постојано очекување на Марија, на нејзиниот глас, нејзиното галење, нејзиниот леб. И тогаш Марија се врати. Така зборуваше селскиот пијаница. Излегла од куќата, ги отворила прозорците, исчистила и готвела. Бидејќи не верувавме ни во неговите приказни, ни во тоа дека таа се вратила, отидовме да се увериме лично. Оддалеку се гледаше како во дворот се сушат алишта и како се слуша гласен разговор на радио. Под оревот седеше Марија, а до неа кучето спиеше. Како што се приближувавме, цртите на Марија ту бледнееја, ту се згуснуваа уште повеќе. Нејзината слика како да се менуваше зависејќи од надворешната светлина и од темнината во нашите очи. Ни се насмевна и ни мавна. Нè покани да влеземе. За никој да не се исплаши, ни објасни дека е сестра близначка на Марија и почна да ни раскажува. – Не бевме блиски со сестра ми. Терсене беше до самиот крај. Со години не зборувавме, на погребот не дојдов, имам толку работи да ѝ раскажам, таа

не сакаше да ги чуе додека беше жива. Одбиваше да слуша што ѝ зборувам, таква беше сестра ми, злобна. А кучето колку го тепаше! Се вика Борко. Ама кучињата се такви, како Господ се: ти го тепаш, а тоа заборава и те гледа со љубов. Никогаш нема да ги заборавам овие нејзини зборови. Таа остана да живее во селото, да ја одржува куќата, да оди на гробишта, а Борко е насекаде со неа. Сè е како порано. Сепак, не можам да престанам да си повторувам како Господ одеше две недели гладен низ нашето село. Гладен и непогален.

ЛАЖНИОТ МАРТ

Има такви жени како помали божества. Зачекоруваат пред вас и тивко прават чудо исклучиво наменето за ваша употреба. Пикнуваат банкнота во вашиот очаен џеб, тогаш кога ви е најпотребна. Ја спасуваат од глад вашата надеж. Има такви жени – домашни ангели, ги дишат вашите воздишки и ги обработуваат меѓу редовите на два стиха. Кога се насобере стихозбирка, заспиваат. Сонот им е плиток за да бидат достапни. Обично се сеќаваме на тоа како спиеле кога ни биле најпотребни, а не што направиле за нас пред да заспијат. Се потсетуваме себеси неблагородно и често. Не секоја жена знае да го раздвижува воздухот или да ги заменува божествата. Повеќето жени се со троми души и бучни мисли, а неканонските чуда, сем тишина сакаат и повторувања и прелиминарни подготовки. Се појавуваат рано како млечни заби. Можете да ги препознаете на детското игралиште, кога девојче ќе се преправа дека веќе не ја сака омилената си играчка за да ја подари на друго дете. Кога во последните минути од часот по математика, соученичката ќе го напише вашето име над нејзините решени задачи, затоа таа оценка ви е вам попотребна. Знаете такви жени. Некој кој патува цела ноќ, за да се појави случајно на истото место каде што сте вие. Затоа што ви било важно да не сте сами. Ќе ве излаже дека и нејзе ѝ се случувало истото за да не сте сами во понижувањето. Ќе ви каже дека нешто е бесплатно, затоа што веќе тајно го платила. Спремна е да ја понуди својата утроба за да го носи вашето дете. Која го сака вашето дете како свое. Која нема да зборува за нејзиното, ако сте го изгубиле своето. Која ќе ве носи на грб и ќе оди насместо вас, доволно е само да ѝ кажете дека немате сили да продолжите. Ќе плаче на вашиот гроб како на нејзин. Овде секој ред е со женско име, но намерно ќе ги оставам неименувани и анонимни овие мои апокрифни божици. Чудо е сè што е од жена направено. Крупно или ситно, чудо е. А списокот може да биде многу долг. Сочував доволно редови, за да не се почувствува некој затворен во живот, недопрен од жена.

РОДЕН КРАЈ

Се сеќавам дека кога се запознаваа, откако ќе си ги кажеа имињата, бабите ни се прашуваа меѓусебно: Ти од кој крај си? Им ги слушав разговорите седната помеѓу нивните краишта и дознавав приказни и рецепти за познати манџи со непознати имиња. Така, од мала знам дека крајот е нешто со сиже, производи и техника на изведба. Сега се сеќавам за рецептите за краеви во рамките на мојот род. Прадедо ми Нико се обесил кога му ги зеле нивите и животните. Дедо ми, неговиот син, кога бевме непослушни нè плашеше дека ако веднаш не престанеме, ќе се самоубие. Молчевме и го чекавме неговиот крај така, како што се чека куклен театар, а тој постојано го одлагаше. Ќе промрмореше дека и без тоа ми е тоа наследно и излегуваше од собата. Всушност, дедо ми многу се плашеше од таа наследност, од тоа дека наследноста ќе се покаже посилна од животот. Не дозна, но докрај се прашуваше. Дедо ми Бељу побара да му донесам чаша вода, но дедека се врати, веќе си беше отишол. Потоа ми рекоа дека намерно ме испратил во другата соба да не му го видам крајот. Кога на баба ми Данка ѝ се слошило, побрзала прво да го заврши ручекот, тестото да го измеси, како да претчувствувала дека нема да ја има уште за долго. Знам дека таа пита ги запечатила нејзините последни мисли - да нè нахрани, да јадеме, и да ја помниме жива. Чичко ми Кољо прво ги измолзил животните, исчистил, им ставил јадење до вечерта и дури тогаш си дозволил да умре. Го нашле меѓу овците. Беше тивок и нежен како нив. Чичко ми Димо умре од тепање. Докрај не кажа дека го претепал првороденият му син. Да ја спаси честа на своето дете му беше поважно од тоа да го спаси својот живот. Дедо ми Ѓорги го расчисти снегот, направи патека до гробиштата, од огробиштата до куќата, нè замоли да се јавиме на роднините и да речеме дека сè е во ред, дури потоа легна и умре. Ова е дел од хрониката на мојот род за краевите. Во секоја фамилија е различна, иако на некои места се повторува. Но, како се вели – крајот е само почеток, бидејќи по него има други рецепти, како на пример грижата за трупот. По сите правила да се надгледува, да се следи неговата температура. Жалта и телото треба да изгледаат секогаш свежи, како да се штотуку набрани. Со тоа се занимаваат жените (тоа е како подготвување зимница), секоја добра домаќинка има добро испробана семејна рецепта за чување на смртта. Внимателно го мијат умрениот по должина, го цедат животот од него, го впиваат. Процесот на сушење е побрз ако имало претходно бланширање. Најдобро ги бланшираат болестите од завиена сорта. Го сакам бугарскиот јазик и совршената му логика еден ист збор да означува и почеток и крај. Роден крај, крајот да ти стане како роден. Започнуваш да завршуваш. Цел живот го одгледуваш, за да го родиш и крајот ти е секогаш роден. Овде секој си го создава своето крајознание и секоја смрт е наследна.

Превод од буѓарски на македонски јазик:
Далибор Плечиќ

ГУНА

ГУНА

Трајче КАЦАРОВ

(Извадок од поемата „Цветко“, награда „Григор Прличев“ 2022)

1.
Од сонцето немаше никаква трага
Под крошната на оревот седевме тројца
Тој во скутот со одамна купената гитара
Сликарот и јас - лица ко од фотографија стара

Оревот како да се срамеше од нас-
Останат без лисје - оголен до корен
Без функција беше се осеќаше долен
Зошто му бевме друштво не знаеше никој

2.
Ветрот дуваше во нас засилен од север
Кучето рунтаво џавкаше ко во зима
Закачените над нас цевчиња звонеа
Мачка во скутот, секој од нас доби-има

За идејата што нѐ собра, прв сликарот почна
Мачките предеа, во чашите сѐ помалку вино
Кучето душкаше, а ние лакомо јадевме мезе
Небото го собираше дневното платно сиво

3.
„Треба да се направи бенд, да се случи чудо
Но, не ко Тајм, Стонси, Квин или Стинг
Да се свири и да се пее нешто сосем друго
Зашто животот е глупост ако не е ринг!“

Предлозите доаѓаа поспоро од црвеното вино
Бевме весели со уши што горат,
Со носеви ко црвени пиперки во расол
Мачките ќе кажеа многу, ако знаеја да говорат

4.
Кучето лаеше, а ние опожарени пеевме песни
Ни засвездија очите кога на небото му се стемни
Од срцето секој без завист даваше дел
Зошто бевме сал тројца? Која беше нашата цел?

Небото остана суво под оревот како во тунел
„Петли, да се вика бендот!“ - сликарот рече
Ко цвет попарен од слана гитаристот скокна
„Гости дома имам!“ - рече и потоа молкна

5.
Еј, тргна кон дома, но наеднаш застана
„Не верувате, нели? Времето не трпи демони.
На месечината веќе луѓе се селат
По небото се шетаме како по трговски центри!

Но, ете кај мене на таванот, има и тоа многу
Како војници во строј маршираат само навечер
Попот наутро кади, ноќе страв го фаќа
Сам сум дома, без татко и мајка, а и без браќа!“

6.
Почна да раскажува со глас што не беше негов
„Си го слушал ли Бери Вајт?“ - го прашав.
Еј, се залепи ко да бев за концерт плаката
„Го слушале кога татко ме зачнал.“

Под небото зимско и оревот во тага втонет
Раскажувањето траеше долго
А јас тогаш, како и сега од соништа гонет,
Ќе го пренесам тоа што го слушнав

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

(Конт̄ра)револуција

Потребна е револуција
за да се сотре
оваа секојдневна контрареволуција
против природата
ова зло и безумие во човекот и светот
Клинот со клин се избива!
Дајте револуција!

Изнесете на светската трпеза
младо месо и свежа крв!
Силна храна ѝ е потребна
за да порасне
да набабри до пукнување
Испразнете ги магацините
од оружјето и муницијата
фрлете ѝ ги пред муцката
заедно со грешките замачкани
и вината префрлена во туѓиот двор!
Давајте револуција!
Давајте свежо фабрикувани вести
и изјави од кулоарските кујни!
Гладна е револуцијата
Гладен е народот за револуција
Треба да се нахранат
Давајте новообучени убијци
и античовечки проектили
за да порасне револуцијата!
Можеби ќе ни се измоча во вратот
и ќе ни се насмее в лице како детиште
кога ќе ја кренеме на рамена
Но подоцна ќе мислиме на смеењето

Сега да ѝ дадеме
да се налапа кревко месо
и да се налока топла крв
а за десерт да ѝ принесеме
воздушести идеали за праведен свет
и кремасти илузии за еднаквост
Белким ќе се засити
Белким ќе пукне од прејаденост
Затоа носете, носете уште!
Давајте детски солзи и недоиграни игри
давајте мајчини клетви
давајте неизживеани младости
и невкусени љубови
давајте свежи фотографии
од урнатини и раскопани улици
од болници со завои и ампутации
давајте да се засити светот-воајер
нови вести и изјави на големците
давајте уште потпал за огнот!
Нека изгорат во него
и контра и револуцијата
нека се пеплосаат
и од таа пепел да потераат
млади фиданки
и да распупи нова пролет
Да здивне просторот ослободен
од нивната гломазна
грда снага
Да се озрачи

12.3.2022 г., 00:50 ч.

Смр̄ти

Наутро се плашам да отворам интернет
да не би да ме пречека нова умирачка
Толку смрти во толку малку време збрани
Господи,
небаре сакаш да ни порачаш
дека иде крајот на векот
и свршуваат сите наши лудости

и варварства
Затоа ти во меѓувреме
си ги прибираш чистите
праведните
духом возвишените
А ние пишуваме сочувства до блиските
одржуваме комеморации
во строго контролирани пандемиски услови
и си споменуваме на нивните зборови

Со страв го чекаме утрешниот ден

25.2.2022 г.

Сӣровод

Шшшт! Шшшт!
Како лоши соништа
ги потиснуваме годиништата
пришиени за кожите ни,
не им дозволуваме глава да кренат.
Иш! Иш!
Ги ишкаме тие грди птичишта
истопорени на вишна рида
што одбиваат да нѐ слушаат
Како мршојадци остарени нѐ следат
со виснати мевови
душкајќи го воздухот што го издишуваме
Се збираат од низините
на сите минати времиња,
навираат од темните пештери на потсвеста
и тврдоглаво одат по нас
со нозе искривени од умора –
војска неимоверна по својот господар упатена
против сопственото свртена
Мрш! Мрш!
Залудно ги падиме
Единствен спровод ни се
до гробиштата на животот.

1.3.2021

Елизабета ДОНЧЕВСКА-ЛУШИН

ВРЕСОК

Насон ми доаѓаш
како часовник песочен,
па истекуваш од минатото
кон иднината,
од иднината кон минатото ...
Сегашноста не тече.
Не остава стапки во песокот.

Времето нема облик.

Другпат ми доаѓаш
како куче рането во улични битки.
Ги пружаш шепите
ми ги распараш
градите
и се стуткуваш внатре
лижејќи си ги раните.

Ми доаѓаш
и како прва ежавица
низ ´рбетот,
како непознат
немир под кожата

На времето му даваш облик.

А понекогаш... насон,
тивко ми зборуваш.

Не те слушам..викни погласно
- ти велам на самнување.

Ми е страв да не го распарчам
светот - велиш
и повторно шепотиш:

Ако вреснам доволно силно,
ќе ме слушнеш ли
отаде бесконечноста?...

... занемувам

28.9.2021

Ацо ЃОРГИЕВ

ПОЛНОЌНО ЕХО

Нит лаеж кучешки
нит шепот ветровен
нит збор милозвучен
сал една мисла недоткаена
ѕвездено руво простира.
На срце печат восочен
на душа далги огнени
распламтени од полноќно ехо
на занемена тишина.

ТЕ ИМА...

Те има во бесценетиот камен на круната царска,
царот, царството го дава - круната не.
Те има во капката вода на дланка бедуинова,
бедуинот, оазата ја дава - капката не.
Те има во октавата на туберкулозниот трубач,
трубачот, душа испушта - трубата не.
Те има во мислата водилка на животот ми,
живот - не ми треба, ако не постоиш ти.

Insomnia

Ко обелиск небодер
збор-шилец душа распара,
сонот расцепкан на микрони
недомислени мисли- неколку трилиони.

(НЕС)ПОКОЈ

Од мисла дамнешна останал недоискажан дел,
Чекал да не биде залудно фрлен, без цел,
Го чекал денот, го чекал токму овој миг,
Го чекал ехото од мојот последен крик.

Не сум веќе тоа што бев,
Ниту ќе бидам тоа што сум сега,
Нема спас од болка внатрешна
Која безмислосно притиска, стега.

Не вереувам во денот иден,
Само чемер и јад ќе ми носи,
И нема надеж веќе,
Оставам мигот сегашен да ме покоси.

Ѕвездата супернова раскошно блесна за крај,
Нарцисот последен пат се загледа во својот отсјај,
Нервот истоштен конечно го дочека својот мир,
Духот човечки се распосла низ вселенската шир.

Снежана СТОЈЧЕВСКА

ПАТУВАЊЕ НИЗ СВЕСТА

1.
Автобуска станица сум,
нечиста и бучна.
Луѓето минуваат низ мене.
Застануваат.
Палат цигара.
Чекаат.
Молчат.
Го фрлаат отпушокот
и заминуваат.

2.
Не ги гледам луѓето в очи.
Се плашам
ако ги погледам
ќе влезат
и ќе останат во мене.

Некои остануваат подолго
и оставаат пустош.
Валкаат, крадат,
шмукаат и влечат.
Черечат!

Кога ќе успеам да се ослободам од нив,
веќе сум исцрпена, уморна и стара.

3.
Во мене се отвора порта.
Низ неа излегува караван,
летачки килими,
Бедуини и камили
до недоглед натоварени
со страв, сеќавања и грижи,
сенишни сенки и сомнежи,

двојби и меѓи,
свиснати веѓи,
скриена осама
ко рој оси
свената слама
смртта што ја коси.

Ги оставам портите отворени.
Караванот си врви,
додека не останам чиста.
Испразнета од чувства.
Испразнета од желби.
Бела благодарност
што сè уште сум жива.

Ова ли е тоа што го нарекуваат мир?

4.
Стојам сама на раскрсница.
Мојата карлица се расклопува
и од неа никнува кала.

Каде и да допрам
ќе посеам живот.

НЕМИРНА ВОДА

Плашејќи се да не предизвикам бура,
премолчувам.

Потоа, долго и упорно, во себе ме рони
немирна вода.

ОТПОР

Кревкоста ме рони,
ми дава храброст
да бидам тоа што сум.
Мојата сила е свила,
што ја везам во стих.

За збор ќе те држам,
ко волчица ќе ‘ржам
јазикот во јазол
нема да го врзам,
ќе го разлеам
в езеро
од ендемски вид.

Види,
виделото ми е врела веда
што одзема здив.
Див оган ќе горам
во дива гора
жив збор ќе зборам.
Не ќе има мир!

СКРОТУВАЊЕ НА ЕГОТО

Посакав да се скротам,
да се смалам себеси,
да се смирам,
да се стишам.

Станав толку успешна во тоа
што најпосле не можев
ни да се видам,
ни да се препознаам.
Ичезнав во себе.

ПАНДЕМИЈА

Имам чувство
дека овој разговор
веќе го водевме
пред една година.
Ова не е дежа ву.
Ова е пандемија.

Избор поезија од поетската книга Празно место од Снежана Стојчевска

Надица КАРАКОЛЕВА

ПАЈАЖИНА

Ги плетам нишките една по една,
сонцето умира зад планините,
листовите паѓаат и земјата ги впива.
Човекот заспива, а над градот
се слушаат ѕвездите од небото.

Ги плетам нишките една по една,
музиката низ градот е безгласна,
сонот паѓа како невидлив снег,
улиците се одмораат, а
водите жуборат мирно.
Ги плетам нишките една по една,

го заспивам него,
го заспивам сонот,
ја заспивам љубовта
и само јас останувам будна.

Зората се буди и
сонцето се раѓа зад планините,
листовите се преродуваат,
човекот станува, а над градот
небото сино се појавува.
Ги плетам нишките една по една
музиката станува гласна,
сонот заминува во сон,
од улиците се изгуби тишината,
а водите жуборат силно.

Ги плетам нишките една по една,
го будам него,
го заспивам сонот,
ја будам љубовта,
а јас сè уште ја
плетам пајажината.

КОПРЕНА

И сега светот е околу мене,
сега сите сонови не чекаат
да се остварат,
сега јас сум во душата
полна, а во срцето среќна.

Ова беше мојот ден кога
бев облечена во црно, а
над мене копрена, копрена
црна... без боја.

Пајажината се исплете,
соновите заспаа,
магијата ја одведе кочијата,
надежта се спои со загубата на разделба,
седумте години заврши ја,
темјанушките овенаа,
црквата сè уште е света градба.
Јас ќе бидам во бело, а гласот
разговараше со тишината, додека
заробеникот е сè уште заробеник.
Неговите усни, тело и очи се
до мене заедно со месечината што
повторно свети, а ветрот нежно ја дува.
Таа со плачот го гледа зајдисонцето со
чувства измешани, мислејќи дека
писмото е со него.
Само ти ми ја даваш надежта за борбата
да има крај и почеток, а јас
пак копнеам за повторно и
понекогаш како денес, но
најмногу оваа копрена, да остане
во историјата.
Јас сè уште пишувам случајно.

ВОЗИ МЕ

Заглавена како часовник без стрелки,
како во ден без сонце.
Скршена чаша, без капка вода,
Дал' беше празна или полна?
Како турист низ град те барам
како најважна слика за која се плаќа.

Паранојa... си повторував,
ќе те изгубам, лоша паника.
Мавтам со раце во одбрана,
и панцир да носев
куршум напразно ќе удри.

Но, ете си, доаѓаш...
како измамена должност,
што чека да биде исполнета.
Те гледам како единствено
зимзелено дрво во листопадна шума.
Како намерна грешка,
во ненамерна реченица.

Ми велиш... вози ме.
Вози ме во креветот на вечна љубов,
онаму каде делиме допири.
Вози ме низ опасности што ќе ги црташ,
а јас ќе бидам твоето платно.
Вози ме каде што има наша музика,
а ти ќе ме поканиш на танц.
Вози ме до ресторанот каде
ќе ми ја сервираш твојата среќа,
вози ме да ги скршиме сите правила
и да создадеме хаос.
Вози ме под сонцето,
како турист со полна чаша вода.
Куршум силно да удри,
од звукот на љубовта сите да ги разбуди.

ИЛЈАДА НАЧИНИ

Седиме заедно гушнати,
гушнати како да сме го
гушнале светот голем.
Ти го чувствувам телото
тоа нежно и допирно.
Топлината е тука меѓу нас,
нас, ние двајцата како
момче и девојка вљубени.
Дај ми го здивот да
го закопам на местото
на кое се сретнавме,
ќе го закопам и никогаш
нема да го откопам,
тој ќе ни помогне
нашиот бран да не
го поплави брегот.
Додека бевме во долината
во која има две езера,
јас и ти гушнати со љубов
ми кажа нешто што навистина
помислив дека на мене
паднаа многу мали розеви срциња
и духот ми го одзедоа
таму го направија да лета,
да лета како галеб,
како орел со златни крилја,
како лебед на водата.
Ме стопи како мразулец,
што стоеше цврсто
на куќата на крајот на улицата
Ме обли со светулки
и сега сум како сонце.
Тоа што го рече е дека
има илјада начини да ме оставиш,
но ниеден да ме преболиш.

ЗБЕЗИМЕНА

Тргнувајќи по посакуваното, дојде најискреното,
изгреа рефрен да се отпее, за да зајде тоа што е неверно.
Исплакувајќи минати денови, донесе среќни насмевки.
Мислејќи на мисли далечни, донесе нежни бакнежи.
Радувајќи се на моменти не толку блиски,
ох, колку потсетува на тебе мирисот на виски.
Да бегаме од мисли минати и тажни дождови,
неспиени гледани фимови, ужасни зборови и разјадени патишта.
Би можеле да го скратиме денот,
би можеле да ги стопиме снеговите,
да избркаме лоши сеќавања, за да бидеме сега и тука.
Сакајќи да се допре недопреното, стана допрено.
Не верувајќи им на лагите, се осети вистината.
Рековме би можело да биде, она што сега е.
Рековме ќе заспиеме заедно, покривајќи
очи зелени и сонови разбудени.

Марина ИКОНОМОВА-ШОКЕВА

ТРОШЕЊЕ

Снагата нѝ бега.
Брза низ вртлогот на сливникот
со водата од измиени садови,
се цеди едноподруго со капките
од спружените ќебиња и јамболлии,
се фрла штедро со ѓубрето,
со прашокот за перење
што итајќи,ете,
вчера го истурив по плочките...

Па застанувам за миг и си велам:
ако го вшмукам со носот наместо со смукалка
ќе стигнам ли таму,горе, високо
каде што снагата тргна да ме води
пред да ја фатат во заседа?

Томе ВЕЛКОВ

Добриот социјализам во Струмица

Мајка ми се лутеше на Господ
што го зеде татко ми многу рано,
а не веруваше дека постои.
Велеше дека и со камења ќе фрла по него
ако го сретне некаде.

Не успеа да го оствари својот сон
а и Тој ја остави уште триесет години
да поживее што скотски, што човечки
во времето на добриот социјализам
што се грижеше за неа
да не се зарази од гнилиот капитализам
кој се распаѓаше во умот на еднопартијците.

Во куќата на Макинџиеви,
која во српско била општина-
тогаш наша несреќа,
јас и брат ми делевме млеко во прав
за нашата улица-
убедувајќи ги соседите да земат-
и онака беше бадијала.
Не знаејќи што со него
го сеевме по улицата колку да го истрошиме-
подарокот од социјалистичкиот сојуз-
помош од некоја капиталистичка земја
Така требало да биде.

Ние уплашените

Го носиме каменот на стравот
Чекајќи некој друг да го фрли
Ние уплашените
Со прашина во очите- чекаме.

Осамено време

Тишината сонува
На стаклени нозе

Во собата на надежта
Живее во едно минато време
Со лексилиумот како спасител

Ноќта е долга како Амазон
Раширена во недоглед
И сонува во осамено време

Години на стравот

Скриен под сенката на стравот
За некажаното
Ги редиш годините на молчење
И чекаш

Последниот пискот
Не менува ништо -
Несигурен до крај

Заробени мисли
Го таложат сеќавањето:
Така требало да биде

Уморен, аморфен
Со рацете в џеб
Го бараш последниот денар
Во дупката од џебот - за леб

Позајмуваш време
За одложено живеење
Во виртуелно лето

Се будиш и чекаш да пукне стравот
Во годината што заминува
Од твоите искинати пантолони
И велиш:
Сум се успал,
А толку многу имав да кажам
И толку многу требаше да сторам!

Тони ЏОРЛЕВ

Години, многу години...

Заслепена е вистината која поминува
само покрај нас со горчини и лаги
со манипулации без глас
со немирни соништа со таги
длабоко навлезени во двајцата нас.
Години, многу,години...
Кажи ми ја исповедата твоја?
која ќе ме ослободи да си одам.
Нема тоа кој добро да го разбере!!!
Дека сакам да те водам во живот чист.
Дождовите носат трпеливост и свежина,
Додека солзите остануваат вечни
и ја ослободуват тагата.
Мислите наши покриени се со сенките
што нè остават без сила и дух.
Ќе бидеме ли еднаш ослободени
од мрачната празнина во која не може
веќе да се живее слободно .
Љубовта веќе е изобличена
со големи пукнатини покриена со мов.
Откри го лицето без лутина
за да го видам незачудено со поглед прав
од кој ќе избие надеж без страв.
Досега очите ти беа покриени со сенки
со бурни бури разбеснети од понижување
на игри и лаги!!!
Години,многу,години...
Каква е таа заслепеност
кога сјајот е замрачен и чистотата на убавината не се гледа.
Дека тоа што го сакаме и очекуваме
некој ни го заслепува, засенува
сакајки со сила да нè растурат и гробови да ни отворат.

Долѓо ќе ѓладуваме

Само ние сме страдни
да бидеме смрзнати и гладни.
Уште што ли нема да видиме
и доживееме од животот тежок
кој го направија апажите пеколен и жежок.
Со замаглени очи,
иднината и животот се кочи
секој ден и час.
Зимата доаѓа за многумина
ќе нема спас.!
Некој сака
народот да испука од мака,
А тие да уживат во топол стан
Со шведска маса,а некој гладен и сам.
Бедна е работничката класа,
од студови ледена крв,
во срцето ќе се влива,
Прашање до пролет дали ќе биде жива!?
Кога планината зазеленува сета,
и градината кога ќе цвета.
Тешко за дечињата што лазат
со несигурни чекори во животот ќе газат
кога ќе немат сила и снага,
од горчини и тага.

Матеа ДИМОВА

Борба

Одново и одново
секој ден
истиот напор вложувајќи го
се трудиш да се промениш.

Силна желба имаш
од навиките стари
засекогаш да се откажеш,
од умот твој да ги отфрлиш,
на нив повеќе да не се навраќаш.

Зашто добро знаеш
штета каква ти направија,
севезден центар в мисли
тие ти заземаа,
те заблудуваа и ограничуваа.

Ќе успееш ли
таа тешка борба
чие бојно поле
в умот се наоѓа
победоносно да ја извојуваш?

Ќе успееш ли
мислите да си ги пренасочиш,
светогледот да си го промениш
за низ животот понатаму
мудро да чекориш?

Ќе успееш ли
себеси да се победиш?

Ѓорги П. ПАНОВ[4]

ЗАРЕМ ЉУБОВТА

Зарем парите и лагата
Го вртат светот,
Зарем мракот – Сонцето
Ќе го замени,
Зарем слабите со терор
Ќе ги поробат посилните,
Зарем небесното синило
Магли ќе го заменат,
Зарем понизноста – гордоста
Ќе ја замени,
Зарем спокојот – стравот
Ќе го замени,
Зарем лековите – отрови
Ќе ги заменат,
Зарем домаќините – расипници
Ќе ги заменат,
Зарем духовниците – алчни
Материјалисти ќе ги заменат,
Зарем љубовта – рамнодушноста
Ќе ја замени...

ТРЕПЕРАМ

Треперам пред твојата скромност,
Твојата добрина, искреност, простодушност,
Твојата сомилост, великодушност,
Твојата повеќеслојна надареност.

Треперам пред твојата упорност,
Твоите вештини и знаење,
Твојата издржливост, истрајност,
Твојата непоколеблива волја и храброст.

4 Песните од авторот Ѓорги П. Панов ги реобјавуваме како извинување за ненамерно направената грешка во претходниот број на списанието.

Треперам за сето она што го
Премолчуваш, а како да е кажано,
Пред твојата смиреност, решеност
Во веќе донесените одлуки и решенија.

Треперам пред твојот поглед,
Проникliв, нежен и таинствен,
Пред твојата трудољубивост,
Длабоко се поклонувам пред твојата Човечност.

Ѓорги ЗИМБАКОВ

Бела тишина
(На Вартан)

Само занемен крик
од срцево ми досегна
до работ на твоето
постоење што јас не
стасав да го видам,
осознаам.

Севишниот ме донесе до
прагот на Преведѐна.
Видов успокоен дом
завиткан во бела тишина,
недоживеана,
налик на животот твој,
облеан во божја чистота,
огледало на душата твоја.

Дивите јаготки, малините,
капините - никогаш нема
да се доизродат,
лавандата за навека ќе
остане да го шири својот
опоен мирис преку старите
леси само за тебе.

Во честаците, во прнарите,
канаринецот,чинката и
сивиот кос ќе ти ги подарат
најубавите песни
тебе и на твојот живот кус.
Дење ќе ги пеат до што ги
држи глас а ноќе,
ноќе само наизуст [5]

Босилово, 2014

Несоница

Како да те отсамувам, самотнице моја,
зар да те однемам со немушт јазик,
а таков не ми оставија
ни Климента нит Блажета.
Во поколенија, на тежок празник се заколнав
дека говорот мој ќе е вистината твоја
затоа, кажи ми како простум
да те отсамувам.
Паметиш, на иста постела заедно легнувавме
папсани од звукот на самотијата
и од истата нечујно со векови се будевме
за да го зграпчиме, да го заробиме
мигот на новото утро и повторно
папсани во сон потонувавме.

Речи ми, како да те одморам, уморбо,
катадневна сопатничке моја!
Чунки ме учеа дека работата
ја победува и јанѕата, тагата
а околу мене сал алчосани
и стрвосани господа – Содома и Гомора
и изгниени сведоци на маката.

Како спокојно да заспијам, несонице моја
во душава вулкани ми ригаат
а студој крвта ми ја мрзнат
та не можам очи да затворам, преклопам,
несонице, вечна другарке моја.

Радишани, сеп̄тември 2018

5 наизуст - во себе

Тихување

Тихувај, господару
на мртвите души,
ќе тихувам и јас.
Двајцата немо ќе тихуваме
за да не нè слушнат
на спокојот реметачите,
на тишината свиркачите,
на поредокот туркачите.
За да не нè чујат
на будалите слушачите,
на слепите водачите,
на умрените лекувачите.
Гладно тихувај, народе мој
нека се заситат сркачите,
нека се засрknат крадачите
нека пукнат гнетачите.
Тихувај, народе мој, тихувај,
тивко доаѓаат и умирачките.

Радишани, мај 2021

Томе ХРИСТОВ

Немир

Ниту големиот крст над градот кој навидум треба да ги осветли затворените домови, не може да допре до твојот прosирен поглед зад кој се кријат внатрешни бели солзи со форма на каранфил. „Како да ја задоволам желбата на сопственото чедо, а да те задржам во ноќта додека го чувствувам мирисот на твојата цигара?“- ме праша. Гушни го своето мило, а јас ќе го скротам својот немир со кого играм криенка секоја ноќ. Потоа ќе ти покажам каде не можат да те најдат барем за миг.

Сјајот на твојата месечина

Ќе го завршам твојот портрет кога месечината ќе биде полна, а бојата на платното ќе се менува како пламенот на свеќите. Целиот тој простор меѓу мене и тебе мириса на утринско кафе. Остатокот од денот е само исчекување на нашите три секунди што траат цела вечност.

Портрет во кутија

Денот трае со часови, а ноќта поминува како ненајавена снегулка. Го исцртувам замисленият портрет без да дозволам да прелие боја во соседната соба. Ја затворив кутијата од сите страни да не излезе мирисот и насмевката. Станувам себичен и убиец на сопствената душа.

Вечност

Пробав од маргаритата со шеќер на врвот и околу чашата. Чувствував како да ги милувам моите кратки приказни, небаре сите во локалот чекаа некаква реакција. Приказните, тие моите и вашите, ги замислувам, а потоа

ги соголувам на отворен простор без предрасуди. Како сцена од јапонски филм со сликовито патување на главните ликови на Мураками. Понекогаш вечноста трае секунда, а приказните - цела вечност.

Сетило

Мирисот и чекорот на мојот пријател го чувствувам низ бодликавата жица, а природата ми нуди вкус на млеко од доилка. Пробувам да ја поминам патеката на мојата река по којашто пловам и во денот и во ноќта. Веќе не можам, сè повеќе ме гали звукот на кандилото. Си велам, ќе го прочисти немирниот воздух.

Кога ќе се изненадиш

Звукот на пораката од телефонот станува погласен од ехото што се создава меѓу Стариот и Новиот завет. Во таков миг размислувам и за новороденче и за монасите од Света Гора. Не можам да направам проценка колку години треба да трае еден живот. Убаво е кога сепак имаме опција за звук, вибрација и нечујно.

Промени

И цвеќето што требаше да го игра својот танц, молчеше внатре. Таму ги развиваше своите потомци, поклонувајќи ѝ се на тишината. Хаосот однадвор му го остави на човекот од четвртиот кат, којшто се појавуваше на прозорецот секоја трета минута, кажувајќи по една лоша мисла додека сликите на нашата мила пријателка му се радуваа на новиот другар во собата. Тој испушташе природна топлина и чист воздух. Новото наметнато време прави чуда.

Чувства

На пролетта ѝ се случува зима, исто како што се случува со погледот на комшивката кога наутро ќе го отвори прозорецот. Во тој маглив простор секогаш постои дилема, зашто поетот кога ја пишува својата творба го чита насловот уште еднаш. Но, некои го сакаат кафето горко, а јас не сакам да ми преврие.

Карминот на животот

Многу денови поминати во мисли кружат во тајните одаи на мојот отец. Му раскажувам по една приказна што ја сонувам со отворени очи секој ден. Се вика „Карминот на животот“. Тој пак ги отвора сите сетила на мирис и вкус. Поцрвен и од виното и од ѓезвето кога ќе прелие на шпоретот, а не сум во состојба да го тргнам од ринглата. Нека тече, го оставам зашто во тој момент кога прелива, ја остава трагата насекаде.

Царство НеБесно

Романот во црно-бела варијанта наврши повеќе од дваесет години. Патеката меѓу студенскиот дом и станот од мојата зграда ги делеше неколку метри, а секоја приказна помеѓу тој простор траеше со часови. Луѓето кога беа сами дома без работна униформа, ги покажуваа своите емоции во различни нијанси, исто како и семафорите во полн сјај, а пријателот кој имаше само дваесет години и беше на прагот пред едно Небесно Царство, ми рече: „Ќе победам во овој натпревар, иако налику́ва на една долга улица со шахти поставени на средина од каде што излегува непријатен мирис.“ Во тој миг ниту звукот на пчелата не успеа да ја избистри поентата на пријателот. Зедов чаша вода и ја истурив врз веќе овенатото цвеќе, знаејќи дека нема да ги пушти корените до прагот на вратата и покрај многуте сончеви денови. Сепак, колку и да го преливам романот со зејтинот оставен пред иконата, ќе остане незавршен во витрините на моето НеБесно Царство.

Игор ПОП ТРАЈКОВ

КАТАНЕЦ, ДНЕВНИК

И без да знае кој таму работи, АИ знаеше дека ќе добие позитивен одговор, дека ќе ѝ биде одговорено навреме, дека ќе ѝ биде дигната слушалка, дека нема да ја маткаат по шалтери како останатите од државата во којашто живее. Иако почна од ништо, оваа жена знаеше како се мора во светот на возрасните, во којшто таа имаше влезено уште, чиниш, од самото свое раѓање. Имаше многу луѓе наоколу кои неа, како и сите нас впрочем, нè учат да бидеме глупави - да веруваме во пријателствата, семејството, посветеноста и сличните заблуди на цивилизацијата. Всушност, најбитно е да се грижиш за своите, за она што ти значи, да не дозволиш да го изгубиш, а и постојано да го надоградуваш. АИ беше добар родител, така сите велеа. Или така мораа да кажат? Само Бог знае што навистина мислеа. Внимателноста, неверојатната внимателност беше онаа што ја однесе оваа жена во височините, во овој случај кон последниот кат на зградата што беше државна служба. Таму, во таа одредена канцеларија се оди само кога нешто навистина ни треба. Благодатот од овие дискретни услуги не смееме никогаш да го злоупотребиме-минуциозно резонираше АИ. Неколкумина со белите мантили зазбивтано ѝ го замавтаа свилениот тегет фустан што го носеше само во исклучителни околности како оваа. И без да е доволно свесна, оставаше тежина од парфемот на Лорен зад себе, за што во тој миг не знаеше дека ѝ е фатална грешка. А како и би можела, АИ си беше задлабочено предадена на уверувањето дека сè што ќе прави е совршено едноставно, бидејќи никогаш не прави грешки. Никогаш никаде не доцни, секогаш е ведро расположена, не оддава ништо за своите недостатоци, бидејќи едноставно ги нема. Маж на средна кон стара возраст ја отвори тешката врата што и од двете врати беше обложена со бордо кожа и закована со метални копчиња. Тој бесшумно ја отвори вратата, кажувајќи: „Добре дојдовте, колку се радувам што ве гледам!“ Потем бесшумно и ја затвори...

ЖИ беше мирно дете, никогаш не се спротивставуваше никому, постојано беше послушна, иако имаше многу работи што искрено ја болеа додека растеше, во смисла не оние што се предизвикани од наглото издолжување на коските. Таа секогаш беше онаа којашто мораше да објаснува зошто го нема татко ѝ; за среќа, додека беше детенце, никој немаше дознаено дека има и постара сестра којашто многу ретко ја гледаше. Родителите ѝ беа разведени, а во балканските краеви луѓето се едноставно немилосрдни кон оние коишто немаат сè што би требало да имаат. Така ЖИ многу сакаше да се осамува. Особено безбедно се чувствуваше кога времето

ќе се расипеше и ќе почнеа да татнат грмотевици. Тогаш сè е стемнето и пресрекќно. Обилните дождови ги перат бедните обраснатини во запустената улица, одѕвонуваат по некакви канти што тука трулеат со години, а таа, малечкото девојче, сето тоа го гледаше од безбедна оддалеченост. Во овие години религијата беше забранета. Малата ЖИ не знаеше дека постои осмислено верување. Но, мислеше дека мора да постои некакво суштество, некаков дух како излезен од нејзините сликовници, кој се грижи неправдите да ги претвори во дим и да ги заточи во ламбата каде што ќе престојуваат со векови. Сите тие зла ќе страдаат како и малото, недолжно, секојдневно малтретирано девојче, изложено на потсмев од оние кои мора да ги нарекува другарчиња. Тие ѝ ги уриваат книгите поставени на аголот од клупата. ЖИ не смее да се опушти ни секунда, оти назабениот кафеаво-мрачен монструм од злонамерното опкружување ќе ја проголта со своите скапано-жолтеникави заби. Дождот спасител поставува бедем за да ја одбрани од таканаречените луѓе. Таа е дома, на сигурно со својата мајчичка, која додуша не-многу зборува со неа. Но, зошто? Затоа што ЖИ е недоволно добра ќерка, се разбира; според сите психолошки истражувања, децата во развој постојано себеси се обвинуваат за сите ужаси на родителите. За сите пропусти што ги направила мајка ѝ, виновна е ЖИ со нејзината занесеност, со нејзината навика да гледа низ прозорец. Причината за сите испушени цигари на АИ (поради што едвај можат да си платат за струја и вода) виновна е ЖИ, со нејзиното постојано доцнење од училиште за 2 до 3 минути. Имено, иако мајка ѝ убаво пресметала дека за да се врати дома, на ќерка ѝ оптимално ѝ се неопходни вкупно 12 минути, ЖИ секогаш се забавува разгледувајќи излози, завидливо загледувајќи ги каросериите на скапите паркирани автомобили, обидувајќи се да запомни сè што видела низ стаклата, во овие објекти на неизмерно богатство. ЖИ е несомнено лоша ќерка - така си кажуваше себеси ова девојче со стегнатите кики во портокаловите ластичиња од ближниот зелен пазар, кои беа од коса со махагониева боја.

Мајка ѝ е вистински ангел, секогаш знае сè што не е добро за неа. На одмор да не се дружи со оваа, со онаа. „Тие не ти се вистински пријатели!“- појаснуваше мајка ѝ: „Тука мораш да се навикнеш да си сосема сама, луѓето се волци, никому не верувај!...“ ЖИ навистина ѝ веруваше само на мајка ѝ, бидејќи гледаше дека напредуваат. Порано кај нив дома сè беше мувлосано: ѕидовите беа потемнети, славините капеа, а сега сè им е како од дизајнерските списанија, со тапети на ѕидовите, со нови фотелји. Таа некоја беспрекорна виша сила ѝ помага на мајка ми, затоа што мама е доблесна - мислеше ЖИ. Нормално, колку повеќе мајка ѝ се дотеруваше и парфимирана одеше со лимузината на некои работни состаноци, толку ќерката се затвораше повеќе во себе, мислејќи дека е опседната со некакви мрачни сили. Чувствуваше дека со неа сè е второкласно, особено кога АИ ја потсетуваше дека треба постојано да ги менува хулахопките, за да не засмрдува по дома, каде секогаш сè треба да биде како да било генерално исчистено пред само 2 часа.

АИ е напредна, знае што прави! АИ

има ќерка којашто мора да го досегне нејзиното ниво за да има блескава иднина!! ЖИ сфаќа дека мора многу повеќе да се потруди во животот и да најде некакво чаре во врска со својот не-квалитет!!!

Што да кажеме за тоа како се развиваше ЖИ кога ја фати пубертетот? Се разбира, ништо. Таа и тогаш беше следбеник на својата мајчичка, којашто ѝ кажуваше да не оди по стапките на нејзините глупави соученички, кои посетувале наркомански забави. Така сè уште средена во детскиот имиџ со кики, ЖИ почна да менструира. Никогаш не се прашуваше што и каде работи мајка ѝ, доволно беше што знае дека е дипломиран психолог, кој во своите извештаи - се разбира како и сите одговорни граѓани - ја вклучуваше и својата ќерка. „Мораш сосем да ни се препуштиш нам и да се откажеш од сè друго доколку сакаш да имаш многу од ова!“- така ѝ рекоа на АИ, којашто иако ги помина сите заклетви, никогаш не престана длабоко во себе да верува дека има ќерка и дека сè што прави е за ќеркината блескава иднина. Затоа не ѝ се допадна кога во сандачето најде некакви афиши што велеа дека наскоро светот ќе се променел и оние коишто биле добри, а биле потиснати, ќе дошле до израз, додека оние коишто досега биле главни, а лицемерни, ќе биле казнети. Како издавач на овие картончиња беше наведена некоја црква, на која АИ не можеше никако да ѝ го запомни името. На пликото ја најде адресата и веднаш - како одговорна граѓанка нели - се реши да оди да провери. Многу беше чудно што црквата не беше заклучена иако внатре немаше никого, а таму имаше што да види. Тоа не беше црква, тоа беше клозет. Од сите страни само бело варосани ѕидови, никаде ги немаше карактеристичните златца од црквите, а на средина, на ѕидот што веројатно е олтарски, висеше еден беден, кабаст крст од иструлено дрво, без никакви објаснувања на него, за релјефи и да не зборуваме. Клупите од задната страна имаа некакви џебови во кои имаше библии со корици од фармерки. *Ова не е црква, ова е ужас! Како ќе ги научат луѓето на што било ако не ги учат на дисциплина, самите да си ги носат библиите*. Потоа АИ повторно прочепка во џебот од столот и најде збирка со религиозни песни со ноти. *Уште за пеење е работава!* - помисли АИ и се скина од смеење. Потоа нагло замолче. Дојде една навистина фина девојка, иако беше премногу конзервативно облечена со оглед на тоа што беше навистина млада. „Ви треба нешто?“- љубезно праша девојката. „Сите нам нешто ни треба, ама џабе. Ќерка ми ви ја дала нашата адреса, може ли веќе да не ни ги праќате оние глупости, ве молам?“ - монотоно возврати АИ. „Се разбира дека може доколку е малолетна. Малолетна ли е?“ „Па, е.“ „Дајте ми ја, ве молам, адресата и веднаш ќе стопираме.“ АИ колку што е можно побргу ја издиктира адресата. Додека забрзано излегуваше, праша: „Ова црква ли е? Тука ли работите? Видов дека зачекоривте во олтарот. Каде ви е мантијата?“ Девојката многу трудејќи се да се допадне, одговори: „Немаме мантии. Доколку сте со нас ќе може и вие да служите. Ќе дојдете ли на миса со н...“ АИ пријатно како развигор леташе кон дома. Девојката дури кога го подигна погледот виде дека А е одамна излезена...

Но, АИ додека возеше се сети

дека најдобро би било за ова да оди на работа. На семафорот сврте кон онаа област што беше намерно лошо инфраструктурно поврзана со остатокот од градот; таму беше зградата во којашто работеше. Шефот ѝ кажа дека мора да ги снабди со подетални информации во врска со тоа кои се тие луѓе, како така со две-три клупи отворале цркви, какви промени најавувале? Да не случајно поттикнувале насилни општествени промени? Сигурно, да! За нив мора сè да знаат. АИ антиципираше дека сигурно ќерка ѝ знае колку и таа самата, девојчето ѝ било глупо, би било гревота да го малтретираат со нивните глупости. Но, шефот ѝ рече да не се враќа на работа без куфери со информации...

„Убава на мама, кажи ми како ги најде тие неранимајковци!?"- АИ ја праша ќерка си дур нервозно пушеше цигара по цигара. „Мамо, да го видеше презвитерот како озарено зборуваше, ќе сакаше и ти да бидеш со нас! Таму има животна радост..." „Нема нас! Веќе таму да не си се појавила! Готово! Разбра што ти кажав!?"- многу строго, речиси гневно низ заби процеди АИ. „Не го шетај муабетот наоколу, те прашав како дојдоа тие до тебе? Во нашето маало и кај што одиш на школо, не смеат да одат!" - со инсистирање додаде искрено загрижената мајка. „Мамо, ги сретнав на раскрсницата наваму. Беа многу љубезни. Им го зедов летокот и им се јавив. Потоа отидов на миса со нив. И мамо, мораш да ми веруваш, беше прекрасно. Јас тоа го направив за тебе. Имало Бог на небото. Тој ќе нè спаси. Ќе нè земе со него, пастир ни е. Мораш со нас..." Многу силна шлаканица ѝ ја занесе главата на ЖИ од што ѝ бучеа ушите. „Тие се секта, глупачке! Тие сакаат сè да ни земат. Утре нема излегување цел ден. Утре е сабота, а како што знаеш, ние и утре работиме. Да не си помислила нешто да направиш, оти тешко тебе! Ти оставам во ќесиве отров за глувци и лебарки, ќе напикаш по цевките и теписите дур сум на работа. Имаме многу штетници, ќе нè избркаат од маалово, за кое толку долго се боревме да останеме во него!" АИ ги остави ќесите пред ќерка ѝ, без да се истушира се фрли во креветот, но првпат во животот не можеше веднаш да заспие, бидејќи некако ЖИ како цела ноќ да кенкаше и потплачуваше.

Утредента на работа мајката сето ова му го напиша на шефот и своерачно го потпиша на неговото биро, па зачекори кон вратата. Но, само што требаше да излезе од оваа ужасна канцеларија, шефот праша: „Дали има дневник?" Што да каже сега?! Вистината ли што сите на овој свет ја имаат само кога не им е неопходна. „Да!"- сепак реши да биде професионална. „Земи од каса-прими пари, во понеделник сè фотокопирано на моја маса!" „Неупотреблив е, со катанец и кич корици, оние со Мики Маус"- лажно фраерски изусти АИ со цел да си го прикрие неизмерниот страв. „Земи пари и за катанец... за катанчиња. Внимавај, ќе купиш од пазар исти, ама тотално исти како оној на ќерка ти. Ова ни е многу важно. Еднаш неделно ќе го кршиш катанецот и ќе фотокопираш. Потоа ние патриотски ќе делуваме..." „Што патриотски, она е мало девојче!?"- ламентираше АИ. Сега веќе сосема ѝ се познаваше стравот. „Ајде, бркај работа, се гледаме во понеделник! Не туку многу навестувај, ми треба да дремнам малку. И јас вчера не спиев, не само ти..."

Додека АИ преплашено одеше низ ходникот напуштајќи ја канцеларијата на шефот, го виде својот одраз во прозорските стакла и ѝ стана јасно дека подочниците од вчерашното неспиење навистина ѝ се познаваат.

По ова сè се случуваше неизмерно лесно, поточно сомнително лесно. Искусниот шеф ѝ кажа на АИ дека само на почетокот ќерка ѝ ќе се спротивставува, а потоа сè ќе биде за нејзино најголемо добро. И навистина кога почнаа да ја обработуваат, ЖИ постојано се секираше, потплачуваше, немирно спиеше, постојано се жалеше на мајка ѝ дека дури и оние од самопослугата од којашто по наредба на АИ одеше да купува гајби јајца - знаат буквално сè за неа. Во тие години механичките каси беа заменети со компјутери. ЖИ убаво виде дека кога на екранот ќе се вчиташе буквата q(uit) тогаш чиниш сиот град беше против неа, насекаде ја следеа и гласно ѝ шепотеа зад грб и за нејзините најинтимни тајни. Од каде знаат за сето тоа? ЖИ многу читаше научна фантастика, па помисли да не има можеби некаква технологија што ѝ ги чита мислите. За сето ова најискрено се обиде да зборува со мајка ѝ, којашто постојано ѝ упаѓаше сред реченица, велејќи ѝ да не си прави бајрам со паметот, дека е тоа исто за сите, дека ѝ се чини, дека и нејзе така ѝ правеле отсекогаш, ама таа одамна тоа го надминала. Така морало да биде, луѓето сакале да озборуваат, така дознавале сè за сите. Тоа било најнормална работа, но додаваше и дека доколку претераат, може и да ги опцуе. Ќерка ѝ инсистираше дека животот ѝ е станат вистински пекол, дека не можела да најде пријателки, дека сите биле од злонамерната мрежа... „Пријателки?“- еднаш рече мајка ѝ: „На ти клуч! Сум ти купила станче. Сè ти уредив ти како што сакаш, во розево. Однеси ги таму пријателките, почести ги! Ќе ти дадам и пари. Сакав да те изненадам.“ „Ама мамо, нели едвај ги плаќавме сметките?“- праша многу сомничаво ЖИ. „Не бери гајле, сега ни оди од рака! Не ме прашувај дур е вака! Ако се појави проблем, ќе ти кажам.“ Мајката и ќерката се гушнаа. Мајката ни сега не се прекоруваше дека сите пари им се од продавањето на приватноста на ќерка ѝ; како што велеше нејзиниот шеф - сите успешни млади девојки се делови од економијата на „тоа“. Ќерката пак заклучи дека е добро што сепак не побегнала кај татко ѝ и сестра ѝ, со кои се гледаше лете еднаш на секои 4 години; нека им кажат сега тие дека живееле во диктаторска држава, во којашто родителите не ги сакале своите деца, како што се вели во хитот на Стинг. Два дена по ова ЖИ доби и мопед за да оди каде што сака и за да не си ја гмечи скапата облека по смрдливите автобуси. Таа заклучи дека навистина проблемот бил кај неа и нејзината вродена мрза, па затоа почна многу да учи во станчето. Никогаш не правеше забави, за разлика од нејзините соученички, коишто знаеја сè за неа, истовремено завидувајќи ѝ. Се дружеше само со мајка ѝ. Одеа заедно на кино или понекогаш во театар или со колешките на мајка ѝ во некој супер ресторан. ЖИ ги освои сите странски награди по лингвистика и историја, беше гордост на државата, доби супер стипендија. Во училишниот дневник имаше само петки. Не знаеше веќе што да прави со толку пари. На сестра ѝ ѝ купи скапо летување во Хрватска во тренди хотел, каде што се дружеа месец

и половина. Оние кои не ѝ се допаѓаат, едноставно исчезнуваат од нејзината околина. ЖИ веќе не се секираше зошто онаа црквичка е затворена, ниту каде исчезнаа сите тие луѓе за коишто мама рече дека работеле против државата; сеедно ѝ беше иако виде како АИ го потпали ќумбето со картончињата од црквата. Сега Господ се грижи за неа, сега е сè на своето место. Чекаше да добие позитивен одговор за стипендија од американскиот универзитет. АИ како и секогаш во вакви пригоди, пред ќерка ѝ да го види - го однесе писмото на увид во онаа соба со тешка, кожена врата. Се прашуваше што ќе биде со нивните пари доколку ЖИ замине!? Да не дознае за сè? Надлежниот рече дека ќе комуницирале со универзитетот и ќе го одлагале одењето за првиот семестар, бидејќи сè уште не биле подготвени за тамошната обработка; американските универзитети општо земено биле многу кооперативни. Што доколку СФРЈ[6] навистина се распадне?- мислеше АИ дур брзаше низ ходникот со прозорците, одамна одбегнувајќи да го погледне сопствениот одраз во нив. Што доколку Ж замине во Канада или Австралија каде што навистина мразат комунисти; како тогаш ќе ја гони? Што доколку замине во САД, а се премести во друга држава? Овие прашања за АИ беа навистина горливи.

Купи грчка торта со сирење и други намирници, коишто ѝ беа омилени на ќерка ѝ, со цел да не се разочара кога ќе чуе за одложувањето. Влезе во нејзината соба. ЖИ спиеше, чудно покриена со чаршафот прекуглава. *Многу ѝ беше тешко последното истражување, нека се наспие, да не ја будам* - мудруваше грижливиот родител. Утредента АИ ја разбуди смрдеа од отруен стаорец, но не можеше да го најде каде е. Се упати кон самопослугата, бидејќи немаа јајца и шеќер во коцки. На излезот, додека беше со гајбата во едната рака, ја сопре еден човек, грубо завлекувајќи ја за мишката. „Да знаеш дека ќерка ти сè знае. Ѝ кажав да оди да си ја земе сама стипендијата од амбасадата.“ „Кој си ти?“ „Не можеш да знаеш, ме имаш видено само со маска?“ „И ти мене, значи лажеш.“ Овој всушност беше еден масон кој работеше на истото место како и АИ и кој ѝ го позна парфемот. Таа одеше кај масоните од нив да бара некои навистина гадни активности против одредени индивидуи, со цел остварување кариерен напредок, за кои измислуваше дека ѝ правеле валканици оти биле против нејзината напредност. Овој човек за чудо божјо навистина веруваше во светата мисија на масонството, борбата на доброто против злото, а како и сите од ова тајно општество, кога ќе насетеше нечија слабост, стануваше немилосрден. „Еби си матер, проклет лажго!“- крволочно изусти АИ и сталожено, како што самата смрт може да биде, се упати кон својот дом. Во поштенското сандаче имаше едно писмо за ќерка ѝ. Го зеде. Инстинктивно скришно, најскришно разгледа околу зградичката, некој случајно да не ја гледа. „Живана погоди што има за појадок!“ АИ ја одврза гајбата, ги стави јајцата во фрижидер. „Живана! Живана!!“ Никој ни да бекне. Навистина стаорецот ужасно засмрдел. Многу е жешко, иако е рано лето. АИ ги отвори прозорците, направи провев. Сега таа ќе му се јави на шефот, ама не олку рано, нека се наспие, најверојатно пак имал тешка ноќ. Потоа ја отвори

6 Социјалистичка Федеративна Република Југославија

вратата од собата на ќерка ѝ, без да забележи ништо особено. Но, кога го тргна чаршафот, навистина имаше што да види- ќерка ѝ беше како без очи со челото два прста подолу; лицето ѝ беше темно како под од јавен клозет. Нешто крцкаше, па под чаршафот наиде на целофанот од отровот за глувци. Сега мораше да види оваа да не оставила некаков доказ зад себе; мораше веднаш да ги прочита писмото и дневникот. Арно ама, дневникот беше на наткасната до креветот сосем отворен. Немаше ништо ново во претходните четири дни. АИ ова најдобро го знаеше, подобро од кој било друг на белиов свет. Само на отворениот бел лист со розов фломастер беше напишано АМЕН!

Се надеваше дека на погребот ќе дојдат некои од роднините и преку нив ќе може да влијае на другата ќерка. За неа и за бившиот сопруг не ни очекуваше дека ќе дојдат. Тој итрец знаеше дека сега кога има пари, АИ би можела да ја наведе рожбата и да се врати крај старото огниште. Убаво што испратија телеграма за сочувство - луцидно заклучи таа. Беше закажана вечера во најпрестижниот ресторан, но таму, како и на погребот, дојдоа само нејзините колеги, вклучувајќи го и шефот. Како и да е, ова е едно пријатно, граѓански воспитано друштво од дваесетмина луѓе. Кога добро се поднапија и најадоа, на влезот од салата се појави една жена во црно, со црна шапка и превез преку лицето. Таа се доближи кон АИ, го слече превезот од лицето. „Оооо, братучетке, од кога не сме се виделе, на напиј се!“- промрмори А, додека со развлечени движења принесуваше една чаша виски со лед кон братучетка ѝ. ПИ ја удри принесената рака и чашата се искрши од ѕидот. „Кучко, дојдов дури од Тетово да ти кажам дека нема да се извлечеш! Времињата ти се одброени! Наскоро ќе те дадеме на суд! Си пишувала лажги и измислици за нас, на идеолошка основа, си го злоупотребила системот во своја полза... Бог да ѝ ја спаси сега душата на Живана со мајка-изрод како тебе!“ П исфрли густа плунка што висеше на носот на А и цедејќи се надолу, направи темни флеки на кошулата од црн сатен. Плукачката си замина, мајката остана стаписана на столчето. Оној идиот од пред самопослугата да не дознал навистина сè? Да не е и тој еден од нивните соработници? Како можела ПИ ова да го дознае? Како АИ сето ова да го провери? Би било невозможно. Ги има илјадници како неа, во евиденцијата се со кодно име и без фотографија. Од многу мислење, како и од алкохолот, ѝ се слоши. Излезе за да повраќа во грмушките пред ресторанот. Откако си олесни, виде дека во паркот отспротива се собрале некои Роми во еден шатор. Знаејќи сè за сè, АИ се упати кон нив. Сега ѝ требаше нешто што ќе направи да ѝ е лесно во краток временски период. Кога дојде, по автоматизам сите Роми заминаа, остана само еден кому белите заби му сјаеја на месечината. „Госпоѓо и вие ли ни доаѓате за „тоа“?“ „Пријатно смрдите на Филтер Југославија[7].“ Беше потпрена на едно дрво, со главата кон стеблото. Здолништето ѝ беше префрлено преку грбот, а гаќичките искинати. Половиот орган му беше со магарешки пропорции, но мек. Токму таков ѝ требаше.

АИ се рашири оттука па сè до Шар Планина. АИ е ороспија. АИ е глупа!!!

7 Вид на цигари, во црвено хартиено пакување, што беа хит во СФРЈ

„Ќе ми дадеш за „тоа“ сестро?“- љубезно праша Ромот. „Па само што ти дадов... Ох...“- сега АИ сфати за што станува збор. Му даде од тоа што имаше во чантата; две кутии Филтер и 5 црвени[8].

Не било лесно да заспиеш по ваков ден. По дома немаше ни капка алкохол, се трудеше ќерка ѝ да ја држи подалеку од такви работи. Да се напие од парфемот како пустите Руси? Многу јако мириса, не може... Чмае на кујнската маса, чека нешто важно да се случи. Одеднаш АИ се сети дека оној изрод сигурно ја познал по парфемот. Дали сè уште ја следи? Насекаде? Дали му е за прехрана или за покуќнина? Колку добива тој за тие активности; дали повеќе од неа? Сега мора сè да ѝ е скришно. Го отвора писмото упатено кон ќерка ѝ. Дали во него можеби има деликатни информации, како што се сомнева? Со запалката ја запалува поканата за јазичниот натпревар, заедно со пликото... Дури сега како да ѝ е јасно дека ЖИ веќе ја нема. Таму некаде ќе има натпревар, ама без ќерка ѝ. АИ жива се јаде, плаче, липа, сега и самата да не настрада; оној монструм веројатно нема каде, а да не ја следи? Што ќе напише тој за она во паркот? А бе, не е точно дека Циганот ја имал одзади, во тој случај би му серела на курот. Не е точно дека отсекогаш била неморална, како што тврдеше бившиот сопруг, констатирајќи дека втората ќерка не личела на него. АИ многу се измори од овие мисли, што е и добро, бидејќи сепак успеа да заспие.

8 Црвени стодинарки, пари во СФРЈ

П(Р)ОГЛЕДИ

Васил ТОЦИНОВСКИ

ПРИНЦОВИ НА МЕТАФОРАТА

Светот може да постои и без своите поети коишто не го менуваат животот. Но, без нив светот и животот би имале подруги и погруби лице и наличје. Нивното доаѓање од различни страни и предели носи сопствени бои, мириси и вкусови. Се раздиплуваат нови форми и содржини на езгистенцијата исполнети со љубов и копнежи, соништа и верба оти нештата можат да се престорат/пресоздадат во галежна реалност. Бележани како необични луѓе коишто чекорат пред сопственото време и припаѓаат на иднината, неретко се нарцис - цвет подзаборавен и отфрлен, исмеан и нешто отповеќе во еднаш и кратко дадениот човечки живот. Тој едноставно се престорил во златен невидлив конец во спојување на земјата и небото, денот и ноќта, љубовта и омразата, светлината и темнината, блескотот и поразијата, животот и смртта. Како надојдена вода поетот бега меѓу прстите од човековата рака, оставајќи ги сопствените траги како опомена и закана, но пред сѐ како ука и поука. Бара да биде препознаен или поточно идентификуван во букет од метафори зашто е употребен во преносна смисла врз темелите на сличностите меѓу предметите, поимите или појавите. Негова мисла и смисла е зборот пренесување. Можноста за двојност што сама по себе нуди и избор е во пренесувањето од конкретни предмети на апстрактни поими или на живи суштества и неверојатно, но вистинито, и обратно од живи суштества на конкретни предмети или апстрактни поими. Метафората како човечка и творечка идентификација се наметна како интересна тема за споредбена анализа меѓу поети-припадници на онаа група именувана/обележана како родени поети меѓу кои, современиот македонски Радован Павловски и современиот хрватски поет Срѓан Духовиќ.

Нивните животни и творечки патишта натежнале од сопствениот крст зачекорени кон иднината. Точно ги одредиле карактерот и идентитетот на субјектот, логички секој ја има и ја раскажува својата приказна, но никако притоа не можеле да ѝ побегнат на едната и иста судбина. Во фреска се насликале просторот и времето на Павловски (1937) исполнети со чудата на железните подземни води и планини од една, како и на Духовиќ (1955) со магијата на жерновскиот круг од островот Корчула испливан од морските јадрански длабочини, од друга страна.

Од богатото поетско творештво на Павловски и на Духовиќ со високи естетски вредности, обележано со најпофални зборови од бележити автори и авторитети, направивме мал избор од одредени зборови, поими и пораки што ги идентификуваат поетските профили во нивно обединување со универзалните/општочовечки димензии на поетскиот резултат како дел од светското поетско богатство. Секој автор има песна/песни по кои е трајно мемориран неговиот автохтон испис/пев со кои биле освоени симпатиите на читателите и на критиката. Една од нив е и Магија момче на Радован Павловски, составена од три пеења. Во пејзажот исполнет со зелени треви и вирја вода што некогаш биле нивни огледала, оживуваат спомените оти некогаш доаѓал тука да љубува и ете, сега претворен во љубов, се бранувааат тревите со неговиот немир. Спротивставени се минатото и сегашното време како сеќавање и чувствување што го предизвикуваат чудото на обединување со највозвишената духовна состојба на човековото битие – љубовта.

Стиховите потоа откриваат нови хоризонти. *Сеѓа претворен во љубовта / Јас магија момче на стихот / го довикувам морето Залудно шепотам / нежни работи.* Поетот во четирите стиха употребува четири метафори или поточно четири психолошки слики: претворање во љубов, исполнета душа на момчето магија на стихот, надеж во довикување на морето и пустошот во мислата со шепотот на нежни работи. Стихови со кои Павловски покажува/демонстрира дека метафората во најновата поезија е систем во кој мислите се пресоздаваат во слики, односно тоа е посредно изразување на мислите во помошта на својствата на другите поими. Потоа поетовите години како цветови на глуварче летаат кон родниот крај. Наспрема нежноста и убавината на времињата од детството и младоста се сликите во кои паднала горка слана врз тревите и врз поетовото љубовничко чело. Она што било поминало, сегашноста е тажна/трауматична стварност, а иднината што може да биде, освен барање за простување за искршените работи во љубовта што станале ноќни светулки *свита на мојот бол.* Таа болка ги одредува расположенијата во двете други пеења. Јас формата ја има автобиографската димензија на певот. Така, болката се доживува интензивно (*го љубам пустошот на корењата*) наспрема неа како пустош една и единствена е множината на случувања, настани и манифестации откорнувани постојано од душата што го гонат. Ќе се сврти ли назад гледа престрашено како го гонат остатоци од бура. Но, нели поетите се битија на иднината! *Погледам ли напред / Широк простор во темен призор се слеал / За поетот што пеејќи греши.* Песната е живот, таа е смисла на постоењето и секако станува збор за автор којшто за животот на поезијата возвратил со сопствениот живот. Од сите страни сардисан признава оти тиранин била и мравката што не знаела за простување. Летото е долго, скитањата се бескрајни (верно вретено) и самопортретирањето како една од карактеристичните црти во поезијата на Павловски со признание: *Јас дека љубам ко месечар шепотам / во ѕвездените ципи на ноќта.* Животот станал театар на чијашто сцена се насобрале многу невини нешта, артисти, тема е летната трагедија на цветот и повикот за нивна изведба на сцена од карти.

Непознатото како апсурд извира

од силно нагласените емоции што ја отвораат третата песна со љубовен нежен повик/порака таа да спие, а тој ќе ја лекува со допир од шепот на треви. Револтот од доживеаното е воскликот оти доста цел ден лутале мрачни како трагачи на злото. Празнината е содржана во сликата на магичната семенка што во сон се затворила, по што следува дополнување за неа оти будна во својата осаменост ја открива бескрајноста на пустошот во широко отворениот простор. Има ли лек за раните, може ли да се најде утеха за збиднатото, постои ли каква било можност за нов почеток. Последните шест стиха мошне впечатливо песната ја отвораат и на нејзините читатели им даваат можност да ги понудат решенијата како резултат на сопствено доживување и восприемање на поетските пораки: *Се љубевме во напуштена градинка / сега ветер не вее кон есен / Спиј, а јас буден / од воздухот извлекувам / магично шамивче / и ја скаменувам бурата.* (Павловски. 1986: 220-221). Од морските длабочини бурата на брегот го исфрла Срѓан Духовиќ заедно со неговата песна *Денови до крајот*. Се напрегнуваат сетилата да откријат дали она што се случува е чудо или вистина, луѓето на брегот повеќе преплашени отколку изненадени се прашуваат дали она што го гледаат е човек. Молскавици го сечат небото и громови соопштуваат: *Не сум човек, ами врач / блазе на таквите*. Станува збор за поет кој е шкрт на зборови, малку говори а многу кажува/порачува, провокативно ги повикува другите да го следат, слушаат, читаат. Петте стиха како одвоена целина е строфа/слика со епски димензии на светот/човештвото: *Со лица од гневни луѓе / со крст од животот свој / планинскиот врв, слава на смртта / парада на богати смртници / го затвора тој круг од амбис.* Мигот на средба треба да биде запомнат и се повторува двостишието како крај на кратката песна оти тој не е човек, ами врач со самоблагосовување *блазе на таквите.* (Духовиќ. 2008: 11). Нема дилема оти со нас е лице што се грижи за култните обреди, свештеник на примитивните религии, лице што лекува со билки и со баење. Срѓан Духовиќ е вистински/реален врач со долги побелени и развеани од ветрот коси, кој додека проповеда/кажува стихови е мелем за отворените рани и утеха за неостварените соништа.

Како и магија момчето, така и магија врачот како етичко правило го нуди слободниот избор како правила на егзистенцијата и како судбина на мислата. Песната *Одбери ветар* е вредносен прилог во кој Духовиќ покажува/потврдува оти метафората ја надраснала својата класична дефиниција, бидејќи таа веќе не е само стилска фигура што служи за некакво пренесување или замена, туку се претвора во содржина. Одговорноста е на субјектот зашто го има предупредувањето: *Одбери ветар кој ќе не води / правецот ќе ни го одредува / на движењето. И бури.* Предупредување е и новото, последователно тростишие (терцет) да се одбере правец, притоа да се внимава да не се згреши и да бидат потоа несреќни. Прекршеноста на буквите, зборовите и стиховите во петтата строфа се своевиден аргумент на апсурдот и парадоксот на постоењето и субината пророчки одредена со самото раѓање. *Знам; тешко да се погоди правецот. И / бурите. / Сврти се во тој вртлог. / Чекај; виор.* Љубител на краткиот афористичен поетски исказ, Духовиќ со почит и љубов интензивно пишува хаику, наместо поен-

та, ја отвора песната за можни дијалози и решенија, како што тоа го прави и Радован Павловски во Магија момче. Врачот укажува на состојбата и просторот на човековото несогласување со самиот себе со три збора подредени во два стиха: *тијавица / сопствен простор.* (Духовиќ. 2008: 5) Македонскиот и хрватскиот поет најчесто ги користат персонификацијата и метафората со јасно изразена творечка тенденција за дејствување врз човековите емоции, зашто така песната добива поголема емоционалност.

Емоционалното најсилно е изразено во односите меѓу тој и таа, чијшто носител е тој/поетот. Било тоа да е магија момчето или магија врачот. Дали љубовта како магија се возвишила над нив или самодопадливоста негова (тој) и натаму останува на прво место во меѓуодносите и релациите на мислење и дејствување. Радован Павловски во песната *Љубовник и ружа* вниманието или љубопитството на читателот го привлекува со раскошни и суптилно изнијансирани слики. Предметното именување на творбата и двата одбрани збора смислено се употребени за создавање многубројни слики со постојано компарирање или поточно, спротивставување што успешно или интригантно ги создаваат приказните чиишто состојби и расположенија се менуваат со голема брзина. Секоја слика е еден миг, неповторлив миг што е втиснат во секоја слика. Црвената ружа на покривот во квечерината се извишува како сонце. Фанфари што ги најавуваат свеченостите во чест на радоста и љубовта, младоста и убавината, довербата и дарбата за простување. *Красни дами менуваат расположение / За бедрата ритамот им бара и боја на фустан / За да ѝ се радувам на љубовта / Со тебе ќе бидам во мрачок / За минатото не ме прашувај – оти: / Зеленото лисје на небото / што тадне, жолтее / Магла околу дворецот / Нежноста има син оган / Земјата овде е во болки / како прва љубов и првото породување на болот.* Поетот секој миг го доживува страсно и исполнето како да е крај на животот. Од него треба што повеќе да се земе, да се украде, зашто едноставно тој претрчува/бега и никогаш повеќе не се враќа. Оттука и признанието со кое започнува втората строфа оти навистина повеќе и не сака да знае што ќе биде, што ќе се случи со неговиот живот. И воскликот на изненадување и вознес о, ружо на собирот на свеченоста што носи само трепет од насилија на страсти. Древноста на страстите потсетуваат на баханалии од старите векови и цивилизации исполнети со мирислива храна, насилник некој од минати власти и непожелни бури разјарени над житното поле, дворецот и градот.

Пејзажното или надворешното отсликување како измама во катренот потоа е признание оти тој секогаш/вечно може да ја сака, значи отворање на душата како школка не само како психолошка состојба, туку и надминување на себеси, другите и другото зашто и да пропадне ќе го измами сонцето со некој таен пород како надополнување на природата. Трите завршни стиха со внимателно одбрани збора откриваат три психолошки расположенија: страдањата во животот – *крстот е на земја*, копнежот на срцето – *ружата во срцето* и недофатливата љубов – *ѕвездата на небо*. (Павловски. 1986: 348-349). Кон насловот Љубовник и ружа како сродна душа може да се додаде песната *Кометито моето име*.

Љубовта понекогаш мора да биде испросена. Причините за тоа и воопшто не се битни, зашто цел е да се дограби, да се сочува за себе/во себе. Срѓан Духовиќ во песната *Те молам, отвори!* чука на вратата и моли таа да му отвори. Доброто и злото се рамноправно поделени, поточно за недоразбирањата и омразата се подеднакво виновни тој и таа (*тоа го бараа / тоа го посакуваа*). Некогаш тој, некогаш таа го гаснат огнот на небосклонот. Најдени/затечени во безизлезна ситуација бизарноста на состојбата ја искажуваат повторените стихови да се отвори вратата, уште еднаш тој моли, ги подава рацете оти можат и тие нешто да сторат. (Духовиќ. 2008: 8). Трагичниот крај отвора апокалиптични слики во песната *Долина на смртта* низ подземното/морбидно довикување оти тој ја чека во долината каде што духот ги наплатил долговите и од сите страни се слушаат страшни крикови. Ја одбравме творбата Освета како нејзин одговор/говор на зло и омраза кон врачот. Совршенството на осветата како чин око за око, заб за заб поетот го организира/сместува во пет катрени како форма во којашто децидно ќе се смести и оствари повратниот однос или поточно изгубените илузии во меѓусебното војување.

Приказната почнала во една кратка ноќ со големи соништа. Тој ја истерал од прозорецот иако била слепа утка и ја турнал во понорот. *Со канџите ќе се светам / Боже мили пресветол / дојди да ме тешиш/ судбината не сакам да ме гмечи.* Стилската фигура се претвора во содржина. Славејот пее и ја теши, а таа точно знае оти неговата намера е да ја спречи во злата намера, кратка е ноќта и се обидува да ја сокрие. Осветата станала содржина на животот и нејзината светост бара остварување. *Многу злобна ќе сум / срцето мора да му го земам. / Со нож ќе го сечам / Црната крв да се пролее.* Не се заборавило ништо од она што било и минало, та затоа и простување нема. Злодоба или грозомора стои наспрема љубовта, разбирањето, довербата, почитта, взаемноста. Апсурдот како неминовен дел од филозофијата на егзистенцијата во завршната строфа само го покажува можното грдо лице на човекот и зборот, животот и светот. *Ќе потече поток од крв / но, тој мора да биде прв / токму него да го уништам сакам / ќе се опијанам со таа крв. (Духовиќ. 2008: 15).* Павловски и Духовиќ во своите поетски визии прекрасно ракуваат со зборот (море, треви, бура, корења, ноќ, крв, шепот, магија, страст, цвет, оган, љубов, смрт, сон) и метафората ја пресоздаваат/претвораат во слики.

Антологиската песна *Младичот спие на тладне* на Радован Павловски, на најдобар можен начин тоа го потврдува како принцип на сопствената творечка лабораторија. Неговата функција има двојно значење; говорот или поточно укажувањата за смислата на човекот и зборот, животот и времето од второ лице всушност се обраќање до младичот, до магија момчето, до себеси во повеќе лица на едно човечко битие што постои и живее со убавината на песната. Звукот на смртта го занесува младичот да спие што е причина внатрешниот говор да го повика да се разбуди. Наспрема единката е убавината на пределот со времето на животот што треба полнокрвно да се исполни/осмисли. *Имаш поле озвучено од билки и мотики / Утринското сонце е голема трпеза / на којашто орачите го кршат својот леб / Пладнето крие црни*

конци на ноќта / Ти под себе си закопал камење и месечина / Десет коњаници од заседа / долетуваат како бранови страв / Нежна билка ти ги врзува прстите за земјата и не те пушта. Во име на човекот и во слава на животот се поставува потребата за активно и творечко или поточно животворно дејствување на субјектот. Оттука наспрема него како голем предизвик е животот. А има ли нешто поубаво и возвишено од него?! Постои ли друга радост од таа што ја предизвикува состојбата да се биде и постои? Животот се престорува во нежна билка што прстите на младичот ги врзува за земјата и не го пушта. Миг двата (младичот и животот) очи в очи не во судбинското прашање дали да се биде или не, туку во одлуката да постои. Миг на папочна врска сам со себе од која нема ослободување/спас или бегство додека на таа нежна билка не ѝ даде замрачен бакнеж среде пладне.

Одата на радоста одеднаш ја донесува хор на мртвите љубовници станати од тревата. И нов повик: стани, младичу во кој се обединуваат обата, зашто *мојот брод ѓраден од винова лоза / со засипнато ѓрло е на море* и треба да почне или само да се продолжи бескрајното патување во светот. Зашто има миг/час кога сè е мртво од сон, и следствено кога се прашува дали можеби е лут, зашто вечер и доаѓаат многу луѓе да го разбудат. А тој ја црта картата на ѕвездите и длабоко дише. Како префинет милозвучен рефрен се повторува повикот *разбуди се о, младичу* за да ги раскаже соновите и потоа слободно на убав коњ да одјава до Железна Река. Да му се врати на сопствениот корен, на својот род и пород, да го освежи ветрот од водениците. Со ранет цвет ја закопчува кошулата од ветрот и влегува дома со љубовен благослов/восклик. Но, останува дилемата во точно поставеното прашање со каков пијалак се служел младичот во сонот, зашто никако да се разбуди додека животот како пеперутка со изгорени крилца одлетал незнајно некаде. (Павловски. 1986: 97-98).

Преобразбите динамично се остваруваат во процесите на премин од еден во друг идентитет и со одреден етички, етнички, верски, родов, јазичен и телесен предзнак. Во есејот *Илјада и една преобразба и неколку обрасци, Катица Ќулавкова мошне добро одредува оти поимот* ***преобразба*** *(метаморфоза во значење на* ***давање поинаква/туѓа форма****) традиционално се поврзува со претворбите на телото во други морфолошки облици (од човек во птица, животно, растение, нежив предмет) и за некои магиски претворби во коишто се насетува улогата на вишите сили (или дивинизирани, или демонизирани), но во суштина има пошироко семантички опфат што преобразбата ја сфаќа во реторичка и историска смисла. Овидиј Насон, во симболично-историскиот епос* ***Преобразби****, им се обраќа на боговите да му помогнат во неговата намера да ги опее претворбите* ***на некои тела в облици нови*** *(2002). Оваа инвокација тој ја поткрепува со сознанието дека токму боговите (боговите, божествата) се оние инстанци на моќ коишто едни тела ги преобразуваат во други* ***тела и облици****. Стариот римски поет, значи, ни сугерира дека боговите имаат моќ поетот да го вдахноват, а опеваното на преобразбите да го одухотворат и да го естетизираат. Оваа сугестија кажува дека преобразбите од постанокот на светот до некои* ***денешни дни*** *не се*

сами по себе поетски. Тие припаѓаат на други кодови (егзистенцијалниот, историскиот), но би можеле да се прекодираат и да се поетизираат. (Ќулавкова. 2018: 102). Ќулавкова издвојува четири метафорични преобразби сопоставени меѓу себе во една надополнувачка целина: образец на протомиметички преобразби, образец на естетизирани (симболични) преобразби, образец на иманентни (дијаболични) преобразби на идентитетот и образец на институционални преобразби (казни, насилства, клетви). (Ќулавкова. 2018: 102). Како примери за ваквите постановки ги одбравме песните Порака до карпата и На безимената од Срѓан Духовиќ.

Во првата строфа на *Порака до карпата* преобразите се остваруваат на две рамништа: на природата и на цивилизациско (симболично) рамниште. Исписот е исполнет со почит и љубов коишто, на крајот во творбата се престоруваат восхит. *Ти се поклонувам карпо, / голема, но кревка / бршленот со среќа те прегрнал / врвовите твои ги кријат мудро ноќните птици / пајаратта блескоти на златната / златната месечина / те мијат бодликавите сончеви зраци.* Драмата се одвива во спротивставените појави/преобразби на природата. Карпата е голема, но кревка, бршленот паразит ја прегрнал со среќа, ноќните, што ќе рече, таинствените птици ги кријат нејзините врвови, а непознат/неидентификуван блесок на папратта блескоти на златната месечина, додека бодликави сончеви зраци парадоксално ја мијат карпата и се случува невозможното прочистување. Тие преобразби во втората строфа ги потврдуваат почитта и љубовта со повторно поклонување пред големата и златна карпа којашто гледаме оти добила нови и поинакви квалитети/својства, наспрема голема и кревка, со руба околу вратот на животната сила/моќ што ја има/носи и ноќ и ден. И ново поклонување пред карпата што ги опијанувала самотните ноќи. Следува крик *карпо* од кој се извлекува нејзината идентификација оти таа ти била поука за самотијата. (Духовиќ. 2008: 17). Во песната *На безимената* авторот остварува влегување на еден во друг идентитет со претурање на времињата, боите, состојбите и нови манифестации како резултат на промените. Таа е непозната, или поточно не може да се идентификува, а според портретирањето на безимената имаме впечаток оти таа живее само во фантазиите на поетот. Пот тече по жолтите образи, усните горат, нејзините штури зборови се губеле во огнот на модрата ноќ, додека бодликавите и пусти соништа ги јаделе патиштата прекриени со темни облаци. Боите имаат судбинско значење и се стожер на случувањата кои брзо, молневито се менуваат. Што се притоа стиховите за неа!? *И се жолти жолтиот наврнат пев / завиваат ветрови тешки / во прегратка наша.*

Состојбите на самотност и отуѓеност, пустош и безизлезност во вториот дел од песната се отвораат и се преобразуваат во вера и надеж, љубов и иднина. Нејзиното име повеќе го нема на набрекнатите ливчиња, потокот жубори, се смее забревтаното море и како да се раѓаат нов човек и нов живот. Во нив или поточно за нив повеќе не постои безимената како проклетство и измама. Кревките гранки ги отвораат патиштата што некогаш биле песна на нивните татковци, додека побелените облаци создаваат

слики на густо розовиот небосклон. Животот како што забележавме е еден и единствен, затоа треба да се зграпчи и да се исполни со убавини и радости што се повторуваат/множат во недоброј форми и содржини како препознаени или никогаш несознаени вредности и достоинства. Затоа за крај се повторува тростишието што следеше по првата строфа како своевидна поента.

Радован Павловски и Срѓан Духовиќ песните не ги создаваат/пишуваат според одредени правила/поуки од историјата и теоријата на книжевноста. На почетокот истакнавме или поточно ги одбележавме, а со тоа и ги одредивме како *родени поети.* Првата и воопшто релевантна назнака на производот од нивните творечки лаборатории е говорот на срцето. Во тој говор се обидовме да ги побараме и коментираме идеите и идеалите, соништа и копнежите, ставовите и разбирањата за егзистенцијата на Павловски и Духовиќ. Оние коишто ги обединуваат, доближуваат еден кон друг како културна придобивка во универзалните/општочовечки димензии и во врвното начело за естетската вредност на делото. Самородноста како категорија не се користи. Човештвото и светот со сопствената древност ги поседуваат мудроста и искуството. Одбраните поети како интересна сфера за овие страници точно и доследно го применуваат искуството на Јанко Полиќ Камов во хрватската и на Ацо Караманов во македонската литература, оти животот е живот, а литературата е литература. Тоа се онаа љубов и творечки предизвик за создавање сопствена поетика којашто севкупно/целосно ги собира и ги одразува нивните творечки профили на поети како чест и достоинство на нивните национални книжевности во големото светско семејство на поезијата.

Литература:

Духовиќ, Срѓан. (2008). Живот во сенки. Скопје: Современост.
Павловски, Радован. (1986). Поезија 1. Скопје: Наша книга.
Ќулавкова, Катица. (2018). Балкански наративи. Скопје: Три.

Атина ЦВЕТАНОСКА

НЕРУДА И НЕГОВИТЕ СОНЕТИ ОД ДРВО

Пристапувањето кон препевот на Сто љубовни сонети од Пабло Неруда беше подвиг кој, истовремено беше интересен и забавен, но и предизвик исполнет со комплексност и тежина. Преносот на мислата на поетот од еден на друг јазик е процес кој бара своевидно „декодирање“ на кажаното и длабинско исчитување на секој збор во стиховите. Преведувањето е комплексна задача што општо кажано е „да се каже речиси истото, но на друг јазик“.[9] Главното во оваа најопшта дефиниција на преводот е дека никогаш не може да се добие идентичен текст колку и да се обидуваме да го направиме тоа. Во прозните текстови степенот на пренос на јазичните значења, преку долги истражувања на соодветната лексика што преведувачот ја користи, можеби процентуално е поблизок до оригиналниот текст. Но, што е со поезијата? Поезијата според своите карактеристики самата по себе е згуснат текст исполнет со поетски фигури кои прават да биде тешко разбирлив и со тоа понепристапен за читателите. Тука доаѓаме до прашањето: дали е можно да се направи пренос на значењата од еден јазик на друг? Како да се постигне тоа, а да се зачува структурата, тонот и емоцијата во песната? Во конкретниов случај, одговорите на овие прашања се позитивни и може да се каже дека е возможно да се направи тој пренос на значењата. Процесот низ кој се прави препев на поезија првенствено бара длабинско запознавање на самиот поет, неговиот живот, начинот на размислување, периодот кога таа поезија е создавана, културно-општествениот контекст, неговите лични животни циклуси, другото негово творештво итн. Затоа што препевот претставува повторно пишување на таа поезија, неопходно е да се „води дијалог“ со поетот за да се добие еден вид „палимпсест од кој е изгребан првиот запис заради пишување нов, но така што стариот текст може јасно да се прочита“.[10] Токму таа „транспарентност на текстовите“ е предизвик во конкретниов случај, бидејќи шпанскиот и македонскиот јазик се дијаметрално различни јазици.

Јазикот на Пабло Неруда во збирката Сто љубовни сонети е навидум едноставен, разбирлив и лесен. Но, тоа е само навидум така, затоа што оваа поезија изобилува со т.н. внатрешни јазични процеси кои, многу често, се

9 Umberto Eco (2011, стр. 5)
10 Gérard Genette (1982)

„невидливи“ при првото читање и треба да се исчитуваат по неколкупати за да може да се добие целата поетска слика. Лексиката што ја користи Неруда се секојдневни зборови како: глина, смола, кујна, нокти, кромид, магдонос и сл., коишто ставени во функција на љубовна поезија носат фигуративност и необичност. На шпански јазик веднаш се воочува необичната употреба на „обичните“ зборови и тоа е една од карактеристиките генерално на поезијата на Неруда, бидејќи како што кажува и самиот, тој не сака неговата поезија да ги има, по секоја цена, оние елементи што ги користат другите поети. Затоа, задолжително е да се користат еквивалентни зборови и во македонскиот јазик, иако понекогаш тие звучат по малку грубо и чудно. Во однос на непреводливоста на одредени зборови, за оваа поезија може да се каже дека со исклучок на неколку случаи, таа е податлива за препев. Сепак, во Сонетот 96 во стиховите:

> Ќе заминат суровите богови со очила
> влакнестите месојади со книга
> и зелените вошки и пипипасерос.

зборот пипипасерос (pipipasseros) останува непреведен, бидејќи не може да се каже на што точно се мисли.

Можно е да се однесува на некои инсекти или животни, но можно е и да е со значење „сè друго“ или „што-годе“. Шпанскиот јазик, што се зборува во Јужна Америка, во конкретниов случај во Чиле, има низа специфики и различности од стандардниот шпански јазик што се зборува во Шпанија. Покрај одредени граматички разлики, има многу разлики во лексиката, бидејќи имал контакт со јазиците на индијанските племиња и сосема е природно таа лексика да опстојува и да се користи. Многу е веројатно Неруда да знаел такви зборови и да ги користел во секојдневниот говор. Она што друго е карактеристично за оваа поезија од јазичен аспект, е честата употреба на партиципот што многу се користи во шпанскиот јазик, како и употребата на субхунтивниот модалитет што се користи за искажување желби, сомнежи, можни дејства и сл. Во македонскиот јазик партиципот е заменет со глаголски прилог или глаголска придавка што прави преводот да ја изгуби вистинската јазична нијанса. Често се случува воопшто да не може да се преведе со употреба на овие средства и треба да се користат други зборови. Субхунтивниот модалитет, кој е карактеристичен за латинските јазици, воопшто не постои во македонскиот јазик. Тој „носи“ посебна нијанса во говорот и ја покажува, на пример, колебливоста на поетот или неговиот сомнеж во љубовта на неговата сакана. Таа нијанса во македонскиот јазик не може да се прикаже на ист начин освен со одреден избор на зборовите. Сепак, важно е да се забележи дека Неруда не го користи овој модалитет многу често што упатува на една сигурност во кажаното. Она што го изнесува во своите стихови за него е непобитен факт, односно тој е сигурен во својата љубов кон Матилда, но и во нејзините чувства кон него и тој тоа со јазикот го покажува.

Од структурен аспект, *Сто љубовни сонети* е збирка составена од сто песни. Како што самиот поет кажува во посветата

на Матилда Урутија, тие сто песни тој ги нарекол сонети. Сите сто песни ја имаат формалната структура на сонетот: два катрена и два терцета и освен оваа карактеристика, немаат ништо друго заедничко со сонетот како поетска форма. Исклучок од тоа е Сонетот 66 кој е правилен сонет со рима во форма ABAB CDC и должина на стихот најчесто од дванаесет слогови. Неруда не ги сакал стегите на нормата и не сакал да пишува по зададени правила. Тој сметал дека „поезијата треба да биде органска кај секој поет, плазма од неговата крв, пулс и трепереље на целата негова личност“.[11] Тој во ниту еден момент не сакал да биде „каталогизиран, сместен во фиоката на догмите на нашето време. Сакал да се менува постојано, постојано да се раѓа, постојано да расте“.[12] Оттаму е јасна неговата цел овие стихови да се ослободени од стегите на римата, од прецизната должина на секој стих и од лексичките и интерпункциските правила. Со „кршењето“ на сите тие норми тој ја покажува својата несовршеност на сите нивоа и таа несовршеност не сака да ја скрие туку, напротив, ја истакнува затоа што е неговата вистинска есенција.

Стоте љубовни сонети се организирани во четири целини што поетот ги именувал како: Утро, Пладне, Вечер и Ноќ. Со ваквата поделба алузијата на поетот е јасна: четирите периоди од денот соодветствуваат на четирите годишни времиња, но и на четирите фази од животот на човекот. Со ваквата поделба Неруда става равенство помеѓу овие фази, цикличната промена на природата и Матилда. Практично таа е еднаква на сите фази, на целиот негов живот. Соодветно на карактеристиките на сите фази и годишни времиња, тонот и „атмосферата“ во секоја целина е различен. Така, во првата целина преовладуваат зборовите и синтагмите како што се: зората се буди, светлината на лимоните, морско синило, расцутени каранфили, сонце, златна глина, бакнежи, вулкан, работа, оган, ден, роса, цветови итн. Речиси од секој стих како да извира утринска светлина, како да се буди ден, како небото да е осветлено од сонцето, а хоризонтот е исполнет со небесното синило. Тука како да се распрснува целата природа, како да експлодираат сите бои на пролетта и сè е совршено. Со таа светлинска експлозија на светот, Неруда го поврзува раѓањето на неговата љубов кон Матилда. Таа е насекаде: во сонцето, во небото, во природата, во домот и во сите нешта. Нејзиното битие е насекаде и во сè. Таа светлина расте како што одминува денот, како што се движи сонцето на небото и доаѓа во неговиот зенит. Во вториот циклус, именуван *Пладне*, лексиката продолжува да биде „сјајна“, но овде огнот е разгорен, саканата е готвачка и кралица на целерот и тестото, ги допира виното, лебот, восокот, кромидот и маслото. Пред неговите очи е светлината на медот, горливото мноштво на летото и сè е зелено. Зелено е морето, студенината и гранката. Етерот е исполнет со дожд, водопади и пчели. Но, како одминува денот и се приближува вечерта, поетот ги „преоблекува“ своите стихови во „потемна“ лексика. Во третиот циклус, преовладува помеланхоличен тон на стиховите и зборови како: нож, ноќ, темнина, студ, магла, зима, тежина на минатото,

11 Пабло Неруда (2018, стр. 290)
12 Пабло Неруда (2018, стр. 46)

истрошен ден и сл. Ваквата лексика не е поврзана со разочарувањето на поетот во љубовта кон Матилда. Едноставно, тој е свесен дека животот содржи и тешки моменти и предизвици. Така и нивната љубов наидува на препреки од различен тип и „затемнувањето на љубовната среќа“ е поради надворешните влијанија, најмногу поради неговите политички ангажмани и бракот со Делија дел Карил кој веќе не бил функционален и Неруда го доживувал како огромно ограничување. Затоа, логично е што и во последниот циклус – *Ноќ*, преовладува лексиката како: камења студени, влажни лисја, темна ноќ, смрт, сон, магла скитничка, самотија, ноќно тело, спалено срце и сл. Со ваквата поделба, Неруда практично покажува дека не постои исклучиво среќна или исклучиво несреќна љубов, а аналогно на тоа и таков живот. Но, она што во овие песни го има е сигурноста во вистинската љубов и нејзиното опстојување и покрај сите неволји и тежини. Тој и Матилда поминуваат тежок пат во нивната љубов, но можеби да било поинаку не би постоела сета оваа поезија што ја создал.

Што се однесува до тематските јадра, оваа збирка поезија, но и поезијата на Неруда во целост, изобилува со семантички значења. Како што веќе кажавме, песните на Неруда во себе содржат слоеви и слоеви значења што не се забележуваат при првиот контакт со поетскиот текст. Оттаму, разбирливо е постоењето на повеќе тематски јадра околу кои е „изградена“ оваа поезија. Тука првенствено се мисли на присуството на четирите елементи: вода, воздух, оган и земја, опозициските парови: темно-светло, сонце-месечина-ѕвезди, ден-ноќ, но и на тематските јадра како што се: дрво, камен, корења и др.

Водата, како елемент, но и како симбол има големо значење. Нејзиното основно и прво значење е живот, тек, движење. Таа се смета за праоблик на материјата, бидејќи на почетокот сè настанало од неа. Водата е извор, женски принцип, плодност. Го означува течењето од секаков вид, на сите „сокови“ како што е крвта во вените, течностите во растенијата и сл. Во неа и од неа се создаваат многу богови во различните митологии во светот, а зазема и централно место во многу ритуали поради нејзината прочистувачка и обновувачка моќ. Во сонетите на Неруда водата е претставена директно со нејзините својства, но и индиректно преку метафоричните слики што ги содржат реката, морето, дождот и др. Така, „во името Матилда пловат бродови“, „буквите од зборовите во стиховите се водата на некоја река“, „нејзиното тело е положено во водата на морето“ итн. Симболот на водата е застапен речиси во секој сонет. Водата, во зависност како е претставена, најчесто има катарзична моќ. Таа има моќ да создава, со нејзина помош нештата живеат и таа е неопходна за „животот“ на опеаната љубов кон Матилда. Љубовната бура и жестокоста на љубењето за Неруда се морските бранови:[13]

> Во ударот на бранот на бунтовниот камен
> светлината се распаѓа и ја поставува својата роза
> и кругот на морето се собира во грозд,

13 Сонет 9

во една единствена сина капка сол што паѓа.

Матилда е плод на морската пена. Таа, како Афродита во грчката митологија, едноставно постои родена од морето:

О, сјајна магнолијо ослободена во пената!
Привлечна патничке чија смрт цвета
и вечно се враќа да биде и да не биде ништо –
скршена сол, омаено морско движење.

Нејзината улога и цел на постоењето е љубовта на Неруда. Во циклусите *Вечер* и *Ноќ*, морето е исполнето со грмежи, дожд и бура. Сепак, Неруда не ја истакнува разорувачката и негативна страна на водата, туку повеќе ја гледа како спас, како медиум што ќе донесе обновување на уништеното. Со помош на водата тој и неговата сакана ќе се спасат од болката:[14]

Душо моја, дај ми ја во твоите бакнежи,
Солената вода од овие морија, медот на овој крај,
мирисот натопен со илјада усни на небото
и светото трпение на морето в зима.

Нешто нѐ повикува, сите врати сами се отвораат.
Го раскажува водата долгиот шум на прозорците
и небото надолу расте допирајќи ги корењата.

Така денот ја плете и расплетува својата мрежа небесна
со времето, солта, шепотот, растењето, патиштата,
со една жена, со еден маж и зимата на земјата.

Обновувачката моќ на водата е главната карактеристика во овие сонети на Неруда. Таа и кога е разорна и дива, во себе носи нов почеток. Таквиот однос на Неруда кон водата можеби е поврзан со неговиот однос кон дождот и морето. Во гратчето, каде пораснал, врнело со денови и Неруда развил извесен однос кон таа „вода што се лиела“ од небото. Како дете го набљудувал дождот и тој како да станал дел од него самиот, како сета таа вода да се впила во неговите сетила и неговото битие. Се разбира, тој бил свесен за нејзината разорна моќ, но него го фасцинирала повеќе нејзината обновувачка моќ, она чисто синило на разведреното небо после дождот и мирисите на природата натопени од водата. Подоцна кога го окрива морето, неговиот однос кон водата добива поинаква димензија. Тој ужива во морската шир и морето го сака искрено целиот негов живот. И тоа станува дел од неговото битие и можеби затоа „гради“ повеќе метафори со морето отколку со реката, на пример. Поврзувањето на Матилда со морето за него претставува поврзување со неговите најинтимни чувства.

Исто како и кај другите елементи, симболичното значење на земјата потекнува од елементот земја и неговите

14 Сонет 67

својства. Земјата има материјална природа. Таа е изразито женски принцип поради нејзините својства да биде оплодена, да раѓа, да одржи плод врз себе. Во сите култури во светот нејзиното место е многу важно и затоа луѓето ѝ посветувале многу ритуали. Покрај овие значења, земјата се поврзува и со татковината, при што, симболот добива поинакво семантичко значење. Во љубовните сонети на Неруда, земјата, исто како и водата, е многу застапен симбол. Таа „раѓа и расцутува каранфили“, полна е со дарови: мириси, глина, трева, корења, а „љубовта е јаглен што зрее во земјата“. Земјата „живее“ со двајцата љубовници и тие живеат со неа. Таа „ја познава Матилда“, „нејзината крв е жива земја“, а „водата и земјата нејзе ѝ припаѓаат“. Всушност, Неруда ја изедначува Матилда со земјата:[15]

Да не те допре ни ноќта, ни воздухот, ни зората
само земјата, непорочноста на гроздовите,
јаболката што растат слушајќи ја чистата вода
и глината и смолата на твојата мирисна земја.

Од Кинчамали од каде потекнуваат твоите очи
до твоите нозе создадени за мене на Границата
глина си темна што ја познавам:
допирајќи ги твоите бедра одново ја допирам пченицата.

Притоа, Матилда е елементот земја – самата супстанција со сите нејзини карактеристики на плодност, чистота и род, и самата татковина на поетот. Нејзиното тело е создадено и направено од земјата и поетот не може, а да не го љуби:

Го љубам торзото од земја кое си ти
бидејќи во планетарните полиња
друга ѕвезда немам. Ти го повторуваш
размножувањето на универзумот.[16]

И покрај тоа што во циклусите *Вечер* и *Ноќ* земјата „има зима“ и „студот ја обвива“, таа не ги губи своите својства на плодност. Земјата „ги чува гроздовите“ кои во неа „влегуваат“, но не да се уништат и исчезнат, туку на тоа место да се зачуваат и во вистинското време повторно да се вратат со сета своја свежина и сладост. Неруда, слично како и со водата, земјата ја смета за цикличен елемент кој има „меморија“, во кој „се запишува“ љубовта на двајцата љубовници. Тој знае дека ниту смртта не може да ја уништи таа љубов и дека таа пак „ќе се роди од земјата“ и во некоја форма и ќе го пронајде својот пат на постоењето.

Воздухот се смета за машки, активен елемент. Како симбол означува комуникација, лет, непостојаност. Тој е спиритуален симбол и многу често се смета за примарен елемент, бидејќи учествува во реализацијата на

15 Сонет 5
16 Сонет 16

многу материјални процеси. Воздухот симболички е поврзан со ветерот и здивот. Затоа има и спиритуално значење, бидејќи го означува просторот помеѓу небото и земјата. Во љубовните сонети, Неруда ја истакнува леснотија и етеричната природа на воздухот. Неговиот свет, пред да ја љуби својата сакана, бил воздух – присутен, но без суштина. По запознавањето на љубовта на својата сакана „воздухот е придружник на љубовниците“, тој е треперлив и слободен. Љубењето е „како воздух потопен“, а „битијата се распрснуваат како воздух, вода и мраз“. Тој на својата сакана ѝ порачува да „запее со воздухот“, а нејзината смеа е „смеа на воздухот“. Убавината на љубената е еднаква на ветерот. Во последните сонети како и сите симболи кои добиваат мрачна нота, така и воздухот ја „добива“ таа „тегобност“. Во тие стихови ветерот е матен и заедно со зимата, маглите и виулиците покажува една резигнираност на поетот. Сепак, тие „тонови“ не се претерано мрачни и не носат безнадежност. Напротив, Неруда верува во исцелувачката моќ на љубовта и нејзината победа над сите неволји.

Огнот, како елемент, често се вели дека ги обединува воздухот, земјата, но и водата. Како симбол е многу почитуван во сите култури во светот поради неговите две основни својства: да осветлува и да шири топлина. Оттаму, неговото значење е големо и се поврзува со небото, Бог, прочистување, просветлување, духовност и мудрост, а има и сексуална и иницијациска вредност. Токму овие последни вредности ги има огнот во овие сонети. Така, љубовта на поетот е „како стрела од каранфили што носат оган“, „лицето на земјата сака оган“, а „часот потпукнува како оган“. Неговата сакана е „женствен оган на розата“, „плотниот оган“ е оној кој го „повикува“, а тој „ја сака со крв и оган“. Се разбира, во циклусите Вечер и Ноќ огнот не е присутен, бидејќи таму преовладуваат темните тонови, а огнот е сепак светлосен симбол. Во овие сонети на Неруда четирите елементи се застапени несразмерно. Тој им дава предност на „плодоносните“ елементи вода и земја, додека огнот и воздухот се многу помалку застапени. Таквата мера на поетот воопшто не пречи на целата поетска слика што се добива од песните.

Што се однесува до опозициските парови светлина-темнина, ден-ноќ и сонце-месечина-ѕвезди може да се каже дека тие се застапени во голема мера во овие сонети. Светлината наспроти темнината е вечна опозиција што многу често се среќава во книжевноста. Светлината и темнината постојат како единство и затоа, во симболичка смисла, имаат заедничко толкување. Тоа произлегува од нивните карактеристики и од заемната „зависност“, бидејќи не може да се спознае едното ако го нема другото. Традиционалното значење на светлината е многу позитивно, бидејќи таа се поврзува со чистотата, просветлувањето, божественоста, радоста и е симбол на самиот живот, додека темнината е симбол на лошото, на тагата, злото и на смртта. Аналогно на ваквата симболика е толкувањето на денот наспроти ноќта што директно ги „манифестираат“ светлината и темнината преку постоењето на Сонцето и Месечината. Сонцето е директно поврзано со светлината, односно тоа е самата светлина, бидејќи е првата,

најсилна и најголема светлина што луѓето ја познаваат. Месечината е симбол на темнината, бидејќи е видлива навечер, иако во себе ја содржи светлината на Сонцето. Поради тоа, Месечината, како симбол, може да биде поставена и во позитивна и во негативна конотација. Ѕвездите имаат посебна „вредност“ и иако ѝ „припаѓаат“ на ноќта, тие се светлосен симбол и речиси секогаш им се припишуваат позитивни својства. Како што видовме претходно, Неруда овие сонети ги организирал во циклуси што можат да се поделат во две групи – ден и ноќ или светлина и темнина. Иако тој не инсистира на ваквата строга поделба и во „светлите“ песни има темнина и обратно, со ваквата поставеност ја покажува вистинската слика за една љубов и преку неа за животот на еден маж и една жена, бидејќи не постои човек, ниту живот само со светлина или само со темнина во него. Денот, во овие сонети најмногу е претставен преку светлината и неговиот најголем извор – Сонцето. Така, во песните „сонцето и морето се борат“, „сонцето во бран ја плиска саканата“, а „нејзиното тело е полно со сол и сонце“. Многу често, поетот телото на саканата го поврзува со сонцето при што: „сонцето се искачува на кулата на нејзината коса“ и таа „се спојува со високите шари на сонцето“, „од сонце се длабоката уста на саканата и нејзината сласт“, „од сонце на сонце ѝ ѕвонат усните од гитара“, а „сонцето во нејзините прсти и нејзините раце му даваат сонце на неговите сетила“. Во светлината блеска чистата љубов на поетот кон својата сакана како „светлината што живее каде што прскаат гранати од сонце и ѕвезди“. Ѕвездите се извор на светлина во ноќта и носат позитивна конотација и во поезијата на Неруда. Тој „на ѕвездите им се восхитува“ и за него „да љубиш е како патување со вода и ѕвезди“. Неговата сакана „има ѕвезди во косата“ и тој посакува таа „во него да ги запали нејзините четири ѕвезди“. За разлика од денот, кој е симбол на светлината, темниот принцип во овие песни е застапен директно со симболиката на ноќта. Притоа, таа е талкачка, темна, сенчеста и страшна. Поетот не би сакал неговата сакана да биде „допрена од ноќта“, ниту, пак, да биде „заробен“ од неа. Сепак, ноќната темнина „ја крие“ од „лицето на денот“ љубовта на љубовниците и „ги подарува своите среќни латици“. Таа „ја спушта својата небесна капсула“ над „ноќното тело и кожа“ на саканата, а нејзините раце „ја подготвуваат ноќта“. И додека „ноќта се врти на своите невидливи тркала“, поетот „со ноќта спие“. Во темнината на ноќта, Месечината е другиот голем светлосен симбол, кој најчесто е „сведок“ на љубовта на љубовниците. За поетот, Месечината е „мирисна“, но и „завидлива“. Таа „е расцветана“, „тркалезна шета“, „ги држи столбовите на небесното устие“, а „на полната Месечина горат ѕвоната и каранфилите“. Љубената жена има „очи со боја на месечина“, од „месечина се нејзините бедра“, а нејзиното тело „ги има линиите на месечината“. Од оваа употреба на симболите може да се заклучи дека за Неруда саканата жена е истовремено Сонце и Месечина, односно таа е ден и ноќ. Нивното непобитно постоење е еднакво на постоењето на двајцата љубовници и нивната силна љубов. Покрај овие симболи и архетипови, во оваа поезија на Неруда се застапени

и тематските јадра како: камен, дрво, корења и гранка.

Дрвото, како симбол, се јавува во сите религиски системи во светот. Тоа, според своите карактеристики, зазема важно место во верувањата на луѓето. Симболиката на дрвото произлегува од неговите физички својства како што се: неговата градба составена од корен, стебло и гранки, неговата вертикална поставеност и насоченост кон небото и неговата цикличност што се покажува преку циклусите на „раѓање“ – претставено со пролетното обновување и разлистување на гранките и смртта – претставено со есенското „умирање“ и паѓањето на лисјата од гранките. Дрвото е симбол на животот, а поради својата вертикалност се смета дека „комуницира“ и дека претставува поврзување на небото со земјата. Дрвото „прави“ поврзување на трите космички делови: подземјето, каде што се неговите корени; видливиот свет, каде што е неговото стебло и небесното или божественото, каде што се неговите највисоки гранки. Исто така, дрвото во себе ги содржи и сите четири елементи, бидејќи водата му е неопходна за неговиот живот и таа кружи во неговите сокови, земјата е дел од него преку корените коишто се во неа и преку кои се храни, воздухот му „помага“ во процесите на живот и смрт, а со неговото триење се добива огнот. Дрвото често било обожавано како божество и затоа, кај многу народи, постојат т.н. „свети дрвја“. Подоцна, со ширењето на христијанството, тие култови кон дрвото се припишуваат како „својства“ на Исус Христос, на небото, како место каде што „живее“ Господ, а дрвото со неговото протегање со гранките кон него е медиум со помош на кој се извршува божјата волја итн. Во Библијата евидентно е присуството на Дрвото на животот и Дрвото на сознанието.[17] Тоа се посебни дрвја коишто имаат есенцијално значење за човекот, бидејќи првото е самиот Бог, а второто е „виновникот“ поради кој Ева станала свесна за себеси и била протерана од Рајот заедно со Адам. Во поезијата на Неруда дрвото е еден од најзастепените симболи. Во посветата кон оваа поезија, Неруда вели дека овие сонети „ги изградил од дрво“, бидејќи смета дека само такви треба да допрат до ушите на саканата. За него дрвото е суштина, битие, есенцијална материја од која се „создадени“ речиси сите нешта. Затоа во „името на саканата пловат бродови од дрво“, а таа е „нежна убавица како музиката и дрвото“. Дрвото во поезијата на Неруда најчесто е поврзано со листовите на гранките, плодовите, но и со грозјето, иако тоа расте на „поинакво“ стебло. Така, поетот вели:[18]

Земјата одамна те познава –
цврста си како лебот или дрвото.
Тело си, грозд на сигурна суштина,
ја имаш тежината на акацијата, на златниот плод.

Интересна е аналогијата што поетот ја прави меѓу лебот и дрвото. Според физичките својства, лебот е мек, а дрвото е тврдо. Сепак, за поетот „цврстината“ на саканата е како „мекиот“ леб и „тврдото“ дрво.

17 Жан Шевалие, Ален Гербран (2005)
18 Сонет 15

Преку оваа оксиморонска слика поетот сака да ја покаже двојната природа на својата сакана жена, можеби нејзиното меко срце и цврст карактер. Поетот ја споредува својата сакана со дрвото. Нејзината смеа е громогласна и го распарчува дрвото:[19]

Твојата смеа припаѓа на дрво отворено
од молња и сребрен гром
што од небото паднаа и во чашата се распарчија
на две делејќи го дрвото со нивниот меч.

Само во висините, каде лисјето се со снег
се раѓа, смеа како твојата, љубена моја.
Тоа е смеа на воздухот во висините ослободена,
наследство, од араукариите љубена моја..

Жено моја од Андите и Чилеанко,
сечи ги со ножевите на смеата твоја,
сенката, ноќта, утрото и медот на пладнето.

И нека скокаат во небото птиците од лисје,
а светлината расипничка и твојот смев
нека го разбијат дрвото на животот.

Во овој сонет доаѓа до израз токму „вертикалноста“ на дрвото и неговата „моќ за комуникација“ со небото. Смеата на саканата жена се „раѓа“ во највисоките лисја што „допираат“ до Бога. Со тоа, таа смеа има божествена природа и на тој начин има уште поголема „вредност“. Тоа дрво, по кое смеата на саканата „слегува“ на земјата, е Дрво на животот што повторно е синоним за Бог. Разбивањето на тоа дрво е еднакво на разбивањето на Бог на сета материја што нѐ опкружува и исполнува. Покрај дрвото, во поезијата на Неруда застапен е симболот на корењата. Неруда бил фасциниран од корењата на огромните дрвја што имал можност да ги види во пограничните краеви од далечниот југ на неговата земја и како што самиот кажува „тие се вкорениле во неговата поезија и никогаш не можеле да излезат од неа“.[20] Еренбург, препејувачот на поезијата на Неруда, многу често му кажувал дека има премногу корења во неговите стихови и го прашувал зошто толку многу ги има. Сепак, во стиховите на овие сонети симболот на корењата го има умерено. Во нив „корењата се луди“, „одеднаш го бараат поетот“, а „нејзините очи на југот ги скриваат своите корења“. Корењата се дел од телата на љубовниците:[21]

Но, ти и јас, љубена моја, сме единство
единство од облеката до корењата,

19 Сонет 51
20 Пабло Неруда (2018, стр. 220)
21 Сонет 2

единство во есента, водата, во бедрата,
додека само ти и само јас не станеме едно.

и тие се нивно единство кое е над материјата и се нивната суштина. „Движењето“ по корењата е како движење по вертикалната оска која води преку стеблото до Бог, а неговата сакана ги „познава“ кореновите сокови:[22]

Не ти било тешко по корењата да се искачиш
пеејќи со слоговите на сокот.

Корењата, во оваа поезија, имаат и своја „мрачна“ страна. Повторно „движејќи се“ по истата оска небо-земја, поетот успева да направи неверојатна поетска слика исполнета со тегобност, тага и разочараност[23]:

Го раскажува водата долгиот шум на прозорците
и небото надолу расте допирајќи ги корењата.

Тоа „растење“ на земјата кон небото е можно преку паѓањето на обилните дождови кои, исто така, му биле многу „блиски“ на Неруда. Корењата ја примаат „небесната вода“ и уште еднаш таа оска меѓу Бог и материјата е воспоставена заедно создавајќи единство на божественото и материјалното.

Каменот претставува моќен симбол кој е зачуван до ден-денес, во сите народни култури, митологии, верувања и традиции. Од најситното парче камен до најголемите камени блокови на карпите и планините, каменот се смета за божјо дело. Тој е дел од Бога и затоа зазема централно место во сите религиски системи. Тој не е обично парче материја, која се среќава во природата, туку е жив ентитет што егзистира рамноправно во просторот заедно со другите битија. Луѓето за камењата велеле дека имаат божествено потекло, поради паѓањето на метеоритите на земјата. Тие камења биле особено почитувани и најчесто им биле припишувани магични, пророчки и лековити својства. Интересно е што и ден-денес во храмовите на големите религии, како што се: христијанската, муслиманската, јудеистичката и религиите на Истокот, централно место во нивните храмови зазема некој свет камен врз кој се извршуваат светите ритуали и обреди. Таквата позиција на каменот отвора можност за негово сместување во една тесна релација со човекот и неговото живеење. Затоа, човечката душа е тесно поврзана со каменот, а камењата се живи суштества што носат голема мудрост во себе. Тие зборуваат или во себе носат запишана порака преку пророчки зборови, а особено важна е релацијата човек-камен, бидејќи таа претставува „двојно движење на искачувањето и симнувањето. Човекот се раѓа од Господ и нему му се враќа. Необработениот камен е спуштен од небото; изменет, се крева кон небото“.[24] Ваквите и слични симболички карактеристики, го прават каменот моќен симбол кој го има во сите уметности, а особено во книжевноста. И во оваа поезија, каменот е „жив“. Тој „го покажува домот на поетот“, „сината светлина разговара со каменот“, „китки-

22 Сонет 47
23 Сонет 67
24 Жан Шевалие, Ален Гербран (2005, стр. 441)

те се како камен со пена“, „бранот паѓа на бунтовниот камен“, а „кожата на саканата е како недопрен камен“. Љубовта на поетот кон неговата сакана е етерична слика која трепери по мирната морска шир осветлена од зраците на сонцето. Таа љубов е собрана во „внатрешноста на жолт камен“:

Блескави дни од морската вода залулани и
насобрани како внатрешноста на некој жолт камен.[25]

Но, како и кај другите симболи, така и каменот има своја „негативна“ страна. Така, поетот „е како камен изгорен“, „во устата го почувствувал каменот и гарежот“, а „љубовта ги фрла љубовниците спроти каменот тврд“. Неруда каменот го изедначува со смртта зашто таа „е само камен на заборавот“, а неговата сакана „ќе падне со него како камен во гробот“. Поетот уште еднаш преку додавањето на амбивалентните карактеристики на симболот ја покажува добрата и лошата страна на нештата и со тоа успева да постигне рамнотежа во опевањето на својата љубов. Преку амбивалентините поетски слики тој реално ги прикажува своите чувства без да оди во едната или другата крајност.

Што се однесува до стилските карактеристики на оваа поезија, во овие сонети Неруда е особено иновативен и оригинален. И покрај тоа што самиот кажува дека неговата поезија не сака да ги има по секоја цена и заради „мода“ оние изразни средства што во тоа време се користеле, тој во овие песни, во голема мера ги користи стилските фигури што најмногу припаѓаат на логичкиот код. Најзастапена е метафората и тоа, глаголската и метафората на припадност. Овие два вида метафора ги има во сите сонети. Метафората на припадност или именската метафора му дава на поетскиот текст извесна наративност при што се создаваат импресивни поетски слики исполнети со живост и длабочина. Експресивноста на овој вид метафора кај Неруда може да се види, на пример, во стиховите:[26]

Разуме блескав, демону јасен
од апсолутен грозд и рамно пладне,
овде сме на крајот, *неосамени и сами*
далеку од **лудилото на дивиот град**.

Кога линијата чиста ја заокружува својата гулабица
и огнот го одликува мирот со својата храна,
ти и јас го креваме тој небесен плод!
Разумот и љубовта живеат голи во оваа куќа.

Бесни сништа, **реки на горчливата сигурност**.
Одлуки потврди од **сонот на некој чекан**,
паѓаат во двојниот **пехар на љубовниците**.

25 Сонет 42
26 Сонет 54

И кога во рамнотежа ќе се издигнат близнаците
разумот и љубовта како две крилја
прозрачност ќе бидат целосни.

Речиси сите сонети на Неруда имаат совршен баланс при „дозирањето“ на стилските фигури. Тоа е случај и со посочениот пример каде што, покрај четирите метафори на припадност, поетот успешно употребил и глаголски метафори, а на почетокот има и оксиморон. За глаголската метафора е карактеристично што носи одредена „брзина“ и „динамика“ на поетското „дејство“. Во комбинација со именската метафора се добива една динамична слика, дејство и опис во исто време. Глаголската метафора има „брза“ експресивност и покажува конкретни „случувања“:[27]

Светлината што од твоите стапала се искачува до главата
и набрекнатоста што го обвива твоето тело нежно
не е од морскиот седеф, ниту од студеното сребро
туку, леб си, леб што огнот го љубел.

Со тебе **брашното го подигна својот амбар**
и нарасна со среќните години,
а кога **житото ги удвои твоите гради**
љубовта моја беше јаглен што зрее во земјата.

Ох, леб се твоето чело, твоите нозе и устата
леб што го јадам и со кој се раѓам секое утро
љубена моја – знаме на пекарниците.

Лекција на крвта ти даде огнот
од брашното научи да бидеш света,
а од лебот го научи зборот и мирисот.

Во овој сонет фигуративниот интензитет е на највисоко ниво и е постигнат најмногу со употребата на глаголската метафора. Со нејзина помош поетот успева експресивно да го покаже неговото доживување на саканата и на уникатен начин да ја искаже својата љубов. Покрај овие фигури, оваа поезија на Неруда содржи и оксиморон и парадокс кои се сметаат за фигури со највисок степен на експресивност, но нивниот број е мал. Неруда веројатно интуитивно знаел дека преголемата употреба на овие фигури би го направила поетскиот текст неразбирлив и премногу фигуративен. Нивната застапеност е сосема доволна ако се има предвид големиот квалитет на метафорите и другите фигури како персонификација, хипербола, синестезија, синегдоха, компарација и др. Интересна е употребата на компарацијата во овие песни. Таа многу често е лексикализирана и нема доволно интентензитет. Кај поетите често е фигура што ги надополнува останатите фигури, но кај Неруда има примероци што се особено

27 Сонет 13

иновативни и „живи“. Така, во сонетот:[28]

Гола си толку едноставна, ко да си една од твоите раце,
мазна, земјена, малечка, кружна, прозирна.
Ги имаш линиите на месечината, патиштата на јаболкото,
гола си тенка како голо жито.

Гола си сина како ноќта во Куба,
имаш ползавец и ѕвезди во косата.
Гола си толку жолта и неизмерна
ко да си лето во златна црква.

Гола си малечка како еден од твоите нокти,
заоблена, тенка и розова сè дур' не се роди денот
и не се повлечеш во подземјето на светот

како во голем тунел од облеки и нешта.
Тогаш јасноста твоја се гаси, се облекува и лисјата ги остава
за повторно да се претвори во една гола рака.

Неруда прави своевиден perpetuummobile при описот на неговата сакана. Тој во нејзината гола рака ја „гледа“ голотијата на нејзиното тело и од таа навидум едноставна споредба продолжува во опишувањето и споредувањето на голото тело за на крајот повторно да се „врати“ на голата рака. Притоа, целиот „процес“ и опис, поетот го „прави“ со помош на компарацијата што е на високо фигуративно ниво.

Преку симболичното и архетипско значење на сите елементи и небесни симболи, но, пред сè, преку преточувањето на неговиот чувствен бескрај во песна, Неруда успева да направи длабока љубовна поезија што звучи единствено, свежо и моќно. Тој својот живот како поет го почнува со љубовната поезија и со неа го завршува. И покрај многуте „нијанси“ што неговата поезија ги има, родољубивата нишка и неговата политичка ангажираност, тој останува поет од народот и за народот преку искреното, директно и едноставно споделување на своите чувства. Преку обраќањето внимание на најситните детали, на „најмалите единици на песната – вистинските придавки, соодветните слики, функционалните звуци итн., отколку на формата и строежот на целината на песната“,[29] Неруда успева да создаде вистински поетски минијатури коишто со својата фрагментираност и насочувањето на вниманието кон навидум неважните нешта, ја покажуваат вистинската суштина на животот. Тој е свесен дека неговите стихови се несовршени, често се невоедначени, надвор од правилата и нормата, но „кој воспоставува пократки или подолги стихови, потенки или пошироки, пожолти или поцрвени?

28 Сонет 27
29 Адам Фајнстајн (2017, стр. 119)

Поетот којшто пишува е оној којшто одредува. Го одредува со своето дишење и со својата крв, со своето знаење или незнаење, бидејќи сето тоа влегува во лебот на поезијата“.[30] Токму здивот на поетот, оној љубовниот е вистинската есенција на оваа поезија. Овие сонети се чиста, едноставна, бескрајна љубов и срцето на поетот како да е понудено на дланка. Неруда воден од своите чувствени доживувања, речиси несвесно ги користи сите тие изразни средства. На моменти се добива впечаток дека тој нема допир со зборовите и стилските изразни средства, туку тие сами се создаваат и се материјализираат и се формираат во стихови. Тие доживувања се во битието на поетот, целиот негов живот и ферментирани се појавуваат и се предаваат на светот како песна. Тој знаел дека поезијата „мора да се движи потамина и да се сретне со срцето на човекот, со очите на жената, со непознатите на улиците, со оние што точно на самрак или среде ѕвездена ноќ, имаат потреба макар и од еден единствен стих“.[31]

Сто љубовни сонети е збирка на длабока и искрена љубовна поезија. За разлика од збирката Дваесет љубовни песни и една безнадежна песна со којашто постигнува огромен успех кога е младо момче, во оваа збирка Неруда е зрел маж кој знае што и кого сака и тоа го прави на директен и отворен начин. Во овие богати и сензуални стихови, Неруда останува искрен романтичар. Сепак, иако оваа поезија е пишувана пред повеќе од шеесет години, таа и денес звучи иновативно, модерно и длабоко емотивно. Таквото опстојување во времето е силен показател дека Неруда напишал безвременска поезија којашто и во иднина ќе ги привлекува читателите и ќе буди длабок восхит.

Селектирана библиографија

1. Agostin, Marjorie (1986) *Pablo Neruda*. Boston: TwaynePublishers;

2. Alonso, Amado (1968) *Poesía y estilo de Pablo Neruda*. Buenos Aires: Editorial Sudamericana;

3. Costa, René de (1979) *Poetry of Pablo Neruda*. Cambridge, Massachusetts and London, England: Harvard University Press;

4. Duran, Manuel and Safir, Margery (1981) *Earth tones*. Bloomington: Indiana University Press;

5. Eko, Umberto (2011) *Kazati gotovo istu stvar*. Beograd: Paidea;

6. Neruda, Pablo (2011) *Cien sonetos de amor*. Barcelona: Editorial Seix Barral;

7. Neruda, Pablo (1980) *Confieso que he vivido: memorias.* Barcelona: Editorial Seix Barral;

8. Neruda, Pablo (1977) *100 Soneta o ljubavi.* Zagreb: Prosvjeta;

30 Пабло Неруда (2018, стр. 297)

31 Пабло Неруда (2018, стр. 292)

9. Neruda, Pablo (1986) *100 Love Sonets*. Austin: University of Texas press;

10. Urrutia, Matilde (1997) *Mi vida junto a Pablo Neruda*.Barcelona: Editorial Seix Barral;

11. *Неруда, Пабло (1989)* Поезија. Скопје: Култура: Македонска книга: Мисла: Наша Книга;

12. Неруда, Пабло (2018) Признавам дека живеев: мемоари. Скопје: Арс Ламина – публикации;

13. *Фајнстајн, Адам (2017)* Пабло Неруда – страст за животот. Скопје: Арс Ламина – публикации

Маја ЈАКИМОВСКА-ТОШИЌ

ЖИВОТОТ ПОМЕЃУ ЛЕСНОТО, ИГРИВОТО И ОДЖИВЕАНОТО, И РЕВНОСНОТО/ ГРИЖЛИВОТО

БЕЛА ХАМВИШ

Годинашниов добитник на наградата „Григор Прличев“ за најдобра поема за 2021 година е Трајче Кацаров, македонски поет, раскажувач, драмски автор, есеист и публицист. Македонската културна јавност го препознава како автор на поетски збирки, на драмски остварувања и пиеси за деца, како автор на прозни форми: раскази, роман во раскази, театарски есеи и студии и др. Тој е покренувач и главен уредник на повеќе списанија: на списанието за уметност СУМ од 1993 година, на Месечникот за театар „Тренд театар“ (1996), а од 2018 година е главен уредник на Списанието на ДПМ „Стожер“. Како издавач има објавено триесетина книги од областа на науката, есеистиката, уметноста и публицистиката.

Неговото искуство на потврден автор во повеќе книжевни жанрови го препознаваме и во умешната творечка постапка при комплексното обликување на поемата како жанр. Неговата верзираност се согледува во вештото поврзување на сложената мотивска целост вградена во развиена фабула присушта за поемата, истовремено сензибилно пронижана со лирски асоцијативни нишки. Поемата „Цветко“, пишувана во модернистички манир, претставува вешто компониран поетски исказ, сугестивен и хармоничен, згуснато сензитивен и напати спокоен, кој, преку навидум едноставниот лирски расказ за животот на Цветко, отвора суштински егзистенцијалистички прашања. Авторот Трајче Кацаров во поемата има изградено цврста интегрирана приказна со прецизна структурна издиференцираност во

мотивски поглавја (Пролог, Семе за надеж, Детството, Младост, Големата љубов, Брак, Лизгање по угорнина, Гости, Епилог), обединети околу одредени семантички јадра што го следат животот на главниот лик Цветко. Циклусите се структуирани во внимателно поставена рамка којашто поетски и смисловно комуницира со насловот на одделното пеење, на начин што во секој од нив се наоѓа потциклус означен со број, во кој влегуваат по две строфи од по четири стиха. На тој начин, поемата се здобива со цврста интегративна структура.

Како што може да се забележи од насловите на пеењата, во поемата се проследува животниот пат на Цветко од раѓањето, преку детството, младоста и зрелото животно доба, па сè до староста, низ еден животен век разбран како „лизгање по угорнина“. Всушност, во претпоследното пеење се разоткрива и значењето на самиот наслов на поемата: „Се сетив дека не за подигравка / Ми дале име – ме крстиле Цветко / Така секој да се означува треба / Од громој што е правен – од нивното семе“. Поемата ја третира вечната тема за човековата ранливост и минливост, (не)исполнетоста на очекувањата во дослух со самиот себеси, но и со традицијата, менталитетот, обичаите карактеристични за поднебјето под кое живееме, каде што низ слободен стих се движи содржината на случувањата во ритам и стилска одржливост со помош на едноставен јазик, ставен во функција на пораката што треба да ја пренесе. Поемата преку навидум едноставниот лирски расказ за животот на Цветко, навлегува, отвора и напати одговара на некои основни и истовремено вечни егзистенцијалистички прашања. Едното од нив се содржи уште на почетокот, во Прологот: „Треба да се направи бенд, да се случи чудо, / Но не ко Тајм, Стонси, Квин или Стинг / Да се свири и да се пее нешто сосем друго / Зашто животот е глупост ако не е ринг!“ Кацаров со овие стихови определува неколку егзистенцијалистички ставови што ќе се преплетуваат и во натамошниот текст на поемата. Од една страна, го актуализира старото и секогаш одново поставувано прашање за смислата на животот, истовремено нудејќи и одговор - смислата на Човекот и на неговото живеење е во амбицијата и борбата да се постигне некаква животна цел. Со тоа авторот повторно изразува типично модернистички став.

Авторот Трајче Кацаров во стил на поет-раскажувач уште на почетокот тргнува по одгатнување на загатката, концентрирајќи ја во приказната што се одвива пред нас за растежот и за животните избори на Цветко, напати поставена во реалистичен, болно егзистенцијален и драматичен фон, а напати во амбиент и со доза на имагинарен призвук. Низ поемата како постојано да се алудира врз потрага по задоволството сврзано со растајнување на животната приказна на главниот лик Цветко. На тој пат се среќаваме со некакво (не)опипливо доживување што постојано ни се одлачува од визијата, а по кое се трага во процесот на еманирање и примање на аудио-визуелните сигнали, на знаците „громови“, „молњи“, „пламени“, пронижани во раскажувачкото дејство, како своевидни трагачи по егзистенцијалистичките одговори сврзани со смислата на постоењето, со радоста и доживувањата што

треба суштински (и со возбуда) да го исполнат животниот век. Потрагите по задоволствата се согледуваат и во можноста преку поврзувањата со другиот да се поттикне чувствувањето, страста, болките, од кои за среќа, секојдневниот живот засега не нè ослободил. Но, од друга страна, подвлечени се минливоста на животниот век, како и немоќта пред неумоливоста на судбината: „Ние сме луѓе во бегство/ Зашто од раѓање небото нè гони/, Немоќ, оставаме во наследство/ затоа и смртта не боли“, бидејќи, според зборовите на авторот: „Животот е судба и вечна освета.“

Притоа, низ низа настани што се нижат во поемата, се изнесуваат мислења за стварноста и за иднината, со нагласен реалистичен и егзистенцијалистички тон кој преминува во интимен, лирски разговор со себе, но и со минатото, со сенките. Структурните мотивски конкретизации освен што ги третираат универзалните поимања за филозофијата на опстанокот, сврзани со вечните егзистенцијални дилеми: приклонување кон одредени етички категории, животни избори, (не)реализираност, верба, се трудат да достигнат и повисок поетски квалитет. Егзистенцијалните избори и предодреденост како да се сублимирани во стиховите: „Мислата (опсесијата) не може да е живот/ Животот станува мисла за чувствување/ Постоењето отвора нови видувања,/ Новото значи пламен – пламенување.“ Притоа, чувственоста како димензија и прочувствуваноста како состојба стануваат доминантни во поетскиот лирски израз. Авторот Трајче Кацаров ги излева своите ставови за значењето на љубовта и љубовниот опит низ низата од стихови на: Данте, Петрарка, Бајрон, Шекспир, Гете, Хименес, Валери, Хајне, Пушкин..., бидејќи во светот на Цветко се прекршуваат чувствата, речиси оксиморонски: „И ништо не беше толку блиско/Ко светот што не сум го имал/ Се топеше ледот на вечниот страв/ Наидуваше потоп од чувства и страст“. Но, еден вид сублимат на неговите размисли како поет и како доминантно човек се содржат во стиховите на Бела Хамваш, цитирани во поемата: „Животот може да се изживее искривено./ Лесно, лажно, игриво, несериозно/ Со една рака, рамнодушно, одважно/ Премногу ревносно и завршно/, кои во духот на поетски преточената животна сторија на јунакот, го одразуваат поетовиот светоглед за предодреденоста и личниот влог во сопствениот почеток, текот и крајот на животниот век. Токму во едни вакви интерполации ја забележуваме применливата мултумедијална постапка, во којашто се спојуваат драмскиот набој/ дејство, музичката подлога навестувани низ ритамот на песните на значајни музички икони, раскажувачки манир вграден во поетска визура, елементи од поп културата и сл.

На тој начин поемата комуницира и со културните симболи на времето, умешно вградувајќи ги во сопствената поетика. Авторот Трајче Кацаров амбиентот на случувањата напати сака да ни го долови низ мелодијата, аромата и здивот на песните на Бери Вајт, иконата на фанкот и соулот, низ музиката на Тајм, Стонси, Квин и Стинг, и на тој начин да нè пренесе во некои животни модалите-

ти на 70-тите, 80-тите и 90-тите години на 20 век, но и деконструирајќи ги и приспособувајќи ги во сопствената естетика. Епилогот во вид на заклучна максима ги преточува видувањата на авторот за животот и соништата, за трајноста и мигот, за минливоста и судбинското: „На многу соништа сум го загубил трагот/ Многу желби ми отишле по врагот/ Ќе излезе дека најважен е мигот/ Кога си жив и животот да ти е сладок/, што како контеплативни согледби на светот и животот воопшто се следат во поемата во целост.

Ракописот ЦВЕТКО е сочинет од повеќе пеења, односно целини: „Пролог“, „Семе за надеж“, „Крштевање“, „Детството“, „Младост“, „Студентски денови“, „Големата љубов“, „Свадба“, „Брак“, „Лизгање по угорнина“, „Гости“ и „Епилог“. Циклусите се структуирани во внимателно поставена рамка, на начин што во секој од нив се наоѓа потциклус означен со број, во кој влегуваат по две строфи од по четири стиха. Како што може да се забележи од насловите на пеењата, во поемата се проследува животниот пат на Цветко од раѓањето до староста. Притоа, низ низа настани се изнесуваат мислења за стварноста и за иднината, со нагласен реалистичен и егзистенцијалистички тон што преминува во интимен разговор со себе, но и со сенките. Всушност, во претпоследното пеење се разоткрива и значењето на самиот наслов на поемата: „Се сетив дека не за подигравка / Ми дале име – ме крстиле Цветко / Така секој да се означува треба / Од громој што е правен – од нивното семе“. Сметаме дека во однос на другите ракописи, со извесни слабости, оваа поема го задржува вниманието докрај.

Пишувана во модернистички манир, поемата е поетски исказ кој, преку навидум едноставниот лирски расказ за животот на Цветко, навлегува, отвора и напати одговара на некои егзистенцијалистички прашања. Едно од нив е назначено уште на почетокот, во Прологот: „Треба да се направи бенд, да се случи чудо, / Но не како Тајм, Стонски, Квин или Стинг / Да се свири и да се пее нешто сосем друго / зашто животот е глупост ако не е ринг!“ Авторот/авторката со овој стих определува најмалку два става кои ќе се преплетуваат и во натамошниот текст на поемата. Од една страна, го актуализира старото и секогаш одново поставувано прашање за смислата на животот, истовремено нудејќи и одговор - смислата на Човекот и на неговото живеење е во амбицијата и борбата нешто да се постигне. Пак, типично модернистички став.Поемата комуницира и со културните симболи на времето, вградувајќи ги во сопствената поетика, но препрочитувајќи ги, деконструирајќи ги и прилагодувајќи ги во сопствената естетика. Авторот/авторката си поигрува и со композициските форми на поемата, градејќи ја со Пролог, Епилог и глави. Станува збор за издржан поетски текст, со високи естетски квалитети.

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

ЗА ЗЕМНОТО БУНИШТЕ МИНЛИВОСТ[32]

(Кон стихозбирката „Опит“ на Сузана Мицева)

Секоја ноќ кроце
се качувам на таванот
ја светнувам ламбата на детството
и во него ги барам
напуштените насмевки
на возрасните луѓе.
Потрага

Книжевните опсервации на поетските дела секогаш бараат внимателен и опитен читател и критичар, ослободен од субјективното чувство на приврзаност кон авторот. Емил Штајгер беше исправен пред дилемата:„Како да ги објаснам овие стихови? Од каде да појдам? Јас нив ги сакам, тие нешто ми зборуваат и, бидејќи имам доверба во нив, се осмелувам да ги толкувам“. Довербата во стихот и воопшто, довербата во поезијата, значи да му се доближиш сосем близу на светот, што тивко се создава пред твоите очи, мигум се менува во форми што постојано треперат, како движењата на облаците во ведра квечерина. Да се има доверба, значи да му се верува на поетот, кој преку својот лирски субјект го набљудува и чувствува светот, во и надвор од себе. Тој свет има свои замислени имагинарни граници, а својот зародиш го има во мислата и срцето на поетот. Токму таму, како во матка, зборот започнува да пулсира. Зборот е онаа праматерија што извира од подземните извори на свеста, за да започне нов живот надвор од неа. Поезијата е извишување, кревање кон висините во потрага по нов зрак, нова светла патека, „зашто во творештвото растеме нагоре, кон сонцето, а не удолу кон земјата.“[33]Тој творечки и човечки

32 Стих од песната Душата пузи како црв

33 Старделов, Ѓ. 2004. Оган кој не згаснува. Во: *Angelus Novus* или подготовка за лет. Скопје: Култура, стр.251

опит е само природен нагон духот да преживее, сличен на нагонот да се дојде до што повеќе воздух, храна за човекот без која животот е невозможен.

„Опит“ е насловена и најновата (трета) стихозбирка за возрасни на поетесата Сузана Мицева, наслов само навидум предвидлив, а во суштина загадочен и замаглен. Како читатели, од стиховите на Сузана Мицева ние вдишуваме поезија, како што вели Слотердајк„секое писмо е вдишување, земање здив“[34], процес без кој животот би згаснал. Еден здив е всушност времето што го дели човекот од смртта, еден здив, еден миг во кој се насобрале сета земна скрб, тага, надеж, копнеж и утеха. Толку е миговен преминот на телото во безживотна твар, на душата во бестелесно слободна енергија, на окото, кое од следниот миг се сели во некаков привиден мрак. Кога говориме за личниот опит на Сузана Мицева, ние всушност говориме за нејзината „лична поетика“ (Конески). Во своите разговори со Цане Андреевски, Конески говорејќи за тоа дека уметничката порака е всушност значењето на песната, вели: „...пораката пренесува нешто над кое луѓето се замислуваат и кое можеби не им е така јасно. Го насетуваат, го доживуваат на некој начин, а можеби не можат со прости реченици да го искажат“. Токму неискажливото, она за што секогаш ни недостасуваат зборови за да го пренесеме до себе и до другите, всушност песната го кажува наместо нас. Затоа и имаме чувство дека поетесата ни е блиска, ја познаваме, делиме исти вредности, исти убавини, но и стравови, надежи, болки.

Тематско - мотивскиот свет во стихозбирката „Опит“ не се разликува многу од оној во нејзините претходни две книги. Темите што ја окупираат поетесата се со онтолошки предзнак: постоењето, смислата на животот и неговите (бес)смислени игрварии, смртта како преобразба на духот и секако, љубовта како родилка на светот. Неверојатно е како објективизираната перцепција на лирскиот субјект се трансформира со субјективна слика за секој читател поединечно. Оти песните на Мицева секој читател по своему ги доживува и преживува. Амплитудата на доживувањето е доста нестабилна, се движи остро од само навидум спокојна и тивка нагласка, до неочекувана, на моменти и морничава изненада. Сите противречности од кои се состои еден минлив човечки живот, поетесата ги собира на купче во стихот, како во кошница од плодови, скапани и свежи, нагризани од црви, но и такви одвнатре што ги гризат. Смртта и животот, болката и животот, љубовта и животот, човекот и животот и на крајот, пак од ништото да се роди новиот живот:

34 Слотердајк, П. 2006. Доаѓање на свет – доаѓање до збор. Скопје: Темплум, стр. 161

Брод

Човекот толкупати се
чувствува мртво додека е жив
што кога смртта ќе доплови
тоа е само едно исполнување,
конечно пристигнување.
Како повторна средба по долго
невидување.
Го предава товарот,
животното бреме
и пак е слободен да биде ништо.

Во песните на Мицева се овоплотува едно веќе одживеано време кое, чиниш одново се појавува како рецидив. Антиципацијата во стихот се појавува како слика за еден веќе одживеан живот. Младата поетеса го воведува својот лирски субјект како око кое, од некоја космичка височина го набљудува светот. И дали како толкувачи имаме право да говориме за лирскиот субјект како сенка на писателот, негова лична и единствена потпора, секогаш и секаде?! Но, таа сенка го продолжува својот живот во книжевното дело и тогаш кога писателот физички го напушта земниот свет. Границата меѓу авторот и лирскиот субјект е само тенка, скоро невидлива нишка со која е опшиена песната. Таквиот лирски субјект видел сè, одживеал сè, сега само го споделува она што во него се насобрало како лична и колективна болка. Нему му се познати уништените детски соништа, разурнувањата на светот, распаѓањето и гниењето на човечкото во човекот, но и безграничната љубов, новите раѓања и новите цветови помеѓу урнатините на пеплосаните градови. Поетесата е веќе зрел автор кој знае да го контролира поривот, личното да го изедначи со фиктивното, со она што (не)постои од другата страна на времето. Жан Пол Сартр во есејот *Што е литературата* вели: „Бидејќи креацијата може да биде довршена само со читањето, секој книжевен труд е еден апел. Писателот апелира на слободата на читателот да соработува вон создавањето на неговото дело“.[35] Поезијата сама по себе е обновлива категорија, некогаш создадена, денес пресоздадена, во иднина создателство на веќе пресоздаденото. Магичен круг на цикличноста. Само вечните создателства и состојби се циклични и обновливи: природата, водата и зборот. Поетесата во обид, од честичките поезија да изгради нов свет, самата е во јадрото на тој нејзин мал универзум. Нејзината поезија како да истекува од едно во друго време, од една во друга галаксија. Низ овие стихови се исчитува една длабока сентименталност, свесно соочување со разбеснетите демони во и надвор од човекот, храбар одвет на безвремето, но и смела размисла за крајот како неминивност.

Поезијата на Мицева е поезија на противречности коишто напати се

35 Sartr.Ž. P. *Šta je književnost, Izabrana dela, Tom 6, Beograd:Nolit, 40-41*

спојуваат и помируваат, се вкрстуваат и се слеваат едни во други. Песните во „Опит“ се распослани по приземните друмови, таму сред думани и прашини, стојат како крајпатни знаци за изгубените и напатените. Сè што со збор не се кажало, вчера или сега, дома, на работа, со пријатели и помалку пријатели, песната го чува, го зема со себе попатно раздавајќи го како жртвена погача за празник. Оваа поезија само навидум е меланхолична со мелодраматичен призвук, таква е само со првото, наивно и попатно читање. Нејзината песна е песната НА и ЗА човекот, за малиот трошен и несреќен човек, кој дури на крајот, кога смртта ја обессилува дури и неговата сенка, ја сфаќа суштината на животот што мигум поминал и чека да згасне: *Брзата смрт како покосен ветер / го прочистува светот од нас* ***(Итрица).*** Ефемерните нешта стануваат насушно важни, обичноста добива кадифена боја и станува привлечна, неодоливо убава.

Рано е да се умре утрово,
додека питата сè уште се пече.
Соседот бичи дрва,
крововите се симнати,
семејната утроба фаќа влага.

(Смртта мириса на есен)

Мицева е неуморен трагач по вистинската сушност на нештата, по нивниот извор и корен, по местото на зачетокот, во обид да ја разбере нивната сегашна појавност, духовна или материјална. Затоа во нејзината поезија недостижното се чувствува опипливо и блиско, невидливото добива боја и форма, а минливото е пуштено во слободен пад да суштествува по природните закони, пред кои човекот е толку мал и безначаен. *На земното буниште минливост*, таму завршуваат нашите животи, богати и сиромашни, исполнети и празни, одживеани и преживеани. Во песната ***Тефтер*** поетесата го пушта својот лирски субјект да ја прекрои душата надолж и попреку, да ги разбуричка визбите од спомени и стравови затурени под правливите садови во некој агол од пајажини, да не се гледаат, да не раѓаат немир: *земјата ги чува коските и спомените / со иста грижа како ти семејните дребулии. / Подолго и потрајно одошто успеваш/ да ги додржиш видовите на домот исправени.* Јаркиот збор во песната на Мицева е збор-трепет изнедрен од помислата за човековите неспокојства и устреми да се совлада минливоста и да се пресоздаде стварноста. Што е поетот, ако не пресоздавач на веќе создаденото и маѓепсник кој умее во лет да ги дофати залутаните мисли, да ги приземји, да им даде форма и смисла, да ги пресоздаде во стих. Така се раѓаат песните, вибрациите на поетовата душа мигум се претвораат во стихови, еднаш веќе одживеани.

Кога сум спружена врз жегата
и наслушувам мравји заседанија под тилот -
не сум осамена.

По корените на дрвјата ги откривам
тајните кодови на земјата

(Не мора сè да знам)

Поетските и поетолошки постапки на Мицева се промислени и рационално повлечени, никако заради комерцијална видливост, напротив, заради оставање свој личен поетски печат. Нејзината песна е песна на восторг од создателствата што нашиот ограничен поглед не може да ги види, но душата може да ги улови во лет. Нејзините поетски подвизи се храбри, на моменти дури и груби, но тоа е така само додека песната полетува, за потоа да се исправи и спокојно да плови по широчината на мисловниот свет на читателот. Нејзината песна е палежно жарче, усвитена светлина на духот, пече при допир, но и отрезнува во миговите на нашите развратни пирови. Поетско-естетската фасцинација од смртта е иницијалниот извор на творечката патека на поетесата. Таа го естетизира тој чин, но не е опседната со него. И каква е таа битка на малиот и беспомошен човек со грамадната до бескрај голема болка што ја носи крајот?! Болка без која нема спокој. Човекот пред сè и секој може потајно да глуми надменост, некршливост и надмоќ, единственото негово повлекување е пред смртта, единствената сила што му ја убива сенката.

Кога се вративме
седеше на скалите
лута како јасник
и тате сам ја извади секирата
и удри по најмалата топола.
Знаеше колкава е мерата...

(Неканета)

Во нејзините стихови детето созрева многу побрзо отколку црешите во пролет и капнува, скапува под силниот налет на фуријата на животот: *Цело лето глумевме доктори, / пукнатините на црешовото дрво / ги зацелувавме со неговата смола, / раните на природата.**(Себелажење).*** Поетската слика има широк распон, создава силно експресивна дразба што станува доминантна на песната. Со една силна, дури болна драматичност, лирскиот субјект се помирува со себеиспразнувањето од чувства, со масакрирањето на нервните завршетоци на умот, без кои сме само студен и тежок труп. Реска мисла се изнедрува од стихот, на моменти сече, на моменти станува бодликава и скокотлива. Навидум ефемерното, Мицева го издигнува до степен на универзална човечка судбина, една, заедничка за сите:

Околу мене се намножија празни тела:
ништо не ги боли и ништо не чувствуваат.
Не успеав да им ги излекувам

разболените соништа,
ниту им го сочував детството живо.

(Себелажење)

Песната на Мицева е збита, напластена со многуте слоеви од загадочните дилеми и размисли за смислата на човековиот краток и минлив живот. Со силно набиена метафизичка густина, стихот тешко се распластува, за да се стигне до неговата почетна точка, до почетниот слог на зборот, од кој се родила песната. Лирскиот субјект пее со мисла на зрел човек, човек кому животот му ги исцртал најдлабоките бразди по лицето и најдлабоките лузни под срцето. Стиховите од песната ***Мирис на ѝисмо*** се огледала на кои им приоѓаме со страв, оти на нив се исцртува нашиот вистински лик:

Мирис на ѝисмо

Кога ќе заминат твојот духовник,
мајка ти и сродната душа,
и ќе нема кому да се истажиш,
ќе почнеш одвнатре
да го шараш своето тело.
Кожата еден ден ќе ти чади
со мирисот на писмо
и сите ќе мислат дека
е нормално -
тоа е само отстоена пот.

Лиричноста е непостојана категорија, кога се обидуваме да ја пронајдеме како особина на песните од стихозбирката „Опит“. Песните на Сузана Мицева се своевидни ритуали, мистични, со доза на енигматичност. Перформативноста е присутна, особено во песните во кои колективната меморија е повикана да каже како некогаш било, како се преживеало до денес. *Мора да се даде крв, / умрените кај мртвите да се вселат.* Поетесата си поигрува со лексичките нијанси, ги комбинира, обојува, им дава тон, ги сенчи за да ги прилагоди на својот стих. Песната тлее како жар во нераспретана пепел, шири мирис на древно суеверие:

Духот ѝ пукнал како скинат балон,
сакајќи да влезе во плевната
да ги доварди
закланите жртвени јагниња
од полските волци.

(Душата има форма на балон)

Првиот наивен и немерен читателски вглед не досегнува до сржта на мислата од која тргнува лирскиот субјект, од причина што стихот е густ и толку збит, дури леплив и врел. „Топлото семе на јазикот“ (Старделов) во стиховите на Мицева из`ртува бавно, постојано барајќи влага, постојано пробивајќи се низ црната и леплива земја. Воодушевуваат навидум неспоивите релации на асоцијативност што поетесата ги поставува како арматура на стихот.

Моите песни се такви копилиња.
Раноиспилени пилиња
немаат потекло, ни име ни извод.
Се раѓаат недоносени,
покосени во сон. Под напон.
Песните се јалови кучки
што лаат по сокаците
ги тешат просјаците
ги исмеваат простаците
и туку ќе довлечкаат некој нов стих.

(Ова е време во кое за секоја песна се бара извод)

Острото око на поетесата ги набљудува сите природни и човечки феномени, врзани во јазли мислите една по една се отвораат, создавајќи нови плетива од зборови. Поетските опсервации на Сузана Мицева се граничат со едно суптилно сознајно-филозофско спознавање. Нејзиниот лирски субјект е зрел и опитен набљудувач, подготвен на биде жигосан како пример за родот негов кој нè научи дека е мала и невидлива прашинка во огромниот недогледен универзум: *Тоа е во миѓот кога се сознава / дека ништо не ни припаѓа: / ниту годините, ниту времето / ниту животот* ***(Отпишан)***.

Стихот на поетесата Сузана Мицева е патник кој нема свое постојано место за починка, тој патува и освојува метафизички простори на духот, со порив да открие нови и непознати предели на мислата. Откривајќи ги, ги допира, ги чувствува, ги зема со себе и преку песната ги прави видливи за човекот и светот. Тоа е нејзиниот опит, нејзината потајна нарав, да гради домови надвор од својот, да ги облагородува, да колчи нови градини, да оградува парче небо и тука да битисува. И така сè до некое следно патување на песната. Неодамна, читајќи го Анте Поповски и неговиот текст „Кон Љубопис“, наидов на една негова мисла којашто значеше патоказ за размисла: „Кога ќе исчезнат конкретните облици, кога ќе се случи да блесне песната во нов замаглен предел, дамнешното кога ќе се престори во некој притаен порив по нешто што не се преповторува, видливото кога ќе се преобрази во одблесок на невидливото, ете, и во тоа е смислата на поезија-

та“.[36]Многу *одблесоци на невидливото* искрат од стиховите во стихозбирката „Опит“. Оваа книга претставува личен опит и обид на поетесата Сузана Мицева да се нурне длабоко во темните понори на духот, таму со фенер да го најде изворот на убавината и качувајќи се нагоре кон светот, попатно да го раздаде, капка по капка, секому по мерата.

36 Поповски, А. Кон „Љубопис“. Во: Меѓу животот и знаците. Скопје: Наша Книга, стр.215

Васил ТОЦИНОВСКИ

ПРИКАЗНАТА Е БЕСКРАЈНА

Киро Донев. 2020. Видое Подгорец – незавршена приказна. Струмица: ЗГ „Средби под јавориште – Видое Подгорец“

Народот мудро рекол оти пријателството ниту се купува, ниту се продава и како правило без исклучок поуката се втиснала во колективната меморија. Потврда за тоа е книгата *Видое Подгорец – незавршена приказна* од Киро Донев. Ретка, или поточно единствена книга, приказна за пријателството на двајца македонски писатели чиишто димензии исполнуваат и осмислуваат љубов, почит, доверба, преданост, верност, надеж што во времето и просторот зборот – кажување го воздигнуваат во бескрајност. А зборот, како единствена мера за човекот, го има неговото дело. Оттука и незавршената приказна на Донев, според нас, во себе ја содржи мислата и смислата, оти и по упокојувањето писателот не умира, зашто за век и веков човештвото ги има за препрочитување и естетско наслаѓување неговите дела/книги и само со нив може да му се суди и пресудува. Во предговорот за *два живота и една приказна* Ана Витанова-Рингачева почнува со поразителната мисла *оти малку веројатно е дека меѓу писателите може да постои вистинско пријателство*. За вистината не постои приговор, зашто таа е една и единствена. И дополнета/аргументирана од авторката оти *постојат примери (напишани, доживеани или само претпоставени) на автори кои, искачувајќи ја планината за да стигнат до врвот, попатно згазнале нечие стапало, пуштиле ноѓа или кажале збор за да го обезличат сличниот на себе, со кого рамо до рамо ја совладувале височината. Тоа се тие демони од кои човекот не може да се ослободи, пакости и нарави што го обезличуваат и ништат*. Едноставно како да не ја слушнале поуката оти за секого има место под сонцето, никој никому ништо не му одзема, ама поразијата натежнала и неизлечиво боледува. Тие и такви сознајби како бистра вода дотекуваат од мислата и срцето на Киро Донев како потреба за пишување на книгата/биографија за почитуваниот и сакан пријател, собрат по перо Видое Подгорец.

Киро Донев сопствената приказна ја раскажува во преплетување на животните и творечки врвици со саканиот и никогаш непрежален пријател Видое Подгорец. Пишувајќи за себе (автобиографија) тој се идентификува со

биографијата на големиот писател во зедничките соништа и копнежи, идеи и идеали, во големата и единствена љубов животот да се пресоздава во литература. Одговорноста пред пишаниот збор станала етичко правило во кое за животот на литературата се дарува/возвраќа со сопствениот живот. Пред Донев секако се поставила дилемата/недоумицата како да се создаде/напише таква книга. Нималку лесната задача низ личното искуство му дошепнала оти не треба многу да мисли и мудрува, туку да пишува така како што тоа му го налагаат мислата и чувствата. Човекот, просторот и времето се запишана приказна што треба да дојде во рацете на читателите како богатство што ќе поучува и ќе се помни. Така, нештата најблиску ќе бидат до вистината за сопствената реалност. Оттука во дијалошките целини на текстот се користи мајчиниот македонски јазик, говорот на коренот со кој најинтимно се мисли и се чувствува. Донев хронолошки го проследува заедничкиот живот или поточно од двата живота создава една приказна. На тоа секако го повикала/поучила посветата *на единствениот пријател Киро Донев* што како аманет ја запишал Подгорец во даруваната нова книга *Скршеното бардаче*, 30 декември 1992, Влае. Како вековита и лековита вода потекуваат приказните за колешинското даскалче, за првата средба или поточно запознавање со *Титов пионер* и потоа е запознавањето во живо, видовитоста на писателот *како што рече Видое – така и се случи*, професионалната дружба во списанието Наш свет, и воскликот на Киро Донев оти најпосле се заедно, кога соништа станале стварност и во катадневието во кое признава оти *колку што ме сакаше и фалеше – триж повеќе ме караше*, записот како била снимана телевизиската серија *Белото Циганче*, па со насмевката на Видое како човек кој одел пред сопственото време и припаѓал на иднината, до предупредувањето за скорешна војна како разнебитување на убавината и возвишеноста во која само ќе бидат повторени *злосторствата на децата низ вековите*.

Како единствен пријател, Киро Донев бил повикан да ја создаде книгата *Видое Подгорец – незавршена приказна*. Таа обврска никој друг не би можел да ја сработи. Затоа испишаните страници од оваа, како што вели, негова *најдрага книга* се вистинска фреска на срцето. Ете, тука е големиот писател: тивок и ненаметлив, со назабележлива насмевка, беседи кротко и мудро, пророк е тој, спокојно советува и упатува, покажува нови патишта и можности за човекување и другарување, никому нема што да забележи или префрли, задуман за некои тајни и очекувања во кои ги препознаваме душата и ракописот со смислување и обврски за некое ново дело што треба да биде напишано. Колку за потсетување, во својот кус работен век, од првата стихозбирка *Развиграче (1956)*, до смртта во 1997 година, тој објавил 108 дела. И не само толку, и не само тоа. На неговата работна маса, според податоците на Донев, останале уште триесет подготвени ракописи за печат. Податоци во кои можеме да ги согледаме зависта и омразата човекова/писателска што носат болка и неспокојство, на кои достоинствено им се спротивставуваше човекот и писател Видое Подгорец. Ниту еден изговорен збор, јавно одгласување и прозивка, невидливо и недопирливо длабоко во себе одболедување да

се биде и постои, вон од интриги и недоумности, а одговорот како по некое непишано правило беа и останаа само неговите книги. А пак, неговите книги се чест и достоинство за современата македонска литература како идентификација со додавката оти беше и остана најплодниот и еден од омилените/читани македонски автори.

Книгата *Видое Подгорец – незавршена приказна* од Киро Донев не бара толкувања, ни малку притоа не би била лесна задача ни за книжевната критика, зашто таа единствено се доживува и сака со читање. Во неа неуморно чукаат срцата на двајцата големи, неразделни и единствени пријатели Подгорец и Донев. Како дополнување кон поставената тема е тематската целина *Рекоа за Видое Подгорец* во која се поместени искажувања на тринаесет македонски и странски писатели.Текстот го аргументираат или поточно негов украс се обемниот и ненаметливо, извонредно функционално распореден илустративен материјал од фотографии, документи, посвети, записи, споменични белешки, обраќања по одредени поводи. А сето тоа само го потврдува, нагласува нивното пријателство собрано во една приказна. Книга за која би додал, поточно би искористил дел од посветата на Киро Донев што ме *потсетувана времето и настаните кога и ти и јас патувавме во ист воз заедно со него по патиштата на литературата*. Нека не ми биде забележано/префрлено ако употребам сал воздишка како човечка и читателска благодарност за оваа чудесна книга Видое Подгорец –незавршена приказна што вистински ме понесе на патување во некои одамна минати и златни времиња во кои, судбински сме се предодредиле за магијата на зборот и книжевноста што по егзистенцијалните начела за минливоста, бесмислата, апсурдот и парадоксот сме се прифатиле во дружба со вознесот и проклетството.

Васил ДРВОШАНОВ

РОДНОКРАЈНИТЕ МАРКЕРИ ВО РОМАНОТ „МАНАСТИРСКИ SВОНА“

ОД КИРО ДОНЕВ

Сестраниот даровит писател Киро Донев (21. 3. 1942, Моноспитово, Струмичко) е меѓугенерациски автор помеѓу третата и четвртата генерација македонски писатели. Неговата книжевна сестраност ја потврдуваат многуте дела за деца и млади со различен жанр: стихозбирките (Жаба спикер, *Стихувани случки за внучиња и внучки, Било и се скрило), збирките раскази (Било – не било, Да се запознаеме, Стражари на мирот, Шарена криенка, Ден по ден година, Надуенка, Приказни од Зоопаркот, Чудни чуда, Весел зоопарк, Од дневникот на Васко Пикаско и Зорка Сештозборка, Приказни од куќичката на дрво, Весел ЗОО парк, Приказни за годишните времиња), повестите (Битката на Мечкин Камен, Јордан Пиперката, Пере Тошев), романите (Шенко, Збркана сказна, Внукот на мајорот, Далаверите на Добре Лошиот, Четириножните рицари, Збркана бајка, Киндер квачка, Шенгел петел, Манастирски звона, Јамболлија што лае), драмите (Априли-ли, Цветната улица, Училиштен театар), гатанките (Ај погоди, Азбучна криенка), сликовниците (Ајде да патуваме, Наталија во лаѓалија, Таинствена книга, Ден по ден година, Слика што блика, Ленка Немиенка, Дамчестата убавица, Писмо до најдобрата мајка, И Дедо Мраз греши, Аптека во врека, Стихувана боенка)*, хумористично-сатиричната проза (*Мешана салата*) и книгата од друга книжевна форма (*Театар без билет*) (Димовски, Јаневски 2017: 71–72).

Овој пат нашето внимание го привлече романот Манастирски звона37 со своето сталожено раскажување, со пре-

37 Делото доживеа повеќе изданија: Киро Донев. Манастирски звона. Скопје: Наша книга, 1992; Киро Донев. Манастирски звона. Скопје: Матица македонска : АЕА, 2001; Киро Донев. Манастирски звона. Скопје: Просветно дело: Редакција Детска радост, 2004; Киро Донев. „Манастирски звона“. Во: Романи за деца (*II*). Избор, предговори, редакции и белешки Светлана Христова-Јоциќ. Битола: НИД „Микена“, 2008, 561–680, односно *The Monastery Bells: (novel, edition by Matica Makedonska)*, Kiro Donev. Во:*Children's novels*. II,selection, introduction, editing Svetlana Hristova-Jocik ; translation from Macedonian Aleksandra Koceva... и др., Skopje: St. Clement of Ohrid, National and university library, 2011, 501–635.

красните пејзажи и со дијалошката форма. Со оглед на фактот што станува збор за сериозна историска тематика, чиешто дејство се случува во втората половина на XIX век, во романот отсуствува хумор – најмоќното „оружје“ во творечката постапка на писателот Киро Донев. Подлошка на романот се дел од преданијата присутни и ден-денес во родниот крај на писателот. Реалните ликови и настаните се надградени во романот, така што тие понекогаш добиваат митски димензии на оската добро - зло. На една страна се мирните и обесправени селани, претставени преку ликот на ковачот Стевчо и неговите синови Глигор, Костадин и Димитрие и неговата ќерка Ленка, чиишто заштитници се Ѓорѓија – стариот игумен на манастирот “Св. Илија”, Шенко, војводата Ристо Доријата со неговата чета, а од друга страна, се претставниците на злото – Бељал-бег и неговиот најверен слуга Фазлија со дружината насилници.

Во романот, па и воопшто во минатото на македонскиот народ, повод за одметнувањето на мнозина млади мажи во комити најприн е лична одмазда кон беговите. Таков е поводот и за одметнувањето на тројцата браќа Глигор, Костадин и Димитрие поради обидот на бегот да ја граби нивната сестра Ленка за харемот. Меѓутоа, нотира писателот, „Тројцата браќа коишто се одметнаа со желба што побргу да се одмаздат за сестра си и за изгорениот дом, сега сфатија дека целта на нивната борба не треба да биде само лична одмазда, туку и борба за слобода на Македонија“ (Донев 1992: 98).

Ракописот на делото поминал низ „лекторски филтер“, но, сепак, во романот се среќаваат дијалектизми што ја маркираат дијалектната основа на писателот. Станува збор за дијалектизми од струмичкиот говор, роден говор на писателот Киро Донев. Тие се јавуваат на повеќе рамништа, но не ја нарушуваат јазичната норма, туку го збогатуваат стандардниот јазик. Во написот дијалектизмите ќе бидат наведувани во контексти, сопоставувани со соодветниот евидентиран заглавен збор во македонскиот лексикографски труд *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања* (Конески 1961–1966) и проверувани во *Толковниот речник на македонскиот* јазик (Конески 2003–2014) од аспект на нивната застапеност и од гледна точка на нивното значење.

Од областа на фонетиката во романот се забележани најмалку дијалектизми, сп.

1) групата /*шт*/ наместо рефлексот /ќ/: Куциот без збор се упати кон маскаta. И ја пристегна погазницата и попрагот, си ги дотера праштите (подвлекол ВД) според нозете и ја доведе (Донев 1992: 129) : **праќица**[2]*f* (дел од јаже на самарот, од едната и другата страна, за товарење или наместо узенгии) praćica; потпушти ги праќиците да се качам на коњот popusti malo praćice da se popnem na konja (Конески 1965: 416);

2) секундарната употреба на самогласката /*и*/: И кога превезуваа за себе, тие одеа во подножјето на планината и таму, кај Ташл’кот, уште пред изгрев со тешките варии (подвлекол ВД) удираа по големите камења, ги кршеа и ги товареа двоткалките (Донев 1992: 87) : **варја***f* malj, nabijač (Конески 1961: 55);

3) преминот на самогласката /*у*/ во /*о*/: Лефтер, најстариот, но и најугледен меѓу трговците, кој сосе кревет имаше, можеби, едвај триесетина килограми, а во устата му стрчеа само уште два заба

како заборавени кокачки (подвлекол ВД) сред пусто поле, речиси сплескан под тежината на полните дисаќи, се кикотеше до солзи кога виде како лудиот избезумен од страв се стрчна кон него, покажувајќи на една жаба, која којзнае како и зошто се беше нашла меѓу пазарџиите, та и таа преплашена од многуте луѓе, скокаше де ваму, де таму (Донев 1992: 121) : кукачка²f lan ili seno složeno u gomilu (Конески 1961: 372);

4) секундарната употреба на согласката /р/: Седеа под дуњата, Ленка плетеше, а баба Тренда предеше или ронкаше (подвлекол ВД) пченка и зборуваше за сè и сешто, особено за својата младост (Донев 1992: 15) : рони*impf* I 1. (одделува зрна, обично на пченка, лисја, цут на дрво и сл.) krnuti, komiti, mrviti; рони пченка krnuti kukuruz; цутот му го ронеше krunila mu je cvet. 2. (руши, троши нешто на ситни парченца, на пример, леб, брег и сл.) roniti, mrviti; им ронеше леб на пилињата mrvila je hleb pilićima; (fraz.) рони солзи roniti suze; тивка вода брег рони (posl.) tiha voda breg roni. II – се (за зрна, лисје, цут и сл. – паѓаат едно по друго) kruniti se, komiti se; паѓаше пченката и се ронеше padao je kukuruz i krunio se; 2. (за леб, брег и сл. – троши се, руши се) roniti se, mrviti se; лебот се рони hleb se nrvi; не оди, моме, крај брегот/брегот се рони, ќе паднеш (nar. poez.). 3. (fig. опаѓа,папсува) opadati; чувствуваше како ѝ се рони снагата osećala je kako joj se roni telo (Конески 1966: 123); и

5) темниот вокал /*ă*/наместо вокалот /*а*/: Тој на себе ја нас'ска (подвлекол ВД) целата сурија на бегот (Донев 1992: 148) : **насаска** (Конески 1999: 245) : саска*impf* (razg.) uckati, boskati, dražiti, pujdati; немој да го саскаш nemoj ga uckati (Конески 1966: 147);и во суфиксот *-лак* (од турскиот јазик): Камен каков што беше потребен за изградба на кулата, во близина на селото – немаше. И кога превезуваа за себе, тие одеа во подножјето на планината и таму, кај Ташл'кот (подвлекол ВД), уште пред изгрев со тешките варии удираа по големите камења, ги кршеа и ги товареа двоткалките (Донев 1992: 87).

Меѓу дијалектизмите ја нотиравме и зборoформата заода, сп. Некаде пред заода (подвлекол ВД), кога пазариштето почна да се празни, а трговците задоволно ги зариваа рацете во полните дисаќи со златници, играта на непознатиот парталко стана уште полуда (Донев 1992: 131) : заод*m* zalazak. 1. на заод сонце o zalasku sunca. 2. (fig. крај) на заодот на животот na zalasku života (Конески 1961: 219).

Извесен број дијалектизми се нотирани на зборообразувачко рамниште кај именките, кај глаголите, па дури и кај прилозите. Во анализираното дело се нотирани суфиксни, префиксни и префиксно-суфиксни образувања (Конески 1995).

Кај именките неколкупати е забележан дијалектизмот *соборџија* образуван со суфиксот *-џија* по потекло од турскиот јазик, сп. Ја немаше на орото, ниту пак меѓу другите соборџии (подвлекол ВД) (Донев 1992: 53), На разденување, кога заспаа и тапаните и зурлите, и додека едни соборџии (подвлекол ВД) го напуштаа манастирскиот двор, а други, пак, штотуку легнуваа да спијат – кој каде ќе најде, тројцата калуѓери влегоа во манастирот (Донев 1992: 59), Манастирските порти беа широко отворени и низ нив веќе излегуваа и последните соборџии (подвлекол ВД); некои мамурлии, некои сè уште во сонот

на клепките (Донев 1992: 63),Дворот на манастирот и полјанката над него беа претесни да ги соберат соборџиите (подвлекол ВД) (Донев 1992: 18), Игуменот остана сам во својата ќелија. До него не допираше ни врева на соборџиите (подвлекол ВД), ни гласот на зурлите и тапаните (Донев 1992: 43) : **собор***m* sabor, zbor...3. (празник на манастир, црква и сл.; народна веселба) собор на селото sabor sela; ишле на свадби и собори išli su na svadbe i sabore (Конески 1966: 253).

Освен овој дијалектизам, кај именките е нотиран и дијалектизмот *осарник* 'гнездо на оси' образуван со суфиксот *-ник*, сп. Мислев дека веќе сте чуле за тоа, па дојдов да ве предупредам да не удирате предвреме по осарникот (подвлекол ВД), зашто можете само да ги разлутите осите и да им дадете на знаење дека треба да бидат внимателни (Донев 1992: 114) : **оса***f* 1. *zool.* (Vespa) osa, os, zolja; (fraz.) голи боси, како оси каже се за razbojnike, koji su goli i bosi a napadaju kako zolje; лут како оса ljutit kao zolja; се собрале како оси на мед nakupili se ljudi ko na čudo. 2. (fig.) ljutito čeljade (obično za ženu) (Конески 1965: 83).

Кај именките е нотиран и дијалектизмот стрволија образуван со суфиксот *-лија* по потекло, исто така, од турскиот јазик, сп. Еднаш кога имаше пет години во манастирот дојде една жена му донесе некакви стрволии (подвлекол ВД), шеќерчиња, фанела, чорапи и... долго, долго разговараше со игуменот (Донев 1992: 41) : стрв*f* 1. (само едн. – парче животинско месо што се става како мамка при ловење; труп на животно) strv, strvina; волкот ја помириса стрвта и избега vuk je pomirisao strvinu i pobegao. 2. (fig.) proždrljivost, halapljivost, lakomost, grablivost; со волча стрв vučjom proždrljivošću (Конески 1966: 333).

Кај глаголите се регистрирани дијалектизми образувани со суфиксите *-и* и *-ува.*

Со суфиксот *-и* од именска основа е образуван дијалектизмот мисири, се, сп. – Има да играш вечерва, како никогаш досега, да знаеш! Нема да те оставам настрана да ми се мисириш (подвлекол ВД), па не знам што да биде! (Донев 1992: 19) : мисир*m* ćuran. 1. *zool.* (Maleagris gallopavo)...(Конески 1961: 416);

Од именска основа со суфиксот *-ува* е образуван дијалектизмот домаќинува, сп. Три години што ги домаќинував (подвлекол ВД) со него, ми се повеќе отколку да живеам со некого сто години, а да не го сакам (Донев 1992: 16) : домаќинт (1. стопан на куќа. 2. чесен, угледен човек. 3. службеник за набавки и сл.) domaćin (Конески 1961: 148).

Дијалектизми при зборообразувањето се забележани кај глаголите со префиксите из- и с-.

Со суфиксот из- (ис- пред безвучна согласка) е образуван дијалектизмот искреска, сп. Некаква ноќна птица се обиде да влезе во пештерата. Но, кога го виде огнот и човекот седнат до него, искреска (подвлекол ВД) исплашено и одлета назад (Донев 1992: 60) : креска *impf* (издава кресок) kreštati (Конески 1961: 364).

Со суфиксот с-е образуван дијалектизмот сврати со разновидностите свратува и свраќа, сп. Во овој дел од планината никогаш не беше свратил (подвлекол ВД), а можеби

беше отишол далеку, та сега и дрвјата, и карпите, и пољанките му изгледаа сосем непознати (Донев 1992: 38). А за човекот со големи дланки, со бакарно, испечено лице и со топол и благ поглед, кој често, штрекнувајќи се во сонот, ќе го најдеше седнат заедно со игуменот крај својата постела, старецот му објаснуваше дека е ловец и случајно свратил (подвлекол ВД) во манастирот за да си поприкажуваат (Донев 1992: 42): врати*pf* I vratiti. 1. (прати назад) го врати писмото vratio je pismo. 2. (дава обратно нешто порано добиено) ми ги врати парите vratio mi je novac. II – cevratiti se; (fraz.) да ти се врати upotrebljava se kao odgovor na dobre želje (Конески 1961: 81); Селаните преку целиот ден свратуваа (подвлекол ВД) во неговиот двор, го тешеа, но за сите нивни утехи и молби, и срцето и ушите му беа глуви (Донев 1992: 74). Освен дрварите, по некој козар или овчар, или пак некој селанец, кој носеше нешто ветено за здравје на манастирот, никој друг не свратуваше (подвлекол ВД) (Донев 1992: 10), Секој што имаше коњ или магаре свратуваше (подвлекол ВД) кај него (Донев 1992: 55); Беше свикнал на неканети и неочекувани гости, зашто тука минеше дрварскиот пат, па дрварите во секое време на денот и ноќта свраќаа (подвлекол ВД) кај него (Донев 1992: 88) : враќа *impf* I vraćati. II – cevraćatise (Конески 1961: 82).

Освен тоа, кај глаголите е регистриран префиксно-суфиксниот дијалектизам одембели, се, сп. – Па и време е да преземеме некоја поголема акција, се одембеливме (подвлекол ВД) клечејќи само во заседа и крај огништето! - се замеша и Ташо (Донев 1992: 142) : дембел *m* 1. (razg.) dembel, lenljivac, lenština. 2. trut (Конески 1961: 133).

Кај прилозите е нотиран дијалектизмот поочи 'свртен со очите кон земјата' образувани со префиксот по-, сп. Лежеше поочи (подвлекол ВД) крај гламјите и липаше (Донев 1992: 74), И, едниот од нив само што не го беше зграпчил и тоа, на десетина чекори пред работ на шумата, кога од лескавата грмушка пред бегалецот и гонителите одекна пукот и гавазот падна поочи (подвлекол ВД) врз полуисушените капини (Донев 1992: 122) : очи *pl* od око (Конески 1965: 118).

Највпечатливи се дијалектизмите на лексичко-семантички план, меѓу кои не постои реска граница, според рамништето, на кое тие се јавуваат. Дел од нив се нотирани како дијалектизми во Речникот (Конески 1961–1966), меѓутоа, некои од нив во романот се забележани со поинакви значења, а некои дијалектизми воопшто не се забележани во Речникот, сп.

ајљак 'незафатен, слободен': Тој имаше работа само кога десетината воденици подолу од неговата ќе беа преполнети, па некој од селаните мораше да дојде и до него, одејќи од една до друга и барајќи "ајљак" (подвлекол ВД) воденичар (Донев 1992: 88) : ајлак*m* (arh.) ajluk, plata (Конески 1961: 7);

ареса: Ако најдеш момче што ќе ти се ареса (подвлекол ВД) и кое ќе сака веднаш да те одведе дома, појди (Донев 1992: 11) : ареса *pf* (dijal.) I begenisati. II – cebegenisati se, dopasti se, svideti (Конески 1961: 14);

башак 'плод од пченка': Крстарејќи по планините, малата чета на Доријата сама си ја обезбедуваше храната... Понекогаш печени или варени компири, млади пченкарни башаци (подвлекол ВД), печурки, полжави, пиперки и кро-

мид, качамак, а понекогаш, кога ќе им се насмееше среќата да убијат и некој дивеч, ќе се наредеа околу огнот и ќе се гостеа со печено месо (Донев 1992: 109–110);

бујос ’лудост‘: Мислите јас од бујосот (подвлекол ВД) сум дошол да самувам во оваа колиба? Не можев долу да ги гледам нивните зулуми (Донев 1992: 91) : бујност *ƒ* 1. bujnost. 2. plahovitost, vatrenost (Конески 1961: 49);

двоткалка ’двоколка‘: А колкава тежина можеше да носи една дотраена мала двоткалка (подвлекол ВД), која собираше одвај десетина снопје јачмен (Донев 1992: 87), И кога превезуваа за себе, тие одеа во подножјето на планината и таму, кај Ташл’кот, уште пред изгрев со тешките варии удираа по големите камења, ги кршеа и ги товареа двоткалките (подвлекол ВД) (Донев 1992: 87) : двоколка*ƒ* dvokolice (Конески 1961: 129);

дума: – Уф, уф, ама си го рекол убаво тој дума (подвлекол ВД), побратиме! – задоволно се насмвна Турчинот, а потоа со сосем сериозно лице додаде: – Ете, бе, Шенко, мој вера е, ама многу се срамам јас место него за оној работи што правил и прави и на рајата и на момите во аремот (Донев 1992: 139), Сечи малку думите (подвлекол ВД), море домус! (Донев 1992: 56) : дума*ƒ* (dijal.) 1. misao. 2. reč (Конески 1961: 158);

ѓибердиса ’пцовиса, цркне‘: – Ајде, кажи сега, побратиме; уште ли сомневаше на окото на Амеда, а? Не си гледал како сум кутнал на првото гаваз? А оној второто ѓибердиса (подвлекол ВД) во ендекот! (Донев 1992: 123);

качак ’ситно исечкан тутун за пушење‘: Доријата седеше потпрен на една бука и со големата кама го додробуваше последниот грст тутун. Откако го здроби и последниот лист, го протри меѓу големите дланки купот качак (подвлекол ВД) пред себе и го собра во кожното ќесе (Донев 1992: 107) : качак -ци *m* (arh.) 1. kačak, odmetnik. 2. krijumčareni duvan (Конески 1961: 325);
оттакне ’отвори‘: Старото црно вино како да му ја оттакна (подвлекол ВД) душата и од коравите усни на одметникот потече песна (Донев 1992: 125);

п о г а з н и ц а ’ п о д о п а ш н и к , подопашница‘: Куциот без збор се упати кон маската. И ја пристегна погазницата (подвлекол ВД) и попрагот, си ги дотера праштите според нозете и ја доведе (Донев 1992: 129);

ралуб ’дупка, шуплина во стебло‘: Пред три дена од ралубот (подвлекол ВД) на големата бука кај Ризова Чешма ја извади пораката и оттогаш – око не склопи, леб не касна, само мислеше на средбата со Шенко што му дојде како нарачана (Донев 1992: 126).

сулендар: Зиме, пак, кога ќе се смрзнеше водата, тука висеа и по неколку метри долги сулендари (подвлекол ВД) и правеа висока и дебела ледена завеса (Донев 1992: 1319 : сулиндар – дри *m* (dijal.) v. сулинар 2 (Конески 1966: 344), сулинар *m* (dijal.) 1. čunak za preć, v. ќунк. 2. mosur, ledenica, visuljak (leda), v. мразулец (Конески 1966: 344);

тадева ’тука‘: – Непредвидени работи ме спречија да ти се јавам, – го пресече Шенко. – А и не бев тадева (подвлекол ВД)... (Донев 1992: 127); и

чогланест ’глуждовит‘: Со несигурни чекори се упати кон стариот јавор, во чијашто близина се виеше орото. Кога се потре на неговото оголено чогланесто

(подвлекол ВД) тело, којзнае зошто погледна кон конакот (Донев 1992: 30).

Врз основа на изложениот материјал може да се констатира дека дел од употребените лексеми во романот се означени како дијалектизми во Речникот (Конески 1961–1966), сп. ареса, дума и сулендар, односно како архаизми, сп. ајљак и качак.

За одбележување е фактот што во романот се среќаваат низа зборообразувања што не се регистрирани во Речникот, сп. домаќинува, искреска, мисири, се, одембели, се, осарник, поочи, сврати со разновидностите свратува и свраќа, соборџија и стрволија.

Особена драгоценост за збогатувањето на македонскиот стандарден јазик претставуваат употребените лексеми во романот што не се нотирани во Речникот, сп. башак 'плод од пченка', бујос 'лудост', двотркалка 'двоколка', ѓибердиса 'пцовиса, цркне', оттакне 'отвори', погазница' подопашник, подопашница', ралуб 'дупка, шуплина во стебло', тадева 'тука' и чогланест 'глуждовит'.

Треба да нагласиме дека во времето на објавувањето на романот Манастирски звона, писателите во Македонија, следствено и писателот Киро Донев, можеа да го користат единствено речничкото богатство на македонскиот јазик публикувано во тритомниот Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања. Оттука се забележува дека во Толковниот речник на македонскиот јазик има извесни промени во однос на застапеноста и на толкувањата на регистрираните дијалектизми во романот, наспрма нотираните и протолкуваните дијалектизми во тритомниот Речник.

Имено, во Толковниот речник се нотирани и се протолкувани следните дијалектизми или нивните варијанти, сп.

а) на фонетски план: варија : варја, мн. варки ж. Железен или дрвен алат во облик на чекан со кој се чука, кова или набива; голем чекан (Конески 2003: 212), кокачка : кукачка², мн. кукачки ж. Лен или сено сложено на купче (Конески 2005: 661), нас'ска : насаска, насаскаат св. 1. Обично за куче – даде наредба за напад. 2. (прен., разг.) Подбуцне да нападне некого (Конески 2006: 285), прашта : праќица, мн. праќици ж. Дел од јаже на самарот што се наоѓа од едната и од другата страна и служи за товарење или наместо узенгии (Конески 2008: 433) и ронка : рони, ронат несв. 1. Одделува зрна од пченка, од класје и др. 2. Троши нешто на ситни парченца (леб, лисја и сл.). 3. За вода – поткопува, разорува, урива дел по дел. 4. (прен.) За солзи – плаче ○ ~ 1. Паѓа едно по друго, последователно (зрна, лисје, цут сл.). 2. Се троши на ситни парчиња. 3. Се поткопува, се разорува, се урива дел по дел (Конески 2008: 256–257);

б) на морфолошки план: заода : заод (само едн.) м. 1. сп. залез 1. 2. сп. залез 3, односно заодба (само едн.) ж. (народ. поез.) в. заод (Конески 2005: 108);

в) на зборообразувачки план: осарник : осарник, мн. осарници м. 1. Гнездо на оси. 2. (прен.) Опасно место, легло на разбојници, на лоши луѓе (Конески 2006: 557) и сврати : сврати, свратат св. Наврати, намине накратко ‖ свраќа, свраќаат несв. (Конески 2011: 323), а отсуствуваат дијалектизмите: домаќинува, искреска, мисири, се, одембели, се, поочи, свратува, соборџија и стрволија;

г) на лексички план: ајљак 'незафатен, слободен': ајлак, мн. ајла-

ци м. (арх.) Месечна плата, доход (Конески 2003: 19), ареса : ареса, аресат св. (дијал.) Почувствува симпатија кон некого, кон нешто. ○ се – Ми (ти, му...) се допадне, ми (ти, му...) се свиде (Конески 2003: 56), буjос 'лудост': буjност ж. (Конески 2003: 192–192), двоткалка 'двоколка': двоколка, мн. двоколки ж. Запрежна кола, кочија на две колца, на две тркала (Конески 2003: 404), дума : дума, мн., думи ж. 1. (дијал.) Збор. 2. (само едн.) Парламентот во Русија (Конески 2003: 556), качак 'ситно исечкан тутун за пушење': качак, мн. качаци м. 1. (арх.) Одметник од власта и од законот; разбојник. 2. а) Шверцувана стока, најчесто тутун. б) (разг.) Лош, суров, непреработен тутун (Конески 2005: 499–500), погазница'подопашник, подопашница' : подгазница, мн. подгазници ж. Ремен на самарот што го држи да не оди напред (Конески 2008: 158) и сулендар : сулиндар, мн. сулиндрим. (дијал.) сп.сулинар 2. Мразулец (Конески 2011: 612), а отсуствуваат дијалектизмите: башак 'плод од пченка', ќибердиса 'пцовиса, цркне', оттакне 'отвори', ралуб 'дупка, шуплина во стебло', тадева 'тука' и чогланест 'глуждовит'.

Освен апелативите што ја маркираат дијалектната основа на писателот, односно родниот струмички говор на Киро Донев, топонимијата открива дека настаните во романот се случуваат во југоисточна Македонија, за што најдобро сведочат топонимите: градот Струмица; селата – Банско, Габрово и Моноблат (<Моноспитовско Блато = Моноспитово); планините – Беласица и Огражден; и микротопонимите – */Големо/ Мочуриште* (= Моноспитовско Блато), Кукударот, Момина Полјана, Ризова Чешма, Синатa Скала, Синиџа Бања и Ташл'кот.

Приведените топоними ќе ги илустрираме во контексти со што ќе му дадеме автентичност на исказот.

Банско е село во Струмичко, РС Македонија, во северното подножје на планината Беласица. Според последниот попис на населението на Македонија од 2002 година, селото има 1.992 жители. Источно од селото избиваат извори со топла минерална вода (72,5°C). Како лековита бања ја користеле уште Римјаните, за што постои сочуван бањски објект. Тука се изградени современи објекти за престој и лекување, а топлата вода се користи и за оранжериско производство (Маринковиќ, Ќорвезироски и др. 1990, 1: 37), сп. Некаде во длабочината на Беласица, над селата Банско (подвлекол ВД) и Габрово, меѓу костеновите и оревовите дрвја, столетните дабови и буки, се наоѓаше манастирот "Св. Илија" (Донев 1992: 9), Од Банско (подвлекол ВД), што беше во самото подножје на планината, сокриено во лесковите и еловите кории, за окото беа видливи само двете големи џамии (Донев 1992: 10), Парашка само двапати отиде на селската чешма и веќе цело село зборуваше само за тоа: како Ленка ја одбрал Бељал-бег од Банско (подвлекол ВД) за својот харем, но таа, ете, како земјата да ја проголта. Отишла, на собор во манастирот и – не се вратила (Донев 1992: 57), Некој го зеде подрака ковачот и го поведе кон дома. Неговите тројца синови уште пред да се чуе гласот на камбаната, одјаваа кон Банско (подвлекол ВД), решени да не се вратат живи додека не му го извадат и другото око на убиецот (Донев 1992: 72), Да бил будало Куцото Амед, ќе го седел со оние ајван во Банско (подвлекол ВД) и ќе служел на бегот, ќе тепал на рајата ...

(Донев 1992: 116).

Беласица е планина во крајниот југоисточен дел на РС Македонија, на тромеѓата меѓу РС Македонија, Грција и Бугарија. Највисок врв е Поле, 1.874 метри. Се протега во правец запад-исток меѓу Струмичката Котлина на север и Дојранската и Серската Котлина на југ (Маринковиќ, Ќорвезироски и др. 1990, 1: 42), сп. Некаде во длабочината на Беласица (подвлекол ВД), над селата Банско и Габрово, меѓу костеновите и оревовите дрвја, столетните дабови и буки, се наоѓаше манастирот "Св. Илија" (Донев 1992: 9), Оттаму се гледаа речиси сите села во долината меѓу Беласица (подвлекол ВД) и Огражден (Донев 1992: 10). Токму за тој ден и за таа ноќ, кои како да траеја само миг, живееја и старите и младите од сите села во котлината под Беласица (подвлекол ВД) и Огражден (Донев 1992: 10), –Не ми е добро… –изусти Ленка и отскита со погледот некаде над врвовите на Беласица (подвлекол ВД), над кои постепено се губеше линијата меѓу небото и Земјата (Донев 1992: 13), О, колку би била среќна, кога место во харемот на стариот бег, би останала секогаш со овој млад божји слуга, овде, или во која и да е друга дупка, макар и под земја, макар и во пеколот со него, само што подалеку од сарајот на злогласниот бег за кого се ширеа толку страшни приказни меѓу луѓето од селата меѓу Беласица (подвлекол ВД) и Огражден! (Донев 1992: 48), Нејзините браќа откако ги прокрстарија сите села во котлината и во подножјето на Беласица (подвлекол ВД) и Огражден, почнаа да се распрашуваат и во градот (Донев 1992: 71), Некаде околу полноќ, можеби во истиот оној миг, кога несреќниот ковач ја чу радосната вест за својата исчезната ќерка, неговите синови стасаа пред воденицата на дедо Пизул, најдалечна и најскришна во пазувите на Беласица (подвлекол ВД) (Донев 1992: 88), Додека вечераа, стариот воденичар, јатак и единствена врска на комитите, им објаснуваше како да ја пронајдат четата на војводата Ристо Доријата која крстареше по Беласица (подвлекол ВД) (Донев 1992: 94), Ристо Доријата долго време беше овчар. Со своето големо стадо со години живееше по бачилата на врвот на Беласица_(подвлекол ВД) и ретко, многу ретко, слегуваше во селото (Донев 1992: 96), Со нивното доаѓање, четата на Доријата, од дваесет и седум, порасна на триесет комити, не сметајќи го Шенко, кој самиот си беше и чета, и војвода во тој дел од Беласица (подвлекол ВД) (Донев 1992: 97),Му го покажа на војводата и сакаше уште веднаш да се искачи кај него и да го убие. Но, Доријата, кој најубавите години од животот ги беше минал со стадото по полјаните и бачилата на Беласица (подвлекол ВД), поинаку мислеше (Донев 1992: 99), Дури и во првите септември ски денови, во раните утрински часови, воздишките на Беласица (подвлекол ВД) го тераат човека да се наежи од студ (Донев 1992: 100), Причината што го донесе за првпат меѓу нив овој човек-легенда, осамен одмаздник од Беласица (подвлекол ВД), требаше да ја дознаат секој миг, та затоа и сосем заборавија на вечерата (Донев 1992: 111), – Алах не чувал на Амед кога требало, а сега можам и сам да чувам! – рече Куциот и ја потера маската угоре по патеката што водеше кон самиот врв на Беласица (подвлекол ВД) (Донев 1992: 129),Уште еднаш громко се огласија манастирските ѕвона, горе, во кадифено

зелените пазуви на Беласица (подвлекол ВД) (Донев 1992: 155).

Габрово се наоѓа во Струмичко Поле, во југоисточниот дел на РС Македонија. Од најблискиот град Струмица е оддалечено 15,5 километри. Надморската височина во селото е 300 метри а површината на селото изнесува 1.883 хектари. Според последниот попис на населението на Македонија од 2002 година, селото има 399 жители[38], сп. Некаде во длабочината на Беласица, над селата Банско и Габрово (подвлекол ВД), меѓу костеновите и оревови дрвја, столетни дабови и буки, се наоѓаше манастирот "Св. Илија" (Донев 1992: 9).

Големо Мочуриште, чијшто назив е од писателот, се однесува на Моноспитовското Блато, коешто се наоѓа десетина километри североисточно од Струмица, во долината на Стара Река која заедно со Струма и реката Турија се разлива низ Струмичката Котлина. Се претпоставува дека блатото е остаток од некогашното големо езеро коешто настанало пред дваесет милиони години во време кога се формирало егејското копно, а подоцна истекло кон Егејското Море. Блатото се наоѓа на надморска височина од 240 метри и со својата богата флора и фауна е единствената блатна површина во Македонија. Во минатото, блатото имало површина од околу 5 илјади хектари, а сега познатиот ѓол едвај се простира на 400 хектари[39], сп. Кога го напуштија патот што се извиваше крај Големото Мочуриште (подвлекол ВД) и навлегуваше во густиот орман, дебелата Нада ѝ дофрли: - Ти, Ленче, како да одиш на погреб, а не на собор! (Донев 1992: 12), Кај мене, во Мочуриштето? - ги ококори уште повеќе очите чуварот на Големото Мочуриште (подвлекол ВД) (Донев 1992: 143), Шенко и Димитрие уште пред изгрејсонце беа во колибата на Геро, некаде во средината на Големото Мочуриште (подвлекол ВД) (Донев 1992: 148), односно Мочуриште, сп. - Глигор, води некого! - рече еден од комитите, свртувајќи им го вниманието на таа страна. - Геро, чуварот од Мучуриштето!_(подвлекол ВД) (Донев 1992: 142), Кај мене, во Мочуриштето? (подвлекол ВД) - ги ококори уште повеќе очите чуварот на Големото Мочуриште (Донев 1992: 143), Кога ќе нападнеме, војводо? - Гледај кон Мочуриштето (подвлекол ВД). Кога ќе видиш чад, тогаш. (Донев 1992: 148).

Кукударот е месност во планината, во атарот на Банско, на источната страна од селото, сп. Брзаше така нешто повеќе од половина час. И, кога се најде на местото наречено Кукударот (подвлекол ВД), застана и се спушти врз папратот, потпирајќи го грбот до една столетна бука (Донев 1992: 137),

Момина Полјана е месност, којашто се наоѓа над ридот Думовец на Беласица, каде што биле убиени две моми. Над полјаната, којашто се наоѓа меѓу Габрово и Банско, има и два гроба[40], сп. Воденицата ја напуштија пред да пукне зората. По дрварскиот пат

38 Габрово (Струмичко). Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Габрово_(Струмичко)>пристапено на: 29.7.2020.

39 Моноспитовско Блато. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Моноспитовско_Блато>пристапено на: 29.7.2020.

40 Габрово (Струмичко). Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Габрово_(Струмичко)>пристапено на: 29.7.2020.

одеа сè до Момина Полјана (подвлекол ВД) (Донев 1992: 95).

Моноблат, чијшто назив е сложенка на писателот, е изведен од Моноспитовско Блато, а се однесува на Моноспитово, коешто се наоѓа во југоисточниот дел на РС Македонија, во средишниот дел на Струмичката Котлина. Од најблискиот град Струмица, Моноспитово е оддалечено 11 километри. Надморската височина во селото е 208 метри, а зафаќа површина од 9,5 км^2. Селото е познато по Моноспитовското Блато, коешто се наоѓа во негова близина. Според последниот попис на населението на Македонија од 2002 година, селото има 1.803 жители[41], сп. Секоја, па и најголемата тајна, што ќе допреше до ушите, или очите на Парашка, веќе по два дена ја знаеја не само жителите на Моноблат (подвлекол ВД), туку и врапците по полето (Донев 1992: 57), – Од каде сте, деца? – праша старецот седнувајќи. – Од Моноблат (подвлекол ВД), дедо, – му одговори Глигор (Донев 1992: 89), – Браќа сте!? – се зачуди комитата. – Вие ќе бидете првата тројка во четата. Од каде сте? – Од Моноблат (подвлекол ВД). – Од селото на војводата?! Уф, ама ќе се израдува стариот! (Донев 1992: 96), – Браќа, – почна Шенко, – Бељал-бег решил да гради кула во близина на Моноблат (подвлекол ВД) (Донев 1992: 112).

Огражден е планина во Македонија и Пиринска Македонија (денес во Бугарија). Се наоѓа во југоисточниот дел на РС Македонија, северно од планината Беласица, североисточно од Струмица и северозападно од Петрич. Највисок врв на Огражден е Огрaденец, висок 1.744 метри, кој се наоѓа во РС Македонија[42], сп. Оттаму се гледаа речиси сите села во долината меѓу Беласица и Огражден (подвлекол – ВД) (Донев 1992: 10), Токму за тој ден и за таа ноќ, кои како да траеја само миг, живееја и старите и младите од сите села во котлината под Беласица и Огражден (подвлекол ВД) (Донев 1992: 10), О, колку би била среќна, кога место во харемот на стариот бег, би останала секогаш со овој млад божји слуга, овде, или во која да е друга дупка, макар и под земја, макар и во пеколот со него, само што подалеку од сарајот на злогласниот бег за кого се ширеа толку страшни приказни меѓу луѓето од селата меѓу Беласица и Огражден! (подвлекол ВД) (Донев 1992: 48), Нејзините браќа откако ги прокрстарија сите села во котлината и во подножјето на Беласица и Огражден (подвлекол ВД), почнаа да се распрашуваат и во градот (Донев 1992: 71), – Аха... Малкумина од вашите доаѓаа овде по дрва. Зарем не ви е поблиску Огражден? (подвлекол ВД) (Донев 1992: 89), Ленка и Илија ќе останат со Амед во колибата, сè дури утредента не се вратат тој и Димитрие. А приквечерта, ќе дојде нов човек со два коња кој ќе ги однесе до едно село на Огражден (подвлекол ВД) и таму ќе останат сè додека не добијат друг абер од него, зашто од таа страна на котлината, горе во селото на Огражден (подвлекол ВД) не доаѓаат луѓето на Бељал-бег (Донев 1992: 147), Нивниот глас допре и до селата начичкани од спротива, до падините на

41 Моноспитово. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Моноспитово>пристапено на: 30.7.2020.

42 Огражден. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Огражден>пристапено на: 30.7.2020.

Ограден (подвлекол ВД) (Донев 2001: 155).

Ризова Чешма се наоѓа на Беласица, во атарот на Банско, на источната страна од селото, сп. Пред три дена од ралубот на големата бука кај Ризова Чешма (подвлекол ВД) ја извади пораката и оттогаш – око не склопи, леб не касна, само мислеше на средбата со Шенко, којашто му дојде како нарачана (Донев 1992: 126).

Сината Скала е месност во планината, во атарот на Банско, на источната страна од селото, сп. Во недела, на изгрев, чекај ме кај Сината Скала! (подвлекол ВД) Доведи и една од маските! Другото по договор. Внимавај да не те следи некој!... (Донев 1992: 126), Месечината беше единствениот сведок што можеше да потврди кога стигна човекот со маската кај Сината Скала (подвлекол ВД), зашто само таа ги следеше по целиот пат од манастирот до оваа карпа – дом на сури орли и врв на понорот, чиешто дно беше невидливо за човечкото око од толкава височина (Донев 1992: 126).

Синица Бања се наоѓа во атарот на Банско, на источната страна од селото. Во делата на Хаџи Калфа и Евлија Челебија се споменува панаѓур што се одржувал секоја година во месец август. Имено, „близу (до Струмица) се шири едно широко поле низ кое тече река со многубројни воденици. Во август овде се одржува славниот панаѓур, кој се вика Тујан и на кој доаѓа многуброен свет од сите страни. Топлата бања Тулјан, исто така е во Струмичкиот кадилук, близу до самата Струмица и до градот. Еднаш годишно (т.е. во август б. н.) овде се собираат жителите од околните предели и во текот на две седмици вршат значителни трговски работи. Под брегот извираат многубројни врели, а понекаде и ладни извори. Во бањата, под камениот свод, тече вода од три чешмурки во една бања. Оваа вода е толку врела што во неа, за миг може јајце да се свари. Затоа, за капење, таа мора да се меша со ладна вода“[43], сп. – Каде е стариот? Да не ме бараше? – Не... Слезе долу до Синица Бања (подвлекол ВД), на пазар е... (Донев 1992: 64), – Старецот не го најдов...Утрово заминал на пазар, во Синица Бања (подвлекол ВД) (Донев 1992: 65), – Така е, Амеде, ама... – Јок, ама! Каде е Синица Бања (подвлекол ВД), ехееej – џенем! (Донев 1992: 116), Синица Бања (подвлекол ВД) вриеше од продавачи, препродавачи и купувачи (Донев 1992: 120), Секоја сабота на пазарот во Синица Бања (подвлекол ВД) доаѓаа богати Турци, луѓе од харемите на беговите и агите и тие им ги полнеа дисаѓите со златници на алчните трговци, кои поради сигурност, си водеа со себе по еден или двајца гавази да ги бранат од друмските разбојници или од комитите (Донев 1992: 120).

Струмица е град во југоисточниот дел на Македонија, во северозападниот дел на Струмичкото Поле. Градот постоел уште во античко време под името *Pontos*, подоцна *Tiveriopolis*. Познати се и имиња на блиски населби *Добер* и *Аст̄раион*. Некои научници називот Астраион го поврзуваат со називот Струмица. Првпат е забележан градот во формите Strumnitza и Strumnitzi во 1019 година. – Од хидронимот Струма + *-ица*>Струмица, грч. *Στρύμων*. Името е

43 Банско. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Банско>пристапено на: 30.7.2020.

сочувано од тракиско, предримско време. Во основата е исчезнатиот апелатив *struma* 'река', сочувано во буг. струма 'исто' (Дрвошанов 2016: 90), сп. Ни во Струмица (подвлекол ВД) никој ништо не знаеше да им каже (Донев 1992: 71), – И јас сум слушал за тебе, војводо! – побрза да се пофали Димитрие. – Во селото пред една година се разнесе глас дека те убиле Турците во Струмица (подвлекол ВД) (Донев 1992: 96), Како и секогаш и во тој саботен ден, на пазарот беа дошле трговци не само од Струмица (подвлекол ВД), ами и од Радовишко, Штипско и од којзнае каде (Донев 1992: 120)

Ташл'кот е месност во атарот на Банско во подножјето на планината, сп. Камен каков што беше потребен за изградба на кулата, во близина на селото – немаше. И кога превезуваа за себе, тие одеа во подножјето на планината и таму, кај Ташл'кот (подвлекол ВД), уште пред изгрев со тешките варии удираа по големите камења, ги кршеа и ги товареа двоткалките (Донев 1992: 87).

Приведените примери во контексти се роднокрајните маркери во романот *Манастирски звона* на писателот Киро Донев.

Пред самиот крај на овој напис, помеѓу другото, ќе истакнеме две работи што го карактеризираат разгледуваниот роман. Првенствено, тоа е апелативната лексика, што ја маркира дијалектната база на писателот, односно родниот струмички говор на Киро Донев. Притоа, накратко ќе нагласиме дека дел од дијалектизмите застапени во романот Манастирски звона на зборообразувачки и на лексичко-семантички план, со оглед на фактот што не се регистрирани во лексикографските трудови или не се протолкувани со евидентираните значења, можат да се сметаат за јазични подновувања. Тие ја потврдуваат мислата на Крсте Мисирков дека македонскиот стандарден јазик постојано треба да збогатува од сите народни говори, во случајот од струмичкиот говор, затоа што говорите претставуваат непресушни извори на македонскиот стандарден јазик.

Освен апелативната лексика, што ја маркира дијалектната основа на писателот, односно родниот струмички говор на Киро Донев, приведените топоними со својата константност, илустрирани во контексти, откриваат дека настаните во романот се случуваат во југоисточна Македонија, коишто, на своевиден начин, му даваат автентичност на исказот, маркирајќи го, исто така, родниот крај на писателот Киро Донев.

Литература

Димовски, Јаневски 2017. Петре Димовски, Трајко Јаневски (составувачи). Македонски писатели. Скопје: Друштво на писателите на Македонија.

Дрвошанов 2016. Васил Дрвошанов. Спевот Јаска на Методија Ст. Тошевски. Скопје: Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија–СЗПМ и Здружение на пензионерите–Ѓорче Петров.

Конески 1961–1966. Блаже Конески (ред.). Речник на македонскиот јазик со *српскохрватски толкувања* I–III. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Конески 1995. Кирил Конески. *Зборообразувањето во современиот македонски јазик*. Скопје: Бона.

Конески 1999. Кирил Конески. *Правописен речник на македонскиот литературен јазик*. Скопје: Просветно дело.

Конески 2003–2014. Кирил Конески (гл. ред.). *Толковен речник на македонскиот јазик* I–VI. Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков".

Маринковиќ, Ќорвезироски и др. 1990. Славко Маринковиќ, Здравко Ќорвезироски и др. (ред.). Македонска енциклопедија за деца 1–5. Скопје: Детска радост.

Банско. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Банско >пристапено на: 30.7.2020.

Габрово (Струмичко). Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org /wiki/Габрово (Струмичко)>пристапено на: 29.7.2020.

Моноспитово. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Моноспитово>пристапено на: 30.7.2020.

Моноспитовско Блато. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org /wiki/Моноспитовско_Блато>пристапено на: 29.7.2020.

Ограден. Википедија – слободна енциклопедија. <mk.wikipedia.org/wiki/Ограден>пристапено на: 30.7.2020.

Извор

Донев 1992. Киро Донев. Манастирски звона. Скопје: Наша книга.

Сузана МИЦЕВА

КОН РОМАНОТ „ТРАМОНТАНА“ ИЛИ „ВЕТРИШТАТА НА (СЕБЕ) ПРОЧИСТУВАЊЕТО“

„Жената мора да има пари и сопствена соба, доколку сака да пишува фикција“, ќе рече Вирџинија Вулф. Оваа мисла, која е своевиден феминистички слоган, не е далеку од вистината за општествената „вклештеност“ во која се наоѓаат и денешните жени-авторки. Разликата е во тоа што тие денеска мора да прават дополнителни компромиси и да дадат уште „жртви“ за воопшто да пишуваат. Сепак, освен егзистенцијалните предуслови, би се рекло, честопати токму во неволјите се крие благословот на жените-авторки. Тие не мора посебно да талкаат, да патуваат или медитираат за да ги родат своите теми. Треба само да се свртат и да погледнат во и околу себе и ете ги: свежи, необременети со веќе читани дијалози, со блуткави прикаски што не задираат подалеку од фасадата на ликовите.

Како што се изјасни Померанцев:„ Незадоволен сум со бучењето на машините на литературата, со едноличноста на темите, со патетичноста на студените стихови. Мене ми требаат повеќе сериозни и топли книги.“ И не само на критичарите, туку и на читателите не им е дојдено до тегави и тешко сварливи творечки изблици. Тие сакаат сочно и добро подготвено четиво. И малку, ако воопшто им е важно кој е авторот и какво е оправдувањето за добриот/лошиот роман. А, дебитанстскиот роман „Трамонтана“ на Сарџоска е токму по таа мерка. Сериозна, дури строго прецизна во отвореноста на најинтимните теми. Низ двата женски лика Алма и Алба го гледаме вечниот човеков обид да се заштити од болка. Тој Сизифов потфат да го истуркате каменот тегмота без тој да ве сомеле враќајќи се назад, е совршен начин да станете ранливи. Тоа е моментот кога спознавате дека не сте отпорни на болка, таа е осознаена, измерена, ѝ се бара лек. Се градат ѕидови, се завиткувате во мембрани, се

пуштаат завесите што ќе го заштитат болното месо, кревкото место. Не знам дали има поголема победа на болката над човекот од мигот во кој тој бега од неа. Во тој час таа е веќе победник.

Романот „Трамонтана“ е крик на жената оставена да ја шибаат ветровите на очекувањата, на нејзините должности, но, е и ослободување, врисок што се одбива во карпа и излегува надвор од камењата. Таква е Алма, жената којашто навидум има сè. Таа е идеалот кон којшто се стремат милиони модерни и самосвесни жени. Платена работа, потекло од угледно семејство, загарантирана иднина. Сите предзнаци на успешен живот се позитивни. Освен еден. Длабоко во себе, Алма не знае која е. Таа нема некоја важна цел, точка во којашто се себереализира, ја исполнува својата смисла. Нејзиниот живот не комуницира со нејзинаото внатрешно јас. Под површината, Алма е жена што спие, не е разбудена. Она што таа го прави е речиси на ниво на машина. Добро усвоен план по кој се движи. Алма како да го има синдромот на заспаната убавица. Цел еден свет се придвижува дури таа да се разбуди во новиот век, т.е во Македонија, каде што животот е соголен, каменот го турка човекот, а не обратно. Да е до македонскиот Сизиф, тој би ги пуштил и двајцата да се стрмоглават во бездната. Од друга страна, имаме уште еден женски лик како противтежа-Алба. Таа е прилагодена, совршено вклопена во бесмислата, отпорна на сите Сизифи и камења, скоро обезличена во една корумпирана и дехуманизирана средина. Нејзината улога во романот ја гледаме и како средство со помош на кое треба да се реализира Алма, новата бела мугра во која повторно ќе се роди душата. Но и реципроцитетно, токму Алма ѝ ги отвора перпективите на Алба, дури и се зазема за неа, во нејзино име истерува една мала правда, како совршен пример за женската солидарност. Дејствата географски се движат и во срцето на Европа и во незините периферии. Ја набљудуваме жената во две сосема различни средини. Нејзината борба со наметнатите очекувања, сласта дека ги надмудрува и барем во тајност живее по свои правила. Но, се чини дека не може ниту на тој начин да пронајде среќа. Алма сама за себе ќе рече дека е промискуитетна. Со ваквиот исказ се чини дека таа ги прифаќа нормите наметнати од општеството што го презира. Алба, пак, е во една поинаква атмосфера. Нејзиниот живот е ситно исткаен со нишките на традицијата, таа во кодот ги носи колективните трауми на сите балкански жени пред неа. Зборувајќи сами за себе во прво лице, протагонистиките понираат во своите најскриени мисли. Ова е отворен роман, во него ликовите се сурово искрени, со што се поставуваат нови прашања за нас: Дали си дозволуваме ваква искреност, темелно испрашување самите себеси, какво што се трудат да имаат Алма и Алба?

Двата женски лика говорат за празнотијата, за самотијата, за тишината, за недостатокот на љубов, за стравот од љубов, за тоа колку љубовта е проценета и преценета. И токму кога двете бесмисли ќе се сретнат, кога двете празнини ќе се спојат, се случува тоа прелевање. Кулминација на подносливоста. Дејствата течат и хронолошки, но внатрешните монолози на ликовите прават поврзување со настани од

минатото, вешто се плетат сликите во коишто се родени некои чувства, па се преживуваат во денешницата. Тие психолошки пресеци на ликовите се цврсти, заокружени, мисловни. Можете слободно да застанете на некој од нив, затоа што во вас почнува нов внатрешен монолог. Романот комуницира со читателот. Тоа е првиот впечаток што се добива од читањето. Овој не е лесен роман. Ќе ве раздрма, бидејќи Наташа не прави само поврзување на местата географски, туку и на културите, на искуствата, на мислите, на чувствата. Низ романот гледаме дека тагата, осаменоста и празнотијата се универзални. Тие продираат во вас, ве пронижуваат како Трамонтана без разлика дали сте завиткани во капут на Шанел или обично палто од евтин твид. Без разлика дали пиете скап шампањ во некое отмено кафуле во Париз или сте растени со мирисот на попарена кокошка подготвена во тава со ориз. Тоа е еден ослободувачки момент. И колку и да е малодушно, делува утешно.

Чинот на комуникација на монолозите во романот со монолозите во нас се два дијалога што совршено функционираат. Во моментот кога тие престануваат за некој настан, чувство, сеќавање, душевна состојба, за какво било душевно соголување -продолжуваме да зборуваме за нешто слично. Што ни се случило, што нè натерало да се чувствуваме вака или некако слично. Ова искуство е како да сте на терапија. Во друштво на анонимни жртви или на зависници. Еден ќе ја сподели својата траума, друг продолжува по него. Алма или Алба споделуваа, а вие продолжувате. Ова е таа комуникација, тој процес на самоисцелување преку туѓите, но и препознавањето на своите чувства и искуства. Оти болката е победена кога е прифатена и кога против неа не се бори. Тогаш престанува да се шири кон нов неосвоен простор во човекот.

Блаже Конески ќе рече: „Колку и да е тешко да се даде прецизна и сеопфатна дефиниција на зборот, јасно е дека со тој јазичен елемент се сврзува значење“. Според тоа, Наташа Сарџоска го нашла совршениот збор за именување на насилниот симбол во нејзиното дело. Трамонтаната јури низ романот, се прочистуваат ликовите низ болката што ја искусуваат, низ искуствата што ги споделуваат. Се прочистуваме и ние, оти чуму ни е читањето без исцелувањето?

Славчо КОВИЛОСКИ

КОН КНИГАТА *АВТОРИ И ДЕЛА, VII*

ОД ВАСИЛ ДРВОШАНОВ

Точно две децении трае приказната што Васил Дрвошанов ѝ ја раскажува на македонската читателска публика, а е насловена *Автори и дела*. Во 2001 година се појави првата книга од едицијата „Критика и есеистика“, којашто го носи предзнакот на согледувања на делата на повеќе македонски автори. Така, на страниците на есеистичките и критичките огледи испишани од перото на Васил Дрвошанов ги сретнуваме имињата на научните истражувачи, но и на по некој поет како што се: Стојан Ристески, Максим Каранфиловски, Ѓорѓи Поп-Атанасов, Драги Стефанија, Олга Иванова, Милован Стефановски, Витомир Митевски, Илија Бетински, Славчо Ковилоски, Наум Попески и др. Најчесто, понудените прилози се од областа на јазикот и дијалектологијата, на етнологијата, историјата и публицистиката.

Практиката покажува дека досегашните шест книги на *Автори и дела* претставуваат благороден обид на авторот да даде свое мислење и да афирмира конкретни дела од кои провејува македонството. Самиот Дрвошанов во сите изданија на оваа едиција, во секој од предговорите го потенцира неменливиот карактер на анализираните трудови. Така, тој во своето најново книжевно остварување *Автори и дела, VII* дава образложение за ваквата постапка: „Иако делата што се предмет на опсервација се од повеќе хуманистички дисциплини: лингвистика, книжевност, книжевна историја, фолклористика, историја, културна историја, етнологија и сл., заеднички признак на сите прилози е македонството независно од карактерот на анализираното дело. Под признакот македонство (ВД го потенцира терминот македонство – бел. на СК), ги подразбираме позитивните духовни и интелектуални карактеристики на благородниот Македонец“.

Како што веќе споменавме, по дводеценискатa работа на полето на критиката и есеистиката, ние ја засведочуваме појавата и објавата на седмата книга критички интерпретации на Дрвошанов во којашто се застапени тринаесет прилози објавувани на страниците на периодиката: *Македонски јазик, Славистички студии, Прилози, Просветно дело, Велес* и *Зенит*, но и во зборникот *70 години Институт за фолклор и 50*

ѓодини фолклористичка дејност на Иван Котев и во книгите *Приказни од дното на душата* на Васил Пачемски и *Македонска историска читанка* од Иван Глигоровски. Покрај споменатите Пачемски и Глигоровски, во оваа книга се анализирани уште и делата на: Стојан Ристески, Дијана Петровска, Васил Тоциновски, Максим Каранфиловски, како и трудовите: „Културната мисија на разговорникот Hrvatsko-makedonski razgovorni priručnik (Хрватско-македонски разговорен прирачник)", „Темелни лингвистички и етнолошки проучувања (Голо Брдо: Од материјалите на балканската експедиција на РАН и СПбДУ во 2008–2010 година)", „Потврда за македонско-српските научни врски (Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику / Опсцена и друга колоквијална лексика во српскиот и во македонскиот јазик (зборник трудови)" и „Дијалектолошко дело со трајна научна вредност [Лингвистички атлас на македонските дијалекти (според материјалите на Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА)". Изданијата што се предмет на анализа се објавувани во периодот од 2004 до 2021 година.

Првиот текст во *Автори и дела*, VII се однесува на малата книга *Пред карикатурата: Асоцијации* од проф. д-р Стојан Ристески, со која, според Дрвошанов „сведочи за вистини од нашето поблиско минато" и „со неа се пополнува извесна празнина од нашата културна историја". Со името на Стојан Ристески се врзуваат и текстовите: „Гласот на совеста", по повод неговата книга Јадосувања од 2015 година и „Богата и широка публицистичко-научна дејност" по повод второто и дополнето издание на неговата Библиографија. Разгледувајќи ги двете книги на Стојан Ристески, авторот Васил Дрвошанов укажува на неговиот повеќестран научен придонес на повеќе полиња во македонистиката како учебникар, фолклорист, лингвист, препејувач, литературен творец и неуморен истражувач на македонското минато, на македонската книжевност и култура.

Понатаму, следи текстот „Фолклорот е духовното богатство на македонскиот јазик", кој се однесува на книгата на Иван Котев насловена како: *Мудроста на вековите: Македонски народни поговорки и поговорки од Струмица и Струмичко*, издадена во 2012 година. За неговата долгогодишна посветеност на бележење на македонските народни пословици и поговорки, Дрвошанов ќе утврди дека: „Нема сомнение дека македонските народни пословици и поговорки од Струмица и Струмичко како дел од богатиот фолклор на Македонците од струмичкиот регион, презентирани во импозантното дело *Мудроста на вековите* од пасионираниот паремиолог Иван Котев се духовно богатство на Македонците од тоа подрачје и на сиот македонски народ".

Текстот „Културната мисија на разговорникот" се однесува на Хрватско-македонскиот разговорен прирачник објавен во 2014 година, со воведен дел и во превод на Марија Георгиева - Петриќ. Исчитувајќи ги тематските подрачја, како на пример „Продавници и купување", „Општество", „Здравје и медицинска помош" итн., авторот анализира и заклучува дека всушност, овој Разговорник претставува хрватско-македонско културно премостување на разликите што постојат меѓу хрватскиот и македонскиот јазик. Потенцирајќи дека станува збор за прв труд од таков

вид во хрватската применета лингвистика, се наметнува значењето на ова дело со кое се пополнува извесна празнина во хрватската лексикографија. Слична констатација Дрвошанов изнесува и за еден друг потфат во текстот „Потврда за македонско-српските научни врски“, а кој овојпат се однесува на македонскиот и на српскиот јазик. Овој осврт се однесува на зборникот трудови Опсцена и друга колоквијална лексика у српском и македонском језику / Опсцена и друга колоквијална лексика во српскиот и во македонскиот јазик од 2019 година.

Следува текстот „Дијалектолошки труд со етнолошки признак“ посветен на книгата *Тетовскиот говор – особености и лексика од областа на казанџискиот занает (според искажувањата на еден тетовски казанџија)* (2017) од Дијана Петровска. Предмет на анализа во трудот се фонетско-фонолошките, морфосинтаксичките, лексичките и зборообразувачките особености на тетовскиот говор, којшто е дел од северните македонски говори. Изворниот дијалектолошки труд со етнолошки признак, работен врз свеж теренски дијалектен материјал собран од самата авторка, според Дрвошанов, ги збогатува нашите сознајби за дијалектната лексика од тематското подрачје занаети, поконкретно од казанџискиот занает, а авторката Петровска спасува од заборав дел од богатата македонска професионална лексика.

За нас е мошне интересно видувањето „Темелни лингвистички и етнолошки проучувања“ за книгата *Голо Брдо: Од материјалите на балканската експедиција на РАН и СПбДУ во 2008–2010 година од 2018 година во редакција на* Андреј Н. Соболев и Александар А. Новик, а чијашто македонска редакција и предговор се токму на Васил Дрвошанов. Оваа монографија, како што утврдува тој, е плод на три експедиции и на петгодишно проучување на руските научници на појавите на допирот меѓу јазикот и културата, а „се однесуваат на предметите на лингвистиката, етнолингвистиката и етнографијата, во сложен полиетнички регион“, нам ни овозможуваат „спознавање на некои особености на идентитетот кај локалното население, културата на живеење и комплексот на домаќинските работи, јазикот, фолклорот, традициите и верувањата“. Притоа се нотира податокот дека монографијата Голо Брдо е прв збирен синтетички труд за јазичното и културното заемно влијание во Дебарско.

Текстот „Нови наоди во македонската книжевност и култура“ се однесува на книгата *Златоусно слово* на Васил Тоциновски од 2018 година. Ова дело е сочинето од деветнаесет написи, кои, според Дрвошанов, имаат „свој микросвет, а секој микросвет има свој влез до кој водат различни патишта. Притоа, мошне важно е да истакнеме дека во творечката постапка на Васил Тоциновски се забележува една нишка што се преплетува дискретно во написите, а тоа е моќта на авторот да внесе податок или мисла од македонски деец, да вгради податок за македонски историски настан, а често да го изрази својот став за прашањата што се предмет на неговата опсервација“. На таков начин, заклучува тој, се пронаоѓа вистинскиот пат до тајните на творештвото на разгледуваните автори што резултира со нови наоди во македонската книжевност и култура.

Следува краткиот напис посветен на Максим Каранфиловски за книгата

Македонистика и славистика од 2019 година, а насловен како „Македонистички и славистички прилози“, којшто се однесува на интересите на Каранфиловски на овие две научни полиња. По овој осврт се сретнуваме со прозната книга *Приказни од дното на душата* на Васил Пачемски од 2019 година којашто Дрвошанов искрено ја препорачува за читање. Идентичен е неговиот став и кога станува збор за книгата *Македонска историска читанка* на Иван Глигоровски од 2021 година, за која е дадено образложението дека: „Низ вештото перо на авторот се дава јасна слика за клучни настани и дејци од областите историја, литература, култура и образование што го носат признакот македонство (подвлечено во оригиналот – бел. СК), видени низ призмата на луциден набљудувач во деветтата деценија од XX век“.

Видувањето „Дијалектолошко дело со трајна научна вредност“ се однесува на Лингвистичкиот атлас на македонските дијалекти (според материјалите на Општословенскиот лингвистички атлас – ОЛА) од 2020 година, во уредништво на Марјан Марковиќ. Укажувајќи дека изработката на лингвистички атлас на дијалектите има исклучително значење за македонскиот јазик, Дрвошанов заклучува дека „составувањето на такво дело претставува најважна задача на дијалектологијата“. Токму затоа, авторот им оддава големо признание на авторите на ова уникатно дело за заложбата и за вложениот труд „во расчистувањето на патот на непобитната вистина за посебноста на македонскиот дијасистем, а во тие рамки и на македонскиот јазик како одделен словенски јазик“.

На крајот, треба да го истакнеме фактот дека Васил Дрвошанов е еден од најголемите афирматори на делата од областа на македонската наука за јазикот. Потврда за тоа се неговите многубројни осврти за лингвистички дела објавувани во периодиката и во својата едиција „Автори и дела, I–VII“. Освен тоа, тој е единствениот научник во Македонија, кој има објавено три книги лингвистичка критика: „Жени-творци во лингвистиката“ (2008), „Лингвистичките дела на Олга Иванова“ (2010) и „Дијалектолошки анализи“ (2021).

Книгата *Автори и дела, VII* на професорот д-р Васил Дрвошанов нуди на прочит анализи на специфични дела во македонистиката, повеќе или помалку познати на пошироката јавност. Токму и затоа тие нашле свое место во една ваква книга, бидејќи целта била да се расветлат помалку познатите и непознатите трудови со македонистички теми. Дрвошанов застанува во одбрана на македонската себепрепознатливост, презентирајќи ги долгогодишните истражувања на наведените автори, но и сопствените долгогодишни напори за презентација и зачувување на македонството.

Марија ИВАНОВА

Дијалектни карактеристики на кусите народни жанрови од Пијанечко

Во овој труд, предмет на интерес се дијалектните карактеристики на кусите народни жанрови од југоисточното наречје, поточно од Пијанечкиот регион, делчевскиот говор, според поделбата на Божидар Видоески на три говорни наречја. Посебен акцент се става на најглавните дијалектни карактеристики во кусите народни жанрови од Делчевскиот крај и дијалект, општите и заеднички карактеристики на југоисточното говорно наречје низ анализа на аудиозаписи од информатори од куси народни жанрови на овој дијалект. Даден е општ осврт и на дијалектологијата, како дел од науката за јазикот, што ги проучува народните говори на одделни јазици, односно дијалектите на еден јазик, како и општ осврт на кусите народни жанрови и дијалектизмите во овие народни творби од Пијанечкиот крај. *Историско-географската област Пијанец (општина Делчево) се наоѓа во крајниот североисточен дел на Македонија, во горниот тек на реката Брегалница. Зафаќа простор од 423 км2, по течението на реките Желевица и Брегалница, во должина од над 30 км и широчина од 20 км, надморска височина од* 620-670 м, во Делчево од 630 м, и највисокиот врв на Планината Голак-Чавка (1.524 м). На североисток општина Делчево се граничи со општина Пехчево, на северозапад со општина М*акедонска Каменица, на југозапад со општина Виница, од североисток по сртовите на Осоговските Планини и планината Влаина со Република Бугарија и на југоисток со Малешевската Висорамнина (планина).*

Називот дијалектологија потекнува од грчките зборови диалектос (говор, наречје) и логос (збор, наука). Дијалектологијата е дел од науката за јазикот (лингвистиката) што ги проучува народните говори на одделни јазици. Задача на дијалектологијата е да ги открива законитостите што ја предизвикале појавата на дијалектите на некој јазик и да го следи нивниот историски развој. Дијалектологијата го проучува и оформувањето на литературните (стандардните) јазици од дијалектите, но исто така, таа ни открива и како се развиваат одделни професионални и социјални говори. Дијалектологијата е релативно млада научна дициплина, којашто како одделна лингвистичка гранка се развила со појавата на младограматичар-

ското струење во лингвистиката, во 19 век. Дијалектологијата за предмет на проучување ги има дијалектите на еден јазик (народните говори), односно сите јазични појави и појави што не влегуваат во стандардниот јазик. Според Божидар Видоески, разликуваме три македонски говорни наречја: Западно говорно наречје; Северно говорно наречје; и Југоисточно говорно наречје. Со оглед на фактот дека предмет на нашето истражување се дијалектизмите во кусите народни жанрови во делчевскиот говор (Пијанечко), ќе се осврнеме директно на југоисточното наречје каде што и припаѓа овој говор. Југоисточното наречје ги опфаќа говорите во Малешевијата, Штипско, Струмичко, Гевгелиско, говорите во Пиринска Македонија (благоевградскиот, петричкиот, разлошкиот, неврокопскиот говор (Гоце Делчев)) и говорите од Егејска Македонија (серскиот, солунскиот, кукушкиот, воденскиот и кајларскиот говор). На исток, ова наречје се граничи со бугарскиот јазик, на југ се граничи со грчкиот јазик, на запад границата е по долината на реките Вардар и Црна Река, а на север се граничи со северното наречје.

Општи карактеристики на југоисточното наречје:

- Акцентот е слободен (неопределен) и се наоѓа на кој било слог од зборот.
  Пример: дојд'е, деб'ел, шир'ок - на првиот слог од крајот на зборот; нев'еста, пост'ела, к'ашта/к'уќа - на вториот слог од крајот на зборот; 'јаб'ка/ ј'абука, рас'олница - на третиот слог од крајот на зборот; л'аставица, к'иселица - на четвртиот слог од крајот на зборот.
- Акцентот нема фразеолошки карактер (нема акцентски целости).
- Честа редукција на вокалите а, е, о.
  Пример: колан, партал.
- Намалено присуство на гласот Х (исклучок е Тиквешко - мариовскиот говор).
  Пример: дојдо (х), видо(х), бе(бех), сирома(х).
- Нема мешање на носовките ѫ (он) и ѧ (ен).
  Пример: ѧ преминува во е: език, ечмен, етрва.
- Пристуство на група *ЦВ – ЦА, *ЗВ – СВ и *СВ – СА.
  Пример: цафти, увоне, осавне.
- Присуство на протетичко В пред почетно ѫ.
  Пример: ваглен.
- Интервокалното В се чува.
  Пример: човек, зборови, говедо.
- Нема В пред гласот И.
  Пример: истина, изба.
- Редуплицирање на предлозите ВО и СО, па имаме ВОВ и СОС.
  Пример: вов селото, сос тебека.

- Множинска наставка –ОВЕ.

  Пример: српове, ножеве, столове.
- Има избројана множина кај именките од машки род.

  Пример: човек-човека, војник-војника, стол-стола.
- Нема остатоци од падежни дативни и акузативни форми кај лични и роднински имиња.

  Пример: Видо го Стојан/ бе со Стојан.
- Нема застапено форми за членување со наставките –ОВ и –ОН, туку само –ОТ (-О).

  Пример: човеко, мажо.
- Заменки за 1л. еднина се –ЈА, -ЈАЗЕ, -ЈАЗЕКА.

  Заменки за 2л. еднина се –ТИ, -ТИЗЕ, -ТИЗЕКА.
- Делумно присуство на сложени глаголски конструкции со ИМА/НЕМА.

Малешевско - пиринските говори/ дијалекти спаѓаат во групата на југоисточното македонско наречје. Географските одредници на овој дијалектолошки ареал засегаат и надвор од границите на Македонија. На македонското подрачје ги опфаќаат областите на Пијанецот и Малешевијата. Овде спаѓаат говорите на градовите Берово, Пехчево и Делчево заедно со селските подрачја коишто административно припаѓаат кон нив. Во Пиринска Македонија (денес во Бугарија) ги опфаќаат говорите по долината на реката Струма, во правец од планината Рила до планината Беласица. На запад говорите граничат со штипско – струмичките, каде што природна граница претставуваат планините Огражден, Малешевските Планини и Голак. На источниот дел граничат со разлошкиот и неврокопскиот говор со планината Пирин како природна граница. Македонските дијалекти во Пиринскиот дел на Македонија се најзагрозени и им се заканува исчезнување поради влијанието на стандардниот бугарски јазик. Малешевско – пиринските говори со одредени карактеристики се диференцираат од другите говори во југоисточнто наречје, а се поврзани со штипско – струмичките говори. По други карактеристики, пак, се изделуваат од штипско – струмичките говори.

Главни особености на делчевскиот дијалект

Делчевскиот говор го опфаќа говорот од подрачјето на градот Делчево и селата коишто административно припаѓаат кон градот. Пијанечкиот регион. Спаѓа во малешевско-пиринските говори и е дел од југоисточното македонско наречје. Делчевскиот говор е еден вид репрезент за Пијанечкото подрачје затоа што ги содржи речиси сите негови главните особености. Еве некои од нив:

1. Вокалниот систем во делчевскиот говор се состои од шест самогласки. Тоа се самогласните фонеми: и, е, ӑ, а, у и о.
2. Рефлекси на старословенската носовка Ѫ се вокалите а и у: ва́глен, ва́дица.
3. Рефлекс на носовката Ѧ е главно вокалот е: ет'рва, д'ер, ждр'еб, кла́денец;
4. Вокалот Ѣ има рефлекс е: б'да, б'ден, б'ла, б'ес, бесн'е;
5. Вокализација на полугласовите (еровите ъ и ь) во т.н. силна позиција
6. Рефлекс на вокалното /л̩ / е вокалот ӑ (вӑна...)
7. Непосреден допир на два или повеќе вокали каде доаѓа најчесто до губење на некои согласки.
8. Од консонантските групи што ги среќаваме во делчевскиот говор, ќе ги набројме следниве:
   - *tj и *kt > шт – гашти, горештина, гуштер, кашта, каштичка, лешта;
   - *dj > жд – вежда, вежди, вижда, гражданин, дожде
   - *skj, *stj, *zgj, *zdj > шч и жџ: мажишча;

Од најзначајните морфолошки карактеристики на делчевскиот говор би ги издвоиле:

- сегашно време 1л.едн. со а: ода (одам), печа (печам), пија (пијам)
- употреба на наставката: -ове за множина: волове, носове
- употреба на предлозите воф(во) и сос(со)
- употреба на глаголски прилог со наставка -јќи: одејќи, викајќи
- употреба на наставка за имперфект - шеа: одеш'еа (одеа), викаш'еа (викаа), пиеш'еа (пиеја), работеш'еа (работеа)

Лични заменки:

Еднина: 1.Ја 2.Ти 3.Он, Она, Оно

Множина: 1.Ниа 2.Виа 3.Тиа/ Они

С'уи н'озе (запис на делчевски дијалект-анегдота)

Бил'о з'имно вр'еме, н'огу студ'ено. От ка заврш'ил ручо̀ко, св'екоро си прилегн'ал на ед'ино кр'евет, а свек'рвата на друг'ие. Кофт'оро разбоб'отен гор'ел, а врат'ата на кут'ијата од кофт'оро била отвор'ена и растегн'ена сос м'ашата. Сн'аата седн'ала на ст'оло и тур'ила ноз'ете фоф кут'ијата на кофт'оро, да ги гр'ее. Тов'а го вид'ел св'екоро, па ѝ рѐкол:

- Сн'ао, в'арди да не ти иса'анат ноз'ете к'ато на свек'рва ти, 'оти и он'а ги гре'еше тек'а.

Дијалектите на македонскиот јазик се варијации на стандардниот литературен јазик. Македонскиот јазик брои околу 39 дијалекти, поделени во три главни групи. Главната граница помеѓу

двата блокови, источните и западните дијалекти, е планината Скопска Црна Гора, продолжува со реката Вардар, па сè до Егејското Море (или Бело Море). Главна особина за западните дијалекти е побавниот тоналитет на дијалектите, употребата на тројниот член и акцентот паѓа на третиот слог од крајот на зборот. Заедничка особина за источните дијалекти е побрзиот тоналитет на зборување, кратење на зборовите и променлива позиција на акцентот. Дијалектите се зборуваат на сета територија на Република С. Македонија, Пиринска Македонија, Егејска Македонија, Мала Преспа и Голо Брдо и Јужна Србија. Македонскиот јазик, со сите негови дијалекти има над 3 милиони зборувачи.

Кусите народни жанрови како дел од фолклорното македонско творештво

Кусите народни жанрови се жив сведок и автентичен пример за богатото културно народно дијалектно богатство. Преку нив можат да се воочат општите и главни карактеристики на еден дијалект. „Имаш ли ум, оди по него, немаш ли го, оди по пословицата“(туркменска пословица) којашто современиот македонски фолклорист Иван Котев ја дал како мото во Предговорот на своето дело „Мудроста на вековите“. „Во својот творечки порив, македонскиот народ создал трајни духовни творби со коишто се гордеат многуте генерации. Народното творештво е и историја и песна, минато и сегашност, надеж и иднина.“ (Котев, 2012). Фолклорното богатство ткаено низ вековите, има трајни духовни вредности. Тоа се творби пренесувани низ генерациите во кои е всаден македонскиот бит. Народната проза и поезија, како и кусите народни жанрови се живи сведоци за етнографското битисување на Македонецот. Поради значењето и вредноста, но и поради практичноста и намената, сите куси народни жанрови (пословиците, поговорките, гатанките, благословите, клетвите, игрозборките, брзозборките и залагалките) се најраспространети и најчесто употребувани народни умотворби. Најважен белег им е КРАТКОСТА на текстот при што, значењето е густо предадено во мисли што го чуваат духот на народот од многу епохи. Пијанечкиот крај особено обилува со куси народни жанрови што спаѓаат меѓу најомилените „запршки“ во повеќето приказни, песни, обичаи, кажувања... Тие се едни од многуте бисери на мудроста излезени од колективниот ум на македонскиот народ од овој крај - носат универзални и симболични пораки. Го отсликуваат тогашното, но и денешното секојдневје на обичниот човек.

Општи карактеристики на кусите народни жанрови

Пословицата е збиена мисловна изрека, најчесто двочлена, во која е искажан некој суд за некого или нешто. Во себе кријат големи животни искуства. Поговорката е покус, едночлен израз, кој претставува споредба. Со гатанките за загатнува некој лик или предмет што слушачот треба да го открие, одгатне. Точниот одговор најчесто е лесно препознатлив, затоа што во гатанката скриениот лик се заменува со друг предмет или појава со слични белези. Брзозборките се изговараат брзо, при што се прават грешки, а тоа е суштината на играта со зборови кои се составени од ист корен или слични по звучност. Залагалките најчесто се песнички наменети за најмалите деца приспособени за детската возраст, интересирање и разбирање. Се кажуваат од возрасните при

играњето со најмалите, а проследено е и со движење на рачињата и ножињата на децата.

Благословите и клетвите се резултат на примитивното верување на човекот во магиската сила на зборовите изречени во определени околности и услови. Се верувало дека изречената клетва или благослов, за добро или за зло, ќе се исполни.

***

Благословите се кажувале по повод некој празник проследен со различни ритуали. Со нив се посакувала божјата наклонетост. Со текот на времето, благословите ја губеле врската со обредите, но останале и понатаму да живеат во секојдневјето.

***

И клетвите се производ на човековото верување во магиската сила на зборовите-дека реченото задолжително ќе се исполни и ќе го стаса оној кому му е упатено. Тие најчесто се изрази на емоционална растроеност, омраза, злоба, завист... Со нив се посакува зло, смрт, тешки болести, беда, сиромаштија, несреќа, немање пород, неженење/немажење... Ги има и денес, но не со толкава сила и жестокост.

ПРИЛОЗИ (Куси народни жанрови од Пијанечко)

С`врзан р`т зајаци не се лова̀т;

Гушур, гушур бабица, што напрела бабица, турила на бочвица, измолили молците, к'цнал ги е петелот....кир кир кир....;

Учи в`ка не учи, он козите през ридо;

На говно горна кора;

Без работа поп јаришта крштава;

Шут козо јарињa, серам Сечко брадина!;

Кој прдна, кол тргна...кој чул, усфет фана, кој не чул, глоба даде;

Посмеал се шутар на ќупар;

На врх брда врба мрда;

Кад се изгориш на топлото млеко и на матеница дуваш;

Тесен ти е г`зо, па маана наодиш;

Плен се плени, баба си ја на фунти реди;

Петре плети плет...Петреица меси леб;

Дере се како борозан;

Срце силно да те изеде;

Аирлија собранија...

Гуѓуте попете...иглата ф петата, теслата ф главата;

Кукуриѓу петле шо ти е фнетре, црефца и дробец и бел бобец;

Посерко си зелје бере с моми по ливади;
О тркало потркало кад ели си поминало....поше поле шопрадански.....
Ој, нина нина чичо гони стрина...
Дојди соне...од Солуна града....
Тршнало се тенџерето нашло си капачето;
Дај ми бабо огинче...
Елелиѓа пепелиѓа...криенка...

Карактеристични зборови за делчевскиот дијалект:

- ногу – многу (испуштање на м пред н);
- она – лична заменка за таа;
- сека – секоја;
- блискио – блискиот (испуштање на т на крајот од зборот);
- тршнало-стркавалкало;
- забравиле – заборавиле;
- да ѝ даат – да ѝ дадат (испуштање на д меѓу два вокала);
- куга – кога (замена на о со у);
- флегна – влезе;
- фоф градо – во градо (употреба на предлогот у наместо во);
- уплашиле са се – се исплашиле;
- фрл'ат – палатално меко л;
- кашта-куќа
- чекаеќи – гл. прилог чекајќи;
- веднага – веднаш;
- шо – што;
- дошел – дошол;
- он – лична заменка за тој;
- гулем – голем (употреба на у наместо о);
- питал ги – ги прашал;
- остаам – оставам (испуштање на в меѓу два вокала);
- са – се;
- грацките – градските:
- тогај – тогаш;
- там – таму;
- куртулисам;

- с'за – солза;
- образо – образот (испуштање на т на крајот од зборот);
- това – тоа;
- сас – со;
- царо – царот (испуштање на т на крајот од зборот).
- сиромах – сиромав (употреба на х наместо в);
- шес – шест (испуштање на т на крајот од зборот);
- нис – низ (обезвучување);
- свето – светот (испуштање на т на крајот од зборот);
- овиа – лична заменка за овие;
- госпот – господ (обезвучување);
- невол'а – палатално меко л;
- фоф вреќа – во вреќа (употреба на предлогот у наместо во);
- играе – тој игра;
- флегне – влегува;
- бобец-грав
- човеко – човекот (испуштање на т на крајот од зборот);
- ѓаволо – ѓаволот (испуштање на т на крајот од зборот);
- доболело – здоболело;
- срет – сред (обезвучување);
- сирома – сиромав (испуштање на в на крајот од зборот);
- крчма – гостилница;
- дужен – должен (употреба на у наместо о);
- от – од (обезвучување);
- тија – лична заменка за тие;
- он – лична заменка за тој;
- судо – судот (испуштање на т на крајот од зборот);
- закаснува – задоцнува;
- ченица – пченица;
- ослободе – ослободи.
- не могла – не можела;
- сос офците – со овците;
- сос козите- со козите;
- нашел е – ја нашол;
- ќе дам еднио – ќе ти го дадам едниот;
- остае е – ја оставил;

- ошел – отишол;
- нашел – нашол;
- кон’ – коњ (меко н);
- с’к – сега;
- кажуе – кажува.
- кофтор - шпорет
- маш – маж (обезвучување);
- немале си – си немале;
- молила се – се молила;
- у школо – во школо (употреба на предлогот у наместо во);
- госпо – господ;
- она – лична заменка за таа;
- чувала го – го чувала;
- првата ден – првиот ден;
- поваѓан’ето – поаѓањето;
- оваја – оваа;
- јаб’ка – јаболка (‘ наместо ол);
- ко – кога;
- даро – дарот (испуштање на т на крајот од зборот);
- врнало – вратило;
- забраве – заборава;
- играеќи – гл. прилог играјќи;
- треќио ден – третиот ден;
- идееќи – гл. прилог идејќи;
- таксала – дала збор;
- думите – зборовите;
- ц’фте – цвета;

ЛИТЕРАТУРА

- Видоески, Б. „Текстови од дијалектите на македонскиот јазик“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“- Скопје 2000 г.;
- Десподов, С, 2016. Монографија: Делчево, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје, Европа 92, Кочани, 2016 г.
- Котев, И. 2012, „Мудроста на вековите“, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“- Скопје, Струмица, 2012 г.
- Марковиќ, М. 2001. Дијалектологија на македонскиот јазик I, според Божидар Видоески, Том 1 и Том 2, МАНУ, Скопје, 1998, 1999 г.; Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје, 2001 г.
- Марковиќ, М. 2007. Дијалектологија на македонскиот јазик II, според Божидар Видоески, Том 3, МАНУ, Скопје, 1999 г., Филолошки факултет „Блаже Конески“-Скопје, 2007 г.;
- Саздов, Т. 1988. „Македонска народна книжевност“, Култура, Скопје, 1988 г.;

Адијата ИБИРШИМОВИЌ-ШАБИЌ

ПОД ЗНАМЕТО НА ЉУБОВТА И ДОБРИНАТА

(ЗА СУЕТАТА, СОНИШТАТА И ЗА УШТЕ НЕШТО)

Шимо Ешиќ, Си беше ѓоспоѓа Клара, Убав збор, Тузла, 2020



Си живеела една ѓоспоѓа Клара
чудна и сѓара, многу сѓара...
немала мајка, ѓетка, никој
на свеѓоѓ немала свој.
„Тажна ѓесна“

Душко Радовиќ

Не сум сигурна дали може новото дело на чичко Шимо Ешиќ „Си беше госпоѓа Клара“ да се смета за еден вид омаж на Душко Радовиќ, затоа што госпоѓа Клара на Шимо Ешиќ не личи на госпоѓа Клара од „Тажна песна“ на Душко Радовиќ, но двете госпоѓи се Клара, па како да е оваа „нова“ симпатична наша современичка далек потомок на онаа чудна и стара госпоѓа, којашто одамна во една песна умре и остави шест мачиња на пернички од жолта свила. Песната на Душко Радовиќ и сликовницата на Шимо Ешиќ, сепак се сведоштва на времето во кое се создадени и читајќи ги, можеме да се прашаме: „Што се промени во меѓувреме и во каков свет живееме?“ Да се пишува за деца не е лесна задача, затоа што приказната треба да биде едноставна и забавна, треба да ги заинтересира децата и да им го привлече вниманието од првите зборови, стихови и реченици.

Новата сликовница на чичко Шимо Ешиќ плени пред сè со раскошните

илустрации на Дејан Славујица. Кога ќе ги отвориме кориците, нè чека широко насмеаната, дотерана госпоѓа Клара, со прекрасен шешир на главата, розево-црвен шал околу вратот што се вее преку страницата и со чанта во раката, шишенце парфем и кошница со овошје што „лебди“ покрај неа. И несвесно ѝ се насмевнувате на оваа убава дама. А потоа поетот и низ стихови ја претставува својата главна јунакиња:

Си беше ѓоспоѓа Клара,/ни млада а ни сшара, / шуку средовечна дама / во крийични ѓодини. / Посшојано, кушраша се дошерувала, / на шойинѓ заминувала, / барала шшо ѝ ѓоди - / само модерно да се води. / За ѯарфемише воздивнувала, / и ѯосшојано ѓи ѯомирисувала - / да ѓошви решко ќе зела, / за да не сшане дебела - / се ѯлашела се вели / да не се здебели / и само се заѓледувала / во оѓледалошо се оѓледувала. (Стихот е печатен „наопаку“, како одраз во огледалото) */ ако нешшо за неа не важи - / шука е оѓледалошо за излаже. //*

Освен што во оваа поетска слика препознаваме можеби и мал дел од себе, или од својата мајка, тетка, сосетка, познаничка, ги препознаваме и стереотипите од списанијата, ТВ-рекламите и сеприсутните социјални мрежи (кризни години, шопинг, во мода, да не се биде дебел или пополнет како императив на современото општество, посебно за жената?!)

Она што одново и одново ме фасцинира кај нашиот поет Шимо Ешиќ е изборот што го направил и што е основа за неговата поетика: да не „измислува“ нереални бајковите светови, колку и волшебни, убави и примамливи да бидат, туку да открива магија и волшепство во добро познатите нешта од нашето секојдневје, да создава бајка од малите вообичаени, секојдневни работи и појави, откривајќи алогизми на нашата реалност, создавајќи на тој начин необични и „нечуени“ приказни што се случуваат или можат да ни се случат секому од нас. Секогаш одново ме фасцинира спопособноста на нашиот поет да им го приближува и открива на децата тој добро познат свет на „возрасните“, во кој вредностите секогаш малку се нарушени и изместени, а кои (тешко нас!) ги пренесуваме како норма за животот и живеењето на децата и идните генерации. Во овој конкретен случај, во новата сликовница „Си беше госпоѓа Клара“, со прекрасно чувство за хумор, Шимо Ешиќ повторно со многу љубов кон своите мали и големи јунаци и хероини ги разоткрива маните и недостатоците на возрасните во кризните години.

Исто така, секогаш одново ме фасцинира способноста на чичко Шимо Ешиќ тешките и сериозни теми – како што е темата за човечката суета за која говори во оваа сликовница, како искуство на реалното живеење што влијае и ги обликува децата, нивниот карактер, го формира нивниот основен систем на вредности – да им ги претстави, опише и понуди на малите читатели на начин што им е јасен, достапен, интересен и над сè бескрајно забавен. А кога веќе станува збор за тема приспособена на детската возраст, се чини дека нашиот поет постојано ги надминува поставените огради и пречки во рамките на областа што ја нарекуваме книжевност за деца. И секогаш, како некој добордушен волшебник, со магијата на своите зборови, Шимо Ешиќ го „поправа“ „ превртениот свет“ на возрасните, нудејќи во замена нешто што нема цена и што не може да се купи, а што стои таму негде зад огледалото и чека да биде препознаено...

Госпоѓа Клара едно утро, погледнувајќи се во огледалото, забележала дека носот ѝ е малку подолг, сепак елегантна музика се појави на нејзиното лице. Не можам во овој момент да не западнам во замката на секаквите асоцијации што носот како фраза ги означува: да излезе (скокне) (некому нешто) на носот, секаде го пика носот, на врат на нос, да се набие (на некој нешто) на нос, да се наоѓа (некому нешто) пред носот, да се трие (некому) нос, да не гледа подалку од носот..., како и интертекстуалните замки, со оглед дека носот е чест книжевен мотив, поврзан со метафоричките значења на наведените фраземи од оние поврзани со лагите до оние кои говорат за нескладноста помеѓу желбата и можноста на човекот којшто со носот го сече небото. Но, како искусен писател, Шимо Ешиќ со својата специфична огромна доверба во детскиот интелект и детската имагинација, го остава читателот да размислува и расудува што се случило со Клара и нејзиниот нос и што сето тоа треба да значи, продолжува да ја следи нишката и логиката на приказната, воведувајќи нè во некој свет на граница помеѓу реалното и фантастичното. Илустрацијата, секако, помага, бидејќи госпоѓа Клара во овој момент неодоливо личи на – лисица!

Очајна, а како поинаку, бидејќи како да излезе меѓу луѓето / со толку долг нос?!, госпоѓа Клара се обидува на секој начин да го сокрие (маска, коса, марама) и, бидејќи носот упорно стрчел, на крајот, кришум, крадејќи низ цел свет, се упатила на оториноларинголог. Просто е неверојатно колку овој збор е релативно вообичаен во светот на возрасните, чуден и помалку смешен во овој контекст. Меѓутоа, и ние сакаме да веруваме во него, како што верува (во зборот, да!) госпоѓа Клара, бидејќи ако ветувањето е магија слично како зборовите во Мери Попинс: *supercalifragilistic expialidocious.* Но, ништо слично на магијата на Мери Попинс нема да се случи во светот на нашата современичка.

Поетот ќе им објасни на децата дека „волшебниот збор“ се однесува на специјалистот за уво, грло, нос, а специјалистот ќе го изнесе своето стручно мислење и ќе ја упати Клара- на ветеринар. Докторот на животни (со сите асоцијации што ги предизвикува зборот животно), бидејќи веднаш ја сфатил работата, се обидел да ја утеши кутрата Клара така што ѝ рекол дека ќе било полошо ако ѝ никнел некој рог или сурла и дека е подобро да ја искористи приликата и елегантното носе да го воведе во новата мода. Со какви виртуозни пресврти читателот се среќава во овие стихови за деца!

Следува кулминацијата на приказната, бидејќи Клара мора да застане пред својот маж баш таква каква што е. Во описот на мажот, Шимо Ешиќ не отстапува од стереотипот, бидејќи ако госпоѓа Клара е зафатена со шопинг, парфеми, со својот изглед и модната осветеност, тогаш ниту мажот не може да биде нешто друго, туку господин, фин, добродушен, кој целиот ден / не може да го тргне погледот од ТВ- екранот/ и има само една желба за посед / отоман, фотелја, тросед. Во моментот кога „паѓа“ гол, што ретко се гледа, на прашањето на жена му дали му се допаѓа нејзиниот нос, тој веднаш одговара: Сè што е твое мене ми се допаѓа!

Смеата секако дека е критичко начело, но дали децата можат да прифатат и треба ли да се согласат со убодите на

сатирата? Шимо Ешиќ покажува дека не мора и не треба. Меѓутоа, потребно е навистина големо искуство, да се познава и разбира детскиот свет, да се остане на висина на задачата да не се повреди тој свет, а истовремено да се остане одговорен писател за деца кој учи и подучува, но и забавува, и најважно, да се остане уметник кој може на вистински начин, естетски и релевантно да ја пренесе својата порака. Затоа, овде не е крај на приказната, туку следи понатамошно развивање на метафората: токму кога се смири од зборовите на сопругот, следниот ден на госпоѓа Клара почнаа да ѝ растат и уши.

Слично како во бајките, можеме да го проследиме истиот процес на асоцијации како и со првата појава / сцена, во очекување на третата, која по сите правила на фантастичните и бајковити светови, мора да следува како пат кон расплет на оваа ноќна мора. Тоа е и доказ за промислената композиција на оваа сликовница, нејзината длабока вкоренетост во литературната традиција, дури и поширока од онаа што ја нуди песната за деца во форма на сликовница. Во овој конкретен случај, станува збор за интересен хибриден жанр на песна, бајка, приказна за деца, басна...

Уште еден аргумент оди во прилог на тоа дека авторот генијално ги вплетал и искористил различните жанрови и мотиви, создавајќи целосен и единствен текст - поигрување со мотивот на огледалото, коешто го следиме од почетокот до самиот крај. После тоа што госпоѓа Клара се истури на огледалото (Кажи ми, кажи, огледалце мое, најубава на светот денеска која е?, следи јасна авторска забелешка што упатува на рускиот класик Николај Гоголь и народната пословица којашто стои на почетокот на комедијата Ревизор: Не треба да се кара огледалото ако лицето е грдо: *На огледалото не му се допадна/кажа како што погледна/ и да пукне што е живо/ зошто тоа да е криво!*

Има ли подобар и поубав начин децата да се образуваат и да се подготват не само да влезат во светот на големата и „тешка“ книжевност, туку и да ја засакаат?! На крајот, кога се појавила и опашка, долга, влакнеста, жолта-метаморфозата била целосна: *Зар на Планетата цела-, О, добар Боже, каде си, / и од толку луѓе/ токму мене ова да ми се случи?!// (...) О, судбино несреќна, / зошто ми даде опашка?!// Подобро Севишниот / да ме ослепеше... (со симболични три точки: „кога веќе не ме направи убава“, одзвонува некаде во позадината на умот) / Кој уште видел дама / по градот со опашка да шета?!* – ги завршува поетот извиците на својата јунакиња, не во склад со нашите очекувања, туку со логиката на својата приказна. И, како што еднаш напишав за друга сликовница на Шимо Ешиќ (Авантуристички молив), верувам дека една од најважните теми во книжевноста е прашањето на односите, Си беше госпоѓа Клара не ме изневери, бидејќи, колку што е приказна за суетата, толку е и за љубовта. А овде, Шимо Ешиќ како писател за деца, во целост си остана верен на себе. Ококорувајќи ги очите и малку накривувајќи го вратот, мажот на Клара, воодушевен, изрекува нешто како химна за нејзината прекрасна опашка. А Клара си помисли: „Можеби го прифаќа,/ бидејќи вистински ме сака...“ Овој пресврт, потсетува (секако, во варијанта приспособена на детската перцепција) на најубавите љубовни приказни, како онаа за старецот којшто ја сакал својата старица, алчна и жедна, којашто сакала старецот да бара сè повеќе и повеќе за неа од златната

рипка, дури да стане кралица. А старецот, затоа што тоа била неговата старица и затоа што ја сакал, колку и да му било тешко, ги прифатил сите нејзини каприци. Станува збор за Пушкиновата бајка за рибарот и рипката, којашто, изгледа, досега погрешно сме ја толкувале...

Според логиката на приказната, овде би требало да имаме скреќен крај, но, искусниот поет Шимо Ешиќ чувствува дека главната тема на почетокот на приказната за метаморфозата на госпоѓа Клара во лисица, не е суштински разрешена. Затоа, после крајот, има прашање:*А што било понатаму / и каде е сеѓа таа дама? – Никогаш не сме начисто/ со мудрите/ лисици. Но, да бидем искрен / веста не би ме чудела / конечно да се прибрала - - и среќна да се - / РАЗБУДИЛА!* по кој, најверојатно, и ние треба да се запрашаме: кога конечно ќе се разбудиме и ќе погледнеме, ќе се прифатиме и себеси и другите онакви какви што сме и да се сакаме едни со други баш такви какви што сме?

Невозможно е да се пренесе радоста и задоволството кое сликовницата, вешто и занаетски напишана и обликувана, му ја носи на читателот, благодарејќи на специфичниот израз со детската непосредност, со светлиот и лесен хумор и посебно на она чувство на добрина којашто зрачи од неа, а што е толку својствено за чичко Шимо Ешиќ. Со секоја своја песна, приказна и сликовница, писателот им помага на децата да ги развиваат своите креативни и мисловни способности, ги учи да го прифаќаат книжевниот свет како навестување на светот што го сведолиме денес – од една страна и, истовремено, од друга страна- како навестување на некој подобар, поубав, порадосен и полесен свет што стои зад ликот на огледалото, или во соништата, го чека својот ред...Прекрасно е чувството што на сликовниците и воопшто на книжевноста за деца можеме да им се враќаме и да ги читаме не само додека сме мали, туку и како родители и како баби и дедовци, затоа што на своите внуци ќе им ги читаме нашите најдраги приказни. А делата што ќе ја поминат таквата проверка на времето, какви што сигурно се сите дела на чичко Шимо Ешиќ, со право можеме да ги наречеме вистински класици на нашата книжевност за деца.

Чичко Шимо Ешиќ заслужува благодарност за неговата предана работа, за тоа што настојува во тоа секогаш да пронаоѓа единствени, интересни, имагинативни и инспиративни начини и можности за обработка на значајни и важни теми за кои треба да се говори, особено на децата, за да можат да ги разберат и прифатат и себе и светот околу себе, за тоа што настојува на децата да им ги понуди најубавите обрасци на уметноста на зборот, помагајќи им да развиваат чувство за убавото, што им дава можност да ги проширува своите знаења за природата, човекот, светот, што објаснува и им помага на децата да се идентификуваат со јунаците од овие приказни, да ги прифатат своите и туѓите недостатоци, да го развиваат и негуваат највредното во себе-добрината, сочувството и љубовта. Има ли на светот поблагородна мисија од онаа да се биде писател за деца, заштитник на детските соништа и витез на нивните срца?

Превод од босански на македонски јазик:
Сузана Мицева

Горјан ПЕТРЕСКИ

„SВЕЗДЕНА ЛЕКТИРА“ ИЛИ ПРЕПЕВ НА СЕБЕСИ

(кон книгата „Sвездена лектира“ од Власта Н. Ценић, препев: Филип Димкоски, 2022)

1. Кога чувствата ќе го допрат

читателот, но и препејувачо

Кога ќе се навлезе во богатиот светоглед на поетот Власта Н. Ценић (р. 1957 г. во Топличко Кочане, Општина Дољевац, кај Ниш), се соочуваме со мошне прониклив, но, познат и признат автор пред широката читателска публика не само во Република Србија, туку и надвор од неа. Притоа, уште со првата средба со неговите стихови ни се отвора широк дијапазон од суптилни теми што ќе го засегнат секого до кого ќе дојдат на прочит. Така е и со оваа стихозбирка, всушност, избор приопштен од српски на македонски јазик со наслов „Sвездена лектира“ или, можеби, препев на себеси од Власта Н. Ценић, својствен, но и интимно длабоко врзан со него самиот. Зашто, тој, кога пишува и твори, (таков е барем мојот впечаток), тоа не го почнува без сериозно и темелно да ѝ пријде на мошне одговорната задача, та си помислуваш дека стиховите најпрво му се длабоко обмислени, со еден, би рекол, само негов филозофски приод, а притоа сликите што ги создава во себе и за себе му течат без застој. На тој начин овој прекрасен поет, но и Човек, (затоа што човечкото и хуманото кон светот, ако сме добри поети, преку стиховите го пренесуваме и на другите.) Оттука и впечатокот дека Власта Н. Ценић беспрекорно се препејува себеси. Притоа чувствата што ги излева низ стиховите неминовно се прелеваат и го освојуваат и читателот. Така е одошто на убедлив начин умее нештата да ги пренесе на своите консументи така што и самите, (млади или возрасни, сеедно), ќе му ја прифатат поетската мисла како продолжување на она што самиот го доживеал, но истото и нив ги засега. Поконкретно, доживувањата, бездруго, ќе си најдат место да продолжат да живеат во неговите поетски нијанси како ним да им се случуваат, (ако се млади) или веќе им се случувале, (ако се возрасни.)

Препевот, како сложен чин во доследно приопштување од еден на друг јазик, (во овој случај од српски на македонски), неминовно ни ја потврдува и блискоста на двата јазика. Тоа сознание го допрело и препејувачот на стиховите, поетот Филип Димкоски, одговорно да се зафати и, очигледно, добро да си ја заврши задачата. Така е затоа што и самиот, со својата младост, умешност и енергија, преку беспрекорно доживеана поезија од потврден поет каков што е Власта Н. Ценић, сериозно ѝ пришол на работата и си зел за обврска автентично да ни ја доближи. Зашто, ако ни се допадне нечија поезија и самата ќе се пренесе врз нас и ќе ни се наложи за убав препев или, пак, во желбата да се успее, може да ни се случи, да „изгориме“ и да не да ја препееме како што треба и доликува на оригиналната поставка. Зашто, обврската е ем одговорна, ем сложена со потфатот со кој сме се соочиле. Би навел, многу „поризично“ отколку да се напише нешто ново, така што препејувач може да биде само оној што ја пишува и ја чувствува поетската желба во оригиналот. Таа храброст си ја зел врз себе и Филип Димкоска и треба да биде задоволен од резулататот затоа што препевот веќе заминува на преоценување и проверка пред читателите.

3. Прошетка низ стиховите -

соочување со себеси

Дваесетина песни се на број. Не треба и повеќе за да се создаде „слика што блика“ за поетот којашто им е блиска на тинејџерите, но и, како што наведов, на возрасните читатели. Секоја песна, самата за себе, претставува приказна што нам „ни се случила“. Зашто, поетот Власта Н. Ценић, прераскажувајќи го своето време преку доживеани стихови, на убав начин ни го доближува и до возраста на денешните млади, препуштајќи им - *кој како сака нека си ги доживува песните, врзувајќи ги и со себеси*. Тоа се вонвременски теми од кои провејува топлина и невоздржан набој, доживеана лирика обоена во виножитни нијанси, а сето зачинето со неизнасилен додаток на благ и дискретен, можеби и помалку носталгичен хумор: „Прво бричење“, дијалектната „Бате че се жени“ (со препев од еден на друг дијалект), потоа „Ќе ти бидам кум“... Но и оние песни во кои се опева првозаљубеноста: *Заљубен сум,/ ете тоа е/ запливав во љубовните води,/ Сунчица е мое сонце,/ а јас сум сочоглед што оди. (Во песната „Станав сончоглед“.) Или, пак: Вулкан во градите надоаѓа, стега/ Првиот бакнеж ќе се случи сега.* (Упатувам на песната „Првиот бакнеж“).

И така од една во друга песна, со поента и порака, со тивок одглас кој неминовно разгалува, поетот Власта Н. Ценић го гради својот суптилен мозаик, пред кого читателот нема да остане рамнодушен. Првата љубов ако дошла – добредошла! Зашто, секој во животот си има по некоја „Наташа“: *Ја напушти дружината/ другарката наша./ си замина, ах таа Наташа./ Се скршија нашите срца/ петките станаа двојки/ се скрши волјата наша/ заради Наташа.*

Но, ќе останеме подзачудени и збунети пред песната „Волшепство“: *На нишалката од мојата црница,/ една девојка се нишаше/ ја турнав нежно – два-три пати/ и неа ја нема да се врати.*

Но и игрите од раното детство, во песната „Се сеќаваш ли?“, на возраста кога нешто, кога сме биле мали, се буди, а толку е нејасно и тешко да се одгатне: *Се сеќаваш ли? Ти - мама, јас - тато/ во палатата пред брезите танки/ ти месеше слатки од кал/ што ги печев меѓу меките длanки.*

Само илустративно, со неколку примери. Зашто, секоја песна од овој избор именуван како „Ѕвездена лектира“ има што да понуди како порака, да предизвика на размислување и да нѐ понесе како читатели.

3. Носталгија кон детството

и тинејџерските години

Очигледно професионалната работа со неговите ученици во наставата и во животот на поетот Власта Н. Цениќ, во многу нешта придонело во нијанси да ги проследи генерациите коишто поминувале пред неговиот светоглед и на убав начин да направи мост со нивното, но и неговото време, а и на оние оние што допрва ќе доаѓаат. Тоа го умее само некој што живее во нивниот свет и ги доживува темите мошне суптилно, некој што им ја познава кревкоста и мислата, но истовремено пркосот и моќта, а и затоа што, во одреден временски дел од животот, и самиот бил засегнат од сето тоа.

Сепак, еднаш, кон крајот на тинејџерските години низ кои, без исклучок, сите ние сме поминале, подоцна се навраќаме со носталгија што можеби не сме ја чувствувале додека сме биле на таа возраст. А сега, кога длабоко ќе се налезе во тој простор, сѐ станува и прераснува во убава балада што овојпат, ни ја понудува нашиот пријател, вдахновениот поет Власта Н. Цениќ. При оваа помисла неизбежен ми е впечатокот, (зашто долго време се познаваме и како пријатели), дека во стиховите е самиот ТОЈ, онаков како што се претставува пред публиката, а таков е и вон сцената. Колку што е непосреден, толку е и тивко воздржан, длабок и темелен. Поезијата што ја создава е негов отслик и глас. Преку неа, во „Ѕвездена лектира“, пак да нагласам, прераскажувајќи се себеси, но и другите околу себе, тоа го прави на мајсторски начин, со некоја сентиментална, но мошне допадлива нотка, за да нѐ подзамисли пред секоја песна што ќе ни ја понуди. А да ѝ најде простор и возвишено место дури и на беспрекорната поетеса Десанка Максимовиќ за средби на вљубените крај нејзиниот споменик.

Власта Н. Цениќ во „Ѕвездена лектира“, но и во сето творештво што го излеал, не отстапува од она што му е проверено како добитна комбинација на релацијата автор – читател. Тоа, бездруго, му е испробано, пак да потсетам, најпрво на часовите со неговите ученици, а истовремено и пред пребирливата публика. Тој го изнашол соодносот на допадливото и актуелното во животот и во „бурните настани“ на тинејџерската возраст, но и воопшто, кај широката читателската публика. „Ѕвездена лектира“, како избор и проверен вкус на поетот Филип Димкоски, ни е показ и доказ, лика и прилика да го доживееме онака како што заслужува – со препев на неговата вдахновена поезија.

Јованка ДЕНКОВА

ГЛУВАРЧЕТО И НЕГОВИОТ ЛЕТ НИЗ ПРЕВЕЗОТ НА СПОМЕНИТЕ

Книгата „Ловец на глуварчиња“ од Весна Алексиќ44, по првпат е објавена 2014 година од страна на Креативен центар, Србија, а во Република Македонија е објавена 2019 година од Либи-дел од “Арс Ламина публикации”.

Романот „Ловец на глуварчиња“ бил инспириран од запознавањето на Весна Алексиќ со момче коешто живее во згрижувачко семејство. Во овој роман, авторот во прво лице од агол на Маша ни раскажува за две деца од нецелосни семејства и нивниот копнеж по исчезнатите родители. 45

Во романот можат да се идентификуваат две тематски јадра околу кои се движи главното дејство. Во епицентарот на првото јадро се наоѓа Маша, чиј лик ѝ послужил на авторката да проговори за многу сложени теми, како што е смртта на родител и импликациите врз животот на детето кои произлегуваат од таа ненадоместлива загуба, животот со самохран родител, во случајов –мајка, како и правото на слободен избор и неприфаќање на некои од традицијата наметнати стереотипи. Второто јадро во чие средиште е ликот на детето Јанко, се чини дека е само повод на авторката да проговори за дисфункционалните семејства, за деца коишто се дадени на посвојување, за инклузијата, за врсничкото насилство, за односот на средината кон децата кои се поинакви, итн. Воопшто, Весна Алексиќ, како и многупати досега, благодарение на своето животно и професионално

44 Весна Алексиќ е родена во 1958 година во Обреновац. Дипломирала на Филозофскиот факултет во Белград во 1981 година. Работи како стручен соработник во предучилишна установа. Пишува од 1987 година, најмногу за деца и адолесценти. Досега ги има објавено романите: „Момчето од Месечината; „Ѕвезда подбивалка (награда Невен за најдобра книга за млади во 1997 година); „Марија Модиљани“ (Награда на Матица Српска за најдобар роман за млади во 1999 година); „Карта за летање“; „Ветрот е, Аја“; „Старлета“; „Аукција на ветер“; „Моите сопствени облаци“ и збирка раскази „Се викам Јелена Шуман“ (Награда за забава на Политика за најдобра книга за деца во 1998 година). Има напишано повеќе радиодрами, монодрама за деца и една монодрама за возрасни. https://www.knjizara.com/Vesna-Aleksic-o810 , преземено на 19.2.2022

45 Blog Knjigoskop, Lovac na maslačke, http://knjigoskop.com/lovac_na_maslacke/ , пристапено на 19.2.2022.

искуство, а пред сѐ - дарбата на творец, проговорува за многу комплексни теми, за кои, писателите за деца и млади ретко се решаваат да зборуваат. За среќа, модерните текови во литературата за деца налагаат да се опфаќаат сите аспекти од детското живеење.

Конструкцијата на романот е изградена од петнаесет кратки раскази, кои се поврзани меѓу себе според текот на дејството и ликовите. Романот навлегува подробно во релацијата родител –дете/деца-возрасни.

Почетниот расказ („Сакам да знам“) ни открива една кризна/напната ситуација меѓу самохраниот родител (мајка) и детето, заради желбата на мајката Ксенија, нагалено викана Сенка, да наметне забрана за користење на технологијата: „Во нашата куќа нема телевизор. Тоа не е затоа што сме сиромашни, па не можеме да го купиме. Не станува збор за тоа. – Така своевремено одлучивме со татко ти и –точка!...Веднаш можете да претпоставите дека работата е слична и со мојот мобилен телефон. Јас сум единственото дете кое завршило прво одделение и кое нема мобилен! – Кога ќе наполниш десет години, ќе добиеш мобилен телефон! – ми вети мама. Тогаш ќе ми дозволела да поминувам и повеќе време пред комјутер! Во право сте ако помисливте дека сега не ми го дозволува тоа! Воопшто не ми дозволува, освен во сабота, и тоа само еден час!“ (7-8). Опишувајќи го односот меѓу децата и возрасните на едноставен јазик, авторот дискретно предлага многу други сериозни теми за размислување. На примерот на мајката на Маша, која посветува големо внимание на тоа нејзината ќерка да не стане роб на технологијата, Весна Алексиќ го слави времето и искрениот однос што родителот директно му го посветува на детето. Истовремено, и покрај лутината евидентна е љубовта на Маша кон мајка си: „...гледам дека ситуацијата штом мојата мајка Сенка ќе се налути. Сенка не смее да се мурти, бидејќи тогаш на челото ѝ се врежува една брчка чијашто трага долго се гледа, дури и кога ќе заборави за што воопшто се муртела“ (7). Факт е дека смртта не може да се сокрие од децата. Родителот што се обидува да го заштити детето од искуството на смртта, додава само збунетост и анксиозност во и онака тешкиот свет. Кога во семејството има починато лице, чувствата на возрасните членови на семејството се пренесуваат и врз децата на многу невербални начини, како што е експресијата на лицето, тонот на гласот, држењето на телото и сл.46Приврзаноста на Маша кон мајка ѝ произлегува и од фактот што тие две живеат сами, по трагичната смрт на таткото: „Тато со текот на времето сигурно малку ќе попуштеше во врска со тие страшни одлуки околу телевизорот, мобилниот и компјутерот, но тој веќе не е со нас во реалноста, така мама постојано повторува. И никому не дозволува да каже дека мојот татко не е жив“ (9).

Во многу ситуации во романот експлицитно се покажува силата на малото девојче Маша што таа ја добива од моралната цврстина на мајката: „ – Маша, сега ти си голема и треба да знаеш! Тато не е виновен што нѐ напушти, други луѓе се виновни, луѓе кои брзо возеа и го предизвикаа тој судир. Тој тебе никогаш не би те напуштил, па немој ни ти него. Секогаш сеќавај се на него без

46 Vidal S. Clay, Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3 (January 1976), pp. 175-184, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022

плачење, разбираш ли? Тој не сакаше ти да плачеш!...Малку ја гризеше устата и подголтнуваше, а мене ми беше некако непријатно да клечи тука, на патеката. Тогаш ми беше жал за мама и не сакав да ѝ додевам повеќе. Видов дека и таа одлучи да не плаче, а на луѓето треба да им се помогне да бидат одлучни, затоа што тоа е добра особина.“ (10). Чувствувајќи ја силата, но и презагриженоста на мајка си, Маша честопати сака да ѝ помогне на еден чист, наивно детски начин во чијашто суштина се крие една голема вистина дека децата чувствуваат многу повеќе отколку што мислат возрасните. Па, оттука, замената на улогите родител-дете не делува изнасилено: „Таа многу сака да биде супермајка и понекогаш ми е жал што не знае да се опушти, па ѝ велам: - Ајде јас малку да ти бидам мајка, а ти биди Маша! Неколкупати таа се согласи да ја игра играта и беше толку добра и послушна Маша, што сè упропасти. Таа жена навистина не знае да се опушти!“ (9).

Дејството на романот започнува како ретроспективно навраќање на Маша кон претходната година, кога тргнала во прво одделение и овде авторката не пропуштила на хуморен начин да ја прикаже преокупираноста на родителите: „Тоа е оној важен ред кога влегувате на првиот час и се разделувате од родителите. Тоа е оној ден кога сите мајки, сите татковци и сите баби се возбудени и дотерани, кога ви мавтаат како да се разделувате засекогаш, кога им ѕвонат мобилните како луди, а тие ги исклучуваат оти важно им е да не пропуштат ниту еден момент од таа свечена колона којашто влегува во училницата“ (12).

Друга тема за која проговорува Весна Алексиќ, а е поврзана со поаѓањето на училиште е традиционалното дотерување на новите ученици, но авторката не го критикува тоа туку, се осврнува на традиционалните предрасуди поврзани со женскиот пол, нешто за што Маша е сособено свесна: „Околу мене имаше куп розови девојчиња: во розови фустанчиња, со розови патики, во розови дуксерки, со розови венчиња и розови ранчиња...вистински розови принцези – и мене веднаш не ми се допаднаа“ (13). Маша е девојче кое е многу силно и самостојно, што произлегува и од воспитувањето што го добила од родителите, така што таа не ги прифаќа наметнатите и ригидни ставови на баба ѝ поврзани со розовата боја како „типична“ за женскиот род. Феминистките исто така би биле многу задоволни од нејзината критика на родовата диктатура на розовото, како и од афирмацијата на правото на жените на слободен избор на приватен живот. „Ловец на глуварчиња“ впечатливо ја демонстрира авторовата мудрост, емотивност, промисленост, стилска зрелост и модерност. Преку оваа црта од нејзиниот карактер, авторката Алексиќ истакнува дека овде не се работи за некаков изграден став околу феминизмот (за кој Маша не е ни свесна), туку за настојувањето да се биде различен, да се почитуваат различностите, како и да се сочува слободата на избор и неограничувачките предрасуди. Тоа е евидентно од нејзиниот став кон „розевите“ девојчиња, но претставува и своевиден бунт против двојните стандарди на родителите: Едно од розевите девојчиња прво истрча во ходникот, викајќи на цел глас: Леле, колку е убаво на школо! И веднаш потоа поврати во ходникот.“ (18) „Е, тоа е проблемот со возрасните. Мене не ми дозволува да кажам дека розовото де-

војче истури црева и дека некој е кул, бидејќи така зборувале уличарите и тоа не било убаво, а кога таа така зборува, тогаш тоа е сосема во ред“ (20).

Токму поради слободарскиот дух на Маша, изборот на пријател со кого за првпат ќе влезе во училиштето, не е девојче, туку момче, коешто е многу необично: „Во тој момент здогледав едно ситно момче што имаше црвен џбун на главата и лице црвено како дамката на мама! Еве го спасот! Брзо го зграпчив за рака. Нека си биде црвен колку што сака, само да не е розов! Впрочем, кога малку подобро го погледнав, тој имаше и тексас-јакничка, цело ѕвездено небо од пеги и тркалезни очила“ (13-14). Ликот на Јанко е добра причина авторката имплицитно да каже нешто за инклузијата во училиштето и отпорот што го предизвикува. Затоа уште од првиот ден се спријателила со Јанко, кој не е како другите деца. Воопшто не зборува и повремено се однесува прилично чудно: бега од клупата и трча неколку круга низ училницата и се смирува. Толку е чудно што некои деца и нивните родители протестираат поради тоа што тој е во нивното одделение. Но, Маша е на негова страна, како и нивната учителка, која е навистина кул: „На другите можеби им пречеше тоа што учителката само на Јанко му дозволуваше да шета на час. Тоа често се случуваше затоа што тој никогаш немаше мир. Секогаш прв ги завршуваше задачите и тогаш ќе станеше и без никаков повод ќе почнеше да шета низ училницата“ (23). Чести се испадите на Јанко во училиштето, а Маша, иако на почетокот е збунета од неговото однесување, се обидува да му помогне: „Јанко со стравотна сила го ишара целиот лист со црна восочна боичка, со некакви бесмислени страшни чкртаници... Толку многу стискаше на хартијата што ја искина на неколку места“ (24); „...потоа ненадејно потрча кон таблата и попатно го турна лаптопот од масата“ (27). Постојаната лутина и молчење на Јанко, како и неговото инцидентно проблематично однесување, ќе го одведат и кај логопед.

Неговиот лик во романот е показ и доказ за односот на околината кон децата со попреченост, иако подоцна се востановува дека Јанко нема никаков проблем. Имено, токму неговото необично однесување е причина за дистанцирање на другарчињата во училиштето од него, но и за стравот што тие и нивните родители го чувствуваат од сè она што е различно: „Чув дека некои родители се бунеле против Јанко и барале да биде преместен во друго одделение...На некои родители им пречело тоа што Јанко шета низ училницата и им пречи на нивните деца. ..Не, учителката нема да дозволи никакви бунтови...Таа жена е кул и не обраќа внимание на будалаштини и малограѓанштини“ (41). Токму поради приврзаноста на Маша кон Јанко и таа ќе се најде на удар на обвинувања на одредени ученици. Имено, и таа и Јанко ќе бидат жртви на врсничко насилство, преку неосновани и лажни обвинувања, говор на омрза, како на пример дека имаат вошки, дека Јанко го турнал пијаното и слично: „Ти! Ти си виновна за сè! Ти и овој немиот! – продолжи Ема, вперувајќи го прстот во Јанко...Не знам што ми стана, но знам дека ја удрив по лицето, а таа ме искуба за косата. Тоа многу ме налути, а и ме болеше, чесно признавам, па ја туркав до оградата...И тогаш ја соборив Ема на земја“ (32).

По испадот во училиштето, мајка ѝ, како секој добар родител, ќе поразговара со Маша, но и ќе ја поддржи, потсету-

вајќи ја на зборовите на татко ѝ, кој рекол дека Маша е како амбасада. Амбасадите се куќи во кои работат претставници на други земји и никој нема право да влезе во амбасада без дозвола, бидејќи тоа би предизвикало меѓународен инцидент. Аналогијата со Маша е дека и таа е, исто така независна, горда и неприкосновена територија и е многу приврзана за неа: „На татко ти му се допаѓаше тоа што умееше да се браниш, што си бестрашна и самостојна, но...мораш да бидеш и достоинствена амбасада. – Не смееш прва да напаѓаш, не смееш да ги повредуваш другите и не смееш да се тепаш“ (36-37). Во понатамошниот тек на овој необичен и несекојдневен роман, преку ликот на Јанко, авторката проговорува и за други сериозни теми. Една од нив е темата на распарчено/дисфункционално семејство, темата на посвоеното дете и сл. Имено, воведувајќи го елементот на интригата и детективскиот роман, сосема случајнова се неговите згрижувачи, тие многу добро се грижат за него, а она што сега му е потребно е помош од добар другар, а тоа си ти – и тоа е сè!“ (49). Децата реагираат на разводот/разделбата на нивните родители со болни емоции вклучувајќи тага, збунетост и страв од напуштање, вина, заблуди, лутина, конфликти за лојалност, грижа и тага. Многу деца доживуваат чувства на загуба кога едниот родител се придвижува/се оддалечува надвор од семејното живеалиште[47]: „Јанко со стравотна сила го ишара целиот лист со црна восочна боичка, со некакви бесмислени страшни чкртаници... Толку многу стискаше на хартијата што ја искина на неколку места“ (24); „...потоа ненадејно потрча кон таблата и попатно го турна лаптопот од масата“ (27).

И навистина, и покрај верувањето на сите дека Јанко не зборува, благодарение на позитивното влијание и искрено пријателство од Маша, тој проговорува, иако на почетокот само Маша ја знае неговата тајна: „Ти сосема нормално зборуваш? – прошепотев вџашено. – Да, само не зборувај за тоа“ (65). Причината за неговото однесување и одбивањето да зборува и да комуницира со надворешниот свет, Јанко вака ја објаснува: „Не знам каде е мајка ми. И затоа сум ѝ лут....-А каде е татко ти?...-Тој е во затвор...И нему сум му лут“ (70-71). Децата реагираат на разводот на нивните родители со болни емоции вклучувајќи тага, збунетост и страв од напуштање, вина, заблуди, лутина, конфликти за лојалност, грижа и тага.Многу деца доживуваат чувства на загуба кога едниот родител се придвижува/се оддалечува надвор од семејното живеалиште.[48]

Маша и самата го согледува односот на околината, на училиштето ко Јанко, зашто и таа ги чувствува последиците, а се чини и мајка ѝ на Маша (која во случајов, ги отсликува ставовите на средината) се согласила на таков однос во име на мирот: „Јанко и јас седевме во последната клупа во редицата ...и јас често приговарав заради клупата. Кога ѝ се пожалив на мама, таа ми рече дека во

47 Ukpe, L.Q. (2021). Children’s behavior towards divorce and effective parenting, 2021, https://www.academia.edu/49558597/Childrens_Behaviour_towards_Divorce_pdf, accessed on 13.02.2022

48 Ukpe, L.Q. (2021). Children’s behavior towards divorce and effective parenting, 2021, https://www.academia.edu/49558597/Childrens_Behaviour_towards_Divorce_pdf, accessed on 13.2.2022

првите клупи вообичаено седат понешните деца и оние кои носат очила, но тој одговор ѝ пропадна затоа што и Јанко носи очила....Истото беше и со колоната. Кога одевме двајца по двајца низ градот, Јанко и јас повторно бевме последни, мама рече дека тука не гледа никаков проблем“ (74).

Истражувачите на теоријата за лицата со попреченост изразуваат загриженост за стереотипите. На пример, Блашка (2004) вложува многу напор во истражувањето на детето со посебни потреби како мотив во литературата за деца. Таа се фокусира на потенцијалот на читателот да се препознае себеси во ликовите на приказната. Книгите се опишани како огледала што ни покажуваат ликови кои имаат чувства и искуства слични на нашите. Таа ги повикува рецензентите да користат одредени критериуми за да ги проценат детските книги каде се присутни протагонисти со попреченост. Според неа и со нејзините зборови кажано, добрите книги треба да: 1. Промовираат емпатија, а не сожалување. 2. Да прикажуваат прифаќање, а не потсмев. 3. Да го нагласуваат успехот наместо неуспехот. 4. Да промовираат позитивна слика за лицата со попреченост или болест. 5. Да им помагаат на децата да добијат точно разбирање за попреченоста или болеста. 6. Да покажуваат почит кон лицата со попреченост или болест. 7. Да го промовираат ставот на „еден од нас“ а не „еден од нив“. 8. Да користат јазик што прво ја нагласува личноста, место попреченоста, 9. Да ја опишуваат попреченоста или лицето со попреченост или болест како реални (т.е. не субчовечки или натчовечки.[49] Ако се осврнеме на тврдењето на Мелани Кос којашто подразбира три типа попреченост: физичка (некаков физички недостаток), емоционална (некакво емоционално пореметување) и когнитивна (способност за какво било учење), ќе се согласиме дека во случајот на Јанко, се работи за доброволна физичка попреченост (одбивање на говор и комуникација со околниот свет), а причина за неа е емоционално пореметување/попреченост (заради растуреното семејство и чувството на напуштеност од родителите).[50]

Прифаќањето од околината ќе резултира со успешен обид за инклузија на Јанко во училишните воннаставни активности, како што е организирањето на новогодишна театарска претстава, иако тој е само чевлар во неа и не зборува. Во контекст на претходно елаборираното за романот „Ловец на глуварчиња“ од Весна Алексиќ, може да се спомне и статијата на Kurt и Karen со наслов „Разбирање на попреченостите преку литературата за деца“, во која се дискутира за децата кои биле недоволно застапени во општеството поради раса, пол, сексуални преференции и попреченост, или, според авторот, целта на детската литература е начин да се споделат моќни примери за тоа како сите ние можеме

49 Blaska, Joan K. (2004). Children’s literature that includes characters with disabilities or illnesses. Disability Studies Quarterly Vol 24, No 1., The Ohio State University Libraries, <www.dsq-sds.org>15.3.2022

50 Koss, D.M. (2015). Diversity in Contemporary Picturebooks: A Content Analysis. Journal of Children’s Literature, 41.1, accessed http://www.abrondino.com/uploads/1/3/2/1/132140667/koss.pdf, 11.2.2022.

или не можеме да се однесуваме кон индивидуалните разлики.[51] Имено, целта е да се покаже круцијалната улога на социјалната инклузија на лицата/децата со посебни потреби. Социјалното вклучување и активното учество на сите членови на општеството се од витално значење за практикување на човековите права и промовирање на човековото достоинство. Во денешно време, концептот на прифаќање на различноста игра важна улога во социјалната политика. Образовниот систем генерално ја отсликува социјалната структура преку пренесување на општествените норми на учениците.[52]

И при поделбата на улогите за претставата, повторно е видлив отпорот на Маша кон востановените конвенции, поради што таа решава да ја земе улогата на наратор: „Ако помисливте дека јас сакав да бидам принцезата, ептен сте се излажале! Круна на кратка коса воопшто не е интересна, а освен тоа, таа принцеза не прилега на мојот карактер, ако ме разбирате. Таа многу кенкаше, а мене кенкањето ме нервира“ (64). Маша му помага на Јанко да биде среќен и повторно да ја запознае вистинската мајка, па дури и да зборува. Неговата мајка се појавува под необични околности, со создавање драмска напнатост. Имено, во неколку наврати, Маша ќе забележи млада полицајка со црвена коса како ги следи, и во расплетот се открива нејзиниот вистински идентитет, дека е мајката на Јанко, којашто во меѓувреме го завршила своето образование и се вработила, но и се развела со сопругот, таткото на Јанко.

На тој начин, додека е преокупирана со Јанко, Маша сè почесто заборава на глуварчињата. А глуварчињата се посебна тема во овој неголем роман по обем, но огромен по животните вистини што се кријат во него: „Тоа со глуварчето е чудна приказна. Тато и јас бевме ловци на глуварчиња, тоа веќе ви го кажав, но не ви објаснив зошто го сакавме тоа цвеќе. Глуварчето е најупорното и најтврдоглавото цвеќе. Можете да го најдете среде зима, но и среде лето. Само да се пробие еден сончев зрак, тоа ја подига главата од тревата, па макар била покриена и со слана, што значи дека е многу студено. Само за него не постојат годишни времиња, можете лесно да го проверите тоа. Тато и јас го откривме тоа и секогаш, секогаш ги беревме. Со тој лов продолжив и сама...Успевав во тоа затоа што ми беше многу важно да соберам глуварче секогаш кога ќе најдам. Тоа веќе ми беше навика и моја убава, мала обврска. Таа вечер помислив колку долго време не сум собрала ниту едно глуварче. Снегот што паѓање ме оправда, но јас сепак знев дека сум заборавила“ (50-51). На часовите по ликовно, Маша го открива својот најголем страв, кога добиваат задача да го визуелизираат на хартија: „Не ѝ го кажав ни тоа дека понекогаш се плашам дека ќе заборавам како изгледаше тато. Мама не сака да се плашам од ништо, а јас се трудам, иако не успевам секогаш“ (11).

Покрај тоа што ја претставуваат вр-

51 Kurtta, Stephanie A, Gavigan, Karen W. (2018). Understanding (Dis) abilities through children’s Literature. Education Libraries, Vol. 31, Issue. 1. https://units.sla.org/division /ded/education_librraries.html. 10.2.2022

52 Gulya, G. (2020). Anikó Fehérvári, Mapping disability representation in primary school youth literature, Conference Paper, accessed on https://researchgate.net/publication/343090283, 10.2.2022

ската на Маша со нејзиниот татко, глуварчињата се и метафора на упорната убавина што го пробива најголемиот мрак - мини реплики на сонцето во тревата, но и кај другите луѓе. На тој начин, преку симболиката на глуварчињата се разјаснува идејата на авторката Алексиќ да проговори за една болна тема на нашето општество, а тоа е – нетолерантноста и некомплетното прифаќање на лицата со попреченост. Иако низ дејството на романот се покажува дека Јанко нема попреченост, туку во знак на разочараност и револт одбива да зборува, авторката мошне успешно ја покажува реакцијата на средината. Преку ликот на малото девојче Маша, авторката покажува какви треба да бидеме, а иронизирајќи го ликот на девојчето Ема коешто неоправдано и лажно го обвинува и навредува Јанко – какви сме, како општество, во суштина.

Романот завршува со завршеното патување на мајката Сенка и Маша кај најдобрата другарка на Сенка во Германија и моментот на враќање со авион во татковината, кога, набљудувајќи ги облаците околу себе, Маша ќе се потсети на еден од најубавите моменти што ги поминала со својот татко: „„Бев сама со тато во автомобилот...Одевме по некој споредeн пат, од двете страни на патот растеа густи дрвја, и во еден миг, како што дувна ветрот, пред нас почнаа да паѓаат исушените лисја како златен дожд. Многу, многу лисја за момент летнаа, ветерот ги однесе како конфети, а потоа пополека бавно паѓаа на земјата, како на забавена снимка“ (101).

Тогаш Маша сфаќа дека никогаш нема да го заборави, зашто тој секогаш ќе биде со неа, особено зашто двапати се вратил на истото место за да може Маша да ја запомни сликата: „И кога се потсетив на тоа. Одделнаш повторно се расположив, бидејќи точно се сетив дека тато имаше јакна од превртена кожа и се сетив како мирисаше таа, и убаво можев да го слушнам неговото смеење, и се сетив колку ги сакаше убавите слики на природата и дека беше неуморен ловец на глуварчиња, и во истиот момент знаев – глупаво е да се плашам дека ќе го заборавам“.

Романот „Ловец на глуварчиња“ од српската авторка Весна Алексиќ испраќа моќни пораки за повеќе сегменти од нашето живеење. Најпрвин, таа отворено и искрено проговорува за односот родител-дете, особено во семејство на самохран родител, и дете коешто и самото треба да се избори со загубата на другиот родител и тагата. Следно, таа проговорува и за социјалната инклузија и прифаќањето на различностите во општеството, за односот на средината кон сето она што таа средина го смета за поинакво, чудно, неприфатливо, недолично и слично. Весна Алексиќ ни покажува дека тие фундаментални навики кај децата треба да се создаваат уште во најраната возраст и дека децата се нашето огледало, а од нас зависи што ќе здогледаме во него.

Оттука, книгите од ваков тип, книги во кои авторите отворено зборуваат за сите реални, па макар и грди и тажни страни од животот и живеењето се исклучително важни. Ако пак, сето тоа е проткаено со умерена доза на хумор и искрен детски оптимизам, таквата книга може да претставува моќно оружје - „глуварче“ за менување на светот на подобро и создавање нови генерации млади, силни, полетни луѓе со широк светоглед.

Наталија ЛАПАЕВА-РИСТЕСКА

«На мысли, дышащие силой, как жемчуг нижутся слова...»:

МОЌТА И УБАВИНАТА НА СЛОВЕНСКИОТ ЗБОР

Појавувањето на поетската збирка „И каменот има душа“ којашто содржи препеви на сите словенски јазици на песната со истоимен наслов на младиот македонски поет Филип Димкоски е значајна и уникатна поради повеќе нешта. Да се потрудиме да го докажеме тоа. Пред нас откриваме збирка оформена едноставно и елегантно без уметнички излишности, со впечатливо црно-бело графичко решение, и прво што ќе прочитаме е песната на Филип Димкоски „И каменот има душа“. Поетскиот текст мигновно создава емоционални импулси поттикнувајќи мисловна пулсација.

Привлекува самата парадоксална постановка на прашањето уште во почетокот: наоѓа душа во еден камен кој всушност припаѓа на мртвата природа. Очевидно е дека Филип Димкоски е пантеист. Тој ја восприема природата како живо суштество со чувства, разум и јазик. Уште во првата поетска слика јасно е дека Филип Димкоски умее да ги слуша гласовите и звуците што се раѓаат во светот на природата, неговата душа одговара на „жуборот на потокот“, се радува кога ја слуша „песната на птиците“, трепери при „шумот на далгите езерски“.

Но, во следните неколку стихови авторот се обраќа на читателот, односно собеседникот „дали сте слушнале/оти и тој говори и чувствува/дали сте слушнале оти/и каменот има душа?“-нагласувајќи го заемниот разговор меѓу човекот и природата. Авторот на песната ги довикува, го sирна и го наслушнува она што отсекогаш било симбол на безживотност, неподвижност-каменот. Филип Димкоски како да почнува да твори во текстот, свој сопствен „мит за каменот“ одразувајќи ги неговите онотолошки и аксиолошки карактеристики. Каменот како еден од најважните компоненти за материјалното создавање на светото,

според Филип Димкоски,се јавува, всушност „папок на Земјата“ (по руски – «пуп Земли»). Тој покажува како сè во природата – сончевите зраци, водата, ветрот, тревата – е во взаемно дејствие со каменот: каменот е способен „да го одбива сончевиот блесок“, „не ќе дозволеше/ водата да го распарчи во ситен песок“, ветерот да го тркала, тревата под него да гние“.

Каменот во визијата на Филип Димкоски не е само материја. Каменот за поетот има метафизичка содржина. Поетот го персонифицира каменот. Тој не го дели многу каменот од особеностите што Бог му ги подарил на човекот како што се сочувствувањето и желбата да му се помогне на беспомошниот („...дозволеше ни патнекот на него да седи“), способноста да се љуби и да се подари своето срце некому („длабоко во него / љубовта и топлината се кријат“), можноста да се биде творец („длабоко во порите негови/илјада приказни спијат“).

Но, најдрагоценото со кое се карактеризира каменот, според Филип Димкоски, е неговата душа. Семантичката квинтесенција на песната е изразена во нејзиниот наслов „И каменот има душа“. Секој збор и секој стих од песната на Филип Димкоски „И каменот има душа“ резонира во срцето. Песната ги разигрува сите скриени струни во човековата душа и ја води кон созерцание. Значајно е што песната „И каменот има душа“ којашто е мудра, убава и длабока, има преводи на словенските јазици кои исто така ги поседуваат тие квалитети.

Сметам дека самата идеја - превод на песна од македонски автор на сите словенски јазици - уште на самиот свој почеток е благородна. Оваа идеја не ги раздвоила и искарала луѓето, туку напротив ги сплоти луѓето, ги запозна едни со други, ги собра заедно. Зборовно држејќи се за рака, сите Словени ги стави во еден голем и убав танец. Збирката „И каменот има душа“ што го содржи оригиналниот текст на македонскиот поет Филип Димкоски „И каменот има душа“ и препеви на песната на 13 словенски јазици, стана идеално „место за средба“ на сите оние кои ја разбираат идејата за единство, дружба, љубов и братство. Зборникот е навистина плоден и читателот ќе може да увиди колку силни и ефективни можат да бидат меѓународните литературни врски.

Читањето на препевите на песната „И каменот има душа“ од Филип Димкоски е еден фасцинантен процес што носи радост за откривање и проширување на литературните хоризонти. Ова е можност да се увидат од една страна сличностите во јазиците, а од друга страна нивните разлики, а сето тоа нè упатува кон размисла за корените на постоењето, за културите, писменоста, духовноста на словенските народи, како и за индивидуалните историски судбини и менталитет на секого од нив. Како што е познато, менталитетот на еден народ може да се осознае токму преку јазикот. На тој пат можат да се откријат многу интересни нешта.

Симптоматично, е што зборовите „камен“ и „душа“ како клучни и смислообразувачки во поетскиот текст на Филип Димкоски звучат практично еднакво на сите словенски јазици. Така македонскиот збор „каменот“, соодветствува со рускиот збор *„камень“*, бугарскиот „*камъкъ҃ш*“, српскиот „камен“, чешкиот „*ќámen*“, украинскиот „*камін*“, полскиот „*kamień*” и т.н. Зборот „душа“ од македонски не е нужно да се преведе затоа

што е идентичен и на хрватски и на босански-„duša“, како и во рускиот и во белорускиот - „душа“ и во словенечкиот - „duša“, во полскиот- „dusza“. Без разлика на карактеристиките во „графиката“ на буквите, акцентот или граматичката форма при користењето на зборовите немаат разлики, односно се слични еден на друг. Веројатн, овие зборови се присутни во јазичните знаења на сите Словени и уште одамна ја одразуваат картата на светот на којашто „каменот“ и „душата“ се во таа основа.

Заедно со нив, во текстовите на препевите при нивната компаративна анализа можно е да се забележат мноштво вербални „несовпаѓања“ и варијанти за оформување на едно и истозначно, една „инварианта“. Калку различни, ама колку чудесно се одгласуваат македонското „се слуша жуборот на потокот“ со белоруското „ *Цурчыць і гамоніць ручай*“ или словачкото „Počuje sa klokotanie potoka“; македонското „Да беше така бездушен/не ќе дозволеше ни патникот на него да седи“ со руското „ *Если бы он был бездушным, / он бы не дал ни путнику присесть*“;македонското „длабоко во порите негови/илјада приказни спијат“ со српското „негде дубоко у њему/бесконачна прича о животу спава“ или со чешкото „ *hluboko v jeho pórech / pestré příbehy odpočívají*“; македонското „Некаде длабоко во него/љубовта и топлината се кријат“ со украинското „ *Десь глибоко в ньому / любов і тепло приховаються*“ или полското „ *Gdzies tam, dla oczu niewidoczne, / cieplem i miloscia serce mu bije*“.

И сето ова лексичко-семантичко, синтаксичко и граматичко разнообразие во националните словенски јазици претставува едно и исто- „општочовечки“ особености, но и сведочи за тоа дека Србинот не е еднаков со Словенецот, Чехот со Полјакот, Русинот со Белорусинот, Македонецот со Украинецот и т.н. Славјанството е цел спектар од слики за светот, потпишани со јазикот како печат на културата на секој одделен јазик. На секоја од овие слики на светот се поставени “нивните сопствени акценти“, што живописно јако го одразуваат индивидуалниот карактер, различните мислења, структурата на сознанието на едниот или на другиот словенски народ.

Поетските препеви во зборникот, како расеани бисери, искрат и играат, донесувајќи му радост на живиот човек. Текстот на Филип Димкоски и текстот на препевите на сите словенски јазици се одразуваат еден во друг, разговараат еден со друг, се држат еден за друг. Така и словенските народи, низ долгите векови живеат меѓусебно, учејќи едни од други, помагајќи си низ собеседништво со браќата свои словенски подобро да се запознаат самите себе.

На преведувачите на оригиналниот текст на Филип Димкоски „И каменот има душа“ на сите словенски јазици, кои чинат другарски мост меѓу народите и луѓето еден кон друг, им се заблагодарувам-– «Фала!», «Спасибо!», «Hvala!», «Podziękować!», «Благодаря!», «Дзякуй!», «Poďakovať!» и т.н.

Филип ДИМКОСКИ

ПОУБАВО СЕ ЦВЕТА, БЕЗ ГОРДЕЛИВОСТ И БЕЗ СУЕТА

(Кон сликовницата **„Ноли и детелинката“ о**д Вера Андон, илустрации: Кристијан Јованоски, Топер, 2020)

Задачата на поезијата и на книжевноста за деца воопшто е да им ја приближи вистината на децата и што порано да ги подготви за суровиот живот што доаѓа со сите негови вистини, полувистини и лаги. Литературата за деца не е воспитувач, воспитувач е мислата што ја носи таа - ми рече во едно интервју големиот поет за деца Љубивое Ршумовиќ. Штом ќе ја прочитате оваа стихувана сликовница или сликана стиховница ќе забележите дека поетесата Вера Андон, авторка на оваа книга ги следи тие правила и зема материјал од детските случки, доживувања и волшебства, сето тоа го пресоздава, го престорува во песна во секое делче ја задржува својата уметничка вредност, а сепак ја носи поуката што е важна карактеристика која треба да се негува во литературата за деца. Содржината е уметничка, а мислата е таа што поучува и воспитува.

Голата, груба дидактика е непознат поим за Вера Андон, којашто и во поезијата за возрасни и во литературата за деца се истакнува со својата лиричност, неочекувана и ненаметната рима и нежност во кажувањата. Ако со книгите „Здраво мои 13“, „Првата љубов голема, а ние мали“ и со „Тајната на црвената гума“ оваа поетеса им се обрати со грст стихови и реченици за првата љубов на учениците од погорните одделенија, односно на тинејџерите, а со „Ха-ха од Ш до А“ на децата од предшколска возраст, на првачињата и вторачињата, тогаш книгата „Девојче, детелинка и цвет“ ги опфаќа и едната и другата категорија млади читатели. Зошто? Затоа што иако навидум е едноставна и по начинот на кој е раскажана оваа стихувана сказна на прв поглед ќе остави впечаток дека е најинтересна за најмалите, сепак пораките кои ги носи и деловите кои наведуваат на размислување, ќе ги заинтересираат и учениците од

погорните одделенија. Тоа е уште еден доказ, дека поделбата на литературата е нешто што треба да се надмине. Нема песни за деца и песни за возрасни. Убавата песна, убавата сказна, бајка, приказна, убавиот расказ и роман се убави, квалитетни, уметнички издржани и поучни за сите нивни читатели без разлика на возраста.

Во стихуваната сликовница „Девојче, детелинка и цвет“ ќе се сретнете со многу интересни ликови. Нив нема да ги најдете во други сказни и приказни, ниту во други песни оти се со оригинални имиња и со оригинални особини. Ќе се дружите со детелинката Лени, девојчето Ноли, цветот Лале, пеперутката Лете и мама, а што се случило меѓу нив, кој е во право, а кој е крив, кој како постапил, кој е среќен, а кој тажен и замислен, низ стихови ви раскажува Вера Андон. Структурата на целата содржина особено е погодна за драматизација, па сигурен сум дека на следната приредба во училиште, ликовите од сликовницава ќе си најдат вистински ликови од училишните клупи кои на свој начин зборовите ќе ги оживеат на сцената.


Оваа сликовница е лесно читлива. Лесно ќе ја прочитаат и ќе ја разберат дечињата кои сега почнале да читаат исто како и оние што веќе читаат течно. А дечињата што незнаат да читаат подзинати и со љубопитство ќе чекаат да им прочитаат нивните браќа и сестри, нивните родители, роднини или баби и дедовци за да видат како цветот Лале ја навреди детелинката Лени, зошто девочето Ноли се расплачи, и на крајот зошто Ноли и мама се среќни, а Лале е замислен и тажен цвет... Сета оваа приказна не поучува на вистинските вредности, а тоа значи да се однесуваме со почит кон секого, да не ги делиме луѓето туку да ги цениме според нивната добрина и внатрешна убавина и ни покажува дека ако не се однесуваме така, следат моменти на тага и разочараност од нашите неправилни постапки. Сепак, се разбира дека некогаш нема да постапиме онака како што треба, но последиците од тоа, би требало да ни бидат поука за во иднина.

Не само интересна приказна, не само поука, туку овие стихови на младиот читател му помагаат да ја гради смислата за естетика, чувството за убавина, чувството за уметност и за нежност... Особено ќе го почувствувате тоа, во стиховите: *Но ти биди среќна/ зошто крај мене/ многу свет мина/ но само ти ме виде/ и само ти ме скина..;*.потоа во:*Ретки сме ние/со четири листа,/ треба да минеш/ливади многу/за да најдеш друга/како мене иста;* а исто така и во:*На цветот кој сакаше/ разговорите да ги слуша,/ му се растажи набрзо/ мирисливата душа...*; и во *Мамо види ја/ детелинкава/ со четири листа,/ малечка е/ но како цвет е иста;*. Но, за една сликовница да биде комплетна и да ги задоволи високите барања за квалитет и за убавина од страна на најпребирливата и најправичната публика, важно е да има богати и квалитетни илустрации. За среќа во овој случај од една страна имаме лирика во стиховите, а од друга страна лирика и ликовно мајсторство во илустрациите на академскиот сликар Кристијан Јованоски. Во сликовницава, она што не го кажал зборот, го кажува сликата. Всушност, илустрацијата ја исполнува својата должност да раскаже дополнителна, односно уште една проширена приказна од постоечката.

Богатата колоритност, исклучителната вдахновеност на авторот и нитката меѓу јавето и сонот, меѓу вистината и бајката, почувствуваната нежност и топлина, како и распоредот на илустрациите прават комплетно доживување на радост од читањето на оваа сликовница.

Драги читатели, секоја објавена книга побогата и поубава ја прават доживувањата на читателите и токму затоа иако би пишувал уште, ве оставам и ве препуштам во светот на зборовите и боите од Вера Андон и Кристијан Јованоски. Ви посакувам среќно патување и бескрајно уживање во стиховите, во мислите, во поуките, во боите, мирисите и звуците на оваа сликовница.

АРТитектура


НИЧЕ
ВАСИЛЕВ
МОНОГРАФСКО
РЕТРОСПЕКТИВНА
ИЗЛОЖБА

Васил ДРВОШАНОВ

ПОТРАГА ПО СОВРШЕНИОТ ЛИКОВЕН КЛУЧ

(Никола Пијанманов и др. Сликарството на Ниче Василев: 50 години творештво. Струмица: Култ-транзен, 2022)

Ретка е можноста во нашето издаваштво на наидеме на публикација од областа на македонската ликовна уметност. Уште поретка е можноста да наидеме на монографија за одделен ликовен уметник. На наше големо задоволство, а се надеваме, на задоволство и на голем број љубители на ликовната уметност, годинава излезе од печат поднасловената монографија за творештвото на академскиот сликар Ниче Василев од група автори: Никола Пијанманов, Ниче Василев, Васко Ташковски и Тони Ќосев.

Споменатата монографија во формат A_4 е концептирана, условно речено, во три целости: текстуален дел, уметнички дел и биографија.

Првата целост ги содржи авторските прилози од Ниче Василев со истоимен наслов, од Никола Пијанманов („Сликарството на Ниче Василев“ и „Разговор со Ниче Василев“), од Васко Ташковски („Сликите на Ниче Василев“) и од Тони Ќосев („Отворање на изложбата на Ниче Василев во ’Уметничката галерија‘ – Струмица 2014 година“), сите илустрирани со дела од јубиларот.

Втората целост, којашто, всушност, е носечка целост во монографијата е поделена на три дела: „Цртеж“, „Пејзаж“ и „Портрет (Фигура)“.

Третата целост („Биографија“) ја сочинуваат насловните страници на одделни каталози од изложби, селектирани написи за славеникот во печатот со информации за индивидуалните и групни изложби и фото-албум на неговото семејство со список на добиените награди и со податоци за отворените изложби.

Во првиот напис од Ниче Василев со истоимен наслов јубиларот во „кратката исповед“ нотираат неколку значајни дати од неговиот живот.

Прво, тоа е годината на неговото раѓање (1948, Дабиле-Струмичко) во „скромно земјоделско семејство“ и го-

диниte на неговото основно образование исполнето со немаштија и болести.

Второ, тоа се годиниte поминати во Средното училиште за применета уметност во Скопје, каде што бил солиден ученик и успешен во повеќе активности, прифатен од соучениците и од професорите, особено од професорот Родољуб Анастасов, од кого ги научил основите на цртежот и на сликарството и со кого контактирал и по завршувањето на Средното училиште за применета уметност. Василев споменува дека во средношколскиот период ја добил Првата награда за најуспешно ликовно остварување на манифестацијата „Младите во науката, културата и уметноста“, а подоцна ја добил и наградата на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија.

Трето, годината (1972), којашто е вистински патоказ во неговото уметничко оформување, годината кога Василев, за време на Меѓународната ликовна колонија во Струмица, се запознава со Лудвиг Мачонг, сликар од Полска и тогашен декан на Академијата за ликовна уметност во Варшава. Имено, Василев во тоа време студирал на Националната уметничка академија на Факултетот за применета уметност во Софија, па по завршувањето на првата година од студиите, на предлог од Лудвиг Мачонг, во 1974 година студиите ги продолжил во Полска. Како студент во Полска, „поради својот квалитет, Ниче Василев бил избран на идивидуален тип студирање“, при што, професорот Мачонг имал можност да го следи неговиот неверојатен и незаситен однос кон уметноста. Професорот Мачонг за Ниче Василев, помеѓу другото, напишал дека „сосема ретко се среќава во нашата средина таква аскетска сромност и чувствителност“. Василев со нескриена симпатија зборува за професорот Мачонг и за неговата сопруга, кои имале родителски однос кон него во Полска.

Јубиларот споменува уште две важни собитија од неговиот живот: женидбата со Рената Галазка од Варшава и рожбата на нивната ќерка Љупка, која, на негова голема радост, исто така, е уметник.

Во написот „Сликарството на Ниче Василев“ Никола Пијанманов метафорично го изразува макотрпниот пат на уметникот, споредувајќи го со туркање карпа до врвот на планината, којашто „при секое доаѓање до целта, таа одново и одново се стркалува надолу во низините и рамниниte“. Притоа, Пијанманов го дава толкувањето: „Планината е ателјето на сликарот, каменот е суровата празнина на платното, рамниниte се секојдневјето, а носењето на товарот до целта е неговото творештво, неговата конечна изложба“.

Авторот во написот прецизно го дефинира сликарството на славеникот. Имено, тој забележува дека „уметноста на Ниче е во постојана потрага по совршениот клуч што ќе ги соедини бојата, светлото и цртежот (формата)“, укажувајќи на секојдневната борба на уметникот со сивилото на светот. „Некогаш бојата ја преплавува сликата и триумфира над силуетите, некогаш цртежот ја натсликува бојата со сета своја елеганција и раскош“, при што уметникот како медиум, нотира Пијанманов, ги користи пастелите и моливот во боја.

Тој, како важна компонента на Василев, го истакнува немирниот и постојан уметнички креативен дух, од кој резултираат многубројните дела. „Иако

е првенствено сликар на човечката присутност и на ентетиерите во кои неповратно се втиснале сенките и формите на женските фигури, актови, еротските облини и погледите на анонимните ликови, нежните и кревки човечки судбини, Ниче Василев" - забележува авторот во написот , "е и голем мајстор на пејзажот".

Јадровитиот исказ на Пијанманов за сликарството на Василев неизбежно нè води кон повторно цитирање. Имено, во врска со маестралноста на Василев, тој забележува дека „природата во неговите слики трепери на неповторлив начин, синтезата меѓу небото и земјата, тешките бели облаци, тревките и ливадите и ниските ридови на хоризонтот, гранките и меката топла земја на медитранските полиња, формираат цела галерија на совршениот свет на природата". Притоа, тој нотира дека во раскошните пејзажи отсуствува човекот. Наспрема тоа, Пијанманов потенцира дека во сликите на Василев со човечки фигури пејзажот е присутен, илустрирајќи го тоа со констатацијата: „Просторот околу актовите, портретите и женските фигури е еден голем пејзаж во кој се рефлектираат човечките приказни".

Во врска со пристапот на Василев кон сликите, каде што доминира човекот, Пијанманов е дециден: „Острото и искусно око на уметникот хируршки точно ја слика осаменоста и прозирноста на луѓето во градската средина". Притоа, тој нагласува дека „бледите монохромни и издолжени лица коишто се повторуваат на позадината на колоритниот ентериер, личат на симулација на животот". Преку делата на уметникот може да се проследува судбината на анемичниот човек. Пијанманов го потврдува тоа со изречената мисла дека „сликарскиот план на Ниче е континуиран процес на постојана потрага по дејствие, по осмислување на постоењето на неговите ликови" во драматичниот двобој со анемијата на постоењето и обидот да се даде живот во човечката фигура.

Покрај портретот, односно фигурата и пејзажот, Пијанманов ја истакнува посебната улога на цртежот во творештото на Василев. Имено, цртежите во неговата уметност, забележува авторот во написот, „е една естетска дисциплина издигната на нивото на автономна уметност".

Пијанманов ја нагласува посветеноста на Ниче Василев со голема страст на женската фигура во своето сликарство, предадена во многу позиции (жена со петел, жената со цвеќе, жена со музички инструменти, жената-модел, жената-творец итн.), при што, во тој поглед, го споредува со Никола Мартиноски.

На крајот од овој прилог, Пијанманов ја акцентира потребата од поврзаност на творештвото на уметникот со местото на неговото живеење. Во таа поврзаност тој ја гледа големината на уметноста. Потврда за тоа Пијанманов наоѓа токму во сликарството на Ниче Василев, органски поврзано со местото каде што тој живее и твори, а, коешто истовремено има светска и универзална димензија.

Во написот „Сликите на Ниче Василев" академик Васко Ташковски дава свое видување за делата на јубиларот, присетувајќи се на нивната прва средба пред 42 години на Меѓународната ликовна колонија во Струмица, кога Василев како посебно талентиран ученик во Средното училиште за применета уметност во Скопје, бил поканет од ор-

ганизаторот на Колонијата да учествува заедно со постарите колеги од земјава и од странство.

Тогаш Васко Ташковски ја забележал големата заинтересираност на Василев за ликовната уметност. Со оглед на фактот што Василев отишол на студии во Полска, барајќи го својот сликарски пат, долги години не се среќавале. Меѓутоа, Ташковски го следел сликарството на Василев преку некои групни или самостојни изложби и каталози. Пред десетина години, забележува Ташковски, речиси секоја година се среќаваме на некоја од македонските колонии.

Во врска со сликарот Василев и неговите дела ќе приведеме подолг цитат од академик Васко Ташковски:

Тој е сликар со изградена ликовна физиономија, со препознатливо место во македонската ликовна уметност. Лирско поставените фигури, актови, портрети и други композиции на платното се облагородени со Ничеватa суптилна палета што го оддава расположението и атмосферата на насликаните фигури. Храбро акцентираните линеарни потези со четката се чувствуваат како солистички настапи на хармонично компонирана слика. Се менуваат моделите, се менуваат и нивните пози, движења, изрази, расположенија, се менуваат боите, се менува светлото на платното, се менуваат форматите на сликите, но Ниче останува доследен во градењето на својот сликарски свет – со несмалено темпо како пред 42 години.

Во прилогот „Отворање на изложбата на Ниче Василев во 'Уметничката галерија' – Струмица 2014 година" е предадено обраќањето на д-р Тони Ќосев при отворањето на споменатата изложба по повод добивањето две значајни награди на јубиларот: добивањето на Гран при од Светската галерија на цртежот за 2013 година на "Остен" и прогласувањето за уметник на годината од Светската галерија на на "Остен".

Во пригодното обраќање д-р Ќосев, помеѓу другото, кажува дека во богатиот ликовен опус на Василев секоја слика раскажува приказна, достоинствена за роман. „Авторот како господар на самотијата и мајстор на играта – нотира д-р Ќосев – прави композиции што пленат со своите хумани пораки и богатство од емоции". Исто така, д-р Ќосев забележува дека „ликовите од портретите на Ниче имаат проникливи очи што продираат во нас, нивните гледачи, и ја согледуваат темнината во нашите души, нашите сенки".

Д-р Ќосев укажува на фактот дека во творештвото на Василев жената („некогаш е строга и налутена, некогаш е скамемнета и во исчекување, но секогаш плени со својата убавина, заводлива и страсна") има посебно и почесно место. Освен тоа, тој истакнува дека вистинско мајсторство Василев покажува во портретите на животните, особено на петлите и на коњите, и во сликањето на раскошните пејзажи, каде што „се слуша шепотот на ветрот, екот на грмотевиците, трепетот на класјето, крцкаат крошните на дрвјата" и сл.

На крајот од своето обраќање, д-р Ќосев го благословува Василев со зборовите: „Долг живот и многу изложби, маестро"!

Во завршниот напис од овој блок е предадено интервјуто „Разговор со Ниче Василев" што го водел Никола Пијанманов во декември 2021 година.

Преку овој разговор се открива светогледот на маестро Василев на повеќе полиња од животот, но првенствено на релацијата општество–уметност. Имено, во поглед на рамнодушноста кон уметноста, особено кон сликарството и изложбите, Василев смета дека таа постоела отсекогаш, но дека денес рамнодушноста е исклучително изразена, што се должи на материјалистичкиот свет што сами го создадовме. Наместо квалитетна уметност, забележува тој, луѓето повеќе ги привлекува неквалитетна и евтина масовна култура, којашто, за жал, континуирано финасиски е поддржувана од државните и од општинските структури.

Во врска со уметноста, денес во однос на уметноста во минатото, Василев смета дека таа како да се гуши во агресивниот технолошки развој. Пристапот кон делата денес не е искрен како порано. Современото творештво е без вистински чувства. Сѐ е импровизација и ефектност без суштина.

Во однос на својата сликарска врвица, Василев укажува на фактот дека тој тешко го поминувал својот авторски пат, но никогаш не се предавал, туку опстојувал во суровата реалност, посветувајќи му се на сликарството повеќе од педесет години. Василев истакнува дека делата што ги создава ги анализира долго и студиозно, навраќајќи се кон нив и по неколку месеци. Тој го изнесува своето мислење дека никогаш не творел „во комфорна зона“ и дека во тешки услови за работа „вистинскиот творец секогаш ќе најде начин и причина да создаде нешто убаво, нешто значајно“ во уметноста.

Василев го споделува мислењето со Пијанманов дека уметноста е начин на живот, начин на постоење и дека таа не се учи. Тој им препорачува на младите сликари да се осврнат на сопствените чувства и на автентичниот израз, да веруваат во сопствените можности и постојано да ги развиваат.

Во поглед на изворот на вдахновеност, Василев својата главна инспирација ја наоѓал кај својата сопруга, којашто имала разбирање за неговото творештво и извонредно чувство за естетика.

Со оглед на тоа што Василев живее и твори во Струмица, тој се залага градот да има ликовен живот, така што со симпатии зборува за отворањето на долгоочекуваната Градска уметничка галерија, сметајќи го тој настан за најголем во ликовната сфера. Меѓутоа, тој забележува дека „таа галерија нема и не може никогаш да профункционира без компетентни кадри од ликовната сцена и без нејзини соодветни раководители“. Тој констатира дека работите со културата во градот, за жал, се поставени непрофесинално и дека некомпетентни луѓе негативно влијаат врз текот на ликовните случувања во Струмица. Сепак, Василев негува надеж дека „ќе се врати сјајот на уметноста и ќе се постават работите на своето место“.

Еден од трите главни делови во сликарството на Василев е пејзажот за кој авторот инспирација наоѓал во широките полиња, во боите што се менуваат низ годишните времиња, а тоа се должело и на негово детство што го поминал на село. На крајот од разговорот, Василев забележува дека пејзажот му давал свежина и колоритност и во останатиот дел од неговото творештво.

Втората целост, којашто содржи три дела: „Цртеж“, „Пејзаж“ и „Портрет

(Фигура)“, како што споменавме, е носечка целост во монографијата.

Првиот дел („Цртеж“) опфаќа репродукции на дваесет дела: „Портрет на мајка ми“ – јаглен 50х30 см. 1970; „Портрет на татко ми“ – јаглен 50х35 см. 1970; „Скици од блокот 1“ 1963; „Скици од блокот 2“ 1963; „Средношколски цртеж“– јаглен 45х34 см. 1965; „Мотив од Врњачка Бања“ – туш 30х23 см. 1963; „Средношколска студија на птици“ 1968; „Женски танц“ – јаглен 50х36 см. 1976; „Студентски акт“ 1976; „Поглед од Ликовната академија во Варшава“ – јаглен на картон 55х95 см. 1977; „Виена“ – цртеж 40х27 см. 1977; „Од скицникот на Ниче“ „Париз“ – молив во боја 50х30 см. 2013; „Париз“ – моливи во боја 50х36 см. 2013; „Стебла“ – молив во боја 50х30 см. 1996; „Сликарот и моделот“ – ком. тех. на картон 59х34 см. 2017; „Стариот град“ – пастел 44х34 см. 1999; „Женски акт“ – цртеж со молив 20х28 см. 2015; „Женски профил“ – пастел 40х30 см. 2017 и „Женски портрет“ – ком. тех. на картон 59х34 см. 2019.

Вториот дел („Пејзаж“) опфаќа репродукции на дваесет и едно дело: „Поглед од домот во Варшава“ – ком. тех. на картон 35х32 см. 1976; „Покрај реката“ – ком. тех. 43х35 см. 1992; „Предел“ – масло на платно 62х52 см. 1997; „Мотив од Полска“ – пастел 45х36 см. 2000; „Поле“ – масло на платно 40х30 см. 1998; „Манастирот во Велјуса“ – пастел 50х40 см. 2001; „Мотив од Струмица“ – пастел 45х36 см. 2013; „Расцветаните бадеми“ – масло на картон 51х46 см. 2015; „Црвеното поле“ – масло на картон 50х40 см. 2015; „Пред дожд“ – масло на платно 90х70 см. 2011; „Пат низ жолтото поле“ – масло на картон 50х40 см. 2016; „Стогови“ – масло на платно 60х50 см. 2016; „Расцветаните бадеми“ – масло на платно 60х50 см. 2016; „Лето“ – масло на картон 50х40 см. 2017; „Поле со врба“ – масло на картон 70х50 см. 2019; „Црвени стебла“ – масло на лесонит 45х35 см. 2018; „Бели стебла“ – масло на платно 60х50 см. 2018; „Мотив од Балдовци“ – масло на лесонит 64х50 см. 2019; „Есен“ – масло на платно 50х60 см. 2019; „Планинско село“ – масло на медијапан 50х35 см. 2020 и „Планинско село“ – масло на медијапан 60х45 см. 2015.

Третиот дел („Портрет / Фигура)“ опфаќа репродукции на седумдесетина дела: „Портрет од Основно училиште“ 1960; „Портрет на тажната девојка“ – масло на платно 45х35 см. 1980; „Акт“ – масло на платно 80х60 см. 1977; „Женски модел“ – масло на платно 60х55 см. 1977; „Имагинарен портрет“ – масло на платно 40х30 см. 1981; „Композиција“ – масло на платно 30х38 см. 1986; „Опуштање“ – масло на лесонит 40х30 см. 1987; „Портрет на мојот пријател“ – акрил на лесонит 25х27 см. 1999; „Очекување“ – масло на картон 50х40 см. 2007; „Три грации“ – ком. тех. на картон 78х58 см. 2009; „Лето“ – масло на картон 62х86 см. 2009; „Жена со виолина“ – масло на картон 2009; „Актерка“ – масло на платно 79х95 см. 2010; „Срамежливост“ – масло на лесонит 85х50 см. 2010; „Заминување“ – масло на лесонит 30х35 см. 2014; „Драматичен миг“ – акрилик на платно 100х80 см. 2015; „Жената во црвен фустан“ – масло на платно 90х70 см. 2016; „Композиција“ – ком. тех. на картон 55х47 см. 2016; „Трио“ – масло на платно 90х70 см. 2016; „Соочување“ – масло на лесонит 70х40 см. 2011; „Портрет“ – масло на лесонит 40х25 см. 2017; „Акт со виолинчело“ – масло на платно 110х90 см. 2018; „Дама во црн фустан“ –

масло на платно 80х60 см. 2018; „Актерка 2“ – масло на платно 100х80 см. 2018; „Девојка со фустан“ – акрилик на платно 70х50 см. 2017; „Жена во тага“ – масло на лесонит 60х50 см. 2018; „Девојка со цвеќе“ – ком. тех. панел 40х30 см. 2021; „Модел“ – масло на картон 54х46 2018; „Дама во фотеља“ – масло на платно каширано со лесонит 80х60 см. 2019; „Жена со цвеќе“ – масло на платно 60х50 см. 2019; „Во огледало“ – масло на платно 90х60 см. 2020; „Жената со цвеќе“ – акрилик на платно каширано со медијапан 60х45 см. 2021; „Актерка“ – масло на панел 100х80 см. 2021; „Жена со петел“ – масло на платно 90х70 см. 2018; „Во ателјето“ – масло на лесонит 70х50 см. 2016; „Жена акт со петел“ – масло на платно 90х70 см. 2018; „Танчарки“ – масло на лесонит 70х50 см. 2017; „Прошетка“ – масло на платно 90х70 см. 2018; „Селски мотив“ – пастел 50х40 см. 2011; „Изненадување“ – масло на лесонит 50х40 см. 2017; „Љубопитност“ – масло на платно 80х60 см. 2017; „Жена со петел“ – масло на платно 90х70 см. 2017; „Акт – масло на платно 90х78 см. 2016; „Композиција“ – масло на платно 70х90 см. 2018; „Женски профил“ – масло на платно 70х90 см. 2018; „Одмор“ – масло на платно 90х70 см. 2019; „Жена со шамија“ – масло на платно 50х40 см. 2018; „Коштана“ – графика 30х20 см. 1976; „Во ателјето“ – масло на лесонит 70х50 см. 2016; „Профил“ – сув пастел 50х45 см. 2017; „Девојка со цвет“ – акрилик на картон 80х60 см. 2016; „Жена во црно“ – масло на платно 80х60 см. 2016; „Портрет“ – масло на платно 50х35 см. 2021; „Модел“ – масло на платно 60х50 см. 2019; „Машка фигура“ – масло на медијапан 70х50 см. 2020; „Фигура во движење“ – пастел 60х30 см. 2017; „Женски акт“ – пастел 60х45 см. 2016; „Жена во ателје“ – пастел на картон 70х50 см. 2017; „Жена во сино“ – масло на лесонит 70х50 см. 2016; „Средба“ – акрилик на медијапан 60х50 см. 2017; „Романса“ – масло на картон 87х62 см. 2017; „Романса“ – масло на платно 80х90 см. 2010; „Модел за таписерија“ – темпера 70х50 см. 1969 и пет дела без маркери.

Третата целост („Биографија“) ја сочинуваат избор од насловните страници на седум каталози од изложби во земјава и во странство, десетина селектирани написи со информации за славеникот или разговори со него во печатот (Нова Македонија, Вечер, Дело) за индивидуалните и групни изложби во земјава и во странство, ателјето на отворено во Старо Балдовци-Струмичко, неколку информации за местото и за годината на неговото раѓање (Дабиле-Струмичко, 1948), за местата и за годините на студирањето (Софија, 1971/72; Варшава, 1974–1978, каде што дипломирал во класата на професор Лудвиг Мачонг), за годината на зачленувањето во Друштвото на ликовните уметници на Македонија (1980) и за местото на живеење и работа (Струмица).

Освен тоа, во оваа целост се застапени неколку фотографии од фото-албумот на неговото семејство и списокот од десетина добиени награди со податоци за триесетина индивидуални и за десетина групни изложби во земјава и во странство.

Заокружувајќи ја оваа монографија со педесет години творештво на Ниче Василев, авторскиот тим дал пресек за сликарството на еден македонски ликовен уметник. Ако се тргне од сликата, а сликата е главниот и единствениот показател на уметничкиот дострел, авторски-

от тим во текстуалниот дел се искажал „сосема малку“ за творештвото на Василев, имајќи ја предвид изреката „една слика – илјада зборови“. Но, тука се избраните репродукции од многубројните дела со различните „приказни“ од повеќето фази на уметникот, работени во различни техники, што го покажуваат раскошот на сликарот и го претставуваат во полн сјај неговиот уникатен израз.

Со монографијата Сликарствпто на Ниче Василев: 50 години творештво, авторскиот тим: Никола Пијанманов, Ниче Василев, Васко Ташковски и Тони Ќосев ја осветлува животната и творечката врвица на академскиот сликар Ниче Василев, проследувајќи го неговиот неверојатен и незаситен однос кон уметноста со аскетска сромност и извонредна чувствителност појавени во уметничкото творење. Плод на таа исклучителна посветеност на сликарството се многубројните негови дела со кои не се исцрпува богатиот ликовен опус на Василев. Неговиот влог во македонското сликарство, несомнено, е голем. Но, широкото платно допрва ќе се досликува. Негуваме надеж дека уште ќе присуствуваме на неговите изложби и ќе се наслладуваме на неговите дела, со што уште повеќе ќе се зголеми влогот на Ниче Василев во македонската ликовна уметност.



Панче Ѓоргиев

Коста МИЛКОВ

БЕСКОНЕЧНО СИНИЛО

Синатa боја е симбол на отворениот простор, на хоризонтот, а со самото тоа асоцира на слобода и поттикнува на имагинација. Длабоката перспектива на синото, како што е морето или пак, небото, укажува на интуиција, додека светлата нијанса, како онаа на небото по дожд, буди инспирација. Нанесена при фрескопис врз свеж слој малтер, синатa боја го доловува сензибилитетот на уметникот, зашто е најчесто рамка и заднина на тематскиот приказ така што таа служи и како подлога за нагласување на контрастите низ другите бои. Во психологијата, синото претставува длабочина, доверба, преданост, искреност, стабилност, вера, интелигенција и искреност.

Во дадениот циклус дела претставени на оваа изложба, уметникот Панче Ѓоргиев решил креативното толкување на естетското доживување пред сè да го врами или барем да го потенцира во сино. Една од неговите слики е и со наслов „Композиција во сино“. Во форма на галаксија гледана оддалеку, но „приближена“ преку некој моќен телескоп, синото, од најтемното до најсветлото, е испресечено со геометриски фигури со што се добива впечаток на пулсирање. Утроба од која само што не се родил нов живот или нов свет. Синото во овој случај му пркоси на црното, на темнината којашто се обидува резултатот на прекршувањето на спектарот на светлината да го проголта во непостоење, во отсуство на каква било димензионалност. Својот мисловен и затоа невидлив свет, уметникот го преточил во видлива појава, во буквална смисла на зборот – во феномен. Гледајќи ја композицијата во сино, како авторот на прашањето на „битието само по себе“ кај Кант и на феноменологијата на духот кај Хегел да сака да каже дека одговорот е во уметноста, во поезијата или во музиката, како на пример Гершвиновата „Рапсодија во сино“. Тајната на битието и можноста или неможноста тоа да се осознае низ појавниот свет, поточно низ феноменот, била со човештвото од почетокот и ќе остане со него до крајот на овој свет таков каков што го познаваме. Оваа апстрактна композиција во сино е моќен симбол на академското сликарство, поточно на сликарството како академска дисциплина, во спој со мисловното или со духовното на уметникот кој преку синото го толкува поимот за бесконечното и за вечното.



Ваквата димензија во творештвото на Ѓоргиев доаѓа до израз во една друга слика, овој пат наречена без дополнителни квалификации само како „Композиција“. Сината боја е насекаде на сликата, но доминантно е претставена во десната страна за набљудувачот. Темносини кругови и квадрати симетрично се спуштаат или се искачуваат низ речиси дводимензионалната перспектива. Своевиден акт на катабасис и на анабасис, теолошки термини кои упатуваат на потребата на човечкиот дух да се воздига кон идеалот на апсолутното и на неопходноста на идеалот да се спушти на ниво на човештвото за тоа воопшто да може да тргне на тоа искачување. Во другиот дел на сликата, оној поголемиот, преовладува речиси тиркизната боја, во којашто се вкотвени кафеавите топли земјени нијанси. Ова е спој на небото и на земјата, врвот на човечките стремежи, на незапирливата човечка мечта да ги надмине ограничувањата на време-просторот и да се поврзе со бесконечноста. Се разбира, бесконечноста претпоставува и неисцрпност, а неисцрпноста со себе постојано го носи стравот од непознатото. Токму затоа сината боја, покрај сите оние пријатни асоцијации, со себе ја носи и асоцијацијата на тагата, на студенилото и на отуѓеноста. Оттаму и музичкиот жанр – блузот, којшто е најподобен медиум за да ја изрази сета мака и сиот јад на човечкиот род, се заснова врз етимологијата на англискиот збор за сина боја. Симболиката на Панче со оваа композиција е фантастична. На платното пред нас ги гледаме истовремената желба на човекот за дом, за

топло огниште, за припадност, за смисла како и онаа на немирниот дух што постојано сведочи дека ни е судено да се нурнеме во најголемите длабочини и да полетаме кон најдалечните височини на себе-откривањето. Синото нè восхитува и нè плаши, низ него ја изразуваме најголемата радост и најголемата тага. Панче преку употребата на синаta боја во својата уметност го кажува истото што и Рудолф Ото кога зборува за нуминозното како за mysterium tremendum et fascinans. Синото кај Ѓоргиев и нуминозното кај Ото се тајна којашто е истовремено застрашувачка и восхитувачка.

На горенаведената слика, но и на другите, Панче успеал сето тоа искуство да го вметне во композиција што личи на витраж според урнекот на Шагал. Делата на Шагал се монументални на коишто доминира синаta боја. И тој низ синото комуницирал за радоста и за тагата. Ова е посебно изразено на витражите изработени од него за потребите на црквата "Св. Стефан" во Мајнц. На деветте витражи сè е обвиено во таинственото, заводливо, но и застрашувачко сино. Сличен впечаток се добива од набљудувањето на сликата „Манастир". Двете куполи над црковниот кораб се дефинирани на небесното ноќно синило. Крстовите на секоја купола се само загатнати, а умот на публиката е тој што го довршува она што уметникот го започнал. Манастирот е место во кој монасите секој ден исповедаат колку се далеку од синилото на божествената застрашувачка совршеност, но и колку се смели да ѝ се обратат на таа сина совршеност зашто е помешана со топлата, спознајна, безбедна кафеава почва на земјата. Поставеноста на левата и на десната купола потсеќа и на тоа дека тихувањето на монасите и нивниот навидум изолиран живот никогаш не е цел сама за себе. Животот на секој монах, дури и оној на пустиникот, не е никогаш лишен од приближување, од средба од дијалог, од соочување и од повикот да се биде огледало за образот на оној во потреба, како за леб, така и за збор.

А има ли поубаво „огледало" од лицето со насмевка? На сликата „Насмевка која плени" контекстот се топлите бои, а синаta е времена во нив. Пепелавата боја на косата, со примеси на сино укажува на тоа дека некој избројал доволно години од раѓањето за да може да каже дека знае што е животот. Но, уметникот ни подарил можност да гледаме во лице на жена - насмеана жена. Насмевката очигледно плени. Но, оваа насмевка не е резултат на она што се нарекува смеење до солзи, а не е ни изнудена насмевка. Насмевката плени затоа што е израз на радост, на миг што е еднаков на вечност; хармонија и симфонија на постоењето, едноставната благодарност да се биде жив и да се вкуси дека животот е добар; осознавање на длабока вистина што не може да се опише со зборови и по којашто пак ќе се трага, но додека трае е целосно почувствувана и целосно присутна.

На еден друг портрет на оваа изложба нема сина боја, или ако ја има, не е очигледна. Ова е портрет според правила на реализмот. На неа нема ништо вештачко, спекулативно, фиктивно или натприродно. Главна улога играат контрастите со светлината. Погледот е меланхоличен и не е централен. Очите гледаат малку настрана. Колку и да се труди набљудувачот, нема да успее да се соочи со лицето на портретот. А пак,

човекот на сликата, како веќе да си ја видел иднината и да се помирил со неа. Како да вели, „Па, добро, така и нека биде“. Но, тоа не значи дека се откажал од сегашноста. Блесокот на челото личи на претставите од светителите на иконите. Како зракот на мудроста да се вгнездил во она што античките филозофи го нарекувале „нус“ или ум. Но, тоа што лицето е малку испиено и аскетско не е знак на изнемоштеност, туку за полна телесна сила прикажана во атлетската извајаност на вратот. Централно на сликата се сензуалните усни доловени со толку реалистичен стил што сликата неумоливо нè потсеќа дека се работи за човек од крв и од месо. Според сè во стилот и техниката, оваа слика е контраст на „Насмевката која плени“. Но, тие имаат нешто заедничко. И двете се „ода на животот“, мигови скротени со движењето на четката, сведени на еден израз што непрестајно раскажува.

Но и сивата боја може да раскажува. Неправедно е што таа е неизбежно поврзана со монотонијата. Во една од сликите на Ѓоргиев сивото е сè, само не монотоно. Сликата е наречена „Утринско сивило“. Според насловот, не е погрешно да се сетиме на сите утра кога не ни се станувало од кревет, кога утрото му кобело на денот, а срцето му бегало на умот. За ваквите состојби Кочо Рацин пееше, „Ај, пуст да е, пуст да би останал животот кучешки!“ Панче е уметник пар екселанс, како што Рацин е поет пар екселанс. Но, поезијата на Рацин е пред сè во име на животот, а исто такво е и сликарството на Ѓоргиев. „Утринско сивило“ е слика што буи со надеж. Златестата сончевина си наоѓа пат низ процепите на сивилото. Тука и таму во мали цртички и полумесечинки сината боја сведочи дека зад облаците е секогаш ведро и сино небо. Очигледно ова е утро во некоја населба. Се забележуваат контури на градби и на прозорци. И на оваа слика, како онаа насловена „Манастир“ се оцртува градба или градби со крст на покривот. Веројатно цркви. Ова е заедница во којашто живеат луѓе скриени во нивните домови, но исполнети со надеж за денот кој надоаѓа во сивото утро во кое сме се разбудиле.




Будењето е една од најубавите метафори за животот. Како што Горан Стефановски напишал, а брат му Влатко ни отпеал, „Надвор е пролет, живи сме“. Токму така, пролетта е синоним за живот. Панче Ѓоргиев има насликано бројни пејзажи изложени на оваа изложба, но една е именувана како „Пролетта се буди“. Навистина се буди! Синото и зеленото сведочат за тоа. До неодамна, соголените крошни на дрвјата почнуваат да ја облекуваат својата одежда. Вивнати кон небото, ако низ доцната есен и низ зимата соголени тажно им завивале вејките на ветрот, сега лисјата како звончиња ја почнуваат песната на шумолење. Панче ги насликал дрвјата како небаре некакви поклоници тргнати на аџилак. Според преданието, поклониците коишто се искачувале кон Ерусалим пееле посебно избрани псалми што за таа намена во псалтирот се наречени како псалми на искачување. Еден од нив почнува, „Ги кренав очите кон горите; од каде помош ќе ми пристигне? Овие дрвја налик на поклоници како да го поставуваат истото реторичко прашање, а во насловот „Пролетта се буди“, Панче на мајсторски и уметнички начин ни нуди насока каде да го бараме одговорот на тајната на постоењето.

ГАЛЕРИЈА

ОД ДЕЛАТА НА ЛИКОВНИОТ УМЕТНИК ПАНЧЕ ЃОРГИЕВ









П. Горчиев
2020


2020


П. Горчев
2021


П. Горчиц
2021




К. Горчев
2021


Л. Горчиев
2021

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 11. Материјалите се доставуваат по е-пошта. Ракописите не се хонорираат.

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Адреса

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

Е-адреса

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

Трансакциска сметка

Халкбанка: 270-0729532401-07

Компјутерска и графичка подготовка

Боро Рунчев

Печати

Европа 92, Кочани

Тираж

500

Дарина ГЛАДУН

(Украина)

***

на Ирина Шувалова и Јуриј Андрухович

остаревме не за година туку за цела една војна

нема таква бројка која би опишала колку преживеавме

||||||||||||||||||сега сме веќе постари од нашите тела

||||||||||||||||||||||||||||||||||||

|||||||||бабите и дедовците за цела една војна постари од нас

постојано повторуваа

колку сме среќни дека сме родени во време на мир

не им верувавме на нивните зборови и години

не ѝ верувавме на нивната старост и седа коса

не верувавме во војна



ISSN 2671-3217